**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**



**Сања (Раде) АНГЕЛОВСКА**


# УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА, СТЕРЕОТИПИТЕ И ПРЕДРАСУДИТЕ ВРЗ РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ: ЛЕКЦИИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И БЛИСКИОТ ИСТОК

**Докторски труд**


Докторантка: М-р САЊА (Раде) АНГЕЛОВСКА

Ментор: Проф. Д-р ЗОРАН МАТЕВСКИ



Скопје, 2024

Наслов на тезата:

УЛОГАТА РЕЛИГИЈАТА, СТЕРЕОТИПИТЕ И ПРЕДРАСУДИТЕ ВРЗ РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ: ЛЕКЦИИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И БЛИСКИОТ ИСТОК

Ментор:

Проф. Д-р ЗОРАН МАТЕВСКИ

Филозофски факултет - Скопје

Институт за социологија

Овој труд го посветувам на моите ценети баба и дедо.

Ви благодарам.

## Содржина


I ВОВЕД.......... 7

1. ВОВЕД ВО ИСТРАЖУВАЧКИОТ ПРОБЛЕМ И.......... 7

ПРЕДМЕТОТ НАИСТРАЖУВАЊЕ.......... 7

***1.1. Истражувачки Прашања.......... 17***

***2. ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРА.......... 21***

II ТЕОРИИ.......... 28

***1. ТЕОРЕТСКА ОСНОВА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.......... 28***

***1.1. Теорија на стереотипи и предрасуди во интергрупни конфликти.......... 28***

**1.1.1. Ставови поткрепени со негативни емоции – предрасуди**.......... 32

**1.1.2. Теоретски пристапи – предрасуди**.......... 35

***1.1.3. Разновидност кај предрасудите.......... 38***

***1.1.4. Предрасуди, чувства и категоризација.......... 39***

***1.2. Теорија на стереотипи.......... 42***

***1.3. Теорија на религија.......... 49***

***1.4. Теорија на интергрупен конфликт.......... 62***

**1.4.1. Теорија на социјален идентитет**.......... 67

**1.4.2. Процеси на пресудување како основа на интергрупниот конфликт**.......... 69

**1.4.3. Динамика на конфликт, стереотипи и предрасуди**.......... 70

**1.4.4. Социјално-психолошката перспектива на интергрупниот конфликт**.......... 72

III 77

КОНТЕКСТУАЛИЗАЦИЈА.......... 77

***1. КОНТЕКСТУАЛЕН ОПИС НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.......... 77***

***1.1. Контекстуализам во проучувањето на интергрупните конфликти.......... 77***

***1.2. Важноста на контекстуалните социо-психолошки основи на интергрупниот конфликт.......... 78***

**1.2.1. Помеѓу Блискиот Исток и Западен Балкан**.......... 80

***2. КОНТЕКСТОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН.......... 81***

**2.1. Контекстот во Северна Македонија – Поранешната оаза на мирот во Западниот Балкан**.......... 84

**2.2. Контекстот во Босна и Херцеговина – Домот на многумина и на никој** 88

**2.3. Контекстот во Косово – Симболот на Пан-Албанизмот**.......... 93

**2.4.1. Палестина – Светата Меѓународно Игнорирана Држава**.......... 102

**2.4.2. Контекстот во Либан- Раскрсницата меѓу Блискиот Исток и Европа**

**(Домот на многумина и никому)** ........ 105

**2.4.3. Хашемитското Кралство Јордан – Оаза на Мирот на Блискиот Исток** .... 111

IV 115

ХИПОТЕЗИ ........ 115

***1. ОПШТО ОБЈАСНУВАЊЕ НА ХИПОТЕЗИТЕ ........ 115***

V МЕТОДОЛОГИЈА ........ 117

***1. ИСТРАЖУВАЧКИ МЕТОДИ И ОПИС НА МУЛТИПНА ХОЛИСТИЧКА СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ ........ 117***

***1.1. Метод на мултипна холистичка студија на случаи ........ 118***

***1.1.1. Теоретска рамка на метод на мултипна холистичка студија на случаи ........ 118***

**1.1.2. Аналитички генерализации** ........ 124

**1.1.3. СПР и наративни интервјуа** ........ 125

**1.1.4. Интегративен развојно-контекстуален пристап** ........ 129

**1.1.5. Предрасуди , стереотипи, конфликти и религија – Кластери на дефиниции** ........ 131

**1.1.6. Протокол на студија на случаи** ........ 133

**1.1.7. Опис на студии на случаи – СПР истражувачки модел** ........ 133

***2. МЕТОД НА ЦЧФ ........ 137***

VI 141

РЕЗУЛТАТИ ........ 141

***1.1. Резултати од пилот истражувањето ........ 141***

**1.1.1. Руралната област – Општина Јегуновце** ........ 143

**1.1.2. Урбана област – општина Тетово** ........ 146

**1.1.3. Дискусија** ........ 150

***1.2. Пилот интервјуа ........ 154***

**1.2.1. Пилот Истражување – Втора Фаза (Јордан и Либан)** ........ 155

VII ........ 166

Мултипна холистичка студија - Резултати ........ 166

ДОДАТОЦИ ........ 324

***ДОДАТОК 1 ........ 324***

***ДОДАТОК 2 ........ 326***

***Приказ на цртежи од ученици од основни училишта ........ 326***

***Слика 2.1. Приказ на цртежи на човечка фигура од ученици Македонци кои нацртале Албанец/Албанка како пример за припадник на друга група. ........ 326***

***Учениците се од основното општинско училилиште (ООУ) “Симче Настовски”, с.Вратница, општина Јажинце ........ 326***

***ДОДАТОК 3 ........ 332***

***ПРАШАЛНИК ........ 332***

РЕФЕРЕНЦИ ........ 335

## Кратенки

ККА - Квалитативната компаративна анализа

НАТО – Северноатлантска договорна организација/Организација на Северноатлантски договор

ООН - Организација на Обединетите Нации

ПСС - Протокол на Студија на Случај

ПТСС – пост-трауматски стрес синдром

СПР – стереотипи, предрасуди и религија

УНДП - Програмата за развој на Обединетите нации

БИС – Бихејвиорален имун систем

## *I ВОВЕД*

# 1. ВОВЕД ВО ИСТРАЖУВАЧКИОТ ПРОБЛЕМ И ПРЕДМЕТОТ НАИСТРАЖУВАЊЕ

Овој докторски труд претставува анализа на влијанието на стереотипите, предрасудите и религијата врз разрешувањето на конфликти преку наративи од Блискиот Исток и Западен Балкан со примена на метод на мултипни студии на случаи која како таква претставува еден од најробустните истражувачки методи (Herriott & Firestone, 1983). Оваа анализа има за цел да го рефлектира контекстот поврзан со стереотипите, предрасудите и религијата (СПР) како три основни социјално-психолошки варијабли, со потенцијал да предизвикаат и да водат кон конфликтини услови и различна конфликтна динамика помеѓу различни групи, до толку што се сметаат и за главни причини за појава на конфликт. Влијанието на СПР врз интегрупните конфликти е истражувано во шест различни контексти. Оваа мултипна холистичка студија нуди иновативен пристап и увид во областа на Меѓународните Односи – менаџирање на конфликти и посебно на социо-психолошките димензии на интергрупниот конфликт.

Истражувањето има за цел да ги идентификува механизмите и начините на кои тие конструираат конфликтни контексти. Откако ќе се изгради ваквото објаснување, ќе бидат понудат одредени препораки за екстензивни истражувања поврзани со темата. Истражувањето има иновативен дизајн и пристап, преку вклучување на сериозна сложеност во истражувањето на СПР во интегрупен конфликт, каде што се очекува да резултира со истражувачки податоци кои ќе дадат сериозен придонес во проучувањето на СПР во интергрупни конфликти, теоретски и емпириски. До сега истражување од ваков тип не е спроведено, особено не со ваква ригорозна и сложена методологија која вклучува навидум два различни региони, но сепак слични во однос на конфликтите. Притоа, за овие шест случаеви постојат минимални или не постојат податоци за социо-психолошките корени на интегрупните конфликти. Овој докторски труд има за цел да ги генерира податоците кои недостасуваат, создавајќи нова патека кон оваа димензија во интергрупните конфликти.

Оваа истражувачка идеја е оригинална и иновативна, има за цел да понуди информации, механизами или во најдобар случај наративи за интергрупните конфликти. По својата поставеност и дизајн, ги спојува заедно новоста на темата и иновативност во областа на студиите на конфликти – со посебно внимание кон социо-психолошка перспектива. Создава основа за идни истражувања во областа и преставува релевантна референца за проучувањето на стереотипите, предрасудите и религијата на Западниот Балкан и Блискиот Исток. Истражувањето цели кон тоа да се обрне внимание и да се отвори простор за систематско проучување на социо-психолошките димензии во интергрупниот конфликт, со потенцијал да изврши одредено влијание врз државни политики или пак да се реевалуираат постоечките образовни пристапи кон соживот, образовни политики но и закони. Истражувањето е градено врз основа на најнова теоретска основа и одговара на актуелните конктести на Западниот Балкан и Блискиот Исток, како и глобално. Идејата не е да се создаде голема емпириска студија која што би тестирала некаква каузалност помеѓу варијаблите, туку е насочена кон тоа да добие импулс или слика за контекстот. Понатаму, врз основа на истражувачките резултати и аналитичката генерализација да бидат понудени понатамошни препораки.

Научниот придонес на оваа мултипна студија се состои во истражувањето и креирањето на аналитичка генерализација за тоа како СПР влијае на интергрупниот конфликт во регионите на Западен Балкан и Блискиот Исток. Потоа се состои во тоа да идентификува нови насоки (механизми) за овие интергрупни процеси, за на крај да изгради објаснување за овие феномени. За потребите на оваа мултипна студија се прибрани значајни и пред се доверливи[1] информации преку користење на различни извори од земји кои веројатни никогаш или пак ретко се споредувани преку призмата на социо-психолошките димензии на интергрупниот конфликт. Како што е досега споменато, социо-психолошкото истражување во интергрупните конфликти е запоставено и дефинитивно има таква потреба во сите шест случаи. Постои впечаток дека темите како што се стереотипите, предрасудите и религијата се запоставени, од научен и практичен аспект.

[1] Доверливи од аспект на сензитивноста на темата, но и потреба на интервјуираните нивниот идентитет да не биде откриен за целите на ова истражување. Барањето беше присутно кај сите испитаници кои се согласија да бидат интервјуирани.

Либан претставува таков социо-психолошки контекст кој што е сериозно запоставен, но од истиот може многу да се научи исто како и од Палестинскиот контекст. Теоретската рамка на ова истражување е интердисциплинарна, вклучувајќи ги социолошките и психолошките димензии на интергрупен конфликт. Во својата природа, истражувачките варијабли не се чисто социолошки или психолошки туку се испреплетени и детерминирани од конктестот. Следствено, се применува конструктивистички истражувачки пристап, воден од филозофското стојалиште дека не постои една реалност – туку дека реалноста може да биде мултиплна (мултидимензионална), детерминарана од различни општествени фактори.

Како што тврди Bar-Tal, ова е широка но, во исто време и специфична и круцијална област. Оттука, преку овој пристап постои обид да се откријат мислите, чувствата и однесувањата кои се причина за настанување и постоење на конфликт, кои подоцна се есенцијални за неговото разрешување и помирување (Bar-Tal, 2005). Конструктивистичкиот истражувачки пристап е заснован на интердисциплинарност, која ги допира сите особености на превенција и менаџирање на конфликтите во циклусот на разрешување конфликти. Овој пристап во себе содржи теории од социологија, социјална психологија, политичка психологија, безбедносни студии и делумно антропологија во одредени аспекти.

Психолошката теорија и истражување имаат сериозен придонес кон разбирање и намалување на насилните манифестации во рамките на интегрупните и меѓународните конфликти. Всушност, психолошките концепти и резултати се почесто се користат во изучувањето и истражувањето на меѓународните конфликти, како и меѓународни односи воопшто, со цел да се создадат нови пристапи во разрешувањето на конфликти (Kelman, 2008). Овој пристап претставува социо-психолошка анализа создадена да ги надогради (но не и да ги замени) пристапите засновани на структурална или стратегиска анализа, создавајќи нови перспективи кон меѓународниот конфликт и откривајќи помалку истражени димензии на меѓународните конфликти. Анализата на стереотипите и предрасудите во интердисциплинарна рамка е сложен чекор, бидејќи кога пристапот е еклетички, неопходно е запознавање со најмалку две дисциплини.

Разбирањето и проучувањето на стереотипите и предрасудите не подразбира потреба и оперирање со чисти дефиниции, туку и суштинско разбирање на процесите, структурите и контекстите кои што поттикнуваат и зајакнуваат создавање на стереотипи и предрасуди. Најчесто, овие процеси се когнитивни. Впрочем, врз основа на научните истражувања, децата дури на возраст од пет години развиваат етнички категории, што значи дека доколку децата на рана возраст се изложени на различни стимулуси и ситуации, се под висок ризик да развијат стереотипи и предрасуди. Целта на ова истражување е да даде одговор на денешните глобални предизвици и трендови на холистичен начин. Проблемот е интегрален дел од социолошко-психолошки, културални, економски и останати параметри. Неетички и веројатно невозможно е сите тие да бидат застапени во истиот степен, така што овој проблем ќе биде истражуван преку социо-психолошка призма, земајќи го предвид контекстот.

Всушност, овој пристап веќе постои, каде група на автори работи во овој правец од интергрупните конфликти. Од нив најекстензивна истражувачка работа има Daniel Bar-Tal, во областа на Палестинско – Израелскиот конфликт, каде во анализата применува интердисциплинарен - социјално-психолошки пристап. Иако неговите истражувања се однесуваат на интрактибилни (тешко решливи конфликти), неговиот придонес и пристап се значајни и за останатите видови на интергрупни конфликти, кои иако се разликуваат во нивниот специфичен контекст и содржина, истите имаат идентична генерална социо-психолошка динамика (Bar-Tal & Halperin, 2013). Според него, социо-психолошката перспектива на интрактибилните конфликти се фокусира на изучувањето на верувања, ставови, емоции и однесувања на индивдиуите и групите вклучени во ерупцијата на конфликтот, неговото менаџирање, неговото разрешување и следствено помирување.

Овие верувања, ставови и емоции играат значајна улога на призма преку која засегнатите членови на едно општество ја гледаат реалноста на конфликтот врз основа на која се формира нивното однесување. Ramsbotham го објаснува моделот на конфликт според Galtung, кој го претставува конфликтот како триаголник со спротивставености (C), став (A) и однесување (B) на неговите вертикали. Ставот ги вклучува перцепциите на конфликтните страни и мисперцепии кои што ги имаат едни за други.

Тие можат да бидат позитивни или негативни но, во насилни конфликти засегнатите страни имаат тенденција да формираат понижувачки стереотипи за другиот и овие ставови се најчесто под влијание на емоции како на пример страв, гнев, горчина и омраза. Ставот вклучува емотивна компонента (чувство), когнитивна (верување), и конативна компонента (волја). Истражувачите кои ги истакнуваат овие субјективни аспекти имаат експресивен поглед кон изворите на конфликти (Ramsbotham et al., 2005). Следствено, Ramsbotham и соработниците се справуваат со изгледите и ветувањата со разрешување на конфликти во контекст на тероризам и тврдењата за разноликост во еден растечко-глобализиран свет.

Нивниот одговор на овој контекст се нарекува космополитско разрешување на конфликти, термин кој што следејќи ги Кантоновите идеали за мир, сугерира пристап на справување со конфликтот на ниво над одредени држави, општества, или пак воспоставен центар на моќ. Таквиот пристап соодветствува на фрустрираните човечки потреби на локално и глобално ниво (Brigg, 2008)[2]. Ова е во линија со работата на Bar–Tal и погоре споменатиот заклучок дека без оглед на специфичните разлики, социо-психолошката динамика на конфликтот може да биде анализирана со истиот пристап. Односно пристапот и техниките на анализа на интергрупните конфликти може да биде ист, но динамиката и содржината на конфликтот секогаш има индивидуален карактер.

Истражувањето во овој доктроски труд е спроведено во два региони - Западен Балкан и Блискиот Исток, кои споделуваат одредени сличности - долгата историја на интергрупни конфликти, екстремно насилство и безбедносна нестабилност[3]. Академскиот предизивик во вклучување на овие два региона е значаен, бидејќи од една страна ова се географски различни региони но, од друга страна и двата региони се повеќе склони кон развивање на емоционални реакции кон конфликтот. Од регионот на Западен Балкан, вклучени се земјите Северна Македонија, Косово и Босна и Херцеговина, додедка од Блискиот Исток вклучени се Либан, Јордан и Палестина. Идејата не е да се симплифицираат контекстите на Западен Балкан и

---

[2] Ramsbotham и неговите соработници го скицирале нивниот космопилитизам преку поимите на дијалог, Гадамеровата херменевтика и теорија на Хабермејсоновата комуникнативна акција.

[3] Јас исто така го уважувам постоењето и на други злосторства во човештвото како во подалечната, но и поновоата историја.

Блискиот Исток како единствено насилни и конфликтни.

Напротив, идејата е ова истражување да понуди увид во различни конфликти заситени со конфликтни наративи. Конечно, идејата е да се генерираат објаснувања поврзани со улогата на религијата, стереотипите и предрасудите во интергруните конфликти. Одлуката овие два региона да бидат вклучени во ова истражување се заснова на личното искуство преку акултурација во некои земји од Блискиот Исток. Се креираше опсервацијата дека постојат некои елементи кои се препознатливи за обата региона – Западен Балкан и Блискиот Исток. Имено, доколку Западен Балкан во минатото, но делумно и денес е препознатилив по насилни конфликти од период од 1990-те до 2010 година, во денешно време тоа е ситуацијата со Блискиот Исток.

Она што е релевантно и значајно е дека обата региона ги имаат екстремите на конфликт - од земји кои се сметаат за оази на мирот настанале земји кои се буквално воени зони каде што скалата на насилство е нормализирана до ниво на дневна квота[4]. Друга сличност е и моментот со етничка и религиозна разноликост. Регионииот на Блискиот Исток е препознатлив како регион на Исламот што значи дека државните политики се базирани и во конгруентност со Исламскиот систем на вредности и религија. Тие имааат огромно влијание, почнувајќи од секојдневниот живот до големи политички одлуки. Ова секако претставува генерална перцепција, но постојат исклучоци и варијации од случај до случај. На пример, Либан се смета за една од најлибералните земји во регионот кога станува збор за слобода на говор и религиозни прашања. Јордан, пак, со најголем процент на муслиманска популација, се потпира во целост со вредностите на религијата, но на значителен начин за малцинствата, држејќи линија и со модерното живеење.

Кога станува збор пак за Палестина, многу е тешко да се дефинира и опише контекстот бидејќи постои разлика од град до град, од село до село, имајќи го во предвид фактот дека Палестинската територија која е официјално призаена како држава се состои од два дела или единици кои меѓусебно не се поврзани, тоа се Западниот Брег и Газа. Кога станува збор за Западен Балкан сликата и не е толку јасна. Во Северна Македонија доминантна популација е македонската. Албанциите

[4] Овие перцепции се генерално создадени како резултати на политички изјави и веројатно подоцна како резултат на потребата на граѓаните за безбедност. На Западен Балкан С. Македонија со носеше со епитетот на оаза на мирот пред 30 години, денес тоа е случај со Јордан на Блискиот Исток. Во случајот на С.Македонија иако преовладува чувството на безбедност и сигурност сепак не постојат многу податоци во врска со интергрупните релации.

се најголемот малцинство, населени во етнички хомогени општества.

По нив следат Турците, Србите, Ромите итн. Косово се смета за најмладата држава на Западен Балкан населена со Албанската популација и со мало Српско малцинство. Двата региони и оттука изгледаат разнолико и богато со култура но со голем потенцијал за конфликт низ времето. Босна и Херцеговина е засебен случај. Денес, таа е населена главно од Бошњаци додека останатиот дел од популацијата го сочинуваат сите останати нации кои порано беа дел од поранешната федерација Југославија. Во вакви контексти и околности се наметнуваат прашањата:

*Како луѓето кои до вчера беа или барем се уште живеат на истата територија не сметаат за погодоно да седнат на преговарачка маса и да преговараат? - Наспроти тоа инвестираат во оружје и деструкција. Притоа, искуствата од минатото се уште свежи потсетуваат на фактот дека мирот чини помалку отколку војувањето.*

*Каков ум преовладува во вакви ситуации?*

*Рационалниот ум или пак емотивниот ум?*

Постојат научни одговори на овие прашања, но нивната имплементација во практиката тешко се реализира. Кај поголемиот број на случаи, одлуките во однос на прекин на конфликтот најчесто ги носи трета страна.[5] Истите се донесуваат во атмосфера на потенцијални притисоци и уцени со барање да се направи одредена отстапка, притоа крајно занемарувајќи ги примарните потреби на засегнатите страни.

Современите успеси со прекин на насилства се всшусност чекори кои не водат кон одржлив мир, туку напротив многу често можат да генерираат дури и нови циклуси на насилство. Ова е едно од објаснувањата зошто конфликтното однесување може да отиде толку далеку во деструкција, делегитимизација на другиот, ширејќи страв и омраза. Другото можно објаснување е емотивното - кога групите се водени од емоции, не постои простор за конструктивен пристап. СПР феноменот ретко е третиран во раните фази во конфликтни контексти. Повеќе внимание на СПР се посветува во пост-конфликтните фази, иако и овие случаи претставуваат реткост. СПР престставува заеднички социо-психолошки

[5] Олеснувач, фасцилитатор или медијатор, или пак странцки гарантори на мирот, меѓународни тела (политички), меѓународни организации или пак држави.

наратив за конфликтни контексти.

Внатре во овие процеси постојат исто така други интра-процеси, кои водат кон одредени услови за стереотипизирање и предрасуди кон други групи или нивни членови. Еден од овие процеси секако преставува и интра-групната категоризација (процес на идентифицкација). Со цел групата со која се идентификуваме да се перцепира како различна од останатите, најпрво е потребно да се идентификуваме со истата. Откако ќе се идентификуваме со одредена група, тогаш таа група за нас преставував референца за тоа како перцепираме се друго околку нас и сето останато кое изгледа различно од референтната група.

Терминот психолошки есенцијализам, создаден од страна на Medin (Medin & Ortony, 1989), претставува верување дека членовите на истата категорија или група го поседуваат истиот идентитет и тоа не се менува според индивидуалните карактеристики. Психолошкиот есенцијализам всушност претставува главна причина позади секоја дисторзирана мисла како што е предрасудата, стереотипите и дискриминацијата.

Интрагрупната категоризација/идентификација е во основата на интегрупните конфликти. Имено, секоја индивидуа има мултипни идентитети, кои се активираат во одредени конктексти. При интергрупните конфликти, религискиот или етничкиот идентитет стануваат доминанти, во зависност од тоа кој сегмент од тој идентитет бил загрозен директно или симболично. Идентитетот и процесот на идентификација со активираниот идентитет е посилно од било кое друго претходно искуство и стимулира стереотипи и предрасуди. со оглед на тоа дека рационалното размислување повеќе не е присутно во масовни конфликтни контексти.

Типичен пример за примена на овој концепт е Западниот Балкан, кој некогаш беше федерација Југославија.  Во таа федерација народи од шест држави се идентификуваа себеси со заеднички супранационален Југословенски идентитет. Под овој чадор – идентитет, членови на различни групи и нации сепак ги задржаа и останатите индивидуални идентитети: културален, религиски, етнички итн. Нештата добија поинаков тек кога одредени групи започнаа себеси да се идентификуваат како прототипска група, притоа сметајќи ги сопствената култура и идентитот за доминантни во однос на останатите идентитетски групи.

Постои една многу популарна фраза помеѓу поранешните југословенски републики која и ден денес цирклулира а тоа е прашањето: *Кој ја започна војната? – Дали тоа беше религиска војна? –* Не можеме да тврдиме. *Дали се случи етнички геноцид? –* Тоа беше еден од најголемиоте геноциди дотогаш, особено во Сребренница во 1996та, каде што 8000 Босански муслимански момчиња и мажи беа убиени од страна на српската војска.

Сепак, настаните поврзани со распаѓањето на федерацијата Југославија се далеку покомплексни од одговорите на овие две прашања. Од друга страна се земјите на Блискиот Исток, и нивните нации кои немаат разновидност од етнички, религиски и културен аспект како оние од Западен Балкан. Иако тоа е тесно поврзано со идентитетот[6], во конкретниот пример кај Палестинците и Јорданците цитирам изјава на еден испитаник:

"*Доколку бараш разлики помеѓу Палестинците и Јорданците веројатно ќе откриеш ништо*."

Исклучок од Блискиот Исток е Либан, во која постои разновидност која е посложена и веројатно многу послична со земјите од Западен Балкан. Имено, една од испитаничките изјави:

*"Разновидноста во Либан е вештачки конструирана со смисла на продолжување и истакнување на разликите помеѓу групите како политички конструирана реалност."*

Следствено, Либан со својата разновидност е голем истражувачки предизвик, но постојат многу малку истражувања за социо-психолошките аспекти на тековните конфликти и генерално постојаниот функционален конфликтен контекст. Палестина претставува земја со голем потенцијал за истражување на интергрупни конфликти.

Иако се смета дека можеби овој конфликт е премногу експлоатиран и изложен и во политичките и научните кругови, сеуште го добива вниманието на

[6] Според најновите дефиниции за идентитет – тоа не е фиксиран конструкт туку повеќе претставува флексибилен конструкт детерминиран и активиран од контекстот.

научниците, бидејќи е комплексен од историска и од географска перспектива[7]. Во Палестина, предрасудите и стереотипите се всадени на рана возраст помеѓу децата и се изразени во експлицитна форма, што има директно влијание врз психолошките последици. Бидејќи, историски конфликтот потекнува официјално од времето на Отоманската Империја, во генетскиот код на овие два народи е да бидат непријатели[8]. Нивното однесување е предводено од перцпецијата да се биде вековен непријател, што особено доминира во последните неколку декади [9].

Генералниот впечаток е дека Јордан веројатно нема потреба од ваков вид на истражувања, а Либан никогаш не била приоритет за таков вид на истражување, бидејќи нејзиното опстојување како независна држава тоне во конфликтот помеѓу различни етнички групи и фракции (секти). Податоци се достапни само за случајот на Палестина, и најчесто овие податоци претставуваат база и модел за глобални истражувања на интергрупниот конфликт, но опркужувачките контексти се соочуваат со сериозен недостаток на податоци[10].

Истражувањата спроведени од страна на Bar-Tal покажуваат дека постојат вкоренети стереотипи и предрасуди помеѓу конфликтните страни. И двете страни ја перцепираат другата како таа да е онаа која што прави и сака да направи зло на другата страна, перцепирајќи го другиот како лош и непријателски народ. Како што Kelman (Kelman, 2008) тврди за конфликтот како интер-социјален феномен,

[7] Со оглед на тоа дека Израелската анексација прогресира низ времето, постојат само две географски териотории кои што се сметаат за територија на Палестина а тоа се Западниот Брег и Газа, вклучувајќи го и Источен Ерусалим со многубројни check-points, поставени од страна на Израелците, така што тие можат да го контролираат движењето на Палестинците на дневна база. Палестинците поседуваат различни документни за лична идентификација – лични карти, во зависност од тоа од која Палестинска територија тие доаѓаат. Видот на нивната лична карта ги детерминира нивните права на движење дури и во рамките на територијата која што се смета и е меѓународна призната како Палестина.

[8] Палестинци и Израелци.

[9] За време на процесот на ова истражување ситуацијата во Палестина ескалираше во неколку наврати, до денес Ноември, 2023 каде што веројатно се случува третата катастрофа за Палестинците. Моменталната војна, која што претставува своевиден геноцид, не дава никаква најава за евентуално решение на конфликтот барем во следните 50 години. Оние трауматски искуства кои што се пренесуваат трансгенереациски посееја омраза и гнев за идните генерации.

[10] Се наметнува прашањето во психолошка смисла како може да се реши одреден проблем кога проблемот притоа е негиран? Голем дел од испитаниците конктатирани за ова истражување од Блискиот Исток децидно одбија да учествуваат во истото, со објаснување дека прашањата не се релевантни за нивниот контекст, и дека во нивните контексти не постојат стереотипи и предрасуди, дека животот таму претставува една хармонија.

во случаи на долги етнички судири, истите стануваат нераздвоен дел од секојдневниот живот за секое општество и неговите составни елементни.

Оттука, анализата на конфликтот не подразбира да се посвети внимание на неговите стратешки, воени и дипломатски димензии, туку на неговите економски, психолошки, културални и социо-структурални димензии. Интеракциите низ овие димензии, обострано внатре и помеѓу конфликтните страни – општества, ја обликуваат политичката околина во која владите функционираат и ги дефинираат политичките ограничувања под кои тие оперираат.

## 1.1.Истражувачки Прашања

Докторската дисертација се занимава со истражување на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупни конфликти во земјите од Западен Балкан и Блискиот Исток. Ова истражување претставува муптипна холистичка студија на случаеви а истражувачките прашања се следни:

1. Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат врз разрешување конфликти во Западен Балкан?

Ова истражувачко прашање го истражува влијанието на три клучни аспекти - стереотипите, предрасудите и религијата, врз постоењето и зголемувањето на интергрупните конфликти во регионот на Западен Балкан. За разлика од ваквите конфликти во други делови на светот, во овој регион стереотипите и предрасудите се тесно поврзани со етнички, национални и религиозни различности. Во рамки на стереотипите и предрасудите оваа анализа се фокусира на тоа како најпрво истите се создаваат – формираат и потоа каква улога имаат во интегрупните процеси т.е разрешување на конфликти. Имено, Западниот Балкан е препознатлив по присуството на интегрупни конфликти иако тие не секогаш се во својата манифестна фаза.

Понатаму, религијата се истражува како во одреден контекст таа придонесува кон влошување или евентуално но, не исклучувачко минимизирање на конфликтите, во релација со предрасуди и стереотипи. Научно е докажано дека религијата речиси никогаш не е коренот на интергрупните конфликти но таа многу често во позадина има моќ да ја детерминира конфликтната динамика.

1.1. Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на разрешување конфликти во Северна Македонија?

Случајот на Северна Македонија се фокусира на етничките и религиските стереотипи и предрасуди. Идејата е да се добие објаснување за тоа како стереотипите и предрасудите влијаат на интегрупните релации односно конфликти. Религијата исто така не се смета за главна причина на конфликтите туку како еден инструмент кој што политичките и останатите елити го користат за да детерминираат одредена конфликтна динамика.

1.2. Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на разрешување конфликти во Босна и Херцеговина?

Босна и Херцеговина во однос на етничката и религиозната разновидност е слична со Северна Македонија. Идејата е преку ова истражување да се добие објаснување за тоа како и на кој начин стереотипите, предрасудите и религијата ја детерминираат конфликтната динамика.

1.3. Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на разрешување конфликти во Косово?

Косово не се смета за етнички и религиски разновидна држава како што е во случајот со Северна Македонија и Босна и Херцеговина. Таму демографската слика е чиста и дефинирана со доминантно албанско население и мало српско малцинство. Коренот на конфликтот помеѓу албанското и српското население е територијално – идентитетско прашање и оттука религијата повторно се исклучува како главна причина за конфликт. Преку ова истражување идејата е се добијат информации и да се изгради објаснување за тоа како најпрво се формираат стереотипите и предрасудите и каква улога имаат истите во интергрупната конфликтна динамика.

2. Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на разрешување конфликти на Блискиот Исток?

Блискиот Исток е практично регионот кој што го опфаќаат држави каде што живее доминантно Арапска популација независно од религиската определеност. Во оваа анализа три држави се вклучени од Блискиот Исток: Јордан, Палестина и Либан. Во овие три држави етничката разновидност е далеку поголема од религиската, со исклучок на Либан која што претставува држава со голема разновидност – мозаик во религиски и етнички аспект. Стереотипите и предрасудите се исто длабоко вкоренети и присутни и

во овие општества. Религијата има свое посебно место во овие три држави и кон неа најпрво се пристапува од позиција на почит и светост. Преку оваа истражувачко прашање постои обид да се даде објаснување како вшусност се одвива овој процес, стеореотипите, предрасудите и религијата да влијаат на интергрупната динамика во овие држави. Објаснувањата ќе се добијат главно од интервјуираните испитаници бидејќи карактеристично за одредени држави од овој регион е тоа што говорот на слобода е ограничен и контролиран од авториратирни власти, (најмногу случајот на Јордан).

2.1.Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на разрешување конфликти во Палестина?

Палестина е држава која што преставува единствен случај во однос на конфликтот со Израел на светско ниво. Преку оваа анализа идејата е да се добие увид и да се изгради објаснување на интра-состојбата во палестинското општество и како стереотипите, предрасудите и религијата имаат улога во детерминирањето на интергрупната конфликтна динамика. Палестинското општество е длабоко поделено политички со многу низок степен на функционалност онаму каде што палестинските власти имаат контрола.

2.2.Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на разрешување конфликти во Јордан?

Јордан претставува едно од најзатворените општества од земјите од Блискиот Исток, во смисол на тоа дека јавниот дискурс не се состои од тоа дали одредени конфликти се присутни на интра или интергрупно ниво. Јавното незадоволство многу ретко се изразува или во најдобар случај истото е под контрола. Идејата е преку оваа анализа да се добие увид и да се изгради објаснување за улогата на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупните конфликти.

Во овој случај религијата има посебно место бидејќи Јордан е држава со најголем процент на муслиманска популација и религиските вредности претставуваат императив за општеството.

2.3.Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на разрешување конфликти во Либан?

Либан претставува исклучок во секоја смисла за Блискиот Исток. Нејзината разновидност во однос на етничка и религиска смисла и дава специфична демографија и интергрупна динамика. Бидејќи ова општество е во војна или конфликт речиси од својата независност стереотипите и предрасудите се присутни. Религиската разновидност ја

прави групата сензитивна одвнатре, создавајќи простор за религиски несогласувања. Преку оваа анализа целта е да се добие увид и изгради објаснување за тоа каква е нивната улога во интергрупната динамика односно конфликти.

Компаративни Истражувачки Прашања:

- Како динамиката на стереотипите, предрасудите и религијата се разликува или е иста кај интергрупните конфликти помеѓу Западен Балкан и Блискиот Исток, и каква лекција/ поука може да се извлече од оваа компаративна анализа?

- Историска Перспектива:

Како историските настани и наследство придонесуваат кон формирањето и влошувањето на стереотипите, предрасдите и религиските тензии на Блискиот Исток и Западен Балкан, и како овие фактори влијаат на тековните интергрупни конфликти?

- Фокус на политики и интервенција:

"Какви лекции може да се извлечат од постоечките политики и интервенции насочени кон адресирањето на стереотипите, предрасудите, и религиските тензии во Западен Балкан и на Блискиот Исток, и колку истите стратегии се ефективни во промовирањето на разрешување на конфликти?"

### 1.2.Истражувачки Цели

Целите на ова истражување се:

1. Да ја проучи улогата на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупни конфликти од социолошки и социјално-психолошки аспект. Понатаму, да спроведе анализа за тоа како СПР влијае на интегрупниот конфликт во земјите од Западен Балкан и Блискиот Исток;
2. Да се создаде истражувачки модел за проучување на улогата на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупни конфликти;
3. Да се тестира моделот на шест случаеви со интер-групни конфликти во Западен Балкан и на Блискиот Исток;
4. Да се дадат препораки за мерки до релевантните институции како што се Министерството за образование и наука, Министерството за надворешни работи, како и други институции кои се активно вклучени во превенирање на конфликти, менаџирање и нивно разрешување. Овие препораки ќе преставуваат клучни елементи за создавање на потенцијален прирачник за во иднина.

Прирачникот треба да биде оригинален во смисол на неговата специфичност во однос на социо-психолошките димензии со посебно внимание на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупните конфликти, преку презентирање на случаеви од Западен Балккан и Блискиот Исток.

**1.3.Хипотези**

Врз основа на истражувачките прашања, хипотезите кои произлегуваат се следните:

1. СПР влијае на разрешувањето на конфликтите на негативен начин во Западен Балкан
   1.1. СПР влијае на разрешување на конфликтите на негативен начин во Северна Македонија;
   1.2.СПР влијае на разрешување на конфликтите на негативен начин во Босна и Херцеговина;
   1.3.СПР влијае на разрешување на конфликти на негативен начин во Косово.
2. СПР влијае на разрешувањето на конфликти на негативен начин на Блискиот Исток;
   2.1.СПР влијае на разрешувањето на конфликти на негативен начин во Палестина;
   2.2.СПР влијае на разрешувањето на конфликти на негативен начин во Јордан;
   2.3.СПР влијае на рарешувањето на конфликти на негативен начин во Либан.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРА

Прегледот на литературата од областа на социо-психолошките аспекти на интергрупните конфликти нуди сублимат од научните истражувања од истакнати автори. Резимето ги опишува најновите достигнувања во областа (state-of-art) поврзана со СПР, истражувања најчесто спроведен на долг рок, долготрајни конфликти како што е Израелско – Палестинскиот. Понатаму, се дискутираат и раните теории поврзани со СПР, како на пример истражувањата за расизмот кој

претставува вид на предрасуди.

Kelman е еден од малата група на автори кои што работеле на социо-психолошките димензии на конфликтот. Својата работа ја засновал на теоријата на човекови потреби на Burton, притоа проширувајќи ја дефиницијата кон психолошките потреби како што е потенцијалот за ескалација на конфликтот или главните причини за конфликт. Овие психолошки потреби поврзани со конфликт според Burton се: идентитет, безбедност, признавање, автономија, самодоверба и чувство за правда (Burton, 1990). Всушност, Kelman прави промена во парадигмата за начинот на разбирање и пристап кон интергрупниот конфликт после Втората светска војна.

Имено, тој тврди дека психолошките истражувања може да направат сериозен придонес кон разбирањето и намалувањето на насилните манифестации во меѓународните конфликти. Овие психолошки концепти и резултати започнаа почесто да се применуваат во проучувањето на меѓународните конфликти како и во развојот на нови правци за разрешување на конфликти (Kelman, 2008).

Понатаму Бартон ја дискутира безбедносната дилема – која што ескалира од стравот кој ги позиционира егзистенцијалните конфликти да лежат во средиштето на релациите помеѓу засегнатите конфликтни страни. Неговиот придонес се состои во проширување на проучувањето на конфликт, истакнувајќи ги социо-психолошките димензии до ниво на теорија и пракса. Тој исто така работел интензивно на Израелско – Арапскиот конфликт, и учествувал во добро познатите преговори помеѓу Јасер Арафат и Ехуд Барак. Оттука неговиот придонес е и теоретски и практичен.

Bar-Tal преставува водечки автор во областа, пред се поради неговата континуирана работа на Израелско-Палестинскиот конфликт, проучувајќи ги неговите социјално-психолошки димензии, со фокус на предрасудите и стереотипите. Неговото долгогодишно истражувачко искуство го прави пионер во оваа област. Bar-Tal и Teichman ги истражуваат стереотипите и предрасудите преку резултатите дека предрасудите, афектот и емоциите се често меѓусебно поврзани (Bar-Tal & Teichman, 2005). Спроведено е и екстензивно истражување за стереотипите и предрасудите кај деца на различна возраст од Израел и Палестина. Значаен дел од теоријата во оваа мултипна студија е заснована и развиена токму на резултатите на Bar-Tal.

Овој труд, всушност, има за цел да се надоврзе на таквиот вид и насока на истражување, така што го проучува интегрупниот конфликт од аспект на стереотипите и предрасудите, притоа сметајќи го психолошкиот контекст или (како што Bar Tal ги дефинира) верувањата, ставовите и емоциите поврзани со конкретен конфликт, кои со заедничко име се нареукваат етос на конфликтот, на начин што неговите истражувања потврдиле дека СП(Р) има значајно негативно влијание врз интергрупниот конфликт во сите негови фази. Bar-Tal-овите теоретски постулати во врска со СП се употребени во неговите истражувања на Израелско – Палестински (Арапски) конфликт.

Оригиналноста на овој труд – студија се состои во тоа што ги проширува научните гледишта за СП и нуди нови наративи и увиди во врска со конфликтни конткести, преку вклучување на шест случаи кои што се објаснети во оваа студија и врз основа на тоа понатамошно создавање на објаснувања за тоа како СП влијае негативно на интергрупниот конфликт.

Овој труд е инспириран од истражувачката работа на Daniel Bar-Tal и практично претставува еден вид надградување на основната претпоставка во неговата истражувачка работа, имено дека нерешливите конфликти значајно се разликуваат по својот контекст или содржина, но генералната социо-психолошка динамика е слична и истата може да се анализира (Bar-Tal & Halperin, 2013).

За потребата од истражување на стереотипите и предрасудите како главни психолошки конструкти за интергрупни конфликти Bar-Tal и Teichman развија проективна техника цртеж на човечка фигура (ЦЧФ) како инструмент за мерење на стереотипи и предрасуди кај детската популација. Нивниот придонес кон проучувањето на СП во интергрупен контекст е од големо значење, но се уште е евидентна потребата од овој вид на истражувања во други контексти.

Во периодот од 1970 - 80те, Fiske и Taylor (Fiske & Taylor, 1984) направија когнитивна револуција во психологијата со истражување на начините на кои когнитивните процеси водат кон стереотипизација, групни процеси и влијанието на социјалните идентитети на расудувањето (пристрасноста). И двете перспективи истакнуваат како нормални психолошки и социјални процеси зајакнуваат и одржуваат стереотипи и предрасуди (Fiske & Taylor, 2008). Раните теоретичари на

предрасуди и стереотипи се фокусираат на индивидуалните разлики и ги поврзувале предрасудите со психопатологија (Adorno et al., 1950).

Неколку декади претходно, Samner го дефинира и обликува етноцентризмот како еден од првите истражувачи кои ги истражувале социо-психолошките димензии на интергрупниот конфликт. Оваа област на Adorno, според која предрасудите се уште се базираат на индивидуални карактеристики – психопатологија, денес е сеуште релеватна во одредени научни кругови. Тие ги дефинираат предрасудите како генерален светоглед, што во превод значи дека доколку луѓето имаат тенденција да размислуваат болно (лошо) генерално за светот, тие ќе го имаат истото мислење за одредени групи кои што се различни од оние со кои тие се идентификуваат. Научникот Олпорт е таткото на теоријата на предрасуди, со неговата рана теорија за разбирање на предрасудите како погрешна и нефлексибилна генерализација (Allport, 1954).

Неговата теорија е основата врз која што понатамошните истражувања биле спроведени, до моментот на создавањето на нова современа дефиниција на предрасуди, според која предрасудите ги претставуваат идеологиите и ставовите кои помагаат да се одржи и легитимизира групната хиерархија и објаснување (Sibley & Barlow, 2016). Ова се смета за големо научно достигнување, бидејќи научниците успееја да ги идентификуваат предрасудите внатре во државните системи, со што се помогна во справувањето со легитимизираната опресија во многу социјални контексти.

Duckitt-овиот екстензивен модел за парагидмата за предрасуди се заснова на различни, главно политички идеологии, според кои стереотипите и предрасудите се вградени, ако не и институционализирани, во државните системи, а со тоа се направи патот за истото да се смета како нормална работа (Duckitt, 2014).

Maitner, Smith и Mackie ги објаснуваат предрасудите во нивната емотивна компонента. Тие тврдат дека поврзаност на социјалната категоризација и социјалната идентификација диктираат дали и до кој степен индивидуите ќе искусат – изразат емоции кон групите однадвор (Maitner et al., 2016). Друга група на автори (Dumont, Yzerbut, Wigboldus и Gordijin) исто така се занимавала со истражувањето на стереотипното и мислење исполнето со предрасуди и тие дошле до заклучокот дека кога индивидуите се категоризирани како членови на група, тие доживуваат емоции во име на тоа групно членство.

Генералниот заклучок е дека стереотипите и предрасудите заедно со одредени емоции се тесно поврзани со групното членство и групниот идентитет, односно дека е неизбежно е за луѓето да мислат во категории (Dumont et al., 2003). Теориите за социјалниот идентитет и социјалната категоризација ја претставиле категоризацијата како процес преку кој индивидуите постигнуваат себе-дефиниција (дефинирање) во социјален контекст (Tajfel, 1978). Мислењето за други низ термини на нивното групно членство е познато како социјална категоризација – тоа е природниот когнитивен процес преку кој ние ги сместуваме индивидуите во социјални групи (Allport, 1954). Нашата себе-дефиниција во социјален контекст секогаш зависи од социјалната категоризација (Oakes, 2003). Сите овие трудови за социјална категоризација водат кон детерминирање на одреден контекст. Следствено, тоа е и една од причините зошто оваа студија го смета контекстот за многу значаен во истражувачкиот процес.

Прашањата се така конципирани да можат да допрат и да го пренесат контекстот со единствена цел да се анализира интеракцијата помеѓу СПР и социјалниот контекст. Сите гореспоменати истражувања и автори значајно придонеле кон проучувањето на МО – и менаџирање на конфликти со социо-психолошките димензии. Оваа студија има за цел да се надоврзе кон оваа група автори, и со своите резултати да поттикне идентична истражувачка пракса и во Западен Балкан, како регион кој до сега не бил истражуван во оваа насока. Всушност, досега ниту еден автор не ги истражил заедно стереотипите, предрасудите и религијата во единствено истражување.

Тоа се тесно поврзани варијабли кои кога се активирани, ја генерираат и диктираат конфликтната динамика. Евидентна е потребата од холистички пристап во МО – онака како што и оваа студија е замислена. Во литературата може да се сретнат многубројни истражувања на стереотипи, предрасуди и особено религија, но најчесто тие се истражувани засебно и многу веројатно стереотипите и предрасуди заедно. Понатаму, контекстот е исто така често запоставуван. Ова истражување нуди еден констрктивистички пристап, тргнувајќи од тоа дека не постои една единствена реалност туку дека реалностите може да се повеќе или мултипни.

На овој начин, вака поставени  во оваа мултипна студија стереотипите, предрасудите и религијата во одреден контекст креираат еден систем или случај, кој е неповторлив по својата природа, но може да содржи и елементи кои што се појавуваат и во други системи. Практично тоа е механизмот кој е потребно да биде идентификуван за подобро да се разбере интеракцијата на истражувачките варијабли. Сите психолошки теории ја препознаваат социјалната категоризација како основен когнитивен или дискурзивен процес во идентитетските и интергрупните релации (Huddy et al., 2013). Кога оваа психолошка констелација е поставена во одреден психолошки контекст создава конкретна социјална и психолошка динамика на интергрупниот конфликт. Оваа област во проучувањето на конфликтите се појавува после Втората Светска војна и оттогаш се објавени солиден број на квалитативни и квантитативни истражувања, заедно со многубројни експерименти од различни конфликтни контексти во светот. Литературата нуди сериозни податоци во врска со интергрупните конфликти пред и потоа, но многу поретко се пронаѓаат информации во однос на превенција и рано идентификување на интергрупни конфликти.

Всушност, се смета дека научната заедница има тенденција да го насочи своето внимание кон конфликтите кога тие се во некоја понапредна (најсилна) фаза од конфликтниот циклус, или пак откако ќе настапи прекин на насилството, или пак кога е постигнат договор помеѓу засегнатите страни. Со цел да се промени тоа, потребно е набљудување и консолидирање на интервенциите во пост-конфликтните општества.  Ова од друга страна е исто толку загрижувачки бидејќи сите сфери од животот се унапредија, но насилството во конфликт е се уште во некоја рудиментирана – примитивна форма, проследено со масовно уништување, масовно кршење на човековите права, посебно помеѓу жени и деца, уцени, присилни преселби, итн. Во оваа насока, речиси ништо не е променето од пред 50 години, можеби само средствата со кои се постигнува поголема штета. Следствено, постои веројатност дека е потребна и нова парадигма за подобро разбирање на интергрупниот конфликт и неговиот третман, што пак, бара корпус на истражувачки податоци. Во однос на психолошкиот пристап, со прегледот на научната литература се добива перцепција дека членовите на групата без оглед на религиската припадност се повеќе склони да реагираат во конфликтни ситуации.

Емоциите се оние варијабли кои го водат конфликтот кон нови циклуси на насилство. Следствено, СПР моделот треба да понуди скрининг на конфликтите преку наративите на луѓето поврзани со актуелниот  конфликт. Преку овие наративи ќе се открие врската помеѓу општеството (контекстот) и чувствата на луѓето и когницијата (СПР). Суштината на стекнатите увиди и наративите ќе претставува рефлексија на тековниот конфликт во истражуваните региони, а увидот од добиените одговори ќе генерира препораки за академската област. Имајќи ја превид извршената анализа, Западниот Балкан и Блискиот Исток се погодни за ваков тип на истражување. Притоа, останатите земји и региони не се исклучени, бидејќи околностите, групните динамики и човековите менталитети градат општества каде што веројатноста од нов конфликт е висока. Секако постојат и други фактори кои влијаат на интергрупната динамика, но во ова истражување главниот интерес се социо-психолошките фактори со особен пристап кон контекстот, кој што може да е политички, економски итн. Пример, во периодот од 2020 до 2021/2 година, речиси секој еден контекст глобално беше исполнет со наратив за Ковид-19 пандемијата.

# *II ТЕОРИИ*

## 1. ТЕОРЕТСКА ОСНОВА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Главните варијабли на предметот на ова истражување се: (1) влијанието на стереотипите, (2) влијанието на предрасудите и (3) влијанието на религијата во интергрупните конфликти на Блискиот Исток (Палестина, Либан и Јордан) и Западен Балкан (Босна и Херцеговина, Косово и Северна Македонија). За таа цел се врши теоретско и емпириско истражување.

Теоретската основа на истражувањето ќе биде извлечена од (1) теорија за стереотипи и предрасуди во интергрупни конфликти, (2) теорија на стереотипи, (3) теорија на религија, (4) тероија за интергрупни конфликти. Овој пристап ќе ги продлабочи анализите на интергрупните конфликти и ќе открие како предрасудите, стереотипите и религијата придонесуваат во настанувањето на интергрупните конфликти.

### 1.1. Теорија на стереотипи и предрасуди во интергрупни конфликти

Добросостојбата на човекот, како сегмент од дефиницијата на здравје според СЗО не подразбира само отсуство на болест, туку меѓудругото подразбира и присуство односно отсуство на насилство и пристап до сите добра за водење на квалитетен живот. Притоа ваквите истражувања имаат за цел да дадат придонес кон елиминирање на етноцентризмот и предрасудите повеќе отколку за нивно зајакнување, за отстранување на социјални и економски неправди и нееднаквости. Според Morton, после Хирошима, повеќе не може да се преправаме дека науката или научниците може да се изјаснат за невини во однос на општествените последици од нивните научни активности. Стереотипите и предрасудите се феномените кои во овој труд се сметаат како една од причините за интергрупен конфликт.

Во овој добро воспоставен пристап на меѓународен конфликт, Kelman ја користи Burton-овата теорија на човековите потреби со цел да го дефинира конфликтот:

Конфликт се случува тогаш кога групата се соочува со неисполнување или закана за исполнување на основните потреби, вклучувајќи не само материјални потреби како што се храна, засолниште, физичка безбедност или физичка добросостојба, вклучувајќи не само материјални потреби туку и психолошки потреби како идентитет, безбедност, признавање, автономија, самодоверба и чувство на правда (Burton, 1990). Потребите за идентитет и безбедност и слично како есенцијално колективни потреби, како и стравовите и грижите за преживувањето во врска со нив, придонесуваат значително во ескларењето и одржувањето на конфликтот.

Иако конфликтните страни дошле до заклучокот дека е во нивен најдобар интерес да стават крај на конфликтот, тие имаат отпор да седнат на преговарачка маса или пак да ги направат потребните услови за преговори и да продолжат понатаму само поради стравот дека можеби тие ќе бидат придвижени кон отстапки, што на крајот, ќе го загрози нивното постоење. Стравовите кои предизвикуваат егзистенцијални конфликти лежат во основата на врската помеѓу конфликтните страни и одат подалеку од циклусот на стравови кои произлегуваат од динамиката на безбедносната дилема што ја дискутира Џервис оди подалеку од циклусот на стравови кои произлегуваат од динамиката на безбедносната дилема што ја дискутира Kelman (Kelman, 2008). Спојувањето на горенаведените факти создава когнитивни слики во умот на членовите на групата за членови на други групи. Генерализираните ментални слики проследни со одредена емотивна валентност, најверојатно негативна, се сметаат за една од главните причини зошто членовите на различни групи завршуваат во конфликт.

Постојат огромен број докази дека стереотипите се под влијание на афект и емоции (Bodenhausen, 1993; J. F. Dovidio & Gaertner, 1996; Hamilton et al., 1993; Jarymowicz & Bar-Tal, 2003) и дека влијаат на предрасудите, афектот и чувствата (J. F. Dovidio & Gaertner, 1993; Stephan & Stephan, n.d.) дека афектот и стереотипите влијаат на предрасудите (Esses et al., 1993) и дека предрасудите, афектот и

емоциите се често меѓусебно поврзани (Devine & Monteith, 1993; Smith, 1993).

Некои од овие чувства на траума се уште се присутни после многу години по конфликтот и се пренесуваат од една на друга генерација. Случајот со Израелците и Палестинците е само уште еден пластичен и реален пример. За многу случаи на злосторства на одредени групи им е забрането да зборуваат иако чувствата, генерализираните ментални слики за членови на таа група, негативни чувства и евалуации – предрасудите се исто така присутни. Еден доказ за важноста на предрасудите во областа на конфликтот е тоа дека во првата половина на 20-от век, предрасудите беа интегрален дел од студијата на конфликт, бидејќи тие се сметале како индикатори за интергрупен конфликт и насилство. Оваа е само еден факт, иако различни фракции во проучувањето на конфликтот може да го тврдат и спротивното. Анализата на конфликт како пристап е многу често потценет од страна на политички лидери и преговарачи. Во овие ситуации, засегнатите страни и медијаторите се заинтересирани само во постигнувањето на сопствените цели и интереси или пак многупати се случува прекин на конфликт само поради арбитража.

Кога генерализациите за членови надвор од референтната група се само базирани на когнитивни ментални слики, во повеќето случаи превеземени или интернализирани од субјектите на примарна социјализација како на пример семејството, училиштето и врсниците и потоа се пренесат преку искуствата на членовите внатре во групата, за надворешните членови ова може се уште да претставува опасност, но можно е да нема доволно потенцијал за пошироко насилство или агресија. Одредени автори тврдат дека внатре-групниот фаворитизам не значи автоматски аверзија кон надворешните групи или пак предрасуди, додека одредени автори тврдат дека внатре-групниот фаворитизам или пак љубовта кон групата автоматски води кон омраза кон се што е надвор од таа група. Но, кога чувствата ќе се појават и преовладаат, таквата ситуација речиси никогаш не може да биде позитивна. Од една страна на континиуумот имаме став – когнитивна евалуација на другиот, а од другата страна пак имаме емоционална валентност која што најчесто е страв, лутина, анксиозност, омраза, понижување.

Освен основната генеричка дефиниција за разбирање на стереотипите и предрасудите, релевантни за оваа студија се предрасудите својствени за конфликти помеѓу различни етнички групи, најчесто кои споделуваат нешто заедничко со другата група како на пример територија, минато-историја, сегашност, култура или историја на конфликт. Овој вид на предрасуди поттикнува појава на специфични емоции кои се по својата природа негативни како страв, лутина, гадење и омраза.

Бидејќи овие конструкти не се видливи со голо око, често се имплицитни, се додека не станат експлицитни, т.е. придружени со одредено однесување. Поради тоа, важноста на нивното проучување и детектирање во раните фази на конфликтот е голема. Тука се наметнува уште една компонента значајна за оваа студија - возраста на која вакви анализи треба да се спроведат. Оваа димензија е исто така запоставена во многу пристапи, иако постојат бројни истражувања во оваа насока, и оттука во креирањето на интервенции и политики во пост-конфликтните општества. Училиштата треба да бидат местата каде што евентуалната превенција на стереотипите и предрасудите би започнала.

Доколку еден училишен курикулум содржи теми кои што поддржуваат мислење испреплетено со предрасуди, веројатноста да се генерираат стереотипи и предрасуди кај децата е висока, посебно кај разновидните и поделени општества[11]. Веројатно оваа област се уште би била во длабоко игнорирање доколку Bar-Tal заедно со своите соработници не работел интензивно на Израелско-Палестинскиот конфликт, притоа користејќи го како природна лабораторија. Во најголемиот број од неговите истражувања, тие работат со деца на најмлада возраст – почнувајќи од предшколска возраст. Најголемиот дел од истражувачките резултати се во насока на тоа дека децата развиваат стереотипно и предрасудно мислење на многу рана возраст, од своите семејства, училишта и врсници. Иако во голем дел од децата се уште немале никаков контакт со деца од другата група тие веќе имаат оформено

[11] Случајот во С.Македонија е навистина сложен во однос на ова. Македонија не само што се соочува со внатрешни проблеми во последната декада, туку во последните години преовладуваат и регионално-билатерални и делумно меѓународни спорови. Постои недостаток од истражувања за актуелната ситуација во однос на етничките релации и голема конфузија во однос на употребата на официјален јазик. Се создава поделено – биетничко општество наместо интегрирано функционално општество.

перцепии за нив[12] (Bar-Tal & Teichman, 2005).

### 1.1.1. Ставови поткрепени со негативни емоции – предрасуди

Пристапите за разбирање на предрасуди, стереотипи и дискриминација исто така значајно се проширени. Раните теоретичари се фокусирале на иднвидуалните разлики, а најчесто предрасудите ги поврзувале со одредена психопатологија (Adorno et al., 1950). Во тој период, Allport дал основна дефиниција за предрасуди, според која истата се дефинира како антипатија базирана на погрешна и нефлексибилна генерализација (Allport, 1954). Оваа генерализација може да биде насочена кон одредена група како таква или пак кон одредена индивидуа токму поради тоа дека истата е член на таа група. Во 1970[те] и 1980[те], когнитивната револуција во психологијата генерирала интерес за вклученоста на когнитивните процеси кои водат кон стереотипизација (Fiske & Taylor, 2008). Истовремено, европските истражувачи се фокусираат на тоа како групните процеси и социјалните идентитети влијаат на пристраноста (Tajfel, 1978). Обете перспективи го истакнуваат влијанието на нормалните психолошки и социолошки процеси кои ги зајакнуваат и одржуваат стереотипите и предрасудите (J. F. Dovidio et al., 2010).

Како што може да се забележи преку различните истражувања кои следат подоцна, предрасудите се детерминирани од контекстот и носат една нова динамика во интергрупните релации (конфликт) и оттука концептот за предрасуди се менува во зависност од различни идеологии и околности. Оттука, релевантни теоретски пристапи се појавуваат во форма на добри политики. Ова проширување ја демонстрира потребата од понатамошно проширување на дефиницијата за предрасуди со понапреден пристап. На пример, Sibley и Barlow (Sibley & Barlow, 2016) ја нудат следната дефиниција за предрасуди: *"Предрасудите ги претставуваат оние идеологии, ставови и верувања кои помагаат да се одржи и легитимизира групната воспоставена хиерархија и објаснување."* Покрај екстензивна и современа дефиниција, Sibley и Barlow ја дискутираат и природата на предрасудите. Тие го објаснуваат Дукитовиот модел на предрасуди и различни историски парадигми базирани на предрасуди.

Притоа, историските различни парадигми за предрасуди се класифицирани во

[12] За потребите на овие истражувања Bar-Tal и Yona Teichman ја користеле проективната техника на Цртеж на Човечка Фигура.

осум класи, кои што претрпеле општествено научно проучување[13]. Оваа класификација претставува референтна вредност за правецот во кој би требало да се движат истражувањата. Одредени автори сметаат дека обликувањето на научното проучување на предрасудите е во декадите кои следат.

Иако дефиниците за предрасуди изгледаат едноставно, се сметаат за сложени психолошки конструкти, во зависност од тоа која теоретска рамка ќе се земе во предвид - еволутивна, личносна перспектива на интергрупни емоции итн. Интергрупната пристраност генерално се однесува на систематската тенденција да се евалуира нечие групно членство (внатре во групата) или неговите членови повеќе во корисно или во позитивен контекст во однос на членовите кои не се дел од таа група (J. F. Dovidio et al., 2010). Најраните ставови исполнети со предрасуди вклучуваат осуди кои се во спротивност со фактите (Allport, 1954).

Според Allport, предрасудата е всушност болно мислење без оправдување, додека етничките предрасуди ги објаснува како антипатија базирана на нефлексибилна генерализација, што всушност ја преставува неговата веќе спомената општа дефиниција за предрасуди. При дискутирање на ваквата

---

[13] Дукитовиот модел (2010) на овие осум историски парадигми започнува со перспективата како предрасудата пред се е природен одговор на т.н. назадни луѓе, која што преовладува во периодот околу 1920те години и води кон тековниот zeitgeist, кој што се појавува во одреден период во новиот милениум, каде што на предрасудите се гледа како на сложени, афективни и мотивациски. Дукитовото резиме на историските парадигми преку кои предрасудите се проучувани е во пакет заедно со самата дефиниција на предрасудата. Првата парадигма е социјалниот и историски контекст и проблеми каде што доминантната општествена политика е ориентирана кон предрасуди и дискриминација;
Втората парадигма трае се до 1920те – тоа е белата доминација и колонијалното правило на назадни луѓе каде што доминацијата, дискриминација и сегрегацијата се природни и оправдани општествени политики.
Потоа следи периодот помеѓу 1930 и 1940 – сеприсустноста и доминацијата на Белиот расизам каде што главната општествена политика е постепено прифаќање на малцинствата, како што истите постепено се асимилираат. Потоа следат 1950те – Нацистичката расна иделологија и холокаустот каде што доминантната општествена политика е демократија и либерални вредности ќе ја еродираат нетолеранцијата и предрасудите;
1960-се појавува проблемот на институционализиран расизам во јужниот дел на САД, каде што доминантната општествена политика е десегрегација и анти-дискриминирачки закони на Северот каде што доминантната политика е да се редуцира интергрупната нееднаквост преку афирмативни мерки и зајакнување на малцинствата;
1980 и 1990те – тврдоглавото опстојување на стереотиши, предрасуди и дискриминација каде што доминантна политика (политики) се мултикултурални политики за да ги обезбедат малцинствата со доверба и позитивни идентитети и да зајакнат толеранција. Последната парадигма е пост 2000та. Соочувајќи се со сложен свет од мултипни и многу често ирационално интензивни интергрупни злосторства (Sibley & Barlow , 2017).

димензија на предрасудите, во предвид треба да се земат теориите на личност, десното крило на авторитаризам, тврдоглавост и теоријата на социјална доминација (A. S. Haslam et al., n.d.). Всушност, голем дел од социјалната психологија ги идентификува причините за појава на предрасуди во индивидуални фактори, или како резултат на функционални или вообичаени мотивациски и когнитивни процеси. Имено, многу често се случува одредена личност да биде одбележана како личност со предрасуди или пак одредена група како конзервативно ориентирана. Но, прашањето кое што се наметнува е *Дали таа личност е свесна за сопствените предрасуди?* – Многу веројатно е дека таа личност не е свесна за предрасудите кои ги има. Многу истражувања во социјалната психологија, особено оние популарните направена со близнаци, заклучиле дека предрасудите, покрај останатите фактори, може да бидат наследени. Ова е пример во случајот со Палестина, како еден од најстарите нерешливи конфликти во пост-модерното живеење. Објаснувањето дека прво се појавуваат личности со предрасуди пред да се појави групата, е поткрепено со тоа дека предрасудите се наследни (коренот е во гените), билогијата и социјализација.

Предрасудите многу ретко се третирани како чисто ирационални верувања, а многу почесто како негативна евалуација на другите заснована на групното членство. Природата на врската помеѓу когнитивните и афективните димензии на овој вид на евалуација предизвикува научна дебата. За одредени истражувачи, предрасудите треба да бидат сметани како нерастворлива комбинација од обете; за останатите, пак, емоционалната апатија се наоѓа во коренот на проблемот, а концептите како стереотипизација се третирани како емпириски поврзани, но аналитички различни концепти (Duckitt, 2014). Раната социјализација преставува една од основните причини за генерализација, а подоцна за создавање на предрасуди, создавајќи личности со предрасуди. Раната возраст е периодот кога семејството претставува прв и единствен фактор и институција од каде што дете црпи информации за светот и практично го формира својот ран светоглед.

Детето ги прибира и интернализира овие информации како релевантни бидејќи семејство го претставува светот во оваа фаза. Бидејќи детето нема искуство со членови од други групи, преостанува како лојаност кон својата група – семејство и сл. да верува на категоризациите во врска со членовите на другите групи и да ги интернализира како релевантни. Доколку искуството на групата по потекло или

референтната група било негативно или пак постоеле некакви непријатности во минатото или сегашноста – тогаш една од можностите е да се присвои негативен став кон таа група. Преговарањето е оневозможено доколку не е овозможен контакт со другата група бидејќи се смета за погрешен или во најлош случај како предавство кон својата група. Тогаш детето се подготвува за образовниот систем каде што влегува во едно институционализирано со предрасуди образование, во најголем број од случаите. Ова е релевантно за оние контексти кои искусуваат или искусиле конфликт, насилен или пак ненасилен, и многу често се случува само една страна да биде изложена во училишниот курикулум. Ова е често присутно во т.н. мултиетнички општества, соседни земји најчесто веќе во некаков тековен конфликт (повторно без циклуси на насилство), со ситуации кои допираат или се однесуваат на употреба на јазик, национални симболи, историски и идентитетски прашања.

### 1.1.2. Теоретски пристапи – предрасуди

Од социолошки и од психолошки аспект е познато дека одредени личности се повеќе склони кон предрасуди. Познатиот научен обид да се поврзат предрасудите со одреден тип на личност потекнува од работата на Adorno и неговите соработници (Adorno et al., 1950).

Оваа теорија преставува уникатна мешавина од Марксистичката социјална филозофија, Фројодвата анализа на семејната динамика, и квантитативната психометрија многу брзо се етаблира како референтна точка за цела генерација на истражувања за природата на предрасудите (Brown, 2010). Adorno верувал дека типот на личност развиен во раното детство го одредува развојот на предрасудите. Тој развил скала на ставови за да го измери авторитатизмот (F скала), анти-семитизмот и етноцентризмот. Тој нашол значајна поврзаност помеѓу авторитаризмот и предрасудите. Друг теоретски пристап кој има придонес кон проучувањето на предрасудите е теоријата на социјална доминација (Sidanius & Pratto, 1999).

Според оваа теорија, причините за стереотипи и предрасуди се индивидуалните мотиви и потреби, како на пример, релациите на доминантен – потчинет како резултат на одредени еволутивни процеси, а тоа е потребата одреден општествен поредок да се перцепира како исправен, праведен и коректен. Во

теоријата на оправдување на системот екплицитно се препознава дека луѓето со висок статус развиваат стереотипи, теории и институционализирани структури кои се вградени во тековното уредување.

Во теоријата на социјална доминација, зајакнувањето на стратегиите и митовите од страна на доминантната група се појавуваат како значајни во одржувањето на тековните субординирани релации. Основната идеја е дека негативните стереотипи може да послужат како идеолошки функции и да го оправдаат третманот на одредени групи во општеството (Jost & Banaji, 1994).

*Ако предрасудите се продукт на фиксирана личност, како тоа може да се промени?*

*"Полесно е да скрши атом, отколку предрасуда "*

*(It is easier, someone has said, to smash an atom than a prejudice* (Allport, 1954)

Allport завзема значајно и незаменливо место во проучувањето на стереотипите и предрасудите. Притоа тој тврди дека "нечија репутација, без разлика дали е лажна или вистинита, не може биде потчукувана во нечија глава без притоа да не влијае на карактерот на таа личност (Allport, 1954)".

Во однос на доминантната и малцинската група, кога членовите на доминантна група ги генерираат стереотипите и предрасудите, тогаш членовите на малцинските групи понекогаш немаат друг избор освен да почнуваат да веруваат и да се однесуваат во согласност со препишаните слики и ставови за нив.

Друга потенцијална дефиниција за предрасудите гласи:

*"Човековата категорија исто така преставува платформа па внатре-групни проективни процеси, каде што различни атрибути на внатре- групата во релација со нагласената надворешна групна тенденција може да се смета за типично човечка".*

Таквиот процес е огледало на феноменот на инфра-хуманизација, каде што членот на групата (внатре-групата) е перцепиран како повеќе способен да искуси комплекс на единствени човечки чувства повеќе во однос на нагласената група (Leyens et al., 2007). Ова е во релација со внатре-групниот модел на проекција - етноцентризам. Една од главните причини за мислење проткаено со предрасуди е очекувањето дека членовите на останатите групи треба да бидат во најмала рака

слични со оние од групата по потекло.

Колку повеќе членовите на другите групи се разликуваат според различни критериуми како на пример, боја на кожа, јазик, религија, култура итн., толку повеќе е веројатно дека група која што се смета за прототипна ќе развие предрасуди за индивидуиа надвор од истата. Ова не е едностран, туку релациски процес. Постојат четири модели во кои ние ги зачувуваме нашите информации за другите и креираме ментални конструкти: прототип, примерок, мрежа на асоцијации и конекционистички модели од ментални репрезентации (Fiske & Taylor, 1984, 2008).

Доколку прототипната група има предрасуди за другата група, која што во најголемиот број на случаи е малцинска група, тогаш малцинската група треба да живее со овие широко прифатени когнитивни слики и често негативна слика која што мнозинската група го има. Една од можните избори е малцинството да го прифати тоа како делумна вистина, и делумно да почне да се однесува во согласност со таа предрасуда. Според Allport, невозможно е предрасудите наметнати над одредена група да не остават дамка на карактерот на таа група, или пак членовите на таа група да се најдат во една безизлезна ситуација во која треба да го исполнат пророштвото т.е. содржината на предрасудата. Пластичен пример за ова е перцепцијата дека сите Палестинци или сите Муслимани се терористи [14]. Без оглед на негативноста која може да се појави во интергрупните процеси, конечната цел е дека внатре – групата сака да постигне и одржи позитивниот идентитет.

Ова оди во прилог на поимот за прототипност и мошне лесно ова да се поврзе со контекстот на Западен Балкан во минатото и сега. Стравот да се рекреираат нови граници на Западен Балкан и одредените аспирации за независност или пак сецесија лежат токму во објаснувањето дека ние сме различни и треба да се сецесионираме од вас или од оваа територија. Кога станува збор за Блискиот Исток, ситуацијата е далеку посложена, и многу тешко може да се предвиди, освен со една

[14] Изјавата Алах Акбар што значи Господ е Голем многу често е злоупотребена, и не-муслиманската популација ја поврзуваат со одредени акти на тероризам бидејќи членови на Исламистички терористички организации ја користат кога прават терористички напади. Ова се случува и во одредени ситуации во Скопје – Мај 2021 на пример, кога во протести за поддршка на Палестина дел од групата на поддржувачи почна да извикува Алах Акбар, со што настанот се здоби со религиска димензија, и дел од поддржувачите посебно македонската група (православно христијанска група) се одвои од протестот.

сигурност во моментот, а тоа е дека Јордан се уште се смета за најбезбедната земја, иако во 2021 година се покажа како ранлива од безбедносен аспект[15].

Тој настан предизвика голема несигурност за стабилноста на државата, но и за целиот регион, а големите светски сили повторно ја потврдија поддршката за актуелниот монарх. Стравот од нова дестабилизација на Блискиот Исток беше голем, имајќи го предвид фактот во однос на реалностите на конфликтите, кога веќе еднаш ќе настапи насилство и работите станат турбулентни, да се запре конфликтот е навистина многу тешко.

### 1.1.3. Разновидност кај предрасудите

Општествено дефинираните категории се користат за одбележување или *pigeonholing,* притоа правејќи разлика помеѓу "нас" и "тие". Според Allport, говорот на омраза е форма на предрасуда во која негативни вербални изјави против личност, група или заедница се испратени во јавно или во приватно опкружување, без притоа да бидат директно адресирани до некого (Allport, 1954).

Говорот на омраза е многу често присутен на спортски настани, каде навивачки групи користат различни навредливи пораки за членови на група, најчесто со која се во некаков конфликт. Allport понатаму се надоврзува со тезата дека насилството претставува секогаш натежнување на понесериозни состојби на умот.

Предрасудата на една личност е многу малку веројатно да претставува само специфичен став кон одредена група; многу е поголема веројатноста да претставува рефлексија на неговата навика за тоа како размислува за светот (Allport, 1954). Стилот кој што е својствен за предрасуди е рефлексија, во голема мера, за личноста која што има предрасуди и нејзиниот начин на размислување. Според него,

---

[15] Јордан се соочи со епизода на нестабилност и безбедносна закана одвнатре, од кралското семејство. Кралот беше критизиран од страна на неговиот полубрат за недостаток на демократија и корупција во Јорданското општество. Како и да е, с-јата се надмина со медијација од страна на постар член на кралското семејство. Покрај овој едиствен инцидент, Кралот Абдула II води мудра надворешна политика кон и заедно со Западните сили и на тој начин ја одржува стабилноста во неговата земја. Иако критицизмот не е најдобродојден и може да биде санкциониран, одредени незадоволства особено од економските политики се уште успеваат да испливаат на површина, па дури и критицизмот на полубратот на актуелниот Крал.

размислувањето во категории е природна и неизбежна тенденција на човековиот ум. Вшусност, социјалната категоризција им овозможува на луѓето да го конструираат и да го организираат своето знаење за социјалниот свет и да се справат со комплексноста. Социјалните категории се многу повеќе отколку само когнитивни конструкции-тоа е убедување дека една категорија може да има значајни, дефинирачки атрибути, кои се споделени од страна на сите членови (Allport, 1954).

Ваквото суштинско мислење, е примарниот когнитивен процес кој што води кон предрасуди. Психолошкиот есенцијализам е тенденцијата на индивидуите да претставуваат одредени категории во однос на основните суштини кои се конститутивни на категоријата членство и/или каузално одговорни за карактеристиките на клучните категории (Gelman, 2013).

Терминот психолошки есенцијализам е создаден од Medin (Medin & Ortony, 1989) и претставува верување дека членовите на истата категорија или група секогаш го поседуваат истиот идентитет, кој не се менува според индивидуалните карактеристики. Тоа е коренот или главната причина зад неколку искривени мисли како на пример предрасуди, стереотипи и дискриминација кои имаат различни импликации во различни области како например организациски поставки и меѓучовечки релации.

Medin и Ortony споменуваат дека иако луѓето често не знаат кои се карактеристиките кои ги прават членовите на истата група слични, тие секогаш имаат тенденција да веруваат дека таквите сличности постојат (Medin & Ortony, 1989). Психолошкиот есенцијализам води кон предрасуди и дискриминација кога влијае на социјалните перцепции на индивидуата и атрибуите за другите – однесувања на групата кон која тие припаѓаат. Тие понатаму го истражувале овој аспект низ шест перспективи: раса, етницитет, род, сексуална ориентација, личност и ментални растројства.

#### 1.1.4. Предрасуди, чувства и категоризација

*Емоциите се вградени во идентитетот. Како јас се чувствувам во врска со тебе не зависи само од тоа кој си ти, туку исто така од тоа кој/а сум јас.*

- Вилијам Џејмс, татко на Американската психологија

Теоријата на интергрупни емоции (TIE) се заснова на спојување на теории за социјалниот идентитет и емоциите. Smith се смета за пионер во оваа област со неговото тврдење дека интергрупните ставови се комбинација од проценки, чувства и тенденции за акција, базирани на одреден социјален идентитет можат подобро да ги објаснат променливите интергрупни евалуации низ различни контексти и можат подобро да ги предвидат интергрупните исходи отколку традиционалните модели на предрасуди (Maitner et al., 2016).

Оваа теорија сугерира дека кога посебен социјален идентитет е активиран, индивидуите ќе го интерпретираат тој настан во смисла на нивната импликација за таа груша, повеќе отколку за нечија личност. Колку повеќе луѓе се идентификуваат со нивниот моментален активиран социјален идентитет, до толку повеќе екстремно ќе го оценат тој настан како релевантен за групата. Оваа теорија е релевантна за ова истражување, бидејќи ги објаснува предрасудите во нивната емоционална природа. Понатаму, нуди рамка преку која може да се предвиди дали и како индивидуите ќе почувствуваат непријателство или горчина кон другите групи. Според овој модел, соодносот помеѓу социјалната категоризација и социјалната идентификација ќе диктира дали и колку индивидуите ќе ги искусат чувствата кон спротивната група и резултантните процеси на оценување ќе објаснат кое чувство индивидуите ќе го почувствуваат (Maitner et al., 2016).

Потпирајќи се на социјалната категоризација и себе-категоризирањето, кога индивидуите ја сметаат информацијата релевантна за нив (било тоа како индивидуи или како членови на група), таа информација ќе добие и емотивно значење. Таквата информација допира до одреден дел од таа личност. Истражувањата спроведени во областа на емоции и групното членство покажуваат дека кога индивидуите се категоризирани како членови на одредена група, тие ги искусуваат чувства во име на тоа членство (Dumont et al., 2003).

Понатаму, членовите на групите искусуваат повеќе чувства кога се категоризирани како членови на групата која што е засегната, отколку кога не се така категоризирани. Кое чувство ќе преовладува на групно ниво, зависи од тоа на кој начин другата група е перцепирана. На пример, кога другата група е перцепирана како силна, тоа може да предизвика страв. Специфичната проценка на

групата во даден контекст детерминира точно каков форма на емотивна предрасуда ќе настапи (Maitner et al., 2016).

Повторно, категоризацијата и идентификацијата заедно со следствените процеси на проценка, предизвикуваат директно емоции кон специфични групи. Различни емоции се проучувани во релација со интергрупните процеси и конфликти, но постојат три емоции кои што се клучни за индукција на конфликт: страв, лутина, одвратност/презир. Присуството на интергрупниот страв е поврзано со поддршката или отрфрлањето на одредени јавни политики поврзани со групите кои го предизвикуваат чувството на страв. Социјалниот идентитет и селф-категоризацијата ја презентираат категоризацијата како процес преку кој индивидуите постигнуваат себе-дефиниција во одреден социјален контекст (Tajfel, 1978), а контекст-специфичните идентитети се пројавни исходи на човековата когиниција, вклучени во активна интерпретација на општествената реалност. Процесот функционира за да ги поврзе индивидуите со тековниот социјален контекст, а исходот е дека перцепцијата и мислата оперираат од специфичната гледна точка, единствената перспектива, на моменталното јас.

Обидувајќи се да се проучат социо-когнитивните процеси кои се во суштината на стереотипите и предрасудите и нивната природа, неизбежно е да се спомене придонесот на Tajfel. Тој се смета за основоположник на анализата на категоризација во интегрупните релации. Според него, социјалната категоризација функционира како структура на каузалното разбирање на социјалното опкружување, кое води кон акција. Според Oakaes, категоризацијата обезбедува систем на ориентација за себе-референца, создавајќи и дефинирајќи го местото на индивидуата во општеството. Нашата себедефиниција во општествен контекст секогаш зависи од социјалната категоризација (Oakes, 2003) – природниот когнитивен процес преку кој ние го сместуваме луѓето во социјални групи (Allport, 1954).

Постојат три процеси кои водат кон дискриминација: активација, конструкција и дискриминација. Во дискусијата за тоа дали категориите се активирани автоматски без никаков знак или стимул од контекстот, идејата дека одредени стимулативни знаци речиси автоматски можат да ги активираат социјалните категории останаа високо влијателни теории на стереотипизација кои

генерално тврдат дека активирањето на стереотипите е автоматски процес кој оперира кога соодветна ситуација е присутна (Blair & Banaji, n.d.). Bodenhausen (Bodenhausen, 1993) сугерира дека ефектите од автоматската категоризација се типично несвесни од страна на набљудувачите: тие се спонтани поради основните својства на системот за обработка на податоци. Дополнително, на категоризацијата може да се гледа како на корен на непосакувани мисли, кои може да ги водат индивидуите кон однесувања, кои се во спротивност со нивните реални верувања (или да се пројават со одредени предрасуди кога во суштина тие веруваат дека немаат предрасуди) (S. A. Haslam & Wilson, 2000). Социјалната категорија на една личност е истакната кога таа се смета себеси за член на одредена група, отколку како единствена личност. Истакнувањето на категоријата имплицира дека импресијата за однесувањето на личноста се менува од интерперсонално на интергрупно ниво (Oakes, 2003).

### 1.2.Теорија на стереотипи

Врз основа на бројни истражувања, меѓу кои и на Operario, во нашата природа е да ги симплифицираме и категоризираме и објектите и субјектите. Луѓето не можат да го сочуваат своето искуство одделно, па така најчесто тие се надградуваат на веќе постоечките. Следствено, ние луѓето имаме тенденција да ги категоризираме објектите и потоа да им наметнеме категории на другите луѓе. Сето ова се случува за да се симплифицира когнитивниот процес (Operario & Fiske, 2001). Во обидот да се дефинираат и разбираат стереотипите, неизбежно да се започне од почетокот, а почетокот го одредува Wolter Lippman. Тој за прв пат ја формира кованицата стереотипи во општествените науки во неговиот текст кој што се смета за ремек дело (Lippman, 1922), реферирајќи за нив како слики во нашите глави кои што поедноставуваат како луѓето се потпираат на упростени слики, претстави и формирање и изразување мислења за другите. Следствено, може да се идентификуваат евентуалните недоразбирања и конфликти.

Во продолжение, Lippman појаснува дека стереотипите за хуманите групи ја замаглува реалноста, го искривува актуелното искуство со пристрасна предконцепција (или предрасуди) и притоа додава дека за најголемиот дел кој ние не го гледаме, и дефинираме, ние дефинираме и гледаме (Lippman, 1922). Operario

и Fiske тврдат дека Lippman-овата класична работа на стереотипи ја истражува речиси секоја нивна димензија, од културните контексти кои што го обликуваат нивното значење до менталните структури кои што ја обликуваат нивната употреба. Во насока на стереотипите, сметани исто така како психолошки конструкти, најмногу внимание се посветува на содржината и на процесите вшусност како оваа содржина се развива. Кога станува збор за содржината на стереотипите – категориите ги дефинираат. Различни култури усвојуваат различни типични категории. На пример, во одредени култури, религијата се смета како релевантна доминантна категорија, во други феминизмот се смета за преферирана и позитивна категорија. На Блискиот Исток, високо преферирана категорија е религијата со високо очекување тоа да биде Исламот[16].

Со цел подобро да се разјасни важноста на стереотипите и нивната содржина неизбежно е да се споменат следните психолошки принципи:

- Стереотипите содржат амбивалентни верувања, кои ги рефлектираат врските помеѓу групите;
- Стереотипите ги зголемуваат перцепциите за негативно и екстремно однесување;
- Стереотипите ја оддржуваат поделеноста внатре во групата (ние) и надвор од групата (тие).

Едно од првите истражувања за стереотипи (Katz & Braly, 1933) е класично истражување на етнички стереотипи во ставовите на Американците кон членовите на малцинските групи.

Резултатите покажале дека Американците имаат предрасуди за членовите на други групи, особено за оние кои се со различна раса. Ова е првото емпириско истражување на етнички предрасуди и има многу недостатоци, но идејата била и

[16] Постои перцепција за Блиско – источните земји дека има нетолеранција базирана на религија. Но, тоа не е случај за целиот регион. Многумина, бидејќи немаат доволно информации поради ситуацијата со Сирија генерализираат за целиот регион. На пример, во Јордан постои задоволително ниво на религиски соживот и религијата речиси никогаш не претставува тема на денот, иако луѓето од Балканот ја имаат перцепцијата дека животот за Христијаните таму е многу тежок. Но, исто така постои и спротивната перцепција во Блискиот Исток дека животот за Муслиманските заедници каде што тие се малцинство исто така е тежок.

се уште е дека членовите на различни групи секогаш ќе имаат предрасуди за членовите на другите групи.

### 1.2.1. Јазикот и стереотипи

Изјавите за луѓето може да имаат влијание врз социјалните стереотипи. И обата репрезентациски системи, јазикот и стереотипите, потекнуваат од истиот процес на социјално учење и интеракција. Докажано е децении претходно дека етничките предрасуди се усвоени за време на детството со многу малку или воопшто никаков контакт со целната група. Тоа значи дека таквиот вид на искуство не е од прва рака но е пренесено преку човечкиот симболичен систем – јазикот. Од онтогенетска перспектива, стереотипите се вградени во јазикот пред тие да биде кодирани во детската меморија.

Овој податок е особено значаен за ова истражување, бидејќи пристапот кон стереотипите и предрасудите е дека тие се всушност коренот на интергрупните конфликти. Познавањето на времето и начинот на појавување на  стереотипите го олеснува разбирањето на секоја фаза од циклусот на конфликтот, посебно во фазата на превенција и пост-конфликтната фаза. Притоа, оваа перспектива со децата како целна група е исто така запоставена во многу државни политики во пост-конфликтните општества. Случајот на С. Македонија и нејзиниот образовен систем претставува само уште еден пластичен пример за тоа како тој може да изгради едно паралелно општество. Многупати, експертите го игнорираат фактот дека денешните деца на 7 годишна возраст, после 15 години ќе бидат возрасни лица, со право на глас и истите тие ќе прават одредени избори секојдневно – базирани на нивното лично и групно искуство. Понатаму, друг релевантен факт е дека етничките предрасуди се појавуваат многу рано во детството, и како што Bar-Tal тврди, дури и на 3 годишна возраст, најчесто развиена од и преку искуствата на нивните родители/старатели, притоа користејќи го јазикот како алатка за пренесување на тие искуства.

Истражувачите тврдат дека во оваа насока, иако веќе постои искривена когнитивна слика, веројатноста од додавање на нова грешка кон веќе формираната содржина од втора рака е многу голема, и во најголем број на случаи и се случува. Од историска перспектива, речиси секој обид да се објасни некој конфликт и

неговите причини започнува со нарацијата поврзана со одредени слики и емоции кои членовите на групата ги имаат едни за други во време на и после конфликтот. Ништо не може повеќе да ги втурне луѓето во конфликти отколку пристрасни чувства, доминантен страв, лутина и одвратност. Во повеќето ситуации, овие слики, емоции и ставови се пренсесуваат од една на друга генерација, станувајќи дел од нивниот групен идентитет, креиран во процесот на самокатегоризација и идентификација. Овие исклучоци стануваат покомплицирани кога се случуваат фазите за прекин на насилството и помирување. Познати ни се многу ситуации кога членови на групата сеуште ги паметат злосторствата од минатото направени од членови на спротивната група[17] - оваа негативност и непријателство и во сегашноста се наментнати. Но, исто така, не секоја група има свесност и интегритет да ги признае злосторствата на нивните предци.

Постои научна согласност дека стереотипите и предрасудите се коренот на интергрупните конфликти и следствено, третманот или стратегијата за намалување на истите е да се намалат односно редуцираат, бидејќи стереотипите и предрасудите не може да се искоренат. Не постои личност која што на некој начин нема стереотип или предрасуди, или има почуствувано страв како член на одредена група во одредена фаза од животот[18].

Различни теоретски пристапи сугерираат различни модели за редуцирање на стереотипи и предрасуди. Секој модел треба да биде одбран и прилагоден на контекстот. Најпопуларниот модел за редуцирање на предрасуди и стереотипи е стимулирањето на интергрупен контакт. Теоријата на контакт е многу популарна во студијата на интергрупните процеси, и се базира на воспоставување и одржување контакт помеѓу членовите на различните групи.

За воспоставување на контакт за членови кои доаѓаат од засегнатите конфликтни страни, треба да постојат минимални предуслови, за да се одвиваат во оптимални и безбедни услови. На пример, во програмата за градење на мир вклучени се  долги истражувања и проценка на условите. Контактот е возможен

[17] Ова секако претставува колективна меморија на групата и многу често стереотипите и предрасудите токму тука се сместуваат и потекнуваат од минатите искуства на нивните предци со членовите на другата група.
[18] Групите или членовите на групи може да се чувствуваат дека се под закани поради многубројни причини како на пример, недостаток од безбедност, недостаток на одредени ресурси итн.

тогаш кога членовите на групата и контекстот се доволно созреани за таквиот чекор. Во оваа насока постојат одредени фази кои мора да се следат.

Формулацијата на интергрупната теорија стана еден од најтрајните модели во историјата на социјалната психологија (Brewer & Brown, 1998), како една од најдобрите стратегии да се подобрат интергрупните релации (Pettigrew & Tropp, 2011). Идејата поддржана од многу истражувачки резултати е дека меѓугрупните пријателства ги редуцираат предрасудите отколку останатите форми на контакт, посебно кога афективните димензии на предрасудите се вклучени, како на пример чувства кон надвор од групата се вклучени. Истражувањата исто така покажуваат дека членови на различни етнички групи искусуваат одредена ансксиозност поврзана со потенцијален интергрупен контакт. Членовите на поголемите групи, кои не секогаш значи дека се и доминантни, имаат изгледи да доживеат анксиозност во врска со перцепцијата истите да се со предрасуди, додека членовите на малцинските групи искусуваат анксиозност за тоа дека тие се целта на предрасудите.

Позитивните ефекти од интергрупниот контакт се многубројни. Исто така, докажано е дека во контексти каде што преовладува интергрупно насилство, позитивниот контакт придонесува кон поттикнувања на волјата да се прости и желбата за интергрупно помирување. Истражување направено од страна на Bianka, Bross и Gray  сугерира дека имањето пријатели кои што пријавуваат негативни релации со членови надвор од групата, предвидува посилни перцепции за интергрупни конфликти, отколку имањето пријатели кои што пријавуваат позитивни врски со членови надвор од групата, кое предвидува послаби перцепции за интергрупни конфликти. Иницијалните резултати укажуваат дека релациите помеѓу групите се вградени во поширок општествен и историски контекст, каде што и позитивни и негативни средби може да се искусат директно или индиректно, и каде обете имаат влијание врз интергрупните ставови и однесувања.

Основните психолошки процеси кои водат до социјална промена како крајна цел во интергрупните релации предвидува серија на внатрешни когнитивни и афективни промени во умот на личноста со предрасуди. Когнитивните промени овозможуваат на личноста со предрасуди да формулира повеќе соработнички поглед кон општествената реалност и релации, или пак да ја намалат склоноста

останатите да ги доживуваат како прости примероци на социјални групи. Редуцирањето на стереотипите е најдобар пример за процесот на непристрасност, кое типично ја вклучува корекцијата на погрешни верувања за другите.

Во раните истражувања на предрасудите, психолозите увиделе дека редуцирањето на стереотипи  во никој случај не е автоматска последица на изложеноста на контра-стереотипни информации. Дури и во услови на навидум контрадикторни докази, когнитивните процеси како што се подтипизацијата и пристрасноста за потврда често ги зачувуваат стереотипите. Тие се исто така заштитени преку индивидуалните емоционални инвестиции во одржувањето на разликата помеѓу нас и тие (Dixon et al., 2017). Докажано е дека насилните активности во ниту еден случај не резултирале со редуцирање на стереотипите и предрасудите, ниту пак со останати негативни чувства.

Тука е опишана практичната страна на редуцирањето на стереотипите и предрасудите. McFarland има полиберално и утопистичка перцепција за тоа како стереотипите и предрасудите може да бидат редуцирани (McFarland et al., 2012). Без оглед на тоа колку и да звучи утопистички, неговиот модел е базиран на истражувања. Тој тврди дека чувството да се идентификуваш со целото човештво (отколку нација или помала група) е единствено поврзано со просоцијално и анти-предрасудно однесување. Понатаму, тој тврди дека е концептуални и емпириски различно од другите поврзани индивидуални разлики, и единствено предвидливи вредности кои што се антитеза на предрасудите: еднаква почит за сите човечки животи, донирање во глобални доброволни организации и поддршка за човековите права. Истражување на оваа група автори (McFarland et al., 2012) се фокусирало на повеќе позитивната перспектива на стереотипите и предрасудите - перспективата за идентификација со целото човештво[19].

Таа пак, е базирана на претходната работа на Maslow и Adler, кои покажале дека идентификацијата со целото човештво е многу повеќе од отсуство на етноцентризам и се поврзува повеќе со диспозициска емпатија. Според ова, може да се претпостави дека перцпецијата за другиот како некој рамен – еднаков на

[19] Базирано на оваа перспектива Мекферланд заедно со својот тим ја развиле скалата за идентификација со целото човештво (IWAH), која може да се проследи на следниот линк: https://iwahlab.com/

себеси како човечко битие, води кон не-пристрасно, не-категоризирано однесување и перцепции без предрасуди. Од сето ова досега може да се заклучи дека за да се случи масовна појава од типот на редукција на СП, потребен е претходен процес на психолошка матурација на целата група, така што промена во ставовите да може да се случи.

Вториот модел кој што се смета за третман за СП е колективна акција. Овој процес не е чисто психолошки, туку повеќе социолошки, со психолошки импликации, преку процесите кои што ги охрабруваат индивидуите да ја препознаат неправдата и стануваат мотивирани да превземат нешто во врска со тоа. Како таков, овој процес може да заземе многу различни форми во зависност од контекстот – културата и може да биде изразен преку различни однесувања. Пример за ваквки однесувања се: масовната борба против апартхејдот во Јужна Африка, денешната ненасилна отпорност во Палестина каде што помладите генерации се обединуваат околу каузата да дадат отпор кон Израелската окупација преку ненасилство,[20] штрајкови со глад предводени од Махатма Ганди против колонијализмот во Индија, како што беше Мандела во Јужна Африка, но чија политичка идеологија вроди со многу повеќе резултати.

Колективната акција како третман е всушност многу популарен и речиси секоја индивидуа, од академскиот свет или не, е запознаена со овие движења. Колективните акции предизвикале одредена промена и го унапределе статусот на опресираните и маргинализирани групи. Особено, во ненасилниот активизам, клучот е веројатно погодниот пристап при справување со неправда со која жртвите се соочуваат. Она што на современото живеење денес му е потребно со цел да ја потисне опресијата е видливост. За оваа цел, денес се користат социјалните медиуми и платформи, иако и таму постои пристрасност и рестрикциии.

Таквата активност е активизмот од страна на млади Палестинци и непалестински поддржувачи ширум светот кои го застапуваат објективното пресудување во врска со настаните во Шеик Џарах во Источен Ерусалим и нападот на Газа за време на Бајрам. Акцијата се состоеше од масовно споделување слики на

[20] Ненасилната отпорност кон Израелскиот апартхејд во последната декада е значително присутна помеѓу Палестинците. Иако, ова не е масовно движење и не прифатливо од страна на целата нација, исто така неопходно е да се уважи и антитезата на ова ненасилно движење а тоа десното крило на Хамас, кое многу други светски организации го сметаат за терористички организација.

социјаните платформи под одредени ознаки, особено во делот каде што про-израеслки коментари беа оставени. Како современ пристап – активизам, ненасилниот активизам може да придонесе кон промена, или пак најмалку во првата фаза да ја трансформира перцепцијата за конфликтот. Голем дел од младата генерација на Палестинци се потпираат на овој модел на социјална акција како потенцијална борба за колективната неправда. За процесите на колективна акција потребни се многу години додека таа маса на луѓе созрее и истата даде согласност и поддршка. Покрај ова, потребен е лидер, кој може да ги предводи овие движења. Процесот повторно се движи преку психолошки механизми и од увидот дека не постои подобар пристап и начин, отколку да се направи смена во афективноста и ставовите кон проблемот. Членовите на опресираната и дискриминираната група превземаат различни активности за време на циклусот на конфликтот.

### 1.3. Теорија на религија

Религијата и нацијата се две моќни форми на идентификација и силни механизми преку кои секоја личност го бара својот идентитет. Голем број на социолошки истражувања покажуваат дека религијата и нацијата немаат логична поврзаност. Дополнително, постои и фактот дека религијата е национална и универзална категорија. Сепак, овие социјални феномени се во нераскинлива психолошка поврзаност и во тајна унија (Matevski, 2007).

Религијата е еден од одговорите на реалните предизвици/кризи, кои се симболични сили кои им помагаат на младите индивидуи и групи да ги решат своите проблеми или пак едноставно и лесно да се прилагодат. Кризата ги учи младите да се молат, а не само да мислат (Matevski, 2013). Повторното оживување на религијата следи по длабока социјална криза. Во тоа време обично се случува оживување на националните чувства и интереси, што е разбирливо, како што знаеме дека религиското и националното се преплетени. Доколку за време на криза се оживее религизноста, тогаш може да се очекува и оживување на религиозна иделогија.

Верниците не го адаптираат нивното однесување на нормите и верата, туку нормите и верата ги адаптираат на сопствените потреби и интереси. Религијата е значаен елемент во етницитетот. Притоа, етничките групи може да се третираат

како психолошки заедници, т.е. групи чии клучни членови споделуваат постојан и траен колективен идентитет базиран на културни црти и животен стил кои им одговара ним и на останатите со кои тие се во интеракција. Луѓето имаат многу можни основи за етнички идентитет: споделени историски искуства или митови, религиски верувања, јазик, етницитет, регион на живеење, и обичајни занимања. Комуналните групи, кои уште се нарекуваат и етнички групи, малцинства, народи, вообичаено се разликуваат преку неколку зајакнувачки црти. Оттука, религијата е значајна за етничките идентитети и следствено етнички конфликти, кога засегнатите страни ги сметаат за значајни. Rummel и Reynal-Querol исто така нашле позитивна корелација помеѓу религијата и внатре-државното насилство (Reynal-Querol, 2002; Rummel, 1997).

Вероисповеста ги учи младите да прават разлика помеѓу чувството на страв, кое што доаѓа од незадоволителни, или природни опасности и општествени феномени пропратени со чувства на тежина, чии извори не се јасни и познати. За време на тензии и екстремни кризи, општеството е поделено на две конфронтирачки страни, верници и неверници. Општествените кризи ја нарушуваат стабилноста и со тоа ја повикуваат секоја индивидуа да размисли за самата себе и за заедницата во која што живее. Кризите соодветствуваат на расни, национални и религиски конфликти. Наместо да се надополнуваат едни со други, негирањето на другиот станува карактеристично во општествените релации (Matevski, 2019). За време на кризи младите ја губат ориентацијата, но не и потребата од неа. Барање без одредена цел е бегство: не постои објективна определба во настаните, ниту пак субјективно верување во нивните исходи. Во кризни ситуации, дури и неверниците се приклонуваат кон верба, доколку не добијат помош од ниту една друга страна. Во тој момент, ние достигнуваме до нешто за што не сме свесни дека сме го имале. Пред нас се откриваат скриени верувања и обичаи за кои ние не сме биле свесни дека ги носиме во себе. Младите луѓе го прават она што можат и она што зависи од нивната моќ, во оној момент кога тие се уверени дека не можат да си помогнат самите себеси тие бараат друга моќ (Matevski, 2019).

Како што Матевски понатаму тврди, вербата е искуството да се биде храбар кога се и секој веќе тоне. Кризите кои што ја размрдуваат базата на општеството не можат да го поштедат внатрешниот мир во луѓето, кои што бараат излез од кризата.

Луѓето користат повеќе механизми преку кои се обидуваат да го најдат и задржат сопствениот идентитет. Со сигурност, религијата и нацијата се две моќни форми на идентификација. Според Матевски, постои одредена група на социолози која тврди дека, за создавање на една нација многу е значајно и долготрајниот живот на различни етнички заедница на истата географска територија. Но, овој факт нема реченична улога за слабеење или губење на националните интереси и чувства. Покрај долгогодишното меѓусебно искуство, во одредени етнички заедници обично се чуваат национални специфики. Исто така, со сигурност чувството за национален идентитет е проследено со религиското чувство за идентитет.

Голем број социолози на религија го истакнуваат фактот дека нацијата е акт на верба и верување. Преку вербата, личностите подобро ги разбираат карактеристиките на сопствената нација. Токму затоа на Балканот, речиси како правило, претставници на една нација следат иста вера (речиси без исклучок секој Србин е православен како што секој Хрват е католик). Но, постојат и случаи каде што претставници на различни етнички заедници ја следат истата религија. На пример, сите Македонци, Срби, Бугари и Руси имаат иста религија, иако припаѓаат на различни нации. Исто така, повеќе од една вероисповест може да биде присутна во рамките на една нација (на пример повеќето Македонци се православни, но има и Македонци кои се муслимани). На Балканскиот Полуостров типична е ситуацијата со Албанците кои што имаат три вери: муслиманска, православна и католичка. Следствено, нацијата и религијата не треба да се поистоветуваат. Токму поради тоа, направена е остра поделба помеѓу религијата и нацијата, бидејќи верата е една и единствена, додека може да има повеќе нации (2007).

Балканскиот Полуостров е место каде се сретнуваат различни религии, меѓу кои најзастапени се православното христијанство, католичко христијанство и исламот. Интересно, и покрај фактот што сите овие религии се есенцијално слични една на друга, произлезени од заедничката древна основа во Јудаизмот и сите тие го проповедаат мирот како идеал, Балканот како регион отсекогаш се сметал за еден од поконфликтните региони во светот. Овие религии се многу колективистички.

Тие тврдат дека нивните следбеници создаваат една посебна и морално суперирона заедница. Поврзаност со нив лесно станува знак на политичка или

национална лојалност. Најголемата опасност се наоѓа во врската помеѓу нацијата и религија. Дотолку што, ако Аврамските религии станат фактор во политиката, тие поради нивните некомпромисни позиции, нужно водат кон константен конфликт со останатите религии (Matevski, 2019).

Solovjev тврди дека религијата е класичен светец, додека нацијата е модерен светец. Оние кои што го преферираат религиското исполнување се водат преку следната идеја: Сакај ги сите нации како што ја сакаш твојата. Оние кои што го префереираат националното исполнување се водат според следната мисла: *"Сакај ја сопствената нација пред и над се"* (Solovjev, 1989).

Религиската нетрпеливост е засилена само во периоди на национални конфликт, кога се појавува одредена, неразбирлива идентификација со нацијата и религија, што пак не е случај во т.н мирни времиња. Ова имплицира дека нацијата е историски факт, додека религијата е супра-историска и есхатолошка категорија. За религијата и црквата како нејзина важна институција, личноста на верникот е многу битна, додека за нацијата најбитно е духот на припаѓање. Доколку се обидеме да направиме разлика помеѓу религијата и нацијата, од современа гледна точка, религијата и претходи на нацијата. Постоењето на религијата е поврзано со појавата на човекото битие, додека нацијата постои во последните двесте години. Оттука, можеме да тврдиме дека религијата е константен социјален феномен, додека нацијата е привремен социјален феномен (Matevski, 2018).

Матевски ја дискутира важноста на религијата во македонскиот контекст. Тој својата анализа ја започнува повторно преку евалуација на влијанието и значењето на религијата и нацијата. Религијата е повеќе значајна отколку нацијата, бидејќи е поопшта. Доколку сакаме некому да кажеме дека е добра личност, велиме дека *"тој е добар христијанин или пак добар верник – или следбеник на исламот"*. Ретко ќе се рече дека *"тој е добар македонец или албанец"*. Изразот *добар верник* ја создава сликата за совршено морална личност. Овде, важно е да се напомене дека религијата секогаш е над нацијата. Религијата е етичка категорија, додека нацијата е етничка категорија.

Во контекст на конфликтите во Р. Северна Македонија, тоа би значело дека конфликтите не беа религиски, туку етнички, т.е. конфликти предизвикани од политички цели, но и од историски, идеолошки и психолошки карактер. Ова се

објаснува со фактот дека Северна Македонија е област на религиски, културни, етнички, социјални и идеолошки разлики помеѓу Македонците и Албанците. Во однос на ова, Диркемовата социолошка теза е многу актуелна. Парафразирана, истата гласи:

*"Доколку внатре во одредена социјална заедница постои негативна, уништувачка енергија која што може да ја дезинтегрира заедницата, тогаш оваа негативна енергија ќе биде насочена кон соседната социјална заедница. Во тој случај, мојата заедница е ослободена од дезинтеграција и внатрешни конфликти. Со цел да се спаси сопственото племе* – заедница, најдобриот начин е да се нападне соседното. Доколку тие не се одговорни за тоа што го кажале, тогаш тие се одговорни за она што било потребно, а не го кажале."

Граѓаните на Балканот користат повеќе механизми преку кои се обидуваат да го пронајдат и сочуваат својот идентитет. Сигурно, религијата и нацијата се две моќни форми на идентификација и припадност. Според голем број на социолози за создавање на една нација значајно и заедничко е долгото заедничко живеење на повеќе етникуми на исто географско место како што е Балканот.

Најплодна почва за воспоставување на религиска и етничка толеранција е граѓанското општество. Тоа е супра-национално општество во кое главната мерка е државјанството. Во рамките на ваков вид на општество, основните човекови вредности стануваат повеќе општи. Генерализацијата на вредностите и нормите се движи во насока на ниво на создавање универзални човекови права и вредности. Со ова, наследените етнички права, поврзани навики, морални и правни норми се поништуваат (Matevski, 2007). Глобалната економија и глобалниот политички систем може да бидат многу малку од помош на индивидуалнте и социјалните групи при афирмацијата на нивниот етнички, религиски и културен идентитет. Идентитетите значително се релативизираат, што резултира со недостаток во обединувањето за тоа што луѓето навистина се. Сето ова ја предизвикува кризата на идентитет кај индивидуите и социјалните групи. Во оваа насока, религијата е таа која може да им помогне на луѓето да го надминат ова.

Индивидуите и групите може да се свртат кон религијата со цел да го обезбедат единственото, загрозено чувство на идентитет. Симултано, тие може да ја злоупотребат религијата за да ја потврдат нивната супремација над други

индивидуи или социјални групи. Религијата може да мобилизира социјални групи кои се борат за моќ и влијание во глобализираното општество, каде тие се чувствуваат маргинализирано или го сметаат глобализираното општество како некој вид на закана (Matevski, 2024).

Во однос на релацијата на религијата со стереотипите и предрасудите правени се одредени истражувања. Во последниоте декади констелацијата од овие три варијабли носи зголемен интерес во научните кругови. При мерења на стереотипи кај целни групи, најдени се силни корелации крос-културално. Bergh и Akrami ги поддржуваат генерализираните предрасуди (Bergh & Akrami, 2017). Според овој модел, социјалниот идентитет ги поттикнува предрасудите и ги мотивира членовите да се заштитат внатре-групно, за сметка на надвор од групата (Tajfel, 1978). Религијата е делумно моќен социјален идентитет (Ysseldyk et al., 2010), кој директно може да води кон просоцијалност и непријателство кон останатите, до тој степен да религиозниот идентитет стане поистакнат и предрасудите кон расните малцински групи може да се зголемат (Al-Kire et al., 2022). Ова имплицира кон генерализирани предрасуди.

Во однос на моделот на предрасуди базиран на вредности, последните модели ги вклучуваат конфликтните вредности и верувањата како значаен механизам во основата на предрасудите. На пример, моделот кој што ја оправдува супресијата, тврди дека идеолошките верувања служат за оправдување на појава на предрасудите кон оние групи што ги прекршуваат овие вредности (Crandall & Eshleman, 2003). Христијаните кои се чувствуваат оправдани во своите ставови и однесувања, отворено покажуваат предрасуди кон останатите жени, хомосексуалци, атеисти и членови на други религи. Во спротивно, предрасудите чиј корен се вредностите – кај нив различноста е резултат на перцепираниот светоглед, кој не е конзистен помеѓу групите. Интергрупната теорија на закана (Stephan et al., 2000), предвидува дека кога постои различност во вредностите и таа различничност се перцепира како закана, предрасудите се зголемуваат.

Brandt и Van Tongeren го применуваат моделот на вредност – конфликт, притоа тестирајќи го религискиот фундаментализам. Тие утврдиле дека луѓето со низок и висок интензитет (степен) на религиски фундаментализам исто изразиле предрасуди кон групите кои се идеолошки различни. Оние со висок интензитет на

религиски фундаментализам биле повеќе со предрасуди кон големите бизниси, војската и богатите луѓе, кон Христијаните генерално и конзервативните. Високиот интензитет на религиски фундаментализам исто така покажал и повеќе предрасуди кон атеисти, либерали, феминисти и илегални имигранти (Brandt & Van Tongeren, 2017). Во овој контекст, важно е да се спомене дека, како што сличностите често го зголемуваат допаѓањето, разликите може да посеат несакање и презир. Луѓето со висок и низок степен на религиски фундаментализам изразуваат предрасуди кон останатите кои сметаат дека имаат различни вредности. Еден предизвик за групите со предизвикувачки различни културни норми, светогледи, или религии е да се најде начин како да изградат заедничка почит за луѓето кои имаат различен светоглед.

Конфликт моделот на предрасуди според светогледот е сличен со конфликт моделот на вредности кој сугерира дека индивидуите изразуваат предрасуди кон другите кои ги перцепираат како некои кои имаат конфликтни ставови и вредности без оглед на нивниот светоглед (Crawford & Brandt, 2019). Очекувано е дека уникатните профили на предрасуди веројатно се засноваат на различни мешавини на верувања во врска со целните групи (вклучувајќи го и конфликтот базиран на вредности), предизвиканите основни емоции и воочената различност (Al-Kire et al., 2022). Според оваа студија, иако некои групи изразуваат генерализирани предрасуди кон други групи, останатите предрасуди може да бидат диференцирани и да се појават во специфични контексти, каде луѓето искусуваат конфликт на вредности (Neuberg et al., 2014). Оние кои изразуваат генерализирана патека или шема  на предрасуди, може да имаат понизок скор на цртата отвореност кон искуство (Sibley & Duckitt, 2008), и повеќе веројатно е истите да се мажи, политички конзервативни и помалку образовани (Meeusen & Kern, 2016). Алтернативно, индивидуите кои изразуваат шема на предрасуди кон оние кои ги сметаат заканувачки за нивните вредности и верувања може да имаат повисоки (или пониски) скорови за  карактеристики како што е  религиозниот фундаментализам и десно крило на авторитаризам.

Резултатите од оваа студија покажуваат  дека постои поддршка за моделот на генерализирани предрасуди и моделот на вредност за конфликт. Ова е значајно да се забележи, бидејќи погоре споменатите истражувања објаснуваат како религизоноста е поврзана со предрасудите. Тие исто така идентификувале значајна

разлика помеѓу оние кои имаат предрасуди кон други групи (генерализирани) или некои (санкционирани – вклучувајќи ја мерката на отвореност кон искуства, индивидуализрање на моралните основи, и вредности на себе-надминување и себе-подобрување). Овие вредности и карактеристики може да бидат посебно значајни во идентификувањето на начини на  зајакнување на позитивни интергрупни ставови помеѓу религиозните индивидуи.

Потребно е да се користи пристап насочен кон личноста во врска со религиозните предрасуди. Истиот завзема значаен чекор кон градење на интегративниот модел на предрасуди помеѓу религиозните индивидуи со цел да се се разберат различните начини на кои поголемиот дел од религиозните групи имаат ставови со предрасуди (Al-Kire et al., 2022). Во  најновата  студија на Ал-Кире и соработниците, тие објаснуваат како фузијата од социјален идентитет, интергрупни чувства, конфликт базиран на вредност, и системот на оправдување придонесуваат кон степенот на предрасудите. Авторите ја прегледале врската помеѓу религизноста и ставовите кон специфични културни групи (имигранти, атеисти и религиозните малцинства). Тие го заокржуваат истражувањето со препораки за нови истражувања, кои би требало да вклучат интердисциплинарност и пристап ориентиран кон личноста (Rowatt & Al-Kire, 2021).

Dovidio и неговите соработници ги концептуализираат предрасудите како негативни ставови кон групите и нивните членови при што се  создава и одржува хиерархиски статус помеѓу групите. Fiske утврдила дека одредени предрасуди се повеќе типични за одредени култури (сексизам, ејџизам), додека предрасудите засновани на раса, етникум и религија се регионално-специфични (на пример Хутите и Туците како етнички групи во Руанда; Шиа-Суни Исламската група во Ирак: Муслиманското племе Рухингија, Будистите во Мјанмар итн.). Многу интергрупни конфликти и предрасуди се вкоренети во натпреварувања за ограничени ресурси кои траат со векови (реални или замислени), дехуманизација, и ненадеен конфликтен светоглед кој што предизвикува будење на негативни емоции како што се страв, гадење и недоверба.

Останува отворено прашањето за тоа дали постои нешто уникатно во улогата на религијата врз предрасудите покрај веќе познатите причини или корелации со интергрупните предрасуди, како што се натпревар за ограничени ресурси, истакнат

социјален групен идентитет, дехуманизација, идеолошки конзервативизам, или системот на оправдување. Разбирањето на овие и останати предиктори на предрасуди обезбедува увид во поврзаност помеѓу религиозните димензии и предрасудите.

Исто така, значајно е да се спомене дека личностите кои се силно фузирани со групата се повеќе склони да изразат екстремни, дури и жртвени однесувања за групата. Влевањето или фузијата на интергрупните конфликти со религијата изгледа како додавање масло на огнот. На пример, во случајот на Палестина, фузијата на верскиот идентитет го зголеми одобрувањето на одмаздничката активност откако започна „интифадата“. Во одредени случаи, фузијата на религискиот идентитет може да води кон однесувања мотивирани од страна на парохиски алтруизам (корист на оние кои се внатре во групата а на штета на оние кои се надвор од групата) (Al-Kire, 2022).

### 1.3.1. Религискиот контекст во С. Македонија

Проповедањето на националистички Ислам, кој содржи голема доза на политички нечистотии, може да ги поттикне албанските верници во мислењето дека тие се маргинализирани во македонското општество и истите да ги мобилизира кон одредена општествена активност (Matevski, 2019). Таквиот вид на национализам со шовинистички елементи се забележува во Македонија помеѓу албанската популација. Нетолеранцијата во врска со етничка и религиска припадност кулминира со чести физички контакти на етничка основа помеѓу младата популација. Во регионите каде албанската етничка група е мнозинство (Северозападна и Западна Македонија), може да се забележи непочитување на државните симболи (горење на македонското знаме, истакнување само на албанското знаме на институциите).

Албанските градоначалници заборавaат да го истакнат македонското знаме за време на национални празници, етничко чистење на Македонци вработени во локалната самоуправа итн.[21]

Ако на оваа го додадеме и демографскиот пораст кај Албанците, кој е

[21] Овие тврдења може да се поддржат и со доказите од истражувањата од 2021 година, во Тетово и општина Јегуновце, каде што помеѓу албанската студентската и учителска целна група речиси никој не го зборуваше/или познаваше македонскиот јазик, официјалниот јазик на државата.

најголем од сите етнички групи во Европа, и сличните проблеми со кои се соочија србите во 1970-те, тогаш може да дојдеме до заклучокот дека намерата е да се создаде етнички чиста територија каде албанската популација би доминирала. Во прилог на овој став е и фактот дека општините Тетово, Гостивар, Кичево, Струга и Дебар имаат албански градоначалници[22].

Овие активности имаат тенденција да ја зголемат доминацијата врз македонското малцинство во овие региони, така што истите ќе бидат приморани еден ден да заминат. Оваа стратегија се покажа како успешна во Косово, така што не постои причина зошто истото да не успее и во Македонија. Во корист на оваа теза е и изјавата од лидерот ИВЗ за време на прославувањето на 100 годишнината од независноста на Албанија и албанското знаме, во Ноември 2012 година. Во интервју за албанскиот весник Journal Plus, Сулејман Реџепи изјави:

*"Обединувањето на албанските земји е Господова волја, и токму затоа ние имаме обврска да го вратиме она што беше претходно. Обединувањето на сиот албански народ на сите фронтови ќе стане реалност, и Албанија ќе има само една граница, онаа која што Господ ја креирал."*

Според аналитичарите, оваа изјава од страна на религиски лидер е неодговорна и претставува класичен обид да ги манипулира религиозните чувства. Оваа реторика е особено опасна и води кон продлабочување на јазот помеѓу Албанците и Македонците и порастот на етничкиот екстремизам и сепаратизам кој веќе е зголемен помеѓу албанската популација во Р. Северна Македонија после одделувањето на Косово и самопрогласувањето за независна држава (Matevski, 2019).

Се остава впечатокот дека религиските организации во Р. Македонија немаат доволно моќ да зборуваат на својот религиски јазик, но во одредени политички моменти зборуваат на колективниот јазик во нивната заедница, каде етноцентризмот станува идеологија на модерното време. Матевски тврди дека религиската припадност е речиси изедначена со националноста: доколку некој ја

[22] Ова се резултати за период од 2007 година, две децении речиси потоа ситуацијата е драстично променета во Р.Македонија. Имено, во 2023 година се случува миноризација на мнозинството, каде македонското население повеќе ја нема моќта да носи одлуки кои директно ги засегаат македонскиот идентитет и опстојување на нацијата.

смени сопствената религија тоа е исто како тој да ја сменил својата националност. Но, не постои сомнеж, дека низ долг временски период, религискиот идентитет бил клучен елемент во детерминирањето на етничкиот идентитет или пак се развил во примарен идентитет, потиснувајќи ги другите елементи на етницитет во позадина (Matevski, 2019). Притоа, кога детерминираме етнички идентитет, потребно е да се земе предвид доброволниот акт за заеднички живот, заснован на историски и социјални услови.

### 1.3.2. Религија, идеологија и предрасуди

Првичните научни истражувања за предрасудите се спроведени во САД, каде што доминантна тема поврзана со истите е расата. Поновите современи истражувања за предрасдуите го земаат во предвид изменетиот контекст во истата држава, што како тема поврзана со истите нужно се јавува и религијата. Овие интра подоцна и интергрупни процеси се детерминирани од конкретни политички идеологии. Постои присутност на трендот за дехуманизација на имигрантите, во најголем процент, оние кои што припаѓаат на Исламот.

Религијата претставува уште една идеологија во модерното живеење која како таква детерминира одредени однесувања кон оние кои не ја следаат таа идеологија. Пошироко, религијата се појавува функционирајќи како сите други идеолошки системи на оправдување. Асоцијациите се често мали помеѓу религиозноста, генералниот систем на управување, и статус–quo оправдување кое што конструира верување на *верувај во праведен свет*. Консзистентно со моделот на двоен процес на предрасуди, религискиот идентитет е позитивно поврзан со политички конзервативизам преку десното крило на авторитарност, каде што спиритуалноста е негативно поврзана со политички конзервативизам преку ориентацијата на слаба социјална (општествена) доминација.

Перцепираната закана и анксиозност играат важна улога во одредени религиозни предрасуди. На пример, заканата за општествениот идентитет од религијата предвидува помала припадност, зголемено прикривање на идентитетот и меѓугрупна пристрасност. Изразувањето на религиозните предрасуди може да има олеснувачка функција преку помагање да се ублажат искуствата во врска со религиозна закана. Покрај религизоните предрасуди, перцепциите за религиозна

закана можат исто така да водат кон поддршка на религиозно оправдано насилство. Перцепциите за симболичка закана предвидуваат интергрупно непријателство, каде повисокиот степен на религизона идентификација е поврзана со зголемена закана  за групите кои не се идентификуваат со истата. На национално ниво, посилна поврзаност помеѓу религијата и предрасуди е пронајдена во земјите со ниска димензија на културна закана (т.е. растојание на мала моќност[23], избегнување на несигурност, мажественост и колективизам), додека врската е пониска дури и отустна во оние земји кои се под висока културна закана ( Van Assche, Bahamondes, & Sibley, 2020).

Религиозните шеми базирани на отвореност се поврзани со поголемо прифаќање. Генерално, религиозните димензии предвидуваат негативни ставови кон религиски теми, другите преку фузија на идентитетот, идеолошкиот конзервативизам, и негативните емоции – особено кога различноста се базира на државјанство/имигрантски статус, верба во Господ (атеист – теист) или религиозен светоглед (христијанин-муслиман).

Микроагресијата врз религиозните лица предвидува отворена верска дискриминација. Членовите на верските малцинства  не им се допаѓаат на религиозното мнозинство или на отворениот атеист. Предрасуди кон муслимани се исто така добро документирани во култури каде што муслиманите се малцинство. Чувство на нелагодност со муслиманската имиграција може да биде делумно поради неточни стереотипи дека сите муслимани имаат екстремни фундаментални религиозни гледишта. На пример, муслиманските верници со радикални идеи за самоубиства  се сметаат за повеќе мотивирани од религијата отколку белите или христијанските масовни пукачи.

Изложеноста на медиумската покриеност во врска со религиозниот екстремизам ги зголеми негативните ставови кон религиозните групи. Во Либан, заедничката религиозна практика промовираше нетолеранција кон припадниците на другите вери, но личната молитва ја зголеми толеранцијата. Слично, нивоа на предрасуди (помеѓу христијаните) кон муслиманите се зголемува за време на заедничка верска трпеза (пости). Познавањето и контактот со муслиманите

[23] Растојание на моќност претставува нееднаква дистрибуција на моќ помеѓу одредени групи,  и степенот на прифаќање на таа нееднаковст.

предвидуваа помали предрасуди кон муслиманите и сомневање дека тоа би се генерализирало за другите религии (Rowatt & Al-Kire, 2021).

### 1.3.3. Религиски национализам

Како што е веќе споменато, фузијата на идентитетот во рамките на една група ја зголемува просоцијалноста во рамките на истата и непријателството надвор од групата. Религискиот национализам е непроучена форма на фузија на идентитетот. Религиските националисти веруваат дека нивната нација треба да има една религија (без други религии). Кога религиозниот и националниот идентитет ќе се спојат, се зголемува етноцентризмот. Во Индија, Хинду национализмот е во пораст, карактеризиран со Хиндутова идеологија и антагонизам кон муслиманите. Во САД, христијанскиот конзервативизам предвиде повеќе конзервативни општествено-политички ставови како поддршка на традиционалните родови норми, спротивставување на строги закони за оружје, зголемување на негативните расистички стереотипи и меѓугрупна пристраност.

Исто така религиозниот национализам е во пораст и во други земји. Врската помеѓу религизониот конзервативизам и етноцентризмот може да биде продукт на бихејвиорален имун-систем. Бихејвиорално – имуниот систем е предиктивен за социјален конзервативизам[24]. Резултатите од студија која што прави систематски преглед и мета анализа на 24 студии, ја евалуира хипотезата дека БИС[25] е предиктивен за социјален конзервативизам.

Резултатите индицираат дека бихејвиоралната имуна сила, како што е индикацијата за страв од заразување со одредена болест и осетливост на гадење е позитивно поврзана со социјален конзервативизам (десно крило на авторитарност, ориентација на социјална доминација, религиски фундаментализам, етноцентризам, колективизам, и политички конзервативизам). БИС е бихејвиорален имун систем кој што се состои од психолошки механизми кои што охрабруваат избегнување на болести (Schaller, 2006). Социјалниот конзервативизам може исто така да биде опишан како строго придружување кон

[24] Социјален конзервативизам може да се дефинира како било кој социо-културно вредносен систем кој што го охрабрува стриктното придружување кон социјални норми и ја истакнува социјалната ексклузивност.
[25] Бихејвиорално – имун систем

специфични вредносни системи (на пример религиски конзервативизам, етноцентризам, политички конзервативизам). На пример религискиот конзервативизам е догматска оданост кон специфичен религиски светоглед. Одамна веќе е познато дека религискиот конзервативизам корелира со предрасуди кон членови надвор од групата (Altemeyer & Hunsberger, 2012). Понатаму, врската помеѓу религискиот конзервативизам и предрасудите е под медијаторство на социјалниот конзервативизам (на пример десно крило на авторитаризам) сугерирајќи дека социјално конзервативната природа на религискиот конзервативизам е оној кој што промовира предрасуди (Terrizz, Shook, & McDaniel, 2013).

Типично, истражувачите кои што се занимаваат со социјалниот идентитет се фокусираат на дуалната внатре-надвор од групната динамика. Сепак, мултипни аспекти на идентитетот се вкрстуваат или пак се вгнездени во една личност – како што се родот, расата, етницитетот, националност или идентификација со религија, политичка партија, спортски тим итн. Како ова вкрстување на мултипни аспекти на идентитетот влијае на предрасудите? Дали луѓето кои што симултативно се идентификуваат со мултипни уназадени групи се во зголемен ризик од религиски и политички предрасуди? Дали интервенциите насочени кон проширување на перспективите за да се види единствениот заеднички надреден идентитет (т.е. сите ние сме луѓе) би можеле да ги намалат предрасудите вкоренети во незаеднички идентитети? (Rowatt & Al-Kire, 2021). Ова се низа на прашања кои се уште не се опсервирани или проверни во пракса но се идеалното решение за создавање на колективни идентитети.

### 1.4. Теорија на интергрупен конфликт

Една широка психолошка дефиниција ја дефинира групата како две или повеќе индивидуи кои се поврзани меѓусебно преку социјална врска (Forsyth, 2014**).** Перцепциите за другите како членови внатре-група или надвор од групата се резултат на процесот на когнитивна категоризација. Секој припаѓа на различни групи кои може да се разликуваат во нивното ниво на ентитативност. Станување член на и конформирањето со стабилна група, како и диференцирањето на внатре-групното со другите групи, е една интегрална карактеристика на хуманата

психологија (Böhm et al., 2020).

Кога станува збор за интергрупен конфликт и неговата теоретска основа, навраќајки се кон студиите на интергрупните конфликти хронолошки, повторно првите дефиниции се поврзани со стереотипи и предрасуди. Ова е само уште еден доказ во прилог на ова истражување и неговата емпириска релевантност. Постојат бројни различни пристапи при дефинирањето на конфликтот и повеќето од нив се согласуваат со тоа дека коренот на интергрупните конфликти се психолошки процеси. Веројатно еден од најстарите пристапи е заснован на психоаналитичкото гледиште застапено од страна на Freud, кој тврдел дека конфликтот е поврзан со разрешувањето на Едиповиот конфликт.

Ова гледиште се заснова во рамките на теоријата на фрустрација – агресија и подоцна Berkowitz тврди дека тоа симболизира научени асоцијации со насилство кои може да бидат ослободувачки актови на агресија во одредени околности. Колективниот конфликт може да се гледа како резултат на симултано изложување на одреден број на индивидуи на истиот фрустрирачки стимул (Wolfgang et al., 1988). Истражувањето на интергрупниот конфликт во смисол на агресивен нагон генерално го претставува непријателството како продукт на неразумно и непресметана човечка природа.[26]

Во периодот на 1980те години се појавува смена на парадигмата на интергрупно ниво и одредени автори се појавуваат со когнитивното гледиште како разјаснување за интергрупниот конфликт, чии приврзаници се Allport, а и подоцна Tajfel и Turner. Повеќето експериментални студии за природата на конфликт не биле толку добри за да бидат заменети со реални социјални ситуации во реален контекст. Токму поради тоа, добиените резултати не биле под сомнеж, туку напротив имало доволно простор за понатамошни истражувања. На пример, додека повеќето истражувачи на социјална когниција се ограничиле на анализата на

[26] Во однос на објаснувањето на интергрупниот конфликт постои едно интересно објаснувње поврзано со темата на Неандарталец, каде што Ozgud (1962) реферира како менталитет кој преовладува во групата, и други автори исто така повлекуваат аналогија помеѓу однесувањето на патриоти кои се подготвуваат за војна и индивидуалното маладаптивно однесување како на пример анорексија или ноктурнал енурезис (e.g. Davids 1963). Некои други дури шпекулираат за физиолошката основа за колективна ириационалност, сугерирајќи дека на пример, за време на социјален конфликт од висок интензитет ова претставува случај (Koestler, 1963).

индивидуалното процесирање на информации, Schneider и неговите колеги го земале предвид начинот на кој стереотипите може да бидат користени и одржувани во интерперсоналната интеракција. На овој начин, тие ја споделуваат ориентацијата за уште еден голем пристап кон социјалниот конфликт: кој што ги смета рационалните интерперсонални процеси кои оперираат ситуации на игра како една аналогија на интергрупниот конфликт (Deutch & Gerard, 1955).

Овие рани истражувања се карактеризираат со фузија помеѓу когнитивната и мотивациска природа на интергрупниот конфликт. Когнитивистите го гледаат конфликтот независно од било каква мотивација и тие гледаат на непријателството помеѓу групите како процесирање на информации, занемарувајќи ги когнитивните процеси. Притоа, се појавува критицизам на ова редукционистичко гледиште и на самата дефиниција на интергрупен конфликт, базирано на Freud-овата психологија и индивидуалните процеси. Критицизмот се состоел од дека интергрупниот конфликт и динамика не е и не може да биде резултат само на индивидуални процеси, и со оваа перспектива агресија – фрустрација хопотезата се става под знак прашалник. Овој критицизам се покажал како оправдан со релативно новите современи истражувања на интергрупен кофликт.

Одредена група на автори се спротивставиле и го критизирале ова гледиште, кон кое подоцна се придружил и Tajfel, поставувајќи го прашањето за адекватноста на агресија-фрустрација хипотезата. Истражувањата на современата когниција се фокусирани на изолираната индивидуа како единица на анализа, дури изоставувајќи го поимот на стереотип, кој вклучува повеќе индивуални, отколку колективни репрезентации на социјалните групи.

Се сугерира дека стереотипите се дефинираат консезуално, а не поради одредени теоретски причини, туку поради тоа што методологијата ја диктира употребата на договор помеѓу набљудувачите да ги идентификуваат стереотипите (Ashmore & Boca, 1976). И покрај новиот изглед во истражувањата на перцепциите во Tajfel-овата рана работа која ја истакна потребата мотивацијата и перцепциите да се сметаат за меѓусебно поврзани (Tajfel, 1982), истражувачите на социјалната когниција обично ја набљудуваат обработката на човековите информации независно од мотивациските фактори. Иако се чини дека постои тренд во признавањето на потенцијалната важност на мотивациските фактори во

стереотипизацијата, истражувачите на социјалната когниција се уште ги сметаат овие како фактори кои лесно може да бидат додадено кон чисто когнитивните анализи на феноменот (Bar-Tal et al., 1989).

Очигледното прашање кое се наметнува е зошто, доколку интергрупниот конфликт  е природен и неопходен аспект од човековото психолошко функционирање, индивидуите се придвижуваат кон војни (Sherif, 1966). Веројатно, најчесто критизиран аспект од псиохолошките универзални објаснувања е нивниот наследен песимизам: доколку конфликтот е вкоренет во базичните и универзалните аспекти на човековата психологија, тогаш колкава е шансата за разрешување на конфликти? Интергрупната динамика соодветствува на бихејвиоралната и психолошката врска помеѓу две или повеќе групи. Ова ги вклучува перцепциите, ставовите, мислењата, и однесувањата кон сопствената но и кон останатите групи. Проучувањето на групните процеси и интергрупните релации е истражување за тоа како луѓето перцепираат и се во интеракција со другите кои се членови на истата група како и тие самите (внатре групата) или пак членови на друга група (надвор од групата) (Hogg & Gaffney, 2018).

Fisher дава широка дефиниција за улогата на социјалната психологија, според која социјалната психологија на интергрупните и меѓународните конфликти ги истражува причините, ескалацијата, де-ескалацијата и разрешување на интергрупните конфликти од перспектива на социјална психологија (Fisher, 1990). Интергрупните релации може да бидат од комплетно психолошки конфликт до многу интимна блискост (Sherif, 1966).

Потпирајќи се на релевантна претпоставка како теоријата на деиндивидуација, Bensimon спровел истражување кое што ја истражува интергрупната диминака преку групно пеење за време на Израелското повлекување од појасот Газа. Интервјуата со 14 протестирачи и 14 членови на безбедносните служби покажале како различни жанрови на песна влијаеле на интергрупниот конфликт или блискост. Кога протестирачите пееле Израелски народни песни, ритмични Еврејски религиозни песни и протестни песни, овие песни предизвикале негативни чувства помеѓу членовите на безбедносните служби, со што го зголемувале интергрупниот конфликт. Кога протестаторите изразувале болка и тага преку пеејќи бавни, тивки, спиритуални песни – овие

песни предизвикувале емпатија во делот кај безбедносните служби, зголемувајќи ја интергрупната блискост. Оваа динамика е дискутирана во насока на социо-психолошките студии и емотивните влијанија на музиката (Bensimon, 2009)[27].

Психолозите предложиле дека универзалната мотивација и когнитивните процеси поврзани со интергрупниот конфликт може да бидат предмет, до одреден степен, на индивидуална варијација. Следствено, луѓето може да се разликуваат во силината на нивниот одговор на фрустрирачки симбол (Himmelweit, 1950) или во нивната тенденција да користат одреден систем на категоризација (Bem, 1981). Највлијателна и систематска перспектива кон индивидуалната разлика е јасно обидот да се анализираат индивидуалните разлики во Freud-довите процеси кое беше иницирано од страна на Adorno и неговите соработници (Adorno et al., 1950), чии истражувања беа насочени кон идентификација на одредени индивидуи рецептивни на антисемитска идеологија (потенцијално фашистичка индивидуа). Подоцна во 1970тите и 1980тите години, кога одредени движења се појавуваат како и протестите за женските права и проблемите со расите посебно во САД, одредени истражувачи прават смена од анализата на предрасудите на мнозинските групи кон суборидинираната група и нејзината активност во смисла на личносни карактеристики на учесниците во овие специјални групи или движења.

Овој пристап во разбирањето на интергрупниот конфликт на почетокот се соочил со голем критицизам поради неговата методолошка перспектива. Sherif појаснува на многу конкретен начин тврдејќи дека тој е против таков пристап на индивидуални разлики бидејќи интергрупниот конфликт по дефиниција не вклучува само одредени индивидуи, туку цели заедници. Доколку интергрупното однесување е предмет на разбирање на однесувањето на исклучително вознемирени индивидуи, тогаш предметот не бил од таква витална консеквентност како што е денес (Sherif, 1966).

Единствената предност која теоријата на лични разлики ја има е што доведе до поголемо разбирање за настанување на интергрупниот конфликт. Последните

[27] Ова студија е поврзана со агресивно и не-агресивно однесување или пак агресија и емпатија како основни истражувачки варијабли.

случувања во интергрупната теорија се проследени со реалната теорија на конфликт. Ова е наречен критицизам на тоа дека интергрупниот конфликт може да биде виден како експресија на одредени внатрешни агресивни црти или пак агрегатот на индивидуалниот нагон е целта на тоа што Campbell го нарекува реална теорија на конфликт (Levine & Campbell, 1972). Тој сугерира дека во суштината на овој пристап е идејата дека интергрупното однесување може да биде најдобро разбрано преку тоа што ги поврзува групите.

Онаму, каде што тие се во конфликт се смета дека е непријателство и ривалство; онаму каде што се совпаѓаат, мир и хармонија се можните исходи (Campbell & Russo, 2001). Од денешна гледна точка, оваа теорија се смета за класична во областа на интергрупните конфликти и во оваа смисла, Sherif е лидерот[28]. Подоцнежните истражувања кои ја надоградуваа работата на Sherif утврдуваат дека, доколку на групите им е наметната ориентација на победа-загуба, тогаш групите имаат тенденција да бидат повеќе антагонистички и дискриминирачки едни кон други, во споредба со групите кои имаат соработничка ориентација. Ова гледиште води кон појасно и напредно разбирање на интергрупниот конфликт, а тоа е теоријата на социјален идентитет. [29]

### 1.4.1. Теорија на социјален идентитет

Теоријата на социјален идентитет тргнува од фактот дека интергрупниот конфликт не треба да биде разбран само како резултат на индивидуални психолошки процеси детерминирани единствено од интергрупните релации, туку при нивното разбирање треба да се земат предвид и процесите кои се поврзани со групното членство, како на пример психолошките процеси кои може да бидат трансформирани како резултат на групното членство (Le Bon, 1895; Mc Dougall, 1909). Ова гледиште најдобро е искористено научно од Tajfel, кој истакнува дека дисконтинуитетот помеѓу индивидуалното и групното однесување може да се препише на операцијата на дистинктивни психолошки процеси поврзани со групното членство. Основната претпоставка на пристапот на социјален идентитет

---

[28] Во еден од неговите експерименти во серија на летни кампови, тој демонстрирал како несовпаѓањето на целите помеѓу групи на млади момчиња води кон интергрупна диференција и антагонизам. Непријателството беше намалено со воведување на надредни цели на групуте (Bar-Tal, Wolfgang , Kruglanski, & Hewstone , 1988).
[29] ТСИ – Теорија на социјален идентитет.

е дека социјалните категории се наметнуваат од страна на индивидуите не за да го поедностават нивниот социјален свет, туку како средство за само-(себе)-референца. Категориите како националност, етницитет и пол се интернализирани и конституираат потенцијално значаен аспект од себе-концептот на индивидуите – социјалниот идентитет (Tajfel, 1982).

Turner сугерира дека "себеси" не е статитчки ентитет туку кога посебно групно членство создава значаен аспект од моменталната слика за себе, во тој случај ќе се употребат нормите и стереотипите поврзани со таа категорија на "себеси" (Turner, 1987), и оттука почнуваат да се сметаат како заменливи со другите членови на групата. Преку овој психолошки процес, кој Turner и неговите соработници го нарекуваат деперсонализација, индивидуалното однесување станува нормативно (конформистичко), до тој степен што одреден број на индивидуи се перцепираат себеси во термини на истата социјална категорија во истиот даден момент, заради што се случува колективното однесување. Ваква честа себе-категоризација не е предодредена да се случи случајно, туку се смета за последица од постоењето на споделени социјални норми (Oakes, 2003). Идејата на себе-концептот е поврзана со групното однесување, бидејќи таму постои психолошки процес.

Имено, психолошкиот процес во категоризацијата и мотивацијата за позитивна себе-евалуација (Turner, 1985) води кон ситуација, во која индивидуите на кои групното членство им е значајно, ќе бараат да го диференцираат интергрупното од она што е надвор од групата за димензии кои се сметани за вредносни. [30] Оваа теорија тврди дека секоја индивидуа како член на група се стреми да постигне позитивен "себеси" и оттука идентитет, што е човекова потреба. Забележително е дека во минимални и пореални опкружувања, однесувањето на членовите на групата може да биде ограничено од ситуациски фактори, кои влијаат на истакнувањето на групното членство. Ова е конзистентно со областите на проучување на етничките предрасуди, кои демонстрираат дека индивидуалните разлики може да ги објаснат варијациите во ставовите со предрасуди одвнатре повеќе отколку помеѓу социјалните контексти (Pettigrew,

[30] Според начинот на кој Tajfel и Turner ја поставуваат теоријата, не мора да значи дека компетитивната ориентација помеѓу групите секогаш води кон антагонизам и непријателство.

1958).

### 1.4.2. Процеси на пресудување како основа на интергрупниот конфликт

Waldeman и Jürgen (Waldemar & Jürgen, 1988) даваат увид на процесот на категоризација, тврдејќи дека со објаснувањето на процесот на категоризација ние не ги идентификуваме причините за интергрупниот конфликт, но можеме да дадеме придонес кон меѓународните односи, бидејќи процесот на категоризација игра голема и значајна улога на индивидуално ниво, кое е тесно поврзано со групното членство. Понатаму, тие тврдат дека отпорот кон негативната категоризација може да предизвика конфликти.

Четири дополнителни когнитивни феномени се релевантни при социо-психолошката анализа на конфликтот. Тие се: *деиндивидуација*, која може да предизвика негативни дејствија против надвор од групата; *илузорната корелација и шема ефекетите*, кои може да придонесат кон формирањето или одржувањето на негативните слики за членовите на другите групи; и *процесите на социјална споредба*, кои може да придонесат кон оправдување на конфликтите на неколку начини. Бидејќи овие феномени и процеси се од основна когнитивна природа, најмалку две ограничувања треба да се земат во предвид.

Најпрво, конфликтите се иницирани и одржани преку некогнитивни (економски) услови. Второ, нашето знаење во врска со ефектите од когнитивните процеси доаѓа главно од експериментални истражувања и токму поради тоа треба да се применува со должно внимание. Дотолку, теоретските  услови се ретко пронајдени во чиста форма во социјалните реалности (Manicas & Secord, 1983). Увидот добиен од проучувањето на социјалната когниција е значаен за подобро разбирање на динамиката на социјалните конфликти, особено во делот на нивното иницирање, одржување и оправдување. Специфичната содржина на знаење, содржана во шемата на конфликтот реферира на некомпатибилноста помеѓу страните. Имено, конфликтна ситуација се случува тогаш кога една од страните се приклучува кон конфликтната шема. Оттука, задржувањето или модифицирањето на конфликтната шема може да детерминира дали конфликтот и понатаму ќе биде одржуван или пак ќе се разреши (Wolfgang et al., 1988).

### 1.4.3. Динамика на конфликт, стереотипи и предрасуди

Нивоата на стереотипи и предрасуди се менуваат со текот на времето како резултат на нови искуства. Некои искуства, како на пример позитивниот интергрупен контакт, може да ја редуцира пристрасноста, но останатите како на пример групната закана може да ги зголеми. Промените во стереотипите и предрасудите може за возврат да влијаат на веројатноста и исходот од идните искуства; пример, редуцирањето на предрасудите може да придонесе кај една индивидуа да се вклучи во повеќе интергрупни интеракции (J. F. Dovidio et al., 2010). Следствено, со цел да се разбере интергрупната пристрасност, неопходно е да се разбере начинот на кој бројни фактори ги олеснуваат или инхибираат предрасудите и стереотипите.

Големи сили биле совладани во војни од страна на помали нации, и централни власти имале безуспешни обиди да ги контролираат религизоните и етничките конфликти во рамките на нивните граници. Следствено, конфликтите од ваков тип не се генерирани примарно – или не во најмала рака како недостаток на материјални добра, или пак некои територијални претензии. Во сите случаи на вакви конфликти, постојат фундаментални проблеми, кои ги засегаат личната и групната безбедност, идентитетот и признавањето. Моќта на човековите потреби е поголема од воената моќ.

Условите кои го објаснуваат конфликтот и оттука, сугерираат начини за нивното разрешување се фрустрираните човекови потреби, а не човековото беззаконие или деформитет на карактери. Теоријата на потреби го оттргна фокусот од индивидуата како злосторник, и се насочи кон отсуството на легитимизација на структури, институции и политики како основниот извор на конфликт.

Психологијата се обидува да го објасни таквиот феномен преку она што се случува во умовите на луѓето (Klineberg, 1964) или пак тензиите кои предизвикуваат војна, имено перцепции, верувања, вредности, идеологии, мотивации и останати психолошки состојби и карактеристики кои индивидуите ги усвоиле како резултат на нивните искуства и како овие карактеристики се активирани преку посебна ситуација и улога во која луѓето се наоѓаат. Социјално–политички-економски начин, пак, бара објаснување во смисла на социјални, економски и политички нивоа на наоружување, објективни конфликти помеѓу

економските и политички интереси (Deutcsh et al., 2006).

Суштината на интергрупниот конфликт лежи во овие три елементи: *некомпатибилност, однесувања* и *сентименти*. Широката дефиниција на деструктивните конфликти ги гледа како социјална ситуација во која постојат перципирани некомпатибилности во целите и вредностите помеѓу две или повеќе страни, обиди од страните да се контролираат меѓусебно, и антагонистички чувства за еден кон друг (Fisher, 1990). Кога страните се групи, индивидуите реагираат и се однесуваат кон членовите на другата група во согласност со нивната социјална идентификација со нивната група, кое формира значаен дел од нивниот социјален идентитет повеќе отколку како индивидуи.

Дефиницијата истакнува дека некомпатибилностите помеѓу нив не го создаваат конфликтот, со оглед на тоа дека страните може да живеат во мирен соживот. Кога ќе се појават обиди да се контролира другата страна со цел да се справат со оваа инкомпатибилност, и кога таквата интеракција ескалира и е подгреана со антагонистички емоции, настанува деструктивен конфликт. Оваа дефиниција е во согласност со пристапот на проучување на конфликтот преку реалната теорија на конфликт, која истакнува дека објективни конфликти поради интерес предизвикуваат конфликт.

Спротивно, теоријата на социјалниот идентитет објаснува дека едноставната категоризација на индивидуите во групи (во минимален компетитивен социјален контекст) е доволна за да се креира диференцијација помеѓу групите и одреден степен на пристрасност во корист на групата по потекло и дискриминација кон групите однадвор. Во реалниот живот, и двата придонеси се релевантни, и не е едноставно да се препознае која е примарниот, иако пристрасноста се однесува на ставањето повеќе тежина на реалните разлики. Кон оваа типологија може да се додадат посовремени прашања поврзани со потребите и конфликтот, како разликите околу степенот во кој основите човечки потреби на групи, и индивидуите во нив се фрустрирани или задоволни. Ова линија на теоретизирање потекнува од работата на психологот Maslow и социолог Sites и е пренесена во доменот на конфликтот преку експертите во меѓународните односи како John Burton, Edward Azar и останати.

Основните потреби се видени како фундаментални барања за човековиот

развој, и листата ги вклучува потребата за безбедност, идентитет, признавање на идентитет, слобода, дистрибутивна правда, и учество. Идентитетските групи се видени како примарно средство преку кое овие неопходности се изразени и задоволени, така што конфликт се случува доколку овие основни човекови потреби се фрустрирани или одбиени.

Се претпоставува дека поголемиот дел од деструктивни и нерешливи конфликти во светот се најчесто помеѓу идентитетски групи, на пример расни, религиски, етнички или културални групи, се случуваат поради фрустрација во врска со нивните потреби. Идентитетски групи исто така постојат во одредени организации и заедници, секаде каде што се формираат групи околу заеднички социјален идентитет, и доколку потребите за признавањето на тој идентитет, или пак за дигнитет, безбедност и контрола се негирани, настанувањето на конфликт е предвидливо (Deutcsh et al., 2006).

Без оглед на изворот, конфликтот помеѓу групите често вклучува перцептивни, когнитивни, емотивни и бихевиорални механизми на индивидуално и групно ниво, кое ги проширува почетните некомпатибилности. Според теоријата на социјален идентитет, едноставниот перцептивен акт на групна категоризација во минимално компететивен контекст ќе придвижи процес на групна диференцијација, која ќе резултира со внатрегрупен фаворитизам.

Ова настанува поради потребата на индивидуите да се здобијат и да го одржат позитивниот идентитет, кое најпрво го прават преку вклучувањето во социјалната категоризација на групите, а потоа преку создавање на корисни социјални споредби на нивната група со останатите групи. Оттука, постои притисок да се добие различност – дистинктивност за сопствената група и истата да се евалуира позитивно во споредба со останатите групи, кое што води кон дискриминација на останатите (Deutcsh et al., 2006).

### 1.4.4. Социјално-психолошката перспектива на интергрупниот конфликт

Повеќето социјални психолози првенствено од психолошко убедување не ги земаат систематски предвид фактите за социјалната средина во која живеат човечките организми. Поконкретно, тие ја игнорираат природата на социјалната структура во која тие субјекти се членови (Newcomb 1951, p. 32).

Иако тврдењето на Њукамб е  старо, сепак одржува доза на вистина во денешно време. Научниците, истражувачите, социјалните психолози особено потребно е да го насочуваат своето внимание кон реални животни ситуации. Бидејќи процесите не се случуваат изолирани во вакуум. Имајќи го во предвдид ова денес недостасуваат подетални информации за социјално-психолошките процеси во интергрупните релации.

Оваа анализа ги истакнува природата и процесите кои што се причина за интергрупните конфликти. Улогата на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупните конфликти е детерминирачка. Овие конструкти потребно е да се следат во сите фази од циклусот на интергрупен конфликт. Одредена група на автори го создадоа патот за оваа област во меѓународните односи – академски и практично. Овој бран се случува после Втора Светска Војна.

Ова е современа анализа иако прави осврт на одредени историски факти и случување во одреден период, фокусот секако е сегашноста односно го истражува феноменот во контекстот. Конктексти кои што се исполнети со конфликт или пак заситени имаат сериозен недостаток од социјално-психолошка анализа. Од Босна и Херцеговина до Либан, ретко може да се наиде на одредена интензивна студија со консидерација на социјално-психолошките фактори во конфликтите кои што се присутни.

Наспроти ова, направена е мета-анализа на извештаи за случајот на Либан, каде што истражувачката спровела теренско истражување, испитувајќи ги учесниците вклучени во истражување на државно ниво кое што се занимавало со проучување на социјално-психолошките последици од речиси цело време воените услови во Либан. Кога таа разговарала со испитаниците, добила резултати дека повеќето од нив не прават дистинкција помеѓу психолози-психолошки експерти и останатите. Дури, имало и случаи каде што несоодветни психолошки техники биле користени за деца со пост-трауматски стрес синдром (ПТСС)[31].

[31] Овие податоци се дел од докторска теза која што е мета-анализа на извештаите на меѓународна глобална организација, која што се занимавала со социјално-психолошките димензии на конфликтот во Либан. Истражувачката ги посетила истите институции од каде што извештајот и програмите биле спроведени. Анализата покажала дека кај голем број од институциите кои што биле дел од таквата програма немало знаење за тоа што се спроведува во програмите, а уште помалку биле информирани за социјално-психолошките димензии и ситуации.

Настрана од тоа што првичната студија била финансирана од меѓународни организации, импактот од програмите сепак не бил на посакуваното ниво. Ова метаанализа претставува еден пример за тоа како социјално-психолошката анализа била третирана и спроведена или сфатена во еден таков контекст. Програмата дури не била академски проект, туку била поддржана од претходни резултати добиени на терен.[32] Ист е случајот и со С. Македонија. Дури и после 2001 година и Охридскиот Рамковен Договор, следеа неколку краткотрајни истражувања, без да понудат одреден скрининг на актуелната ситуација и препораки и анализи.

Косово се уште се смета за релативно нова држава. Амбициите на косовските политичари се многу спротивни од оние пошироко на Западен Балкан, така што впуштањето во било каква анализа на социјално–психолошките димензии, во конретниот случај СПР  во однос на конфликтот со Србија барем во моментот не преставува приоритет. Всушност, после масовното убивање  и страдање на двете страни, вакви меки анализи во тој правец воопшто не се опција. Јордан претставува држава која е исто така многу деликатна за било каква анализа во однос на интергрупни релации. Таа има многу специфична дипломатска политика и некако своите внатрешни работи ги чува многу успешно под тепих. Ситуацијата со племињата воопшто не е стабилна, но стравот помеѓу обичните граѓани е исто така момент кој што заслужува внимание.

Имајќи го ова во предвид, анализа во Јорданскиот контекст во однос на ваквите феномени е многу тешко може да се најде, речиси и да не постои со исклучок на одредени невладини организации кои преку своите програми таргетираат одредени целни групи – главно бегалци, но не во рамките на поширок контекст надвор од бегалските бранови. Ситуацијата пак, во Палестина во однос на социјално-психолошките димензии е позитивна во сиот тој негативизам. Настрана од јавното мислење дека овој конфликт е експлоатиран, реалноста е всушност дека благодарение на оваа т.н. експлоатација на Израелско Арапскиот (Палестински) конфликт многу податоци ни се достапни денес.

[32] Фактот дека Западен Балкан е запоставен во многу насоки, тука исто така се надоврзува организирани држави кои одвојуваат средства кои би поддржале истражувачка работа, е веројатно една од причините зошто не постои некоја голема-сериозна анализа на темата.

Веројатно, доколку ние ја мултиплицираме оваа работа низ целиот тој регион и Западен Балкан, во тој случај ќе располагаме со богатство на информации и врз основа на тоа многу политики може да бидат променети на подолг рок. Ова е главната идеја на таквиот вид на истражувачка работа, која што може да придонесе многу во превенирање на идни конфликтни циклуси. Притоа, не треба да заборавиме дека конфликтот најпрво е во умовите на луѓето и подоцна пропратено со нивното однесување се манифестира на различни начини насилни и ненасилни.

### 1.5.Практичен пример на стереотипи, предрасуди и релгија: Случајот на Палестина

Според Bar-Tal, централни етно-центрични верувања не само што се основа на предрасудите, туку тие често водат кон експлоатација, дискриминација и масовни убиства и настани кои водат до етничко чистење и геноцид (Bar-Tal, 2004). Во случајот на Блискиот Исток и Северна Ирска, психолошката динамика одигра есенцијална улога. Како што веќе е објаснето, коценптот на психолошки репертоар кој директно ги претставува верувањата и емоциите на членовите на општествата поврзани со конфликт, причините за конфликтот и нивните појавување, и секако истото се однесува и на другата страна од конфликтот. Имајќи ја предвид важност на психолошката динамика, Bar-Tal тврди дека тоа се општествени верувања кои го оправдуваат продолжувањето на конфликтот и го делегитимизираат противникот со цел да создадат позитивна слика за себе. Оваа негативна релација и ситуација на супериорност-инфериорност се одржува преку справување во еден долготраен суптилен процес. Bar-Tal смета дека овие релации наоѓаат своја примена и експресија во културални продукти-книги, драми или филмови.

Овие негативни релации продолжуваат низ годините, декади па дури и векови, во отсуство на легитимизација, персонализација, признавање, преговарање и понекогаш дури и контакт (Bar-Tal et al., 1989). Токму ова е нуклеусот на стереотипите и предрасудите кои што се одржуваат долг период, на систематски и испланиран начин.

Идејата да мултиплицираат ваквите истражувања со истражувачки дизајни слични на оние од Bar-Tal штеди големи напори  и време за контексти со голем потенцијал за конфликт. Од друга страна пак, овие податоци институциите може да ги искористат при креирање на државни политики. Всушност, истражувачкиот

модел во овој докторски труд е развиен врз основа на работата на Bar-Tal, следејќи одредени факти за тоа како стереотипите, предрасудите и религијата имаат влијание во конфликтните контексти. Овој модел ќе се примени на истражувањето за Западен Балкан и Блискиот Исток.

Овие два региона имаат потреба од повеќе информации од терен, за стереотипите, предрасудите и религијата кои се што коренот на конфликтните интергрупни релации. Веројатноста е преку ваквите истражувања да се придонесе кон трансформација и повеќе безбедни и мирни општества. Ова истражување прави сублимат на голем дел од истражувачката работа на Bar-Tal, која се однесува директно на стереотипите, предрасудите и религијата[33] и ја гради теоретската основа за социјално-психолошките димензии на интергрупните конфликти. Моделот na СПР е развиен како резултат на сите варијабли вклучени во истражувањето, со доволна флексибилност да даде специфични информации за секој контекст засебно.

[33] Иако стереотипи и предрасуди се главниот фокус на Bar-Tal.

# *III*
# *КОНТЕКСТУАЛИЗАЦИЈА*

## 1. КОНТЕКСТУАЛЕН ОПИС НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Оперативното истражување е од големо значење во овој тип на анализа. Анализирани се интергрупните конфликти на Блискиот Исток (Палестина, Јордан, Либан) и Западен Балкан (Косово, Босна и Херцеговина и Северна Македонија) како шест студии на случај. Во таа насока, оперативното истражување кое се однесува на видот и интензитетот на конфликтите, ќе се анализира според моделот на мултипна холистичка студија на случај на Yin R.K., опишана во неговата научна работа (Yin, 2018). Фрагилноста на политичките системи на државите во земјите од Блискиот Исток и Западниот Балкан, обично опфаќаат различни етнички и религиозни групи.

### 1.1. Контекстуализам во проучувањето на интергрупните конфликти

Во основа на спроведувањето на мултипна холистичка студија на случаи на интергрупни конфликти на Западен Балкан и Блискиот Исток е запознавање со конфликтите од различни перспективи, со особено внимание кон контекстот. Со цел да се разберат човековите потреби – онакви какви што се во нивната природата, анализата е потребно да започне во историјата на тој конфликт.

Повеќето конфликти на Западниот Балкан и Блискиот Исток потекнуваат од Отоманскиот период, а одредени дури и многу пред тоа. Правењето на паралела во однос на историската димензија помеѓу овие два региона е невозможна, иако во текот на истражувањето се наиде на одредени моменти кои може да бидат карактеристични и за Северна Македонија и за Либан.[34]

[34] Ова не индицира дека контекстите се идентични (невозможно), туку дека постојат одредени заеднички симптоми на тековни конфликти – проблеми. Ова се однесува на поимите на разноликост и како државите се справуваат/менаџираат со истите, настрана од сеприсутната корупција и во двете општества.

Иако живееме во едно современо општество, потребите на групите се сè уште поврзани со чувството на припадност кон одредена територија и идентитет, правото на постоење и самоопределување и да се биде признаен како таков.[35]

Историските детали за овие региони не се главниот интерес на темата, така што во овој труд ќе бидат споменувани во онаа мера колку што е потребно за да се опише одреден контекст хронолошки. Главната призма на ова истражување се социјално-психолошките димензии на интегрупните процеси со фокус на конфликтите.

## 1.2. Важноста на контекстуалните социо-психолошки основи на интергрупниот конфликт

Контекстуалната социјална психологија ги анализира акциите и интеракциите на индивидуите во нивниот социјален и организациски контекст. Според гледиштето на Kelman, во голем дел засновано и споделено со Pettigrew, има неколку последици: на социјалната психологија се гледа како на интердисциплинарен потфат, и всушност областа е во две родителски дисциплини-психологија и социологија, и ја премостува перспективата на анализата. Социјалната психологија се потпира на мултипни методи; се вклучува во социјалната психологија крос-културално, користи применето истражување и пракса заснована на социјално-психолошки принципи во центарот на својата агенда, заедно со основно теоретско истражување.

Притоа, особено внимание се насочува кон аплицирањето на истражувањето на социјални проблеми и нивната релевантност кон социјалните политики и социјални движења; и е исто така чувствително на социјалните и етички последици од процесите и продуктите на нашите истражувања (Kelman, 2008). Според Kelman, одреден степен на експертиза во регионот – помеѓу одредени членови кај третата страна – е есенцијална за третата страна да воспостави и одржи кредибилитет во очите на конфликтните (засегнатите) страни.

Експертизата на третата страна во процесот на работилниците генерално не е доволно за да се воспостави кредибилитет, без притоа да има некаква индикација

[35] Ова пак е случајот со Северна Македонија и Палестина. Присутна е поголема групна потреба за колективен идентитет и истиот да биде препознаен и признат. Акцијата кон делегитимизација е првиот чекор кој води кон конфликт. Ова е случај со С.Македонија со нејзините соседи со исклучок на Албанија и Косово во поново време.

за познавање на историјата на конфликтот и проблемите кои го одржуваат (Kelman & Fisher, 2016). Контекстуалната социјална психологија е посветена на идејата да ги смести основните психолошки феномени во нивниот социјален контекст, имено стереотипите, предрасудите и религијата.

За таа цел, анализата на конфликтот подразбира пристап заснован на повеќе нивоа. Едно од нивото може да биде групното, каде што постојат неколку дефиниции кои ја истакнуваат важноста и природата на групите. Таква е дефиницијата на групата како збир на индивидуи кои имаат меѓусебни релации кои што ги прават нив меѓузависни до одреден значаен степен (Cartwright & Zander, 1968). Главниот аспект на оваа дефиниција е дека членовите се во меѓусебна интеракција - лице во лице како дел од членството во таа група. Оваа дефиниција е во согласност со Lewin и е водилка за поголемиот дел од класичните истражувања во социјалната психологија во врска со референтни групи и групна динамика (Lewin, 1951). Според оваа парадигма, референтните групи имаат две важни функции: обезбедување на информации за луѓето и обезбедување исходи за луѓе (Deutch & Gerard, 1955; Festinger, 1954). Без оглед на оваа перспектива. процесот на идентификација со групата служи и или е во функција на психолошкото приврзување кон групата.

Психолошките теории на предрасуди го детектираат проблемот со луѓе. Без оглед на вистинитоста на ова тврдење, предрасудите потекнуваат како од луѓе така и од места. Според Murphy, Kroeper и Ozier (Murphy et al., 2018), контексти со предрасуди се места со предвидливи, систематски нееднаквости во искуствата и исходите базирани на членството на луѓето кон одредени групи – унапредувајќи луѓе на одредени социјални групи, додека ги уназадуваат останатите. Предрасуди во место (контекст) модел ги разсветлува изворите на нееднаквост кои во други ситуации би биле превидени и сугерира нови начини за интервенција. Понатаму, тие сугерираат дека преку разбирањето како нормите, вредностите, политиките, практиките и процедурите може да креираат места со предрасуди, лидерите и оние кои креираат политики можат намерно да ја намалат пристрасноста во околината, така што членовите на групите ќе можат да ги уживаат образовните и организациските придобивки.

Kelman дискутира дека транзиторни расположени и одредени продорни состојби на свеста лежат во основата на јавното мислење во општества кои се

зафатени со длабоки вкоренети конфликти, како одраз на егзистенцијалните грижи и централните национални наративи, кои се широко споделени со популацијата. Тој понатаму истакнува дека во многу земји како што Србија, Северна Ирска и Блискиот Исток, историските трауми служат како референтна точка за тековните настани. Иако овие спомени може да бидат манипулирани од страна на демагошки лидери, тие се дел од свеста на луѓето и како такви се достапни за манипулација, како што е чувството на неправда, напуштеност и ранливост. Ефектот од колективните расположенија е да се донесат на сила општествени норми кои поддржуваат ескалатирачки акции и го инхибираат компромисот.

Макроконтекстот се состои од социјални, политички, економски и културални карактеристики и услови во специфично општество. Тие вклучуваат колективна меморија, етос, вредности, социјални верувања, норми, економски услови, политички систем, социјална структура, интрагрупни релации и интергрупни релации – во целост, сите макро фактори кои можат да имаат влијание за тоа како верувањата, ставовите, и емоциите кон другите групи се развиваат во одредено време, простор и услови. Некои од овие егзистенцијални фактори, како на пример интергрупните релации, социјалните структури и економските услови ја создаваат основата за искусување и зајакнување на развојот на одредени специфични стереотипи, ставови или емоции кон специфични групи. Други контекстуални фактори повеќе од социјална или културална природа како на пример норми, вредности, колективна меморија и социјални верувања (пр. етноцентрични верувања) ја создаваат социјално-когнитивно емоционалната база, од која одредени содржини (т.е. идеи) може да бидат извлечени или пак може да поддржат или обесхрабрат развој на одреден репертоар [36] (Bar-Tal & Teichman, 2005).

### 1.2.1. Помеѓу Блискиот Исток и Западен Балкан

Балканот географски и културолошки е Европа, што не е случај со Блискиот Исток, каде авторитаризмот опстојува подолго бидејќи не е поврзан со комунизмот. Исламот на Балканскиот Полуостров е присутен во далеку поблага

[36] Ова е многу актуелен дискурс помеѓу оние кои се занимаваат со градење на мир, но според моето мислење не е реално. Секако активностите за градење на мир се значајни, но исто така политичките лидери не треба да бидат изземени од овие ситуации.

форма, за разлика од Блискиот Исток, иако терористи и нивни поддржувачи беа откриени во Босна и Херцеговина и Блискиот Исток (Serwer, 2019). Serwer понатаму забележува дека нештата драстично се променети и во двата региона од 1990те, бидејќи се зависи од контекстот, а контекстите се променија. Serwer ја продолжува својата анализа, истакнувајќи дека од случајот на Босна беше потврдено дека зоните за летање не беа воопшто безбедни, токму спротивното. Тој истакнува дека НАТО ја промени играта во конфликтот, но не и мирните и преговарачки ситуации. Тој исто така ја споменува заедничката Отоманска историја за обата региона, со тоа што Отоманците немале амбиции да владеат со нив во хомогенизирани територии, но токму спротивното. Ова е всушност објаснувањето зад многуте војни во 1990тите години (етнички чисти територии) на Западен Балкан и подоцна во 2000те години на Блискиот Исток.

## 2. КОНТЕКСТОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Балканскиот етнички национализам е пример за Freud-овиот нарцизам на мали разлики, магнифициран преку политичките потреби на протагонистите (Serwer, 2019). Во 2023 година, Западниот Балкан е се уште во некаков фокус на Европската Унија. Изолиран, политички корумприран, со доминантно слабо лидерство, обвиткани во етно-националистичка атмосфера и со голема стапка на сиромаштија и безизлезени ситуации, Западниот Балкан веројатно повеќе нема да биде достоинствено место во следните дваесет години.[37] Дотолку што, одредени дискурси од пред последните триесет години се повторно оживеани и големите соништа за големи и чисти територии се сеуште присутни.

Генералниот контекст на Западниот Балкан во денешно време е солидно опишан од страна на Мујановиќ (Mujanović, 2018):

*"Нивните економски политики, истовремено се вкоренети во клиентилизам, корупција и одземање на сопственоста: системот кој секаде се реферира како клептократија. Присилната моќ на државата сеуште е примарниот извор за акумулација на Балканската елита, дозволувајќи им нив да продолжат да владеат како воени лидери дури и во ера на мир."*

[37] Во овој труд се споменува дека ЕУ креираше таков дискурс дека ЗБ претставува дел надвор од ЕУ, иако географски припаѓа на ЈИЕ.

Овој опис го сумира денешниот начин на функционирање на општествата на Западниот Балкан. Иако ЕУ го поддржува регионот финансиски во рамките на различни програми, сепак посакуваните реформи изостануваат, бидејќи нивото на корупција е присутно кај високи функционери и е вкоренето во менталноста на луѓето.

Сеќавањата од 1990те години и распаѓањето на Југославија и војната што следеше се пропратени со амбивалентни чувства. Од една страна се приказните и доживувањата на луѓе директно вклучени во војната во БиХ и Хрватска - луѓе кои гладувале, се криеле под канали со денови за да преживеат, убивања помеѓу соседи на дневна база. Од друга страна, се луѓето од Северна Македонија, за кои војната претставувала утопистичка идеја, која се одвива далеку од дома. Оттогаш, настанаа многу промени на Западниот Балкан. Нови граници и држави се појавивја, демографски и геополитички регионот не е повеќе ист. Она што порано беше федерација, денес се Словенија и Хрватска во Европската Унија и епилогот со Западниот Балкан е речиси политички, економски, социјално и психолошки тажен.

Помошта и поддршката од САД и Европската Унија е условена и подразбира исполнување на одредени предуслови. За возврат, политичките елити имаат бенефит од зголемениот економски просперитет. Во реалноста овој пристап поинаку се користи. Во пракса, ЕУ и САД потрошија огромни суми на пари во последните 20 години плаќајќи мнозинство нереформирани и непокајани воени профитери и воени владетели (Mujanović, 2018). Овие перцепции за контекстот и настаните на Западен Балкан се реални и имаат тенденција сериозно да ја отсликаат реалноста, и да го вербализира она што само мал број на научници го прават денес на Западниот Балкан. Дури, иако тоа го прават, тоа е на дипломатски начин.

Триесет години по распаѓањето и геноцидот, региониот е сеуште некаква критична област, чие истражување е сеуште комплексно. Луѓето во земјите на Западен Балкан живеат во еден вид на вакуум и многупати се недоволно свесни за контекстот кој ги опкружува. Понудата од политички програми за ЕУ интеграција како единствената можност за развој од една страна, а од друга страна отустноста на можности за луѓето да искусат нешто подобро, ја создава илузијата дека овие земји единствено нудат добри и достоинствени услови за живот.

Гледајќи ја големата слика, Северна Македонија досега најверојатно требаше да го има и најголемиот напредок во регионот,[38] што не се случи и веројатно нема да се случи ниту во блиската иднина. Научници со различни научна позадина често нудат различни анализи и објаснувања за случајот на Северна Македонија, додека одредени истакнати истражувачи ја сметаат за хибриден режим. [39] Во однос на истражувањата во врска со системски пристап кон соживотот во земјата, постои сериозен недостаток на информации. Поголемиот дел од работата е спроведена пред и по конфликтот во 2001 година, во рамките на медијаторскиот ангажман околу мировниот процес. Многу малку се инвестира во однос на тоа како стереотипите и предрасудите помеѓу групите влијаат на интергрупните релации, со цел превенирање на нов потенцијален конфликт.

Косово како најнов ентитет во Западен Балкан можеби бележи најголем успех, бидејќи во моментот е во истата категорија со Северна Македонија и Албанија во процесот на ЕУ интеграција, политики и реформи. Косовскиот дискурс е навистина присутен на Западниот Балкан, но не доволно интегриран, во смисол на колективната чувство да се биде поинаков – или поразличен од доминантната т.н. Словенска популација. Во однос на истражувања поврзани со конфликтот на Косово и неговите социјално-психолошки димензии, тоа исто така не е достапно како информација.Босна и Херцеговина по потпишувањето на Дејтоновиот Мировен договор е во обид да функционира на вештачки начин, иако вистинскиот соживот никогаш не беше постигнат после конфликтот.

Актуелниот дискурс во оваа држава е дека Република Српска буквално ги буди духовите од минатото, со српското лидерство кое сака да прогласи независност од федерацијата на Босна и Херцеговина, единствено само преку политички средства, според српските политички лидери. Без оглед на миролубивата намера, меѓународната заедница, како и Бошњачката заедница се во голем сомнеж дека таквата одлука може да биде спроведена без отсуство на насилство, и дека тоа не претставува ништо друго освен кршење на Дејтоновиот

[38] Ова е токму поради очигледниот факт дека во Македонија се до 2001 година немаше војни, и иако се случи воениот конфликт во 2001 година, истиот беше прекинат за релативно краток период. Како и да е, после Охридскиот Мировен Договор, нештата беше потребно да се одвиваат кон градењето на просперитетно општество наместо создавањето на паралелно општество.
[39] Овој статус трае предолго без оглед на тоа која политичка елита е на власт.

Мировен Договор.[40]

Иако Југославија беше една од првите држави која воспостави дипломатски односи со ЕУ, проследено со отварање на амбасади во Белград и Брисел, многу година подоцна ЕУ се навраќа кон овие територии најпрво во улога на градење на негативен мир, а потоа создавање на мир и градење на позитивен мир. Различни тела на ЕУ беа присутни во Босна и Херцеговина, Македонија и Косово за време на и во пост-конфликтните фази.

## 2.1. Контекстот во Северна Македонија – Поранешната оаза на мирот во Западниот Балкан

Северна Македонија ја доби својата независност од федерацијата Југославија на 8 Септември, 1991 година, каде што нејзините граѓани се изјаснија на референдум дека тие сакаат независна република, и дека не гледаат иднина повеќе во рамките на федерацијата. Нејзиниот прв претседател беше Киро Глигоров, кој беше лидер на групата која што ја застапуваше независноста но истовремено и многу близок до Југословенското – Белградско лидерство. Ретроспективно, постојат четири големи настани кои што ја одбележуваат поновата – пост-независна историја на оваа земја и колективниот менталитет. Првиот е секако *независноста на земјата*. Од 1991 година, настрана од добриот и мирен почеток, работите не се одвиваа според планот.

Доминантниот дискурс во поголем дел од земјата денес е носталгијата за времето на Југославија.[41] Политичките лидери кои следеа од 1991 година па наваму, не инвестираа во капитални инвестиции. Сите капитални инвестиции се од времето на федерацијата  и во моментот граѓаните на државата се соочуваат со последиците од долготрајното неинвестирање. Вториот голем настан во колективната психа на граѓаните е *конфликтот од 2001 година* помеѓу македонската армија и етнички албанската Национално Ослободителна Армија (ОНА), кој се заврши со мировен договор, и после тоа државата се менуваше во

[40] Истражувачи и пензионирани генерали ја анализираат моменталната ситуација во Босна и Херцеговина, паралелно со настаните кои започнаа со актерите како Русија и војната во Украина, заедно со интересите на САД на Западниот Балкан.

[41] Но, ова не значи дека граѓаните не ја сакаат долго посакуваната и потребна независност.

секоја можна смисла - етничка, политичка, економска, социјално-психолошка. [42] Со *Преспанскиот договор во 2018 година* државата беше преименувана во Република Северна Македонија, како веројатно одржливо решение за спорот со Грција.[43] Првите резултати од договорот во Преспа не беа добри, конструктивни и позитивни, а единствениот бенефит беше членството на Македонија во НАТО.[44] Четвртиот голем настан е *старо-новиот спор со источниот сосед Бугарија*.

Динамиката на овој спор се одвива брзо, непредвидливо и на многу нивоа преку уценување, бидејќи бугарските позиции се екстремни и задираат директно во сржните вредности и чувства на нацијата како што се јазикот, правото на само-определување и култура. Постојат секако и останати помали настани, како на пример блокадата од страна на соседите преку нивното право на употреба на вето во процесот на ЕУ интеграции, правејќи ја државата во моментот веројатно најизолиран дел на Западен Балкан.

---

[42] Во однос на Охридскиот Рамковен Договор не се достапни многу информации од научен аспект. Имено, дали тоа воопшто беше добар договор, какво е влијанието после неколку децении итн...Овој недостаток на информации може да оди во прилог на тоа да или да бидат индикатори дека договорот можеби е злоупотребен за националистички агенди наспроти создавање на едно интегрирано општество.

[43] Најпоследните настани во македонското општество од 2018 година па наваму, треба сериозно да бидат разгледувани и истражени, пред се бидејќи тие се комплексни и мултилатерални. Секако, повторно отсуство анализата за тоа кои се придобивките од таквиот договор, што е испочитувано а што не е. Конкретно во случајот со Бугарија, сите главни носечки информации беа споделувани од страна на премиерот на Македонија, кое што предизвика огромно незадоволство кај македонската нација. Овој недостаток на преговарачки вештини доведе до ситуација на ќорсокак и очигледно Македонија има слаби позиции, бидејќи во конкретниот случај таа е државата која што цело време прави некакви отстапки. Последиците од ваквото невнимание треба да се проценат и академската заедница треба да прави притисок за таквите патешествија да бидат спречени во иднина, иако штетата е веќе голема.

[44] Процесите на преговарање помеѓу Македонија и Грција се одвиваа под голем политички притисок, и преговорите не се одвиваа во рамките на ниту приближно иста моќ, потоа македонскиот преговарачки тим настапи со многу слаби позиции и отсуство на интерен консензус во однос на прашањето. Еден доказ во прилог на ова тврдење е кога тогашниот премиер беше запрашан од страна на новинарите да даде изјава за медиумите во однос на преговорите, тој изјави дека “*Македонија нема црвени линии”.* – Според мене, ваквата изјава е школска грешка во процес на преговарање и ја проектира несигурноста и незнаењето со која македонската страна пристапи кон конфликтот. Како и да е, сето тоа ќе беше помалку драматично и болно, доколку барем половина од сето тоа што беше ветено без никакви гаранции притоа ќе беше исполнето, особено од страна на ЕУ. Како резултат на Преспанскиот Договор не се случи зближување помеѓу македонскиот и грчкиот народ. Не се спроведоа одредени програми на различни нивоа, напротив предизвика доза на фрустрација. Во оваа насока, ништо конкретно не беше превземено. Имајќи во предвид дека Македонија прави многу малку во однос на ова интерно, статус кво не е изненадувачки исход, напротив очекуван.

Македонија беше конституирана како република на Македонците и останатите етнички заедници кои живеат на територијата како на пример Албанци, Срби, Турци, Бошњаци итн. Со прогласувањето на независност, земјата го реализираше својот националистички сон за создавање на држава со својот посебен јазик и култура. Ова беше посебно значајно за малата македонска нација, со оглед на тоа дека нејзиното постоење и историја традиционално е оспорувана најпрво од нејзините соседи, нешто што постои и денес, само во поинаква, можеби порадикална димензија. Сонот за независност не беше исполнет со соодветните постигнувања, но токму спротивно, земјата се соочува се сериозни економски и политички регреси. Покрај фактот дека првото политичко лидерство успеа да го сочува и одржи мирот во земјата, во споредба со турбулентниот и тогаш насилен регион на Западен Балкан.

Нерешените или занамарените прашања излегоа на површина во 2001 година преку актуелизирање на позицијата и ситуацијата со албанското малцинство во Македонија. Во една анализа на Малески од 2004 година,[45] тој објаснува што се случи во 2001 година. Тој тврди дека во тоа време, се уште мнозинството не беше свесно или ја немаше таа информација дали тоа беше војна, вооружен конфликт, или пак само краток судир помеѓу Македонската Армија и Албанската Национална Ослободителна Армија[46], кој беше прекинат со Охридскиот Рамковен Договор, со медијација и олеснувач од страна на ЕУ претставници во земјата. Дилемата за тоа дали тоа беше добар договор сеуште е присутна.

Денешната реалност е поделено општество наместо интегрирано општество со етнички чисти територии, организирани како единици на функционирање во рамките на општини, села или градови. Дилемата која се наметнува е дали Северна Македонија полека, но сигурно се трансформира во едно бинационално општество, бидејќи после 20 години – Охридскиот Мировен Договор се злоупотребува за различни политички цели. Иако, многу скоро по склучувањето на овој договор многу научници со експертиза во регионот беа гласни преку својата академска работа, дека можеби ова не е мултикултирализмот кој речиси секој го дискутира, напротив, е бинационална земја, каде главните политики се засновани на

[45] Пристапено на 10/12/2021The Causes of a War: Ethnic Conflict in Macedonia in 2001 (newbalkanpolitics.org.mk)
[46] Воени групи формирани од страна на ветерани од Косово.

потребите и интересите на две групи.

Во однос на ситуацијата со процесите на градење на мир и активностите низ годините, многу малку е направено во оваа насока, во однос на одржливи и добро испланирани програми за градење на соживот и кохезија. Анализата на овој дел од контекстот како потенцијален извор на стереотипи и предрасуди подразбира претходен национален консензус во врска со посакуваната насока на движење на државата. Бидејќи консензусот не постои помеѓу различните етнички линии, истиот е асптрактен и имагинарен и е тешко да се постигне. Главната популарна ЕУ мантра за интеграиција не функционира повеќе за македонското општество како што беше претходно, без оглед на тоа колку прогресивен ваквиот чекор би можел да биде. Дополнително, треба да се земе предвид фактот дека во последните дваесет години ова општество главно беше водено од странски фактори и интервенции (ЕУ), со што се создаде зависно политичко лидерство.

Зборувајќи на макро-ниво, постои контакт помеѓу Македонци и Албанци на дневна база, иницирано едноставно од споделување на истото работно место, но кога станува збор за значајни одлуки секој член е лојален на својата етничка група. Во 2018 година, новата влада на социјалдемократите иницира стратегија за едно општество, која се покажа како неуспешна на многу нивоа. Друг момент за неуспешноста на стратегијата е дека истата не беше заснована на претходни истражувања за генералната ситуација во Северна Македонија.

Понатаму, првиот попис после 20 години беше спроведен во есента 2021 година и резултатите беа објавени во пролетта 2022 година.[47] Во однос на конкретната истражувачка тема – сепак многу малку е направено. Генерално, Македонија не е исклучок на Западниот Балкан со недостаток на истражувања во

[47] Резултатите од пописот предивизкаа многу контраверзностите и во политичкиот и во секојдневниот дискурс, впрочем спроведувањето на пописот за целата држава значеше на некој начин повторно отворање на Пандорината кутија. Така што еден од позначајните податоци е дека во вкупното резидентно население во Република Северна Македонија, 58.44 % од населението се изјасниле како Македонци, 24.30 % како Албанци, 3.86 % како Турци, 2.53 % како Роми, 0.47 % како Власи, 1.30 % како Срби и 0.87 % како Бошњаци. https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=146 (Пристапено во Ноември, 2023)

оваа област за тоа како членовите на различни групи се перцпепираат едни со други. Оваа тема можеби во одредени ситуации е сериозно запоставена, без да се земе во предвид од тоа колку ваквите истражувања може да имаат превентивна функција во однос на потенцијален конфликт, како мерка на претпазливост. Фокус е ставен на македонско-албанските релации кои што се главно политички детерминирани и за политички интереси.

## 2.2. Контекстот во Босна и Херцеговина – Домот на многумина и на никој

*Кој ја започна војната и чија вина беше?*

Од 1991 година па наваму безбројни трудови, студии на случаи и книги се посветени токму на ова праашње но конкретниот одговор сеуште заостанува. Одредена контраверзност исто така го проследува и референдумот спроведен од страна на владата на Алија Изетбеговиќ на 28 Февруари – 1 Март 1991 година во однос на Босанската независност. Организирано под водство на Европска Бадинтер Комисија, која имаше предбарање за референдумот, за подоцна да има меѓународно признавање и независност, гласањето даде резултати со 99% во корист на независност. Проблемот се состоел во тоа дека како резултат на одлуката на Радован Караџиќ – Српска Демократска Партија (во Босна), голем дел од српското мнозинство го бојкотираше референдумот (или пак биле дистанцирани од гласачките места од страна на таа партија според одредени извештаи) (Ramet, 2005). Онака како што Kelly и Baker се обидуваат да објаснат: Војната која се разгоре во Босна и Херцеговина во 1992 година, траеше до крајот на 1995 година.

Тоа беше сложен конфликт, кој најчесто е објаснет како триаголен конфликт помеѓу три вооружени сили: Армијата на Република Босна и Херцеговина, преставена од страна на владата на Алија Изетбеговиќ и неговата партија - Партија за Демократска Акција во Сараево, Хрватскиот Одбрамбен Совет и Армијата на Република Србска (Kelly & Baker, 2013).

Етничкиот конфликт во Босна и Херцеговина е најефективно објаснет како продолжување на Српско-хрватскиот спор (Kaplan, 2005). Историските корени на конфликтот во Босна произлегуваат од фактот дека важни религиски, етнички и идеолошки разлики се присутни на Балканот, а посебно во Босна, која има

раазновидна етничка мешавина, која служи како тампон зона помеѓу нејзините подоминантни соседи Србија и Хрватска, но не и подалеку од политички ентитет, кој ги отелотворува аспирациите на јасно дефинирана нација. Босна беше домот на три различни – етничко-религиски групи: католички Босански Хрвати (17.3%), Православни Босански Срби (31.4%), и Босанските Муслимани (43.7%), сите живеејќи еден покрај друг во вистинска крпеница (McQueen, 2005).

Очигледно, босанските срби доминираа во војната во Босна во 1990те години, имајќи ја одговорноста за еден од веројатно најстрашните геноциди во светот после Втората Светска Војна и геноцидот во Руанда. Геноцидот во Сребреница од 6 Јули 1995 година преставува само уште еден доказ дека меѓународната заедница не може да биде од голема помош во таквите контексти. На пример, денес може да се дојде до одредени сведоштва од страна на директни учесници во војната, дека Сребреница можела да биде стопирана доколку постоела одговорна реакција од страна на меѓународната заедница. Американските државни интереси исто така одиграле важна улога во охрабрувањето на употребата на воздушни напади за време на кризите, иако Clinton-овиот постојан недостаок од решенија во однос на Босна значеше дека САД не превзема иницијатива за време на катастрофата во Сребреница. Главниот комитет остана поделен за време на спроведувањето на безбедни зони каде што САД потклекна, а Клинтон се колебаше за потемелно вклучување кога Србите се вклучија во особено злобно однесување и задржување (McQueen, 2005).

Следејќи го политичкиот дискурс на големите сили директно инволвирани во настаните во Босна, присутни во смисол на чување на мирот, главната дискусија се одвиваше помеѓу Clinton и Chirac – тогашниот француски претседател, кои всушност се оградуваа за случувањата во Сребреница. Подоцна, различни опции како потенцијални решенија беа дискутирани со цел да се здобие повторно контролата над овие безбедени зони – енклави каде припаѓаше и Сребреница. Притоа, една од изјавите на Clinton беше: *„Конечно, иако САД размислуваа да предложат спогодба со која Горажде, заедно со Сребреница и Жепа, им се разменува на Србите во замена за територија во централна Босна",* тие го сменија својот став:

*„По Сребреница, не можеме да предложиме такво нешто“.*

Пред да се случи масакрот во Сребреница, постоеле сериозни намери за градење мир во Босна. Еден од таквите чекори беше предложениот Венс-Оувен Мировен Договор, според кој Босна треба да биде поделена во 10 единици соодветно за секоја етничка група, онака како што се концентрирани територијално. Овој предлог не бил успешен и прифатен од страна на Босанските Срби. Според подоцнежната анализа, причината било незадоволството на Босанските Срби со пропорционалноста на територијата која би требало да ја добијат според договорот.

Она што останува во наследство од Сребреница е долготрајна траума, која се пренесува од една на друга генерација и чии рани тешко заздравуваат со текот на времето. Ова ја создава празнината во сегашноста помеѓу Босанските муслимани и Босанските Срби. Во таквите контексти, стравот е на некој начин оправдан, бидејќи колективната меморија на двете групи е насилство од поновата историја, од најпоследната генерација во семејство, родители или браќа и сестри загубени како резултат на воените злосторства.

Друга значајна перспектива во однос на случајот на Босна се децата од мешани бракови. Овие деца го носат и товарот и убавината на тоа да се биде дете на родители од различна етничка припадност или религија, и да го носат товарот да бидат Босански Хрват, Србин или Босански муслиман. Во суштина, децата од овие мешани бракови најчесто се изјаснуваат за себеси дека се Југословени.

Веројатно овие деца ја имаат најголемата фрустрација и внатрешен конфликт како резултат на овие националистички движења и идеи како од минатото така и од сегашноста[48]. Исто така, во босанскиот контекст, едно прашање останува отворено:

*Кој си ти? Со кој етникум ти чувствуваш дека би требало да се*

[48] Интраперсонален конфликт во однос на тоа кои се тие навистина интимно овие деца – сегашни возрасни многу добро знаат како се чувствуваат во врска со себе во овие општества – контекстот и наративите во врска со конфликтите кои што создаваат притосок во однос на овие индивидуи да се изјаснат и завземат страна во врска со нивните групни идентитети.

*идентификуваш?*[49]

Перцепцијата за актерите вклучени во војната во Босна се разликува. Одредени автори (Cigar, 1995; Silber & Allan, 1997) гледаат на српската војна како на цел да се исполни идејата за создавање на Голема Српска Држава, во која делови од Хрватска и Босна и Херцеговина би биле вклучени, и од која повеќето Срби би биле протерани, а нивните културни и религиски одбележја уништени. За Cigar, ова етничко чистење како што почна да се нарекува србската политика на хаос, убиства и принудно протерување, не беше само ненамерен и несреќен нуспродукт на борбена или граѓанска војна.

Тоа беше рационална политика, директна и планирана последица на свесни одлуки превземени од страна на српскиот естаблишмент во Србија и Босна и Херцеговина (Ramet, 2005). Како што тврди Ramet, етничкото чистење кое го спроведе српската армија е еднакво на препишување на историјата. Од териториите од кои протерале муслимани и Хрвати, добро се погрижиле ниту културно богатство ниту пак религиски објект да не посведочи за времињата од милениумскиот интерконфесионален соживот. Cigar тврди дека насилството во Босна не се случи буквално од никаде и дека српскиот национализам вриел и создавал терен во претходните години, преку цитирајќи неименуван министер во српската влада, кој во 1994 година изјавил (Cigar, 1995).

*"Денес, многумина во светот сонуваат да бидат Срби: индивидуата на Петтата Авенија која јаде хамбургер, Ескимецот кој што го крши мразот и оди на риболов, Французинот шетајќи по Елисејските полиња...Бидете среќни што сте Срби...Бидете среќни што припаѓате на овие луѓе...Вие сте вечни."*

Постојат уште многу објаснувања за причините за настанување на конфликтите во Босна и Херцеговина во 1992 година. Етницитетот или припадноста кон одредена народност (народ), не бил истакнат во повеќето работни

[49] Исто така оваа темата е многу малку истражена, околу идентитети и мешаните бракови и нивното влијание на менталното здравје по распаѓањето на Југославија, на оние кои доаѓаат од мешаните бракови и нужноста да се идентификуваат. Луѓето кои директно страдаат од последиците од Босна се всушност и колатерална штета на тоа насилство, и многумина се идентификуваат како чисти Хрвати, Срби или босански муслимани, отколку да се идентификуваат со територијата на која живеат.

позиции во Југославија, бидејќи јазикот и дискурсот на самото работно место не го истакнувал овој аспект на индивидуата. Наместо тоа, дојде до израз во приватниот, семејниот и соседскиот живот,  при свадбени церемонии, (религиските церемонии биле обесхрабрувани, но не и забранети во Југословенскиот социјализам), погребни обичаи, известувања за смртни случаи и датумите за зимските прослави.

Нерелигиозните фестивали и маркерите на животната сцена развиени од социјалистичкиот режим (пр. прославувањето на Нова Година, подароците за деца од Дедо Мраз или граѓанската свадбена церемонија), намерно ги вклучи сите Југословени од сите етнички позадини во истите церемонии. Сите босански деца го проучувале латинското и кириличното писмо откако војната недвосмислени ги поврза кириличното писмо со српскиот јазик и култура (Kelly & Baker, 2013). Југословенските социјални лидери имале оптимистични надежи дека помладите генерации, големата надеж на социјализмот, ќе го зголемат цензусот со тоа што ќе се декларираат како Југословени.

Југословен ги придружуваше формите на етничките категории и ги засегаше децата од мешани бракови кои идеолошки имале аспирации кон супранационален идентитет; на пописот во 1991 година, 242 882 од 4 377 033 жители на Босна и Херцеговина (5.6%) ја одбрале опцијата Југословен, највисокиот процент на Југословени во Југославија (Markowitz, 2007).Уништувачките и геноцидни три и пол години во Босна и Херцеговина беа прекинати со Рамковниот договор за мир во Босна и Херцеговина популарно познат како Дејтоновиот Мировен Договор. Формално е потпишан на 14 Декември, 1995 година во Париз.

Дејтонскиот договор ја подели административно Босна и Херцеговина[50] во Босанска Федерација населена од Хрвати и Бошњаци, и Република Српска како етнички хомогена српска територија. Пост-воена Босна е полу-протекторат со значително цивилно и безбедносно присуство. Владините стукртури се признаени со територизација на етнитет, со пренесување на голем дел од моќта на хомогените региони, преку општини, кантони или ентитети (Bieber, 2006). Bieber понатаму тврди дека значајната улога на меѓународната заедница de facto ја направи Босна

[50] Федерацијата на Босна и Херцеговина беше формирна со Вашинтонскиот договор помеѓу Хрватска и Босанската влада во 1994 година, донесувајќи го едногодишниот конфликт помеѓу Хрватите и Бошњаците кон крајот (Bieber , 2006)

протекторат, карактеризиран како лабава федерација со слаба централна влада. Со таквата интерна организација и споделување на моќ, која е очигледно асиметрична, Босна и Херцеговина стана уште подисфункционалано општество можеби и во најлошата состојба од пред-воениот период. Денес Босна и Херцеговина изгледа како да минува низ старо-ново сценарио во смисла на будење на српскиот национализам и со декади старата идеја за сецесија од федерацијата.

Како што одредени новинарски анализи известуваат, оваа година нештата во Босна и Херцеговина многу потсетуваат на периодот од 1992 година. Еден параграф се однесува на цитат од изјавата на претставникот на меѓународната заедница во Босна, Christian Schmidt, кој предупреди дека мировниот договор потпишан на крајот од војната со посредство на САД е под голем ризик да колабира, освен ако не се превземаат акции да се запрат српските сепаратисти кон туркање кон сецесија[51]. Ситуацијата не наликува на стабилна воопшто и експертите даваат апел дека повеќе проактивни чекори се потребни во таа насока. Понатаму, тие тврдат дека колку повеќе ЕУ се дистанцира од Западниот Балкан како регион, вклучувајќи ја и Босна и Херцеговина, толку е поголема веројатноста од ширење на руското влијание во регионот. Притоа, не е тајна дека Србија и Русија се лојални една на друга уште од Отоманскиот период. Една и единствена предност во сегашноста во однос на Босна и Херцеговина е тоа дека луѓето членови на различни групи денес се многу повеќе свесни за последиците од српскиот национализам и сецеионизам од федерацијата, но недостатокот е тоа што ваквите пораки не се се земени предвид со потребната сериозност.

Доколку се случи нов циклус на конфликт, настрана од сите предупредувања, обичните луѓе повторно ќе ја платат највисоката цена без исклучок.[52]

### 2.3. Контекстот во Косово – Симболот на Пан-Албанизмот

Во 1994 година, на првата свечена конференција по повод конфликтот во

[51] Bosnia: A dangerous crisis is brewing in the Balkans - CNN –пристапено на 11/06/2021

[52] Зимата 2022 година, многу босански аналитичари кои доаѓаат од различни политички и безбедносни кругови предупредуваа за потенцијалната ескалација во Украина и можноста конфликтот да се прелее и во Босна и Херцеговина. До пролетта 2022 година, регионот на Западен Балкан е релативно стабилен но Босанската федерација е се уште во ризик.

Косово одржан во Нијемеген во Холандија, Миленко Каран, србски книжевник и психолог од Приштина, направи мрачно предвидување со изјавата (Bieber & Daskalovski, 2003):

*“Што и да се случи, ние ќе треба да преговараме, но јас се плашам – познавајќи ја нашата менталност – дека ова ќе се случи после големо крвопролевање, кое што ќе ги направи сите разговори безкорисни: на гробиштата, колку што јас знам, дијалог нема.”*

Како и секој друг конфликт на Западен Балкан, така и конфликтот со Косово потекнува уште од историски времиња. Пред Отоманската Империја, Косово била територија доминантно населена со српска популација, но промените се случиле кога Албанците преминале во ислам, и подоцна за време на Втората Светска Војна, кога Косово било под Италијанска власт заедно со Албанија. За време на овие периоди, многу Срби го напуштиле Косово, така што српската популација значајно се намалила. Во рамките на Југословенската федерација, Косово е статички ентитет – со само географско припаѓање кон регионот и сеуште во сонот за Голема Албанија. Иако се сметаше за дел од Југословенската федерација, животот за Србите таму повеќе не бил пријатен. Така, после смртта на Тито уште еден бран на миграција на Србите се случи, со повторно намалување на процентот на српската популација на 10%. Со присуството на новата демографска ситуација, идејата за независност од федерацијата и подоцнежното приклучување кон нивната татковина– Албанија станува се поочигледна.

Во 1981 година се случија големи младински протести во Косово со слоганот *Косово Република*. Југословенското лидерство во тоа време одлучило дека таквите буни се заканувачки за интегритетот на федерацијата. Простестите завршиле безуспешно, со бројни последици кај албанската страна. Во 1990-те години се случува репресија на Албанците во Косово, и како што Даскаловкси тврди, тоа беше српска окупација под водство на Слободан Милошевиќ.

По Дејтоновиот Договор во 1995 година, радикалните косовски Албанци почнале да застапуваат воено решение за нивните барања. Разочарани од бавната патека на борбата на заедницата за независност, во 1997 година, тие започнале воен бунт против институциите на српската држава. Конфликтот одзема околу 2000

животи, создаде илјадници бегалци и предизвика огромна материјална штета.

Во продолжение, за време на војната во 1999 година, Косово доживеа материјална деструкција, без преседан, додека илјадници бегалци се сместија во Албанија и Македонија. Покрај српскиот став во однос на косовските Албанци, тие прогласија независност во 1999 година со Ибрахим Ругова за претседател. Како и да е, случајот на Косово има две страни, едната е правото на Србија да го сочува својот територијален идентитет и правото на косовските Албанци на самоопределување. Во интерес на ова истражување е да се рефлектира на коренот на овие, сеуште тековни конфликти помеѓу Косово и Србија и нивното директно влијание на Косовскиот контекст во сегашноста.

Значајно е да се спомене дека конфликтот во Косово, во 2001 година се прелеа во Македонија, така што стабилноста и мирот во Косово, во голема мера влијаат на стабилноста, безбедноста и мирот во целиот регион, со посебен акцент на Македонија. Откако Косово прогласи независност, Организацијата на Обединетите Нации (ООН) ја превзеде обврската за изградба на институциите или како што мисијата беше позната во регионот како Внатрешна Администртивна Мисија на Косово[53], која се соочи со многу проблеми во секое поле од дејствувањето.

Причината за тоа произлегува од траумата, интер-етничко непријателство, и уништувањето предизвикано од Белградската кампања на етнички засновани убивања и протерувања од Косово, НАТО бомбардирањето на Југославија и декада на институционален апартхејд и репресија против наследството на неуспешната социјалистичка економија, без сериозни напори за вистинска реформа и една агресивна, авторитативна владејачка Србија (Pula, 2003).

Кога станува збор за перцепциите за Албанците како етничка група на Балканот, доминантниот дискурс за етничките Албанци и за косовските албанци, Blumi дава интересна анализа од перспектива на меѓународната заедница. Според

[53] Interim Administration Mission in Kosova (UNMIK)

него, албанизмот во контекстот на поголем перформативен простор наречен Балкан, во дискурсивните мрежи, има смисла само како негативно маргинално. Етничката омраза која што е *bête noire*[54] на меѓународната заедница и е цел на елиминација во целата нејзина оперативна литература, веднаш ги вмеша „Албанците“ за сите манифестации на насилство во минатото и иднината. Ова имаше моќни последици кога Привремената административна мисија на Обединетите нации во Косово - УНМИК (United Nations Interim Administration Mission in Kosovo, UNMIK) се обиде да воспостави административна контрола врз Косово (Blumi, 2003).

Оваа анализа е интересна и можеби до одреден степен субјективна, но сепак релевантна за ова истражување, бидејќи допира до поимот на категоризација, стереотипни мислења и го отвара поглавјето во врска со предрасуди на Балканот, нешто што е навистина запоставено и заслужува должно внимание. Точно е дека во одреден момент Албанците биле сметани за таква етничка група на Балканот, и ова најчесто се ширеше преку медиумите, главно како носечка информација. Според Blumi, мислењата и перцепциите за Албанците се една од причините зошто нештата се поставени погрешно на самиот почеток од страна на меѓународните организации, правејќи нештата да се развиваат во погрешен правец подоцна. Прегледот на стручната литература за случајот на Косово нуди неколку анализи со неутрални и непристрасни гледишта за настаните во Косово.

Ова е само уште еден индикатор дека регионот е практично преплавен со стереотипи и предрасуди и групите имаат тенденција да се усогласат, во зависност од нивната заедничка карактеристика. Косово стана независна држава во Февруари, 2008 година. Декларацијата за независност беше внимателно изработена заедно од избраните функционери на привремената влада на Косово, САД и лидерството на ЕУ. Овој процес беше кулминација на тригодишните преговори за „конечен статус“ за иднината на Косово, започнати од Советот за безбедност на ООН во 2005 година. Клучните преговори беа водени од Marti Ahtisari, поранешен претседател на Финска (Perritt, 2009).

Како и во секој друг случај со Западно Балканска држава, етничкиот конфликт

[54] Личност или нешто кое што некому особено не му се допаѓа.

е прекинат повеќе отколку разрешен и договор е постигнат, но податоците поврзани со околностите на конфликтната динамика се тешко достапни. Ова е случајот со Косово исто така. Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП, анг. UNDP) презентира едно интересно истражување од 2019 година, кое ја потврдува истата теза, дека откако во 2012 година беше спроведена анализа на развојот на Косово поврзана со конфликт од страна на УНДП, оттогаш истата не е ревидирана; и дека постојат ограничени истражувања од други извори кои ја истражуваат конфликтната динамика и пропратните проблеми (*Social Cohesion in Kosovo: Context Review and Entry-Points*, 2019). Последните истражувања покажуваат дека Косово има популација од скоро 1.8 милиони жители. Повеќе од половина од популацијата е под 25 години, правејќи ја најмладата популација во Европа. Последниот попис во Косово е спроведен во 2011 година, со исклучок на Северно Косово. Според Косовската Агенција за статистика, 92.9% од популацијата ја сочинуваат Албанци, 1.5% се Срби и 5.6% се други малцинства. Околку овој резултат постојат одредени несогласувања, особено околу точноста на податоците од страна на српската заедница. Етничките Албанци, кои припаѓаат на Исламската верска заедница и говорителите на албанскиот јазик, го сочинуваат големото мнозинство со 92.9%.

Овој извештај забележува дека сепак постои напредок од 2012 година во однос на динамиката на конфликтот, иако постојат одредени аспекти кои сеуште стагнираат, како што е справувањето со минатото и односите со Србија[55].

Иако постоеше одреден напредок во минатите години, 2023 година е критична година повторно за овие две држави. Сенките од минатото и нерешеното прашање со Северно Косово, заедно со омразата на колективно ниво се сеуште

[55] Во Септември 2023 година, односите помеѓу Србија и Косово се соочија со нова серија – фаза во конфликтниот циклус, која што ескалираше со насилство. Добрата страна во моментот е тоа што србскиот претседател одлучи да ја повлече војската од Северно Косово, минимизирајќи ја шансата за веројатно нова многу насилна конфликтна фаза.

присутни. Се покажа дека на Западниот Балкан ad hoc договори со медијација на трета страна не се најдоброто функционално решение на долг рок. Во оваа фаза, одредени напори треба да се вклучат во таа насока, така што насилна епизода во иднина би била превенирана[56]или избегната.

Веројатно, ова е едно од реалните решенија, но имајќи ја предвид менталноста или спремноста на Балканот, многу ретко се учи од минатото. Косово направи одреден напредок од 2012 година, но резултатите од интервјуираните учесници во Косово покажуваат дека Северно Косово е се уште под српска контрола. Таму српската популација се потпира на српските политички авторитети со насока од Белград, го користат србскиот динар како валута и дека Србија го финансира овој дел од Косово и Метохија, што не претставува случај со србите во Јужно Косово. Имено, тие ја прифатиле реалноста за Косово, но тоа не значи дека оваа група е интегрирана во Косовскиот систем.

Дотолку, тие живеат на маргините од тој систем исто како и останатите малцинства во Косово - Ромското малцинство, ашлаклите итн. Ова зборува за отуството на доверба помеѓу косовската и српската популација, но исто така интервјуираните изјавуваат дека обичните луѓе не веруваат ниту на нивните референтни политички центри. Паралелно општество не е нешто ново на Западниот Балкан. Впрочем, тоа е случајот и со Северна Македонија.Во однос на религија, стереотипи и предрасуди, не се достапни многу информации за Косово, иако индиректни податоци имплицираат присуство на овие психолошки конструкти.

Актуелниот контекст во Косово дава проекција дека сеуште е присутен страв, мислејќи за другиот како некој кој извршил негативни дејствија во минатото. Оваа фаза е сепак далеку од помирување и двете етнички групи се присутни едни покрај други, но не заедно во она што се нарекува заеднички соживот и прифаќање. Следствено, Косово од 2008 година до денес нема значаен прогрес во останатите сфери на живеење, како и мнозинството држави на Западен Балкан. Случајот на Косово исто така ја потврдува големата дилема дали одржлив мир е возможен и уште повеќе дали етнички хомогени држави се или треба да бидат идеја на 21 век.

---

[56] Перпсективата е од 2021 година, така што се покажа дека многу малку се прави во оваа насока и колку фрагилна е ситуацијата помеѓу Србија и Косово во настаните од Септември, 2023 година.

## 2.4. Контекстот на Блискиот Исток

*Ориентот не претставува интертен факт на природата. Тоа не е само таму, исто како што самиот Запад не е само таму. . . такви локалитети, региони, географски сектори како „Ориент“ и „Запад“ се создадени од човекот.*

- Едвард Саид

Пишувањето, истражувањето и концептуализирањето за Блискот Исток создава една тешка задача која не е единчена ниту пак фиксна, бидејќи на Блискиот Исток има збогатувачки и безбројни спорови. Тоа е нормално, имајќи ја во предвид сложеноста на повикот да се создава знаење. Она што е сигурно е дека создавањето знаење никогаш не е независно од онтолошките гледишта, искуства, институционални припадности и предрасуди, кои го условуваат искуството (а posteriori) за тоа како Блискиот Исток се конструира, толкува и пишува (Sadiki, 2020).

Michael Mandelbaum ги претстави државите од Блискиот Исток како најборбените членови на меѓународната заедница. Тој ја отслика сликата на регионот, во кој спротивно на останатиот дел од светот, традиционалните мотиви за војна, злато и Господ – се сè уште живи. Всушност, Блискиот Исток е многу често перцепиран како зона на конфликти, во која натпреварот за недостаток на ресурси (злато) е неизбежен и води кон воени судири под влијание на ирационални идеи (Господ) (Jung, 2004).

Мапите не преставуваат само форми на знаење, туку процеси и перформанси, кои со тоа откриваат претпоставки и за возврат ја креираат реалноста. Тие можат да бидат разбрани во смисол на наративи за социјално конструирани значења. Потпирајќи се на оваа анализа, овој труд ги изолира спротивставените кластери на културни претстави, идеологии и стереотипи кои го врамија Истокот од британска перспектива. Според географските имагинации, Foliard се осврнува на толкување на реалноста што произлегува од собирањето општествени и колективни претстави на просторноста. Овие специфични форми на имагинација даваат значење на светот, во смисол на простор, дистанца, или територија. Тие ги консолидираат социјалните и културни линкови во рамките на една група, додека никогаш не се

во целост независни од надворешни влијанија, споредби и циркулации. Институциите имаат тенденција да ги регулираат до одреден степен. Мапите ги пренесуваат, рефлектираат и ги обликуваат овие социјални репрезентации. Така, тие имаат двојна врска со замисленото (Foliard, 2017).

Блискиот Исток е најчесто асоциран со стереотипи: светски тероризам, стомачен танц, назадни луѓе, племенски луѓе, луѓе од пустината, богати луѓе итн. Ова се генералните стереотипи и предрасуди кои Западниот свет доминантно ги има за Блискиот Исток како регион и народите таму.[57] Ова се преголеми генерализации, со главно негативен полнеж и конотација, придавајќи негативни атрибути на членовите на групите кои живеат таму. Без оглед на тоа колку колонијализмот беше моќен и детерминирачки за земјите од Блискиот Исток, почнувајќи од Мароко до Сирија, Западот генерира негативни слики и ставови за овој дел од светот. Дискусијата во врска со овој регион за стереотипи и предрасуди и религијата се тесно поврзани со перцепцијата за тоа луѓето на Блискиот Исток да бидат сметани како терористи и во таа насока релевантна е работата на Edward Said. Во одредена литература може да наидеме на фактот дека предрасудите не може да претставуваат ништо друго освен продукт на култура, дефиниција исто така релевантна за Блискиот Исток.

Покрај Said-овиот центризам, тој ја понудил неопходната и потребната реакција на колонијализмот и следствено, се смета за еден од првите леви постколонијалисти. Тој ја дискутира врска помеѓу Западот и Блискиот Исток, или третманот кој Западот го дава на Блискиот Исток, нарекувајќи го ориентализам; каде спротивно од ориентализам е оксидентализам. Според Said, ориентализмот потекнува од периодот на Европското просветлување и колонизација на арапскиот свет. Ориентализмот обезбедил рационализација за Европскиот колонијализам, заснован на историја, која му служи на Западот да го конструира Истокот како екстремно различен и инфериорен и токму затоа во голема потреба од помош од Западна интервенција или спас (Said, 2003).

[57] Исто така е сигурно дека и народите од Блискиот Исток имаат свои стереотипи и предрасуди за Западниот свет, главно како супериорен.

Ваквата реакција не само што била неопходна, туку и многу потребна во поправањето на неправдата од минатото како и сегашност, но исто така е многу значајна за отварањето на патот и кршење на тишината за дискусијата која што ги зацементира стереотипите и предрасудите за Блискиот Исоток. Тука дискурсот се движи во друга насока, при што се поставува прашањето - *Дали некој има право да ги евалуира квалитетите и културата како инфериорни, а да ги смета сопствените за доминантни?* Имајќи го предвид контекстот во кој живееме денес, многу заситен со човекови права и демократија како сржни вредности, ова не е прифатливо. Најмалку е прифатливо стереотипна содржина полна со предрасуди да биде споделувана преку каналите на државни институции и официјални медиуми, оттука креирајќи пристрасни наративи во кои многу популарни култури се вистинските. Тоа е спротивно на претходно споменатите вредности, дури и во општества кои себеси се декларираат како демократии.

Како што Западот[58] ја генерираше машината на стереотипи и предрасуди и прошири страв помеѓу луѓето во врска со Блискиот Исток, исто така многу е природно дека и групите од Блискиот Исток имаат формирано одредени ментални слики за Западот. Или пак спротивното, истражувањата покажуваат дека многупати членовите на малцинските групи се однесуваат во согласност со очекуваното однесување според стереотипите и предрасудите, кое мнозинството им го припишува.

Во случајот на Палестина и конфликтот со Израел, Cohen, покрај сите останати перспективи релевантни за овој конфликт, во однос на контекстот го смета трибализмот и неговата надмоќ (Cohen, 2011). Според него, но и базирано на историски факти, се започнало со две племиња. Племињата во овие земји, посебно во Јордан и Палестина се клучниот фактор за социјална и психолошка динамика на интергрупните процеси.

Може да се тврди дека после падот на идеологиите на 20-от век, главно фашизмот и комунизмот се враќаме кон ера на надмоќ на капитализмот и национализмот. Но, во реалноста трибализмот е активна сила насекаде (Cohen, 2011). Според Cohen, постојат две генерални правила: сите хумани групи имаат

[58] Под Запад во однос на регионот на Блискиот Исток се мисли во најголем број на случаи на Велика Британија и Франција и одредени инстанци САД.

тенденција да се идентификуваат како племе и племињата се меѓусебно непријателски расположени со цел да се максимизира нивната контрола врз териториите. Во оваа насока, племето понатаму може да се развие во легално дефинирана национална држава, која ги толерира малцинствата на другите племиња. Во оваа насока, тој ги перцепира Израелците – Евреите и Палестинците како две различни племиња. Иако оваа перспектива е доста релевантна и реалистична, особено во случајот на Либан, потребно е да се земе предвид дека ова истражување се однесува за Блискиот Исток, но целиот пристап дефинитивно не се потпира на концептот на трибализам.

Живеењето во општества организирани во држави веројатно е една од највисоките цивилизациски постигнувањаа, така што, на мапата на Блискиот Исток се забележува колку едноставни и скроени од човек се државните граници. Идеите на колонијалистите пред сто години за новосоздадените држави на Блискиот Исток генерираат постојано насилство оттогаш. Одеднаш, сите етнички и религиски групи кои живееја во рамките на поширок ентитет, кој порано ги обединуваше на овој или оној начин, денес е најголемиот извор на интерни конфликти. Подолу следи анализа на контекстот на Блискиот Исток, со особено внимание на Палестина, Јордан и Либан. Овој анализа има цел да постави основа за истражувачкиот модел.

### 2.4.1. Палестина – Светата Меѓународно Игнорирана Држава

*Пан-Арабизмот кој што не успеа во создавањето на Палестинската држава*

Потеклото на Палестинкиот конфликт е назад во доцниот 19-ти век, кога првите Зионистички населби биле формирани во тогашната Отоманска провинција на Бејрут и санџакот (областа) на Ерусалим (Sayigh, 1997). Комплексната поврзаност на историските процеси во Европа и на Блискиот Исток обезбедиле основа за генезата на овој конфликт. Во комбинација со распаѓањето на Отоманската Империја, заострувањето на борбата за империјалистичка моќ им понуди на Зионистичките и Арапските национални движења можност да ги спроведат своите интереси во алијанса со некоја од големите сили. При примена на националистичкиот дискурс од тоа време, недржавните актери го бараа своето

право на формирање на свои држави врз основа на принципите на Вестфалскиот поредок (Jung, 2004).

Палестина е веројатно најслабата алка од арапските земји кои припаѓаат во групата на Левантот. Социо-политичките околности се тензични и нестабилни од 1948 година официјално, но секако одредени поголеми инциденти и настани се забележани и претходно. Палестина се соочува со необединето и слабо лидерство во однос на многу клучни прашања, вклучувајќи го и начинот на кој конфликтот би требало да биде разрешен, и ова ја прави уште поранлива. Потребната поддршка од арапските земји заостанува, или пак не е во очекуваната мера. Низ годините и декадите Палестинската позиција ослабнуваше, правејќи ја државата поранлива на многу нивоа, на дневно ниво но и во однос на политичкиот живот. Политичкиот контекст е доволно комплексен, така што понекогаш дури и Палестинците не се сигурни дали се движат во правата насока. Она што дополнително ја влошува ситуација е фактот што Палестинците живеат со траума во последните 4-5 генерации, што претставува значаен факт бидејќи конфликтот е активен до денес, и како претставува една од потенцијалните причини за генерирање на потенцијална агресија и насилство во минатото и сегашноста. Од една страна, стереотипите и предрасудите се длабоко вкоренети во Палестинското општество. Најголемата пречка за прогрес во однос на Палестинското прашање е присуството на многу фракции во Палестинското општество. Палестинците се поделени и во однос на тоа која алатка или начин треба да се употреби за овој конфликт да се придвижи кон фазата на разрешување.

Имено, двете воени фракции Фатах и Хамас имаат екстремно различни позиции во однос на пристапот кон резистентноста (или отпорноста) кон Израелскиот режим врз Палестина. Конечно, во 2020 година, после 15 години тие дојдоа до договор за први избори оттогаш. Од друга страна пак, зборувајќи од денешна перспектива, насилство се намали, но сепак постојат одредени индивидуални случаи на насилство на дневна основа. Ваквите настани само уште повеќе ги зацврстија предрасудите кои Палестинците ги имаат за Израелците. Имајќи ја предвид едукативната и културална димензија на конфликтот, децата на рана возраст развиваат стереотипи и предрасуди за Израелците. Контактот помеѓу Израелците и Палестинците е многу редуциран,  најмногу инициран од страна на меѓународни организации. Водејќи ја анализата кон сегашноста (2023 година),

Палестина влезе во уште една екстремно насилна фаза со Израел за време на светитот месец Рамадан. За овој неодамнешен настан, контекстот е светиот месец на муслиманите и со случајноста за протерување на Палестинците од нивните домови во населбата Шеик Џарад, кој се смета за дел од Источен Ерусалим.

Оваа акција од страна на Израелските сили ги поттикна Палестинците да се идентификуваат со болката на нивните сограѓани и се појави страв дека истото може да им се случи и нив во било кој момент. Ова ги мотивираше да излезат на улиците и да протестираат за нивните основни човекови права да ги поседуваат сопствените домови. Израелската реакција беше уште подеструктивна и понатаму се прошири на забрана на Палестинците да ги практикуваат регуларните религиски обичаи за време на светиот месец во светата џамија за Палестинците – Ал Акса. Иако, Израелската страна знаеше дека Ал Акса не е само најсвет објект за Палестинците, туку и за целиот арапско-муслимански свет. Најстрашната инстанца е тоа што Израелската војска влезе во Ал Акса и внатре изврши насилни акти. Бидејќи насилството генерира насилство, ова ја мотивираше и реакцијата на Хамас. Очигледно, конфликтот се соочи со уште еден циклус на насилство, кое само ќе ги продлабочи предрасудите кои веќе ги имаат едни за други, и стравот од страна на Палестинците може да втурне одредени фракции во нова деструктивна фаза. Во овој случај, потребно е осврнување на културно-религиозната димензија која директно не преставува причина за оваа насилна епизода, туку претставува инструмент користен од страна на Израелската страна да го повредат чувството на припадност на Палестинската група кон за нив светиот објект.

Значајно за овој конфликт е дека постои голема асиметрија на моќ и од политичка и од воена перспектива, но исто така и во однос на известувањето од страна на медиумите (особено светските). Овој пат, наративот за Израелско – Палестинскиот конфликт се смени драстично. Постоеја случаи каде официјални влади покажаа поддршка за Израелската страна, што беше веднаш негирано од нивните народи[59]. Во најголем број на случаи имаше масовни и помали протести со поддршка за Палестина. Овој пат глобалниот притисок и про-Палестинската активност беше повеќе видлива. Последната информација во врска со тоа доведе до интервенција од страна на претседателот на САД, но можеби и во Палестинската

[59] Масовни протести беа организрани пролетта 2020 година за поддршка на Палестина и палестинскиот народ, како на пример во САД и други големи европски градови.

стратегија за нивната резилиентност и наративот за нивниот конфликт да се дознае колку што може повеќе во светот. Подолу е прикажана фотографија која ја направи авторката во 2014 година во Источен Ерусалим и истата смета дека има големо симболично значење односно функција.



**Слика 1.** Источен Ерусалим, Палестина[60], декември 2014 година

Категориите не постојат во изолација (Abrams & Hogg, 1998).

### 2.4.2. Контекстот во Либан- Раскрсницата меѓу Блискиот Исток и Европа (Домот на многумина и никому)

*Кога си во сомнеж, само бомбардирај го Либан*

– Чарли Глас, - Дејли Стар (2000)

Дискусијата за Блискиот Исток не би била целосна доколку не се земе предвид улогата и судбината на Либан. Ова е една од оние земји каде луѓето живеат во константна форма на насилство од нивната независност отколку во соживот и мир. Дополнително, Либан е препознатлива како единствената земја на Блискиот

[60] На сликата во преден план е фотографиран Ортодоксен Евреин водејќи ја својата ќерка за рака низ Источен Ерусалим, а веднаш зад нив чекори група на тинејџерки (веројатна возраст 16 години) вооружени со тешко оружје како дел од редовна задолжителна воена обука на младите Израелки.

Исток каде што општествените проблеми може да се дискутираат јавно, што не е случајот со некои од нејзините соседни земји, каде што критицизмот кон владата не е општествено прифатлив дури и казнив, а слободата на говор е на многу ниско ниво.

Токму поради оваа слобода на говор, Либан стана плоден терен за решавање на проблемите на соседните земји, кои не можат да ги решат истите на сопствено тло. Голем број на бегалци од Сирија и Палестина живеат со декади во Либан, користејќи ја либанската гостопримливост и територија за спроведување на нивните групни агенди.

Како и преостанатите пет земји во ова истражување, Либан бил под Отоманска власт со векови[61]. Ослободувањето на Либан од Отоманската Империја се случува кога формирањето на држава на Блискиот Исток станало задолжително после Првата Светска Војна од страна на Британија и Либан како исклучок во тој регион бил директно под одговорност на Франција.[62] Следствено, Либан станува држава откако Франција ја превзема власта во периодот после 1921 година.

Периодот од 25 години кога со Либан управуваше Франција се опишани од многу автори и поединици како подобрите времиња, кога религиозните судири биле сузбивани и позитивни промени се случувале генерално во јавниот живот. Заедничко за сите пост-Отомански земји е развојот на одредени националистички движења и Либан не беше исклучок. Либан ја доби својата независност од Франција во 1943 година.

Многумина тврдат дека од превземањето на власта од страна на Франција во 1921 година потекнува поголемото чувство за слобода во либанското општество и поради самиот факт дека е единствената христијанска држава до тоа време но, и денес во тој регион. Нормално, опкружена со држави со популација која е

[61] Ситуацијата со Западен Балкан не е многу поинаква во историска смисла во однос на интерггрупните конфликти.

[62] Кога се основала Либан како држава, Франција била главниот актер во процесот и тогаш само христијанското малцинство било земено предвид за консултација. Многу експерти денес коренот на тековниот конфликт  помеѓу христијаните и муслиманите и нивната борба за превласт во општеството го наоѓаат токму во овој почеток на Либанската држава. Како факт, Либан од своето основање секогаш се потпирал на Франција во тешките времиња,  воопшто на Француската култура. Денес исто е многу присутна и влијателна во либанското општество.

доминантно муслиманска, иако со различна етничка припадност, каде што општествените норми, вредности и закони се засновани на исламските вредност, Либан се смета за вистински исклучок во тој регион.

Либан би требало да претставува огледало за опкружувачките земји, чии жители заминуваат во Либан, тогаш кога почнуваат да се чувствуваат немоќно во сопствените земји, не поради поквалитетниот живот, туку поради можноста за подобро функционирање од Либан. Оваа групна идентификација го прескокнува арапскиот свет – а го стимулира пан-арабизмот, истакнувајќи дека сите Арапи генерално се муслимани и дека не треба да постои исклучок на Блискиот Исток во таа смисла. Оваа визија за пан-арабизам всушност значеше единство на сите Арапи и дека државите се само вештачки продукти. Пан-арабизмот и неговите националисти ја создадоа Лигата на Арапите, која не успеа да ги исполни зацртаните вредности и цели. За на крај, да послужи само за задоволување на државно-индивидуалните потреби на другите земји.

Како што Khalaf пишува во воведот на неговата книга, во поголемиот дел од неговата проверена политичка историја, Либан е поврзан со три навидум нерешливи отстапувања: долготрајно и раселено непријателство, повторно разбудени комунални солидарности и опсесивна зависност од често потчинување на надворешно покровителство или странска интервенција (Khalaf, 2002). По златната доба во Либан, недостатокот на одржливост на новонастанатото Либанско општество живо и функционално – Либан заврши во цивилна војна која траеше од 1975-2002 година. Од тогаш наваму, Либан живее во некаков константен вид на насилство.

Она што граѓанската војна го остави како наследство е нормализација на насилството, хаотични интергрупни релации и апсолутен страв. Ниту едно, понудено решение не донесе траен мир и секогаш една или повеќе различни заедници се радикализираа. Така што, појава на насилство секој пат беше случај. Друга перспектива на ова долготрајно насилство, релевантна за истражувањето се психолошките последици, кои ретко кога биле споменувани и истражувани.

Периодот на повоен Либан (1996 год.– 2006 год.) го истакнува присуството

на Rafic al-Hariri[63], кој го водеше Либан по војната и донесе промени кои го унапредија либанското општество во политичка и економска смисла. Овој мозаик на насилство и злосторства продолжи да се одвива меѓу Израел и Либан во 2006 година, а подоцна во 2013 година Хезболах влезе во сириската војна со поддршка на режимот на Bashar al-Asad.

Во 2018 година Хезболах за прв пат доминираше на изборите. Откако преговорите за составување на новата влада траеја до 2019 година, незадоволството кај народот растеше и граѓаните излегоа на протести на улиците со цел да го изразат своето длабоко незадоволство за корумпираниот нефункционален политички систем, а со тоа и општеството. Меѓутоа, во текот на 2020 година се случија последователни застрашувачки настани со експлозијата во Бејрут, која практично го уништи пристаништето и резултираше со огромни човечки, материјални и физички жртви. До сегашниот момент, Либан се уште не е стабилна; напротив, тоне уште подлабоко во сиромаштија, корупција и длабока инфлација.

Наместо да биде извор на збогатување и културна разновидност, малиот плурализам во кој некогаш уживаше земјата, сега генерира големи остатоци од параноја, непријателство и диференцијални врски. Оваа распространета „географија на стравот" и предиспозицијата на загрозените и раселените групи да се преселат во затворени и хомогени заедници, служи само за да се нагласи оддалеченоста и рамнодушноста кон „другиот" (Khalaf, 2002).

Додека таквите, повторно разбудени заеднички солидарности обезбедуваат засолниште, потребната социо-психолошка поддршка и пристап до благосостојба, придобивки и привилегирачки мрежи, тие исто така го зголемуваат и зајакнуваат интензитетот на непријателството кон групите кои се сметаат за различни. Иако отворените борби и војните моментално беа прекинати, земјата и понатаму е преполна со сомнителни, немилосрдни и непростливи обвинувања. „Либанизацијата" е сведена на грда метафора неселективно употребена од

[63] Тој одиграл значајна улога во Таиф Договорот кој што стави крај на цивилната војна во Либан. Тој беше против присуството на Сирија на териториите на Либан, во 2005 тој беше убиен во масивен напад од кола во Бејрут.

сензационални новинарски сметки и медиумски звуци. Понекогаш тоа не е ништо повеќе од алегорична фигура на говор; обичен збор за измислување слики на гротескното и неискажаното (Khalaf, 2002). Во прилог на овој концепт на либанизација оди и нормализирање на бестијалноста и вграден страв во колективните чувства.

Иако многу автори не се задоволни со интернализацијата на поимот *либанизација* од страна на академскиот свет[64], сепак ова денес се случува се почесто; дури и францускиот речник Ларос го користи како дел од својата терминологија за општествени науки – воведен во францускиот јазик. Овој термин се објаснува и како процес на фрагментација и истиот може да се смета како алтернатива на *Балканизација*.[65] Освен терминот либанизација, често се користи и терминот *бејрутизација*. Се случува овој термин да биде поистоветен и со контекстот во С. Македонија во политичкиот дискурс, земајќи го Бејрут како неуспешен пример за етничка и религиска разновидност, која што не е добро менаџирана од страна на државните актери и самата држава[66]. Во одреден период насилството кое се случи во Либан, се споредуваше со злосторствата и непријателството на Хитлер, злосторствата во Босна итн.

Rupesinghe оди подалеку од ова широко наративно ниво, доделувајќи го атрибутот на „либанизација" на концепт кој се однесува на „ситуации во кои државата ја изгубила контролата врз законот и редот и каде што многу вооружени групи се борат за власт" (Rupesinghe, 1992). Како што Khalaf цитира во неговата книга, војната едвај траеше една година кога активстот Fuad Faris во Организацијата за Комунистичка Акција и дел од левата алијанса на Либанското Национално Движење (ЛНД), веќе тврдеше дека палестинското прашање објасни

[64] Главно многумина од Блискиот Исток, но во последната декада овој поим често се користи и во контекстот на Западен Балкан да се илустираат настаните.
[65] Пристапено на 30/6/2021Définitions : libanisation - Dictionnaire de français Larousse
[66] Во контекстот на тенденцијата на- *изација* јас го дискутирам тековниот дискурс во македонското општество. Многу често, политички партии со лева ориентација прават паралела со бејрутизација, како опис за тоа во која насока се движи македонското општество во последните децении.

многу од она што се случи во Либан. Ова не е толку поради тоа што Палестинската ослободителна организација (ПЛО) беше еден од главните протагонисти за време на вистинските борби, туку повеќе затоа што палестинското прашање останува еден од столбовите што ја затвораат внатрешната либанска ситуација во нејзиниот надворешен контекст (Khalaf, 2002).

Либан отсекогаш била културна и географски атрактивна локација во Блискиот Исток, како што Mackey тврди: *"Речиси преку ноќ Либан се најде како главна попатна станица на нафтената рута помеѓу Персискиот Залив и Европа"* (Mackey, 1989). Оваа перцепција е една од многуте квалитети што оваа земја ги генерира и ги поседува од нејзината независност, без разлика на етничката припадност. Всушност, либанската широка култура е доминантна на Блискиот Исток, така што од Либан доаѓаат големи културни имиња и ремек-дела од литературата и музиката. Во прилог на овој аргумент е што, при посетата на Бејрут по експлозијата во 2020 година, француското претседател ја посети и арапската музичка икона Фајруз[67] како релевантна и високо почитувана личност во либанското општество и пошироко во целиот арапски свет. Веројатно овој културален и интелектуален успех се обидува да направи баланс во општество исполнето со насилство, страв, и непријателство.

Муслиманскиот договор се состоел од тоа дека Либанците историски не преставуваат сами по себе нација, како што христијанскиот политички естаблишмент тврдел дека е тоа е случајот, но како дел од една поголема арапска нација, чија територија е историски признаена од Арапска Сирија. Дотолку што, муслиманската страна во Либан продолжи да негодува за христијанската контрола на либанскиот политички систем, што ја поттикна да ги опструира политиките на

[67] Фајруз е православна христијанка – но нејзината вера никогаш не претставувала пречка за целиот регион на Блискиот Исток па и пошироко во целиот Арапски свет. Нејзините песни се арапската химна за арапскиот свет. Посебно во Јордан, Палестина и Либан. Утрата во овие земји започнуваат со музиката на Фајруз. Интересно е како една православна христијанка успеа да го обедини арапскиот свет преку нејзините песни. Таа никогаш не учествувала во политичкиот дискурс и не заземала страна. Но, нејзиното влијание дури и во политичките кругови е големо.

државата на секој чекор. Муслиманите во Либан, како и во остатокот од арапскиот свет, ја разбраа природата на оваа посебна христијанска либанска позиција, но не сакаа лесно да ја признаат нејзината валидност.

Тие обично се расправаа против нивното подобро знаење и проценка дека стравовите на нивните христијански сонародници се замислени наместо реални. Ова муслиманско-христијанско недоразбирање  лежи во коренот на либанскиот национален конфликт, а со тоа и на граѓанската војна во земјата, која останува нерешена до 1988 година. Денес, оваа држава опстојува во состојба на т.н. сложувалка – популација од муслимани и христијански секти, со христијаниска и муслиманска страна грубо во еднаква ефективна моќ. Денешните граници и се доделени од страна на Франција во договор со Британија, со мандат од тоа што тогаш беше Лига на Нациите (Salibi, 1988).

### 2.4.3. Хашемитското Кралство Јордан – Оаза на Мирот на Блискиот Исток

Јордан е познат како лидер и една од најстабилните и најбезбедни држави на Блискиот Исток. Нејзиното политичко лидерство под водство на Кралот Абдулах Втори Ал Хусеин е признаено како конструктивно, со воспоставување дипломатски врски со меѓународните сили на многу балансиран начин. Покрај одржувањето на позитивна репутација помеѓу арапските земји, Јордан уште е позната и како про-западно ориентирана држава, која најпрво ги отвори вратите за палестинските бегалци, а во последната декада константно добива нови бранови и на сириски бегалци. Јавната перцепција е дека бегалците ги намалуваат можностите за Јорданците. Ова констелација на фактори креира одредена динамика помеѓу групите кои што живеат во Јордан.

Една предност на генералната општествено – политичка, а подоцна и психолошка атмосфера во Јордан е толеранцијата помеѓу различните религиозни групи. Иако припаѓаше на Леванатот во минатото па дури и денес, Јордан стана засолниште за арапските Палестинци, кои денес се државјани на Јордан, Сиријци, Ирачани, Друзи, грчкото малцинство итн. Постои голема прифатеност на Палестинците и Сирijците во јорданското општество, така што палестинската траума е на некој начин трансферирана како колективна траума на целото

општество. Од социјално-психолошка перспектива, постои високо ниво на емпатија за страдањето на Палестинците од страна на целокупното јорданско општество.

Неодамна, Хашемитското Кралство се соочи со внатрешна и безбедносна криза поради заговорот на државен удар против Кралот од страна на неговиот полубрат. Кризата беше разрешена интерно, зад затворени врати – далеку од јавноста, во рамките на кралското семејство. Но, овој настан сериозно го размрда Блискиот Исток, но и најголемите сојузници на Јордан како што САД, Саудиска Арабија и Израел. Улогата на Јордан за стабилноста во регионот е круцијална. Како што Al-Omari и Saltof (2021 година) тврдат во нивната анализа по повод настанот со државниот удар – овие настани ги потсетија многу главни градови дека домашните настани во Јордан може да играат значајна улога за регионалната безбедност. Сепак, оваа земја останува стабилизирачки фактор, иако одредени практичари го тврдат токму спротивното.

На пример, Schenker во неговата анализа на државниот удар кој накратко го дестабилизираше Јордан, тврди дека најголемиот проблем со кој Јордан се соочуваше за време на пандемијата (и дури допрва ќе следат последиците) се сиромаштијата и економската ранливост.[68] И покрај ова, очигледно е дека Јордан одржува квалитетни дипломатски врски со Израел како еден исклучок за Блискиот Исток[69], заедно со Саудиска Арабија. Зборувајќи повторно во термините на коцептот на трибализм на Choen – во Јорданското општество племињата имаат витална улога, до толку што тие индиректно ги детерминираат групните процеси.

Со државниот удар, на површина се појавија и незадоволството на одредени племиња од владеењето на Кралот. Релевантно за ова е јавниот страв да се зборува.[70] Прегледот на медиуми од Блискиот Исток и одредени меѓународни

[68] David Schenker: Jordan Remains a "Great Asset of Stability" in the Middle East :: Middle East Forum (meforum.org) Пристапено на 6/22/2021 година.

[69] Во последните години во клубот на Јордан во однос на Израел се приклучи и Саудиски Арабија, пред се од бизнис интереси.

[70] Добивањето испитаници или интервјуирани лица од Јордан (но исто и од Либан и Палестина) беше исклучително тешко. Десетици индивидуи беа контактирани од страна на авторката за согласност за интервју и за одговарање на прашалникот, но 99% од фидбекот откако имаа увид во прашалникот беше дека тоа не е релавантно за Јордан. Понатаму, дека нема потреба од таков вид на истражување и најдобро Јордан да го исклучам од истражувањето, или пак немаше никаков одговор. Овие одговори добиени за Јордан се од на лица со богато меѓународно искуство, кои не живеат постојано таму и чија егзистенција не зависи од таму.

медуими покажа дека кај луѓето постои страв да ги кажат нештата јавнотие може да зборуваат само со скриен идентитет. Оттука, следи импресијата дека постои генерално јавно незадоволство во однос на актуелните политики и економската ситуација низ која земјата минува после еден век од нејзиното основање.

*Дали Палестинците во Јордан се бегалци со право да се вратат во својата татковина еден ден или тие се Палестински Јорданци?*

Истражувањето во однос на ова прашање е поткрепено со застапеноста на Палестинците во Јордан.[71] Ова прашање е асоцирано со прашањето дали Јордан е всушност (втората) Палестинска држава. Тоа е предложено од страна на Јорданските Палестинци, а еден од нив е Mudar Zahran. Во неговата анализа за настаните во Јордан поврзани со Палестинците, тој смета дека оваа опција или идеја е начин за мир помеѓу Израел, Палестина и Јордан.[72] Критиката од страна на академците и експертите е насочена кон систематска дискриминација против Палестинците во Јордан, бидејќи тие го сочинуваат мнозинството од популацијата во Аман и За`ара – двата најголеми градови во Јордан. Пред доаѓањето на палестинските бегалци, Јордан главно бил населен од бедуини во пустинските области. Дури иако Палестинците конституираат значајна пропорција од јорданската попупација, ним е стриктно забрането да имаат воени позиции и останати државни работи.

Ова е навистина игнорирачки, фрустрирачки и директно дискриминирачки за Палестинците, кои се обврзани да плаќаат повиски даноци од кои што дефинитивно немаат и повисок бенефит.[73] Критиката се однесува директно на режимот на кралот Абдулах кој денес е бледа фигура на она што бил неговиот татко. Луѓето во Јордан независно од нивната националност очекуваа повеќе демократски реформи, покрај главното достигнување на државата-да се одржи

[71] Иако не може да се наиде на вакво истражување (впрочем многу тешко е да се наиде на било какво истражување во врска со Јордан директно), се тргнува од претпоставката дека про-кралската поддршка од страна на Палестинците може да е поврзана со општествениот статус кој палестинците го имаат во Јорданското општество. Можеби ова треба да биде тема на засебно истражување.
[72] Линк до анализата: Jordan Is Palestinian :: Middle East Quarterly (meforum.org) – Пристапено на 6/23/2021.
[73] Ваквите изјави беа потврдени и од страна на еден од соговорниците кој се декларира како Јордански Палестинец.

мирот. Исто така, присутно во политичкиот дискурс е Исламското Братство, која е лојална опозиција на Кралот многу години. Ова отвора друг, безбедносен страв за Јорданците, бидејќи оваа политичка партија низ времето имала различни афилијации со различни терористички организации.

Дополнително, помеѓу племињата на периферијата постојано се случуваат спорови, така што, настрана од пустинската оаза опкружена со Ерусалим, Мртвото Море, Израел, Либан, Сирија и Саудиска Арабија, Јордан е сад под притисок. Слични настани во регионот не траеја кратко и не беа пропратени со демократски промени. Сепак, реформи се неопходни во Јорданското општество, и за нив повикуваат опозицијата и племенските лидери. Племенските лидери особено го застапуваат враќањето на нивните имоти на обичниот народ и редуцирање на моќта на монархот, особено во процесот на назначување на владини службеници. Тие сметаат дека народот е тој кој што треба да ги избира. Постојат и одредени племиња со малку поекстремни лидери, кои строго се спротивставуваат на монархијата и сакаат Јордан да стане република. Дискурсот во врска со станувањето на Јордан република не е нешто што смее и што се разговара јавно, иако тоа може да доведе до поголема либерализација на јорданското општество.

# *IV*
# *ХИПОТЕЗИ*

## 1. ОПШТО ОБЈАСНУВАЊЕ НА ХИПОТЕЗИТЕ

Двете главни хипотези на ова истражување се:

*1.СПР има негативно влијание врз разрешување на конфликтите во Западен Балкан - Северна Македонија, Косово, Босна и Херцеговина;*

*2.СПР има негативно влијание врз разрешување на конфликтите на Блискиот Исток – Либан, Палестина и Јордан.*

Во најголем број на случаеви квалитативните истражувања но и особено мултипни холистички студии ги изоставуваат хипотезите, бидејќи целта на оваа анализа во најголем број на случаеви не е да се тестира одредена врска туку да се даде детално објаснување, да се надогради теоретската рамка во врска со истражуваната тема и да се стекнат специфични увиди во врска со истата. Во овој случај, генерирани се две главни истражувачки хипотези кои што служат како референтна насока за тоа во која насока се движи анализата, иако не се исклучуваат и нови увиди и објаснувања. Што впрочем е функцијата на оваа анализа. При анализа на главните хипотези, следат истражувачките прашања, кои ја детерминираат структурата на оваа квалитативна анализа.

Одговорите на следните прашања, понатаму, ги даваат резултатите од ова истражување:

- Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на разрешувањето на конфликти во Западен Балкан?
- Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на разрешувањето на конфликти во Северна Македонија?
- Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на разрешувањето на конфликти во Босна и Херцеговина?
- Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на разрешувањето на конфликти во Косово?

- Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на разрешувањето на конфликти на Блискиот Исток?
- Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на разрешувањето на конфликти во Палестина?
- Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на разрешувањето на конфликти во Либан?
- Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на разрешувањето на конфликти во Јордан?

Врз основа на истражувачките прашања, се поставуваат следните истражувачки цели:

1. Да ја проучи улогата на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупни конфликти од социошки и социјално-психолошки аспект: понатаму, да спроведе анализа за тоа како СПР влијае на интегрупниот конфликт во земјите од Западен Балкан и Блискиот Исток;
2. Да се создаде истражувачки модел за проучување на улогата на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупни конфликти;
3. Да се тестира моделот на шест случаи со интергрупен конфликти во Западен Балкан и на Блискиот Исток;

## *V МЕТОДОЛОГИЈА*

### 1. ИСТРАЖУВАЧКИ МЕТОДИ И ОПИС НА МУЛТИПНА ХОЛИСТИЧКА СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

Истражувањето на влијанието на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупните конфликти е широко истражувачко поле. Овој процес има потреба од користење на различни научни методи во истражувањето. За да се истражат различните видови интергрупни конфликти на Блискиот Исток (Палестина, Либан и Јордан) и Западниот Балкан (Босна и Херцеговина, Косово и Северна Македонија), *се применува квалитативниот метод* примарно. Потоа во компартивната анализа помеѓу државите и двата региона се спроведува мешана методологија за анализа на податоците. Прво и основно се насочува кон собирање на различни видови индикатори поврзани со овие конфликти. Мерењето на квалитативниот метод на оваа работа, заземаат огромна улога во случајот со влијанието на стереотипите, предрасудите и религијата.

Главниот квалитативен аналитички метод во оваа студија е мултипна холистичка студија на случаи – шест случаи. Индукција е употребена како истражувачка стратегија за анализа, додека како техника за анализа е избрано градење на објаснување. Многу бази на податоци се користат од различни веб-страници на официјални организации, национални и меѓународни. Според тоа, употребата на *ИТ методот* е од големо значење во текот на ова истражување. Анкетите, базите на податоци, интервјуата и нивните транскрипции деновиве се почесто се прават преку ИТ методот. ИТ е метод кој помага да се соберат сите информации кои се од огромно значење за да се дојде до конечните резултати и заклучок од ова истражување.Затоа, со користење на ИТ, податоците се добиени од различни on-line веб-страници, интервјуа, анкети, беа спроведени онлајн. За потребите на оваа квалитативна мултипно-холистичка анализа се користеше софтерот Dedoose.[74]

[74] https://www.dedoose.com/

## 1.1.Метод на мултипна холистичка студија на случаи

### 1.1.1. Теоретска рамка на метод на мултипна холистичка студија на случаи

Оваа истражувачка студија има логично-научна и холистичка перспектива, и го имплементира методот на мултипна холистична студија на случаи. Според дефиницијата, студија на случај претставува емпириски метод кој истражува современ феномен (случај) во неговата длабочина – детали во неговиот реален-светски контекст, посебно кога границите помеѓу феноменот и контекстот не се јасно видливи. Со други зборови, студија на случај се спроведува поради желба за разбирање на случајот и претпоставка дека таквото разбирање е многу веројатно да вклучи важни контекстуални услови трајни за случајот (Yin & Davis, 2007). Следствено, целта на студијата на случај е да има доволен нацрт како хипотетска приказна, во врска со тоа зошто одредени дејства, настани, структури и мисли се случуваат. Овде случаите не се третираат како примероци, туку како можност која дава емпириско светло на одредени теоретски концепти или принципи. Парадоксално, студијата на случај истовремено ни кажува каде да гледаме, но исто така не воздржува од гледање (Yin, 2018).

Многу истражувачи се привлечени од овој метод, бидејќи сметаат дека студија на случај всушност е едноставно истражување. Во реалноста, барањата на студија на случај на интелектот, егото, и емоциите е далеку поголем од оние на било кој друг истражувачки метод. Ова е бидејќи процедурите за прибирање на податоци не се рутинизирани. Имајќи ја предвид неговата сложеност, но и бројните недоразбирања поврзани со овој истражувачки метод, многу често испреплетен со наставни студии на случај, понекогаш со себе носи скептицизам помеѓу научната заедница. Денес, овој метод е значително напреден и развиен и го наоѓа своето гарантирано и заслужено место во научната заедница. Исто така, присутна е и предрасудата дека е помалку научна, како што впрочем е и секоја предрасуда во својата природа - погрешна перцепција или недоразбирање. Според прегледот на најновите трендови и услови за истражувачкиот метод на студија на случај, одлучено е методологија на оваа истражувачка студија да биде заснована на теоријата на R.Yin. Тој претставува водечки современ пост-позитивистички автор и практичар на методот на студија на случај.

Методологијата за овој труд се базира на неговата литература за имплементирање на мултипни студии на случај со добар квалитет. Според R.Yin, *"За овој метод потребен е искусен истражувач, потребни се вештини и преставува повеќе од тоа да биде повик или одговор на егото"* Добро обучениот и искусен истражувач е потребен поради постојната интеракција помеѓу проблемот кој што се истражува и податоците кои што се прибираат. (Yin, 2018).

Дизајнот на мултипна-студија на случај следи аналогна логика. Секој случај потребно е да е внимателно избран така што индивидуалните студии на случај може да предвидат слични резултати преку доследна репликација или предвидуваат спротивни резултати, но поради предвидени причини (теоретска репликација).Способноста да се спроведат 6-10 индивидуални студии на случај, ефективно подредени во рамките на мултипна студија на случај е аналогна на способноста да се спроведат 6-10 експерименти на слична тема, што всушност е и целта на оваа студија, преку вклучување на шест студии на случај (6 земји од 2 региона).

Секоја мултипна студија на случај треба да го следи принципот на реплицирање, а не формирање на примероци; токму затоа е потребен внимателен избор на секој случај. Мултипна студија на случаи може да се состои од мултипни холистички случаи или мултипни вградени случаи (Yin, 2018). Следствено, секоја индивидуална студија на случај во рамки на генералната студија на случај како еден случај сеуште може да биде холистичка или пак да содржи вградени субединици. Случаите треба да се служат на начин исто како мултипни експерименти со слични резултати (доследна репликација) или пак спротивставени резултати (теоретска репликација) експлицитно предвидена на почетокот на истражувањето[75].

Холистичката карактеристика на случаите кои се истражуваат претставува суштинска карактеристика во истражувањето на студија на случај. Целта е да се разбере случајот, неговиот начин на функционирање, и видот на интеракција со реалниот свет, т.е. контекстуалното опкружување.

---

[75] Кога вградениот дизајн е користен, секоја индивидуална студија вшусност може да ја вклучи колекцијата и анализата на квантитативни податоци, вкучувајќи ја употребата на анкети за секоја студија

Како што Yin тврди, погрешен е ставот дека случајот може да биде опишан како сет на варијабли – т.е микроелементите, пр. демографскиот профил на случајот, и дека колекција на варијабли може да дефинираат случај. Спротивно на тоа, релевантниот холизам е над едноставното собирање на микроелементи (Yin, 2018).

Методот на студија на случај е преферирaн кога релевантни однесувања не може да бидат манипулирани и кога целта е истражување на современ настан/сет на настани (флуидна претстава на непосредно минато и сегашност, не само на сегашноста). Притоа, прочувањето на случај е уште порелевантно доколку прашањата бараат екстензивна, длабока дескрипција на одредени општествени феномени. Ова е уште еден аргумент во полза на оправданоста на употреба на овој метод за истражувањето. Кога истиот е насочен кон појавата на одреден општествен феномен во одреден социо-психолошки контекст, неизбежно е поставувањето на прашањето како наместо зошто.

Потпирајќи се на теоријата за студија на случај како метод, во првата фаза како истражувачка техника се користат наративни интервјуа. Првичната идеја е да се генерираат наративи од два различни региона и да се добијат детални информации поврзани со СПР во интергрупните процеси (конфликти) во конректен контекст. Одлуката за употреба на наратив како истражувачка методологија е со цел добивање на најдобрите информации – секвенции, кои ќе дадат нови информации во врска со стереотипите, предрасудите и религијата.

Идејата е да се синтетизираат наративи и стекнат увиди кои што може да влијаат на актуелната ситуација на интервјуираната група или нејзините членови, на нивните лични чувства и искуства за стереотипи, предрасуди и религија во контекстите во кои што тие живеат.Ваквата поставеност дозволува научен скрининг на контекстот преку очите и искуството на интервјуираните индивидуи. Во тој случај, секоја студија на случај се заснова на два извори на докази кои не се вообичаени дел од конвенционалниот историски репертоар: директна опсервација на настанот кој што се проучува и интервјуа на личностите кои сеуште можеби се дел од овие настани.

Иако студија на случаи и историите може да се поклопат, уникатната сила на студија на случај е нејзината способност да се справува со разновидни докази – документи, артефакти, интервјуа и директни опсервации. Притоа, истражувачот треба да биде квалификуван и способен да идентификува одредена ситуација во која специфичен метод би имал одредена предност, преку преглед на претходните истражувања, со цел да се стекне со увид и поконкретни прашања во врска со истражучката тема (Yin, 2018). Во студијата на случаи, оваа нишка е современт сет на настани врз кои истражувачот има мала или нема воопшто никаква контрола.

Она што го прави методот на студија на случај сложен и нелинеарен за научно истражување е непостоењето на масовен консензус во научната област за структурата на студијата на случај, т.е. недостатокот на конкретни истражувачки модели, со цел истражувањето да биде признато како научно. Сепак, основната трилогија за студија на случај како формален истражувачки метод: метод на студија на случај (начинот на истражување), студија на случаи (методот на истражување или истражувачкиот метод користен за спроведување на студија на случај) и случа(ите) (вообичаената единица на истражување во студија на случај). Суштината на студија на случај е дека таа се обидува да ја расветли одлуката или пак група на одлуки: зошти истите биле донесени, како биле имплементирани, и со каков резултат (Schramm, 1971).

Квалитативната компаративна анализа (ККА) претставува методолошки пристап базиран на случај, кој вклучува дефинирачки патеки на варијаблите внатре во самата студија на случај и потоа креира типологии на случај – пред правење на вкрстени споредби на случаи. ККА е сеуште на границата, и останати пристапи сеуште треба да одржуваат доволна холистичка ориентација во дефинирањето на погодна патека од варијабли. Друго спростивставено гледиште пак, тврди дека истражувањето на случај може да се одвои од квалитативното истражување. Студиите на случај треба да следат истражувачка процедура како во идентификување на случајот кој треба да се проучи, така и во неговото дефинирање, заедно со бројни други процедури (Yin, 2018). Зборувајќи за студијата на случај како научен истражувачки метод, неизбежно е да се споменат и епистемиолошките ориентации, кои можат да бидат соодветени за овој истражувачки метод.

На пример, истражување на студија на случај може да биде ориентирано кон реалистична перпсектива што значи дека постои само една реалност која што е незвисна од било кој набљудувач (Yin, 2018). Исто така, студијата на случај е релевантна и за релативистичката – конструктивистичка епистемиолошка ориентација, која преовладува во ова истражување, посебно со теоретската позадина, земајќи го предвид постоењето на мултипни реалности. Всушност, многу автори сметаат дека студијата на случај може навистина да биде успешна во релативиситчката перспектива (Boblin et al., 2013).

Со спроведувањето на релативистичка перспектива, потребно да е се употреби и конструктивистичкиот пристап во дизајнот и спроведувањето на студија на случај, притоа опфаќајќи ги сите перспективи од различни учесници и фокусирајќи се на нивните различни значења, кои може да дадат ново светло на студијата. Постојат две варијации на дизајнот на студија на случај - една и мултипни студии на случај (Stake, 2005). Мултипната студија на случај има дистинктивни предности и недостатоци во споредa со една студија на случај. Доказите од мулитпната студија на случај често се сметаат за повеќе научно привлечни, и токму затоа мултипната студија на случај се смета за посилна (Herriott & Firestone, 1983).

Во студијата на случај како истражувачки метод, експериментите може да се генерализираат до теоретски претпоставки, но не на популации или универзуми. Следствено, ниту студијата ниту случајот не преставуваат репрезентативни примероци. Во тој случај, целта на студијата на случај е проширување или генерализирање на одредени теории (аналитичка генерализација), а не екстраполација на веројатности (статистички генерализации). Иако идејата е генерализација, сепак студијата на случај не може да ја надомести употребата на останати статистички методи (Yin, 2018).Постојат шест основни извори на информации во студија на случај: документација, архивски документи, интервјуа, директни опсервации, опсервација на учесници и физички артефакти.[76]

[76] Yin понатаму истакнува дека комплетната листа на релевантни извори за студија на случај може да се продолжи – да вклучи филм, фотографии, видео ленти, проективни техники и психолошки тестови; улична етнографија и животни истории кои што го прават побогат овој истражувачки метод бидејќи останати методи не нудат таква разновидност во смисол на извори и многу често овие извори даваат значителни податоци во врска со истражуваната тема

Корисен преглед на сите главни шест извори ги детерминира силните и слабите страни на истражувањето (Yin, 2018). Интервјуата во студија на случаи подразбира водени разговори повеќе отколку некое структурирано испитување. Текот на прашањата на истражувачот треба да биде флуиден отколку ригиден (Rubin & Rubin, 2012). Овој вид на интервју алтернативно се нарекува интензивно/длабинско/неструктурирано интервју (Yin, 2018). Идејата за мултипни извори на докази во студија на случај е поврзана со основниот мотив за нејзино спроведување - да се спроведе длабока студија на феномен во неговиот реален свет – контекст, т.е студија која ќе биде и контекстуална – контекст кој потенцијално вклучува настани во одреден временски период – значи прибирање на разновидни и релевантни информации и оттука потпирање на извори (Yin, 2018).

Кога се спроведува студија на случај главната дилема е дали ваков тип на истражување ги овозможува истражувачките принципи како валидност и релиабилност.[77] Постојат многу нивоа или инстанции на кои студија на случај може да биде спроведена. Многу дескриптивни студии на слуачи се справуваат со ситуациите на прашањето како нештата се одвиваат или случуваат. Јин тврди дека доколку студија на случај не содржи како и зошто прашања – таа студија има за цел да документира одредени општествени трендови во одредено соседство, град или држава (и есенцијално поставувајќи го што прашањето) – доаѓањето до аналитичка генерализација би можело да биде навистина тешко. Целта на релеабилноста е да се минимизираат грешките и пристрасностите во студијата.

---

[77] Како што Yin тврди истражувачкиот дизајн е наменет да презентира логички сет на изјави, исто така може да се суди за квалитетот на дизајнот според одредени логични тестови како што е конструктивната валидност (да се идентификуваат коректните операционални мерки за концептот кој се проучува), потоа интерната валидност (за експланаторни или каузални студии, или за дескриптивни или експлоративни), екстерна валидност (да се покаже дали и како резултатите од студијата може да бидат генерализирани и релеабилност (демонстирајќи ги операциите во студијата – како на пример процедурите за прибрање на податоци – дали може да се повторат со истите резултати).

### 1.1.2. Аналитички генерализации

Бидејќи идејата на студијата на случај не е креирање на статистички генерализации, туку примена на научените лекции во формирање на работна хипотеза (Cronbach, 1975), за да бидат употребени во реинтерпретирање на резултати на постоечките студи на друга конкретна ситуација (на пример, студија на случаи или експерименти). Целта на аналитичката генерализација е да се генералзира до овие останати или други конкретни ситуации, а не само апстрактно градење на теорија. Друг круцијален факт во врска со истражувањето на студија на случај е дека генерализациите, принципите или научените лекции добиени од студија на случај потенцијално може да се применат на разновидни ситуации, без било каква конректна или строга дефиниција за хипотетска популација на слични случаи, претставени од страна на оригиналнот случај (Bennett, 2010). Всушност, аналитичката генерализација може да биде заснова на потврдување, модифицирање, одбивања или поинаку унапредување на теоретски концепти кои што авторот ги референцирал во дизајнот на студија на случај или на нови концепти кои може да се појават по спроведувањето на студијата на случај. Импликациите од аналитичката генерализација на истражувачот може да води кон поголем увид за тоа како и зошто прашањата – истражувачот кои ги постави на почетокот на студијата на случај (Yin, 2018).

Процесот на инференција при студија на случај е поинаков и во тој случај ние не размислува за примероци или варијабли; наспроти, ние гледаме низ призмата на студијата на случај или мултипна студија на случај. Во оваа насока, ние размислуваме за аналитички генерализации или научени лекции. Со користењето на овој истражувачки метод, може да се генерализира од студијата на случаи, не од случаите. Доказите или податоците од мултипната студија на случај секогаш се сметаат за повеќе привлечни и научни. Притоа, потребно е секој индивидуален случај да го опфати феноменот што се истражува и неговиот контекст, вклучувајќи голем број на потенцијално релевантни варијабли, како што впрочем и оваа мултипна студија на случај е дизајнирана со посебно внимание на контекстот (Yin, 2018).

Постојат неколку начини како би можеле да се генерираат генерализации. Доколку за прибирање на податоци се користат не-структурирани интервјуа, постои можност да се формираат наративи. Притоа, може да се користи софтвер за генерализација и анализа, но софтерот ја нема креативноста за обработка на прибраните податоци. Најдобро е од мултипна студија на случај да се продуцираат наративи.

### 1.1.3. СПР и наративни интервјуа

Колективните наративи се дефинирани како социјални конструкции кои кохерентно се испреплетуваат во секвенца на историски и сегашни настани; тие се приказ на колективните искуства на заедницата, вградени во нејзиниот систем на верување и репрезент на симболично конструиран заеднички идентитет на колективот (Bruner, 1990). Интергрупните конфликти типично вкучуваат наративи кои го поддржуваат конфликтот и се искористени од страна на засегнатите страни. Овие наративи ги задоволуваат потребите на нивните ривали за оправдување и објаснување на настаните кои се дел од конфликтот и кои би можеле да се случат (Bar-Tal et al., 2014). Наративите се особено значајни во нерешливите конфликти, бидејќи истите вклучуваат човечки загуби и страдања, кои неизбежно водат кон хроничен стрес и вознемиреност. За ова типичен пример е новиот циклус на насилство (нова војна) помеѓу Израел и Палестина (Хамас) за нападот од Октомври, 2023.

Двете конфликтни страни имаат тврдокорни наративи преку кои ги објаснуваат своите дејствија и се трудат да ги оправдат среде разорни вооружени дејствија, каде што за помалку од една недела недела се убиени илјадници цивили и на двете страни. Следствено, дури и во 2023 година, Израел и Палестина сеуште се пластични примери за секоја една терминологија и поим поврзана со стереотипи, предрасуди и религија. Во овие контексти, наративите кои поддржуваат конфликт играат главна улога не само во еруптирањето на конфликтите, туку и во нивното опстојување, како и при употребата на насилни средства кои често ги кршат моралните кодови за извршување.

Во потешкотијата истите да се разрешат мирно, тие стануваат епистимички и идеолошки основни кои служат како призма преку која членовите на општеството ги процесираат информациите и со тоа поддржуваат продолжување на конфликтот (Bar-Tal & Halperin, 2013). Наративите се значајни бидејќи тие ја создаваат сликата за контекстот и ги вклучуваат емоциите во целиот тој процес, конкретното време, настани и личности. Благодарение на оваа методологија, ние не сме ограничени само на бројки, туку одиме подлабоко во анализата преку индивудалното кон проекција на колективната реалност. Наративот беше актуелизиран и го имаше својот врв во 1980те, но денес овој пристап не се смета за старомоден и се развива понатаму во поинакви перспективи. Иако многу често наративот се користи во лонгитудинални квалитативни и квантитативни студии, наративите може да се користат како ефекетивна методолошка техника за мултипни случаи.

Според Baumeister и Newman, наративното размислување ја жртвува општоста на парадигматскиот начин во корист на разбирњето. Преку нив може да се опфатат многу карактеристики, така што наративите се пофлексибилни и можат да прифатат повеќе отколку парадигматското мислење. Оттука, по дефиниција, наративното објаснување е поспецифично за контекстот (Baumeister & Newman, 1994). Преку нарација, нараторот го раскажува конкретно селфот во социјален контекст, креирајќи интегрално или приватно чувство за себе. Следствено, наративот обезбедува средства преку кои може да го пренесеме и регулираме нашето чувство за себе со останатите (Linde, 2009) и да го преведеме своето знаење во зборови (White, 1980). Ова ја сумира генералната дефиниција за наративот како врската помеѓу умот и општеството. Наративите никогаш не се само извештаи за искуствата, туку тие даваат смисла на тие искуства и неизбежно ги искривуваат истите. Следствено, нивната употреба не треба да се фаворизира како совршен пристап во социјалните истражувања, особено во областа на социјална психологија, каде групите се идентификувани како единица за истражувања примарно, а подоцна и индивидуите. Притоа, некои од авторите горенаведната природа на наративот ја сметаат за предност, додека другите се занимаваат со тоа дека наративот ја прикрива јасната дистинкција за тоа како животот е во реалност (Elliott, 2005).

Потребно е да се направи дистинкција во врска со наративите. Според Hinchman и Hinchman (1997), дистинкцијата помеѓу теориите и наративите е тоа дека теориите може да се разберат како обиди да се долови и елаборира одредена безвременска, есенцијална реалност, зад зборот на човечки настани, додека наративите ги превземаат поскромните задачи на организирање и осмислување на искуствата на нараторот во тој свет. Повикувајќи се на оваа разлика, може да се тврди дека со анализа на податоците собрани од една група, научникот може да ја избегне импликацијата дека увидот и разбирањето што тие го создаваат се однесуваат на бестелесна, привремена општествена реалност (Elliott, 2005). Наместо тоа, било кои општествени резултати се дефинитивно привремено и спацијално сместени. Споредбите помеѓу групите може исто така да разјаснат како индивидуите од различни возрасти може да одговорат различно на одредени сетови на историски околности. Автори тврдат дека акцентот на наративот е во обезбедување на фокусот на поединечни случаи, истакнувајќи ја важноста на контекстот како алатка за рабирање на значајните квалитети на човечките искуства; а истиот можеби може да биде поврзан со херменевтички пристап кон методологијата.

Социјалниот конструктивизам воведува алтернативни теории за развојот на човечките битија. Иако постојат различни верзии на социјалниот конструктивизам, заедничко е верувањето дека луѓето учат и се развиваат преку учеството во социјални активности во светот. Општеството, или светот – во однос на тоа има континуирано влијание на индивидуата или на умот, и обратно. Човековите суштества учат и се развиваат во овие заеднички процеси помеѓу индивидуата и општеството (Moen, 2006). Уште еден доказ во прилог на овој пристап е работата на Vigotsky (1978), кој е критички настроен кон истражувања кои ги сметаат индивидуите во изолација. Спротивставувањето на овој генетски или развоен пристап подразбира спротивставување на пристапи кои се обидуваат да анализираат одреден психолошки феномен без да го земат во предвид нивното место во развојот. Според Elliott, квалитативните интервјуа претставуваат конструктивистички или етно-методолошки пристап кој се фокусира на тоа како чувството за социјален ред се создава преку работа и интеракција (Elliott, 2005). Различни перспективи во врска со разбирање на интервјуто се спротивставија на

натуралистичкиот пристап.

Според Elliott, натуралистичкиот и конструктивистичкиот пристап се занимаваат главно со секојдневниот живот и искуствата на индивидуите. Конструктивистичкото гледиште тврди дека социјалниот свет постојано се создава и оттука акцентот е на разбирањето за тоа создавање. Конструктивистичкиот пристап става акцент на прашањето “како”, додека натуралистичкиот го акцентира прашањето “што”. Некои истражувачи ја застапуваат употребата на наративните интервјуа, бидејќи тие ги поттикнуваат интервјуираните лица да ја постават агендата и да спречи искуствата на интервјуираниот да станат фрагменти (Elliott, 2005). И двата пристапа имплицираат дека интервјуата кои се насочени кон индивидуалните наративи ќе продуцираат податоци кои се поточни, вистинити, или веројдостојни. Објаснувањето на Singer и неговите соработници за преобликување на податоците од анкета во форма на наратив е дека човечкиот ум е подобро да се прилагоди на обработување на информациите вградени во кохерентна приказна, отколку да сфати или опфати долга листа на варијабли за еден живот (Singer et al., 1998).

Мерка за квалитетот на секое истражување е неговата валидност, а одредени автори сметаат дека преку употребата на наративи може да се подобри валидноста на истражувањето, бидејќи испитаниците се охрабрувани да дадат повеќе специфични и конкретни одговори поврзани со истражувањето и конкретниот контекст. Други пак тврдат дека наративите не го рефлектираат искуството транспарентно туку тие им даваат значење (Ferber, 2000). Квалитетот на наративните интервјуа исто така зависат и од вештоста на истражувачот и добро планирани и развиени прашања во линија со веќе споменатиот конструктивистички пристап. Најдобрите прашања за наративните интервјуа ја повикуваат интервјуираната индивидуа да зборува за одредени времиња и ситуации, повеќе отколку за нивниот живот во подолг временски период (Hollway & Jefferson, 2004). Притоа, потребно е да се земе предвид дека проучувањето на една индивидуална биографија со себе не носи една изолирана индивидуа, туку една свесност за таа индивидуа во општеството. Оваа дефиниција е фокусирана на содржината. Личните приказни се вградени во рамките на разновидни социјални врски и се интимно поврзани со процесот на врзување. Врзувањето подразбира голема трансформација на начинот на раскажување на светот.

Еден од најистакнатите факти за конструирањето на наративите е централноста на ЈАС. Во извештаите за нашите животи Јас е тоа што раскажува, искусува, чувствува, одлучува итн. (Gergen, 2009). Фоксурањето на важност на контекстот и опкружувањето (публиката) за изведба на наратив дејствува како потсетник дека нашите само-наративи (или селф-наративи) мора да бидат подржани или барем толерирани од страна на оние околу нас.

Ова истражување има интерес за наративи во социјален контекст. Работата на Gee на единици на дискурс се покажала како посебно погодна за претставување на наративи во истражувањето. Исто познато е дека квалитативното истражување ги зема предвид контекстите, што не е случај со квантитативното истражување, во кои пак, многу релевантни информации кои може да влијаат на резултатите да бидат игнорирани.

Abbott има многу релевантна позиција во врска со наративот, тврдејќи дека требада размислуваме по случаи, а не преку нив. Тој тврди дека е важно да не се поврзува наративната анализа со една студија на случај (Abbott, 1992) и дека потребна е методологија која дозволува и наративи во повеќе случаи – концепцијата на Abbott за наративен позитивизам, затоа коцептот на наративот го оддалечува од херменевтиката и обрнува внимание на поединечниот случај и ги нагласува привремеността, контекстот и непредвидливоста. Како и да е, една интересна и многу релевантна изјава е тоа дека употребата на податоци од една група, заедно со свесноста за тоа како историскиот контекст можеби помогнал во обликувањето на искуствата на таа генерација на индивидуи, може да се тврди дека води кон понаративно разбирање на моделите на однесување кои што се истражуваат. Ова ја отсликува и целта на ова истражување.

### 1.1.4. Интегративен развојно-контекстуален пристап

Уважувањето на медијацијата на когнитивни, мотивациски, афективни и контекстуални фактори во формирањето на социјалните репрезентации сугерира интегративен и динамичен пристап кон присвојувањето и развојот на стереотипи и предрасуди.

Референрајќи на когнитивниот и личносниот развој во рамките на спефичен контекст овозможува да се генерираат предвидувања во однос на развојната траекторија на стереотипите и предрасудите во тој контекст. Како и да е, наспроти Несдејл (2001), кој сугерира да или не пристап (т.е социокултурната теорија на Aboud ) во објаснувањето на социјалните репрезентации, група на автори сугерира интегративен развојно-контекстуален пристап. Таквиот пристап ќе обезбеди објаснувања за потеклото и развојните промени во интергрупни репрезентации и ставови. Во референрањето на развојот, тие се повикуваат на когнитивниот развој (на пример, промени во когнитивни способности) и личносниот развој (на пример, промени во селфот – и социјалните идентитети и поврзани промени во личносните потреби и мотивација).

Референрајќи на контекстот, ние реферираме на условите кои ја подигнуваат групната посебност и личните и/или групните закани (на пример, негативно емоционално возбудување). Интегративно развојно-контекстуалниот пристап воведува предвидување на нелинеарни промени во интергрупните репрезентации и ставови. Справувањето со возрасно поврзани развојни промени ги поттикнува прашањата за она што го создава изразувањето на предрасуди или интергрупна пристрасност, особено кај предучилшни деца, и што се менува со текот на возраста. Како што е веќе забележано, се претпоставува дека деца на возраст помеѓу 3-4 години ги категоризираат луѓето според социјалните групи, каде што им се допаѓаат оние кои што се слични на нив и не им се допаѓаат оние кои што се разликуваат (Aboud, 1998, 2003; Aboud & Amato, 2001).

Последните прегледи и резултати индицираат дека пред возраста од 7 години, или пак дури и 12 години, преовладува тенденција на внатрегрупен фаворитизам, кој не е секогаш нужно пропратен со одбивање на членови надвор од групата. Одбивањето на членови надвор од групата или дерогација се појавува единствено на поголема возраст (Aboud, 2003; Brewer & Brown, 1998; Cameron, 2001). Овие резултати се квалифицирани на начин да сугерираат дека контекстуалните фактори, како на пример интегрупниот конфликт или спефицичната социјализација може да охрабрат порано негативизам насочен кон индивидуи надвор од групата па дури и злосторства (Aboud, 2003; Cameron, 2001). Следствено, контекстот го детерминира не само формирањето на интергрупната пристрасност, туку и начинот

на нејзино изразување (Bar-Tal & Teichman, 2005).

Ова е особено значајно, бидејќи децата се сметаат за круцијална група која треба да биде истражувана во врска со стереотипи и предрасуди. Врз основа на овие теоретски претпоставки, оваа истражување ги изгради своите почетни точки и насоки, притоа креирајќи целна група од деца од училишна возраст за првичното пилот истражување.

### 1.1.5. Предрасуди, стереотипи, конфликти и религија – Кластери на дефиниции

Предрасудите се дефинириани како идеологии, ставови и верувања кои помагаат да се одржи и легитмизира групно воспоставената хиерархија и експлоатација (Sibley & Barlow, 2016). Со други зборови, предрасудите се генерално да се мисли лошо за другиот, додека етничката предрасуда е посебна антипатија заснована на погрешна и нефлексибилна генерализација (Allport, 1954). Личносната предрасуда е малку веројатно да претставува само спефичен став кон одредена група, а е поверојатно да биде рефлексија на неговата навика за тоа како размислува за светот (Allport, 1954).

Психолошки есенцијализам (Medin & Ortony, 1989) е значаен извор на предрасуди, бидејќи истиот претставува тенденција на поединци да претставуваат одредени категории во смисла на основната суштина што е конститутивна за членовите на категоријата и/или причински одговорни за клучните карактеристики на категоријата. Понатаму, утврдено е дека предрасудите произлегуваат од поединци и контексти (Murphy et al., 2018). Контекстите со предрасуди се места со предвидливи, систематски нееднаквости во искуствата и исходни базирани на членствата во социјалните групи на поедниците – унапредувајќи ги луѓето од своите социјални групи, додека ги уназадуваат останатите. Децении подоцна е докажано дека етничките предрасуди се усвојуваат за време на детството со малку контакт со целната група или без никаков контакт воопшто (деца, јазик и стереотипи) (Fiedler & Schmid, 2001). Накрај, важен вид на предрасуда кој мора да се спомене е антилокуција, во која негативни вербални забелешки се упатуваат кон личност, група или заедница на јавно или приватно опкружување и не се адресирани директно до таргетот (Allport, 1954). Со современ речник,

антилокуцијата претставува говор на омраза.

Конфликтот, пак, се случува кога групата се соочува со неисполнување или закана за исполнувањето на основните потреби, вклучувајќи нематеријални работи како што се идентитетот, безбедноста, признавањето, автономијата, самодовербата (или сликата за групата) и чувството за правда (Burton, 1990). Општа претпоставка е дека сите социјално-психолошки теории ја препознаваат социјалната категоризација како основен когнитивен или дискурзивен процес во идентитетот и интергрупните релации (Huddy et al., 2013). Стереотипите влијаат на предрасудите, афектот и емоциите (J. F. Dovidio et al., 2010; J. F. Dovidio & Gaertner, 1993). Притоа, категоризацијата ние обезбедува со систем на ориентација за селф-референца, создавајќи и дефинирајќи го местото на индивидуата во општеството. Нашата себе-дефиниција во социјален контекст секогаш зависи од социјалната категоризација (Oakes, 2003). Размислувањето за другите во однос на нивното групно членство е познато како социјална категоризација – природниот когнитивен процес преку кој ги сместуваме индивидуите во социјални групи (Allport, 1954). Всушност, потпирајќи се на генерално прифатената вистина дека сите имаме предрасуди и стереотипи за индивидуи надвор од нашите групи, ние сме склони да перцепираме повеќе во категории. Следствено, ова истражување има намера практично да даде материјална вредност на стереотипите и предрасудите и да се приближи академскиот фокус кон нив.

Религија – Дефиниција

Jonathan Z. Smith кој е познат по својата работа во областа на историја на религии, ја дефинира религијата како "систем на верувања и практики кои се поврзани со светот на светиите".

Claude Lévi-Strauss, германски филозоф и социолог, религијата ја опишува како "колективна утопија" и ја разгледува како начин на изразување и регулирање на духовни потреби на луѓето.

Albert Einstein светски познатиот физичар ја изразува својата перспектива на религијата како "нешто возвишено и независно, што е предмет на уважение".

Karen Armstrong - историчарка на религијата ја дефинира религијата како „Артикулирани и ритуализирани симболи и системи кои обезбедуваат заедничка рамка на ориентација за приврзаниците и збир на норми за владеење на

однесување; сето тоа е засновано на тврдењата за ултимативност“.

### 1.1.6. Протокол на студија на случаи

Постојат начини на кој што може да се обезбеди квалитетот на студија на случај. Еден од нив е развој на Протокол на Студија на Случај (ПСС) или дадотека за студија на случај. Ова студија на случај исто така има сопствен протокол.[78]

За СПР наративните интервјуа поставени се прашања, класифицирани во неколку кластери како на пример: вовед, отварачки прашања, прашања поврзани со контекстот и прашања поврзани со СПР. Следниот чекор беше поврзувањето со испитаниците од Западен Балкан и Блискиот Исток. Интервјуата беа спроведени online, на почетокот поради Ковид – 19 пандемијата, а потоа и поради наметната потреба така да бидат спроведувани. Секое интервју беше предвидено да трае во просек по 1 час, со исклучоци, каде што соговорницте беа мотивирани да споделат повеќе на темата. Целната група на испитаници е утврдена врз основа на повеќе варијабли: возраст, етничка и религиска припадност и академсата позадина. По спроведувањето на интервјуата, прибраните податоци – наративи се транскрибирани, а потоа преку употреба на компјутерски софтер за мешана – квалитативна и квантитативна анализа на податоци истите се анализирани.

### 1.1.7. Опис на студии на случаи – СПР истражувачки модел

Земајќи ја предвид екстензивната теоретска позадина за стереотипи, предрасуди и религија заедно со поимот и имајќи го во предвид контекстот, во овој докторски труд направен чекор напред со развивањето на модел, кој веќе е делумно презентиран во првото поглавје од овој труд. Моделот на стереотипи, предрасуди и религија во интергрупен конфликт го зема предвид контекстот. Овој модел е развиен со цел визуелизација на главната идејата за тоа како СПР влијаат или создаваат одредени контексти. Процесите се меѓусебно поврзани и кога СПР е активиран, веројатно ќе индуцира одреден конфликт/криза или пак ќе го разгори веќе постоечкиот конфликт во тој даден контекст.

[78] Забелешка – за повеќе види додаток 1

СПР моделот на мултипна студија на случај го објаснува СПР феноменот во одредени контексти и видот на интеракција на СПР со тие контексти. Овој модел има за цел да го истакне влијанието на СПР на интергрупниот конфликт во шест различни контексти. За ова истражување одбрав шест мултипни студии, а од секоја студија одбрани се по четири учесници. Учесниците треба да бидат препознатливи во своите заедници по својот активизам, толеранција, да промовираат вредности на соживот и да бидат агенти на промени. Најчесто учесниците во оваа мултипна студија се новинари, активисти, но во сооднос со конечниот број значителен број на новинари и генерално активисти активни во областа на градење на мир, додека најтешко беше да се воспостави контакт со академски профили.[79] Овие испитаници треба да рефлектираат на контекстот во кој што тие дејствуваат во најголем број случаи преку призмата на групна идентификација.

При поставување на СПР моделот, земени се предвид и предностите и ограничувањата на ова истражување, вклучително и недостатокот на истражувачки тим и останати ресурси кои би можеле истото да го поддржат на поголема скала. Следствено, СПР се перцепирани во конкретен контекст, кој се состои од индивидуи и групи кои живеат и создаваат во одредни психо-социјални контексти. Сите овие варијабли испреплетени со индивидуални животи и искуства формираат групи, додека групите креираат наративи – приказни за луѓето кои што ја претставуваат врска помеѓу умовите на луѓето и општеството – контекстите во кои тие живеат. Адресирањето на овие варијабли заедно со солидна консидерација на контекстот доведува до индентификување на одредени наративи, кои содржат одредена информација за тоа како луѓето се чувствуваат и се подготвени да се однесуваат кон членовите на својата група.

Слика 2 го прикажува СПР моделот базиран на контекстот во кој наративите се инкорпорирани како круцијални елементи за прикажување на реалноста. Триаголникот од СПР се наоѓаат во конкретен контекст. Оваа констелација е единствена за секој контекст, и овие варијабли се неизбежен дел од тоа. Повикувајќи се на Jane Elliott, нејзината дефиниција за наратив е интервенција помеѓу индивидуалните животи и социјалните контексти (Elliott, 2005).

---

[79] Колку и да звучи парадаксолано, профили од науката беа најмалку достапни за ова истражување.

Колективните приказни прикажуваат и приказни за индивидуи преку нарација на искуствата од социјалната категорија на која индивидуата припаѓа, повеќе отколку раскажувајќи ја само таа индивидуална приказна. Иако наративот е во врска со одредена категорија на луѓе, индивидуалната реакција на добро раскажаната колективна приказна е “Тоа е мојата приказна, јас не сум сам” Richardson (Richardson, 1990).




**Слика 2.** Истражувачки модел на СПР во контекст

Овој модел претпоставува дека СПР е главната причина – коренот на интергрупните конфликти. Со цел подобро разбирање на поттикнување на конфликт, потребно е да се земе предвид контекстот во кој овие социјално-психолошки процеси се одиваат. Во тој посебен – специфичен контекст, постојат групи составени од членови. Овие членови на групата носат со себе спефицични интергрупни верувања и ставови за групата на која припаѓаат, но истите ги имаат и за членовите на другите групи кои живеат во истиот контект. Овие наративи може да поттикнат интрагрупен психолошки наратив и тука да бидат вклучени стереотипите, предрасудите и религијата, но и индивидуален психолошки репетоар, кој може, но и не мора да се разликува од интрагрупниот, во зависност од контекстите.

СПР моделот е тестиран преку генерирање на наративни интервјуа.[80] Овој пристап е во неколку наврати елабориран како конструктивистички или етно – методолошки, бидејќи се фокусира на прашањето како чувството за социјален поредок е креирано преку разговор и интеракција. Следствено, идејата на оваа мултипна студија на случаи е да се генерираат наративи за СПР и нивното влијание во конректни случаи. Иако, првичниот дизајн предвиде наративни интервјуа, подоцна техниката се адаптираше поради нискиот интерес на испитаниците да бидат интервјуирани. [81] Во најдобар случај, потребно е испитаниците да споделат своја приказна во однос на истражуваниот феномен. Истражувачите имаат тенденција да истражат информации во врска со сцената - опкружувањето, карактерите, повторување на одредени настани, или било кој друг момент од личната рефлекција. Наративните интервјуа се опишани како интервјуа кои одат во длабочина – каде што интервјуиранот ја има слободата да зборува за нејзиниот/неговата животна историја. Овие интервјуа може да траат од еден час до еден ден. Истражувачите обично имаат добар однос со интервјуираните лица пред да се спроведе ваков тип на интервју (Allen, 2017).

Во првата фаза од истражувањето беа спроведени пет неструктурирани интервјуа и истите се вклучени во анализа на податоците, но подоцна техниката беше нужно да се адаптира бидејќи се појави неочекуван предизвик, кој секако сам по себе претставува и значајна информација. Имено, КОВИД-19 пандемијата своевремено го изврши своето влијание и следствено, беше потребно прилагодување на истражувачкиот дизајн. Исто така, врз основа на пилот истражувањето во 2019 година, излегувањето на терен во случајот на С. Македонија донесе сериозен фидбек и опсервација затоа каков вид на истражување оваа студија треба да биде. Имено, по спроведувањето на неколку интервјуа главно од Босна и Херцеговина, идентификувањето на релеватни испитаници и добивањето на согласност за интервју од истите се одвиваше исклучително тешко, поради таа причина прашањата се адаптирани во прашалник со одговори од отворен тип.

[80] Полу-структурирани интервјуа

[81] Голем дел од контактираните испитиници не беа комфорни со тоа да бидат интервјуирани иако приватноста и доверливоста беше загарантирана, ова беше главно ситуацијата со Блискиот Исток.

Практично ова беше еден од најголемите предизвици во оваа истражување, пред се поради сериозноста на темата, но и сензитивноста на прашањата. Иако, најголем одзив и согласност за интервјуа имаше од граѓани на Босна и Херцеговина, одзивот беше подеднакво ист и од страна на невладини организации и поединици. Целиот процес започна да отежнува во Косово и Македонија, додека за Блискиот Исток да се спроведат интервјуа беше практично невозможно; сепак, беа спроведени сите потребни интервјуа. Издвоените индикатори и прашања за истражувањето се прикажани во Табела 1.

При обработка на податоците, користен е компјутерски софтер за анализа на податоци[82] со цел попрактичен пристап кон податоците. Со цел да се зголеми релиабилност на студијата, анализата е достапна за увид од страна на други лица.

## 2. ТЕХНИКА НА ЦЧФ

Пред да се спроведе студијата на случај, постои пред-фаза, која подразбира реализација на пилот истражување, или излегување на терен пред да се потврди финалната верзија на прашалникот или било која друга техника која што може да биде користена за прибирање на податоци. Пред-фазата на ова истражување беше спроведена во јануари и февруари 2020 година, во општина Тетово и општина Јегуновце[83]. Пилот истражувањето се состоеше посета на три основни училишта со различна националност на учениците и различен наставен јазик, и тоа:

- Основно општинско училиште (ООУ) "Симче Настовски" во с. Вратница, општина Јегуновце, во кое наставата се спроведува на македонски јазик;
- ООУ "Симче Настовски" во с. Јажинце, општина Јегуновце, во кое наставата се спроведува на албански јазик и
- ООУ "Лирија" во Тетово, во кое наставата се спроведува и на македонски и

[82] Dedoose – софтвер за квалитативни и квантитативни истражувања

[83] Техниката на ЦЧФ подоцна беше отфрлен како техника. Причините се неколку. На пример, од март 2020 настапи пандемија на Ковид – 19. Се случи целосно затварање на државите со воведување на долги полициски часови. Сето ова оневозможи оваа техника понатаму да биде користена во оваа анализа, во сегментот на истражување на стереотипите и предрасудите кај детската популација. Но, сепак ваквото истражување даде значаен фидбек за понатамошно истражување и создавање на финналниот прашалник.

на албански јазик.

**Табела 1.** Издвоени индикатори и прашања за истражувањето

| **Варијабла** | **Индикатор** | **Автор** | **Прашање** |
|---|---|---|---|
| Предрасуди | И1 – идеологии кои поддржуваат и потхрануваат дискриминација и неправда | (Sibley & Barlow, 2016) | Како различни(те) идеологии влијаат на третманот кон различните групи во твојата држава? |
| Контексти исполнети со предрасуди | И2 – предвидливи систематски нееднаквости | (Murphy et al., 2018) | Како одредени луѓе и/или групи имаат предности или им се одземени правата само поради нивното групно членство? Ве молам објаснето го процесот. |
| Предрасуди | И3 – недостаток на можности | (Wolfgang et al., 1988) | Дали чувствуваш дека не ти се дадени можности само поради тоа што си? |
| Предрасуди | И4 – рани искуства во детството | (Fiedler & Schmid, 2001) | Како предрасудите се вкоренети во раните искуства во деството, во вашето општество? |
| Стереотипи | И1–социјални категоризации<br><br>Себе-категоризирање | (Tajfel & Turner, 1972) | Кои се главните категории кои твојата група ги перцепира за друга група, или пак генерално кои се главните категории во општеството? |
| Стереотипи | И2 – Социјално учење и интеракција | (Fiedler & Schmid, 2001) | Како социјалното учење и интеракцијата влијае на стереотипите и предрасудите во твојата група или општество? |
| Конфликт | И1- Неисполнување на основните и психолошките потреби | (Burton, 1990) | Дали сметаш и чувствуваш дека постои правда во твоето општество?<br>Кои групни психолошки потреби се значајни за твојата група и зошто? |

Во секое од овие три училишта, на 40 ученици им беше доделена задача според ЦЧФ методот за истражување на стереотипи и предрасуди на деца од 10-13 години од македонска и албанска националност, на лист хартија да се нацртаат себеси, а на другата половина да нацртаат припадник на друга група. Со тоа, главната цел е претставување на ментални слики и афективност која што македонските и албанските деца (не) ја имаат едни за други. Притоа, во ООУ "Лирија" беа избрани 30 ученици од албанска националност и 10 ученици од македонска националност. Воедно, од одговорните наставници беше побарано исполнување на прашалник (Додаток 1), кој содржи прашања во однос на нивните ставови, стереотипи и чувства кон припадници на различни етнички заедници. Следствено, ова истражување резултира со 120 цртежи и 25 прашалници пополнети од страна на наставниот кадар на претходно наведените основни општински училипта.

КОВИД-19 пандемијата го стесни обемот на ова истражување и следствено, пилот истражувањето беше спроведено само во една земја – Р.С.Македонија, наместо во шест земји, во согласност со првичниот истражувачки дизајн. Секако, вклучувањето на Косово и БиХ во тоа време ќе дадеше друг квалитет на пилотното истражување, но тоа не беше возможно.[84] Идејата на ваквото теренско – пилот истражување беше да се добие информација во врска со стереотипите и предрасудите во државата.

Во филозофија на науката се истакнуваат одредени разлики од кои општествениот свет е значително различен од природниот свет. Овие разлики се однесуваат на важноста на: прекини (дупки), сопственииштво и перспектива (Moses & Knutsen, 2012). Постојат многу примери за тоа како веќе воспоставени општествени патеки или шеми биле уништени или постепно биле укинати од

[84] Границите на државите беа затворени поради Ковид – 19. Бидејќи рестрикциите поврзани со Ковид-19 продолжија и натаму, јас донесов одлука техниката на ЦЧФ да не биде користена во главното истражување, бидејќи не постоеја повеќе услови за таква тестовна постапка. Но, пилотот истражување ми даде фидбек, дека за таквиот процес е потребна поголема поддршка. Имено, минимум тим од тројца заедно со институциинална-државна поддршка.

страна на тивка и стабилна еволуција (на пример, технолошката еволуција) или пак прекинати од страна на неочекувани настани (како на пример револуција или војна). "Црниот Лебед" претставува настан со три атрибути: (1) редок; (2) со големо влијание; (3) доаѓа како изненадување (Moses & Knutsen, 2012).

Ваквите настани, како КОВИД-19 пандемијата се надвор од реалноста на логиката и не можат да бидат предвидени.[85] Следејќи ја оваа перспектива на непредвлидливост во општествените науки, овој пристап се потпира најмногу на адаптација и имајќи го во предвид контекстот, пристап карактеристичен за социјалните конструктивисти.

[85] Неколку настани во историјата на човештвото се такви, како на пример: Првата Светска Војна, појавата на нацистичка Гермнија, отпочнувањето на Втората Светска Војна, распадот на Советскиот Сојуз, појавата на Интернетот, теротистички напад од 9/11 во САД, појавата на исламистичкиот фундаментализам и секако последното појавата на Ковид – 19 пандемијата. Сите тие се Црни Лебеди, настани со мала веројатност да се случат но со големо влијание и последици.

# *VI*
# *РЕЗУЛТАТИ*

## 1. ПРИМЕНА НА АНАЛИТИЧКИ МЕТОДИ

### 1.1.Резултати од пилот истражувањето

Пилот истражувањето беше спроведено во периодот јануари-февруари 2020 година, во три ООУ во општините Тетово (едно) и Јегуновце (две), со различен состав на учениците по националност и наставен јазик. Градот Тетово беше одбран како примерок поради неговиот етнички диверзитет или реално би-етницитет во повисока инстанца, со доминација на албанската, по која следи македонската популација. При изборот беше земен предвид и фактот дека во 2001 година, Тетово беше епицентар на конфликтот помеѓу македонската армија и албанските т.н бунтовни групи. Зборувајќи од перспектива на 2020 година, нештата таму се променети. Процеси за градење на мир се одвиваат речиси повеќе од две декади, пропратени со одредени државни и меѓународни мерки. Денес, општина Тетово е повеќе дезинтегрирана отколку интергрирана општина или општество. Повеќе права беа доделени на албанската популација во однос на период пред 2001 година, но ова нужно не придонесе за подобар соживот во градот. Политики на сегрегација се имплементираат наместо да се практикува мулти-интеркултурален пристап и стратегија на државно ниво. Ситуацијата е повеќе усложнета отколку подобрена.

Втората општина која што беше дел од пилот истражување е општина Јегуновце, која на дневна основа функционира како еден ентитет со општина Тетово, имајќи предвид дека териоријално и административно тие се една до друга. Во случајот, границата е само администравината поделба. Албанските и македонските деца учат во етнички чисти класови – со села и населби населени со доминантно етнички групи како и етнички хомогени училишта. Порано, точката на диференцијација или разделување беше различен кат во рамките на едно училиште,

со исклучок на едно училиште кое што беше дел од истражувањето каде што тие го споделуваат истиот простор бидејќи училиштето работи само во една смена.

Во истражувањето беа вклучени едно училиште од оштина Тетово и две училишта од општина Јегуновце. Училиштето во Тетово е во урбано опкружување каде што учат деца најчесто од средна класа Македонци и Албанци, додека двете училишта од руралните области се во с.Вратниица и с.Јажинце. Вратница има големо основно училиште каде што генерално учат деца од македонска националност, и се смета за централно училиште во општина Јегуновце. Соседните села исто така имаат сопствени локални училиште со главно етнички чисти класови. Целиот примерок вклучи 120 ученици и 15 наставници од обете општини. Кај вкупно 120 ученции (40 ученции од секое од трите опфатени ООУ) спроведена беше психолошката проективна техника за ЦЧФ, додека за одговорните наставници спроведени беа прашалници со одговори од отворен тип за наставници.

ЦЧФ е техника која се користи за проценка на социјалните репрезентации кај децата. Една од причините зошто е широко употребувана кај детската популација е тоа дека тие се наклонети кон цртањето. Кога детето ќе препознае дека неговите или нејзините репродукции имаат одредено значење, или се независни од моторичката активност која што ги создава, цртежот може да се смета за репрезентативна изјава на внатрешниот модел на одредена ментална слика (Bar-Tal & Teichman, 2005).

Цртежот може да биде воден од реалноста но во краен случај ја претставува внатрешната слика. Оттука проилзегува дека цртањето на човечки фигури преставуваат слики - слики на луѓе. ЦЧФ рефлектира несвесни слоеви на нашата личност како на пример конфликт, чувства и ставови поврзани со селфот и другите значајни. Дефиницијата на цртежите како репрезентација на ментални слики ја продолжува основата за да се продолжи со проучувањето на менталните репрезентации на децата за луѓе од нивните групи, или пак членовите на другите групи.

Bar-Tal и Teichman конструираа нов метод со ЦЧФ. Инструкциите кои ги создадоа се следните: секој од учениците треба да добие хартија (А4 формат), шест боици во боја (зелена, кафена, црна, жолта и сина). Она што тие го направија

поинаку е тоа што директно ја прашаа групата на деца да го нацрта другиот, насочувајќи ги кон Палестинците и обратно кон Израелците. Следствено, овој сегмент од пилот истражувањето беше адаптиран, со тоа што испитаниците не беа насочени кој е другиот, туку беа оставени самите да одлучат.

Дури децата не беа инстриурани со никаква категорија претходно. Тие беа замолени на едната половина од листот прво да се нацртат себеси и долу на листот да напишат како се чувствуваат на која група припаѓаат[86] (групата која што ја познаваат и чувствуваат дека таму припаѓаат според нивната религија, култура и/или националност), нивната возраст, име и останати податоци кои тие ги сметаат за битни. Потоа, тие беа замолени на втората половина од цртежот да нацртат друга личност која што веројатно нема да биде од истата група како нивната. Понатаму, да ги напишат истите податоци како и за себе во однос на возраст, етничка припадност, религија итн.

Таа личност може да биде реална – некого кого веќе го познаваат и постои во нивниот живот, но исто така може да биде и имагинарен лик. Идејата на ваквата инструкција беше најпрво да не им се предодреди категорија, нешто кое и социјалните конструктивисти се против. Потоа, она што можеби и е најзначајно е да се провери дали овие деца во нивните перцпеции имаат слики за личности кои што се психолошки блиски или дистанцирани, и доколку тоа е случај дали е тоа обострано.

### 1.1.1. Руралната област – Општина Јегуновце

Првото село кое што беше посетено за истражувањето е с.Вратница, каде доминантното население е македонско. Најголемото основно училиште беше вклучено во истражувањето, познато како едно од најголемите во регионот на Тетово – основното училиште Симче Настески, и служи како централно училиште и како административен центар за околните села. Во конкретното училиште, децата беа соработливи и инструкциите ги сфатија сериозно. Исто така, присутна беше

[86] Ова индицираше на етничка припадност, но кај децата веднаш се создаде асоцијација за македонец и/или албанец дури и за оние најмалите, така што немаше потреба од понатамошни објаснувања

истражувачката слобода инструкциите да бидат зададени онака како што е предвидено според протоколот. Во основното училиште во село Јажинце[87], процесот на задавање на инструкции беше прекинат од страна на наставниците.

Имено, бидејќи македонскиот јазик е официјален во државата, се очекуваше и наставниците и учениците да имаат основно познавање за јазикот.[88] Но, тоа не беше случај во училиштето. Иако наставниците имаа основно познавање на јазикот, учениците немаа најосновно познавање од иситиот како на пример поздрав. Притоа, опсервирани се разлики во третманот од страна на наставниците во двете училишта. На пример, македонските наставници изразија поголемо ниво на доверба и не го прекинуваа процесот на тестирање, со многу мали незначајни интервенции во процесот на задавање на инструкции. Со албанските ученици процесот беше во целост воден од страна на албанските наставници - така што од она што можеше да се разбере од албанскиот јазик –тие инструкциите ги адаптираа. Најпрво, инструкцијата беше да се нацрта друг(иот) без притоа да се потенцира кој тој друг би требало да биде. Ова не требаше да биде дадено како информација на учениците. Настрана од тоа што речиси целиот тестовен процес беше нарушен туку тие и директно влијеа на учениците со што потенцираа дека може да нацртаат Американец, Русин, Албанец.

Генералната опсервација за овој контекст во кој што се одвиваше тестирањето без оглед на тоа дали учениците поставија прашање за дргуиот кој што беше потребно да го нацртаат – албанските наставници им дадоа инструкции.[89] На пример, тоа дека тие може да нацртаат Русин, Шпанец, Германец, Американец, Ром, Турчин, но Македонец не беше никогаш на листата. Ова исто така беше случај и во урбаниот контекст во Тетово, во основното улилиште Лирија.

Ситуацијата во руралниот контекст беше слична, каде што се забележа исто така и врсничко влијание. Многу малку албански ученици го нацртаа другиот како Македонец. Кога во групата ќе се слушеше дека другата човечка фигура е Македонец, веднаш имаше врсничка реакција дека тоа е подобро да биде Шкип -

[87] Јажинце е второ село во кое се спроведе истражувањето. Тоа е посетено од само албански ученици.
[88] Според законот албанските ученици почнуваат со изучување на македонскиот јазик од четврто одделение
[89] Или одобрување.

Албанец наместо Македонец, вршејќи притисок да се промени. Во моментите кога имав поддршка од албански наставник со преводот, ги увидов истите инструкции. Исто така, кога наставникот ја напушти училницата имаше врсничко влијание, така што лидерите во групата ја превземаа улогата на наставници – делејќи ги истите инструкции.

На слика 3 графички се прикажани резултатите од групата на ученици од селото Вратница. Добиените резултати покажуваат дека македонските ученици го нацртаа другиот како Македонец во 10% од случаевите, додека во 31% од случаевите другиот кој го нацртаа го карактеризираа како Албанец, во 7% од случаевите другиот беше идентификуван како Турчин, додека 14% другиот го категоризирале како Србин, а 38% го карактеризирале другиот цртеж во категорија други.




**Слика 3.** Резултати изразени во проценти за македонската група на ученици

Слика 4 ги прикажува резултатите во проценти за албанската група на ученици во селото Јажинце. Добиените резултати покажуваат дека учениците Албанци го цртаат другиот како Албанец во 52 % од случаевите, како Македонец

во 13% од случаите, исто така 13% како Турчин, 4% како Ром, и 18% од случаите ја одбрале категоријата други.




**Слика 4.** Резултати изразени во проценти за албанската група на ученици од основното училиште во село Јажинце.

### 1.1.2. Урбана област – општина Тетово

На слика 5 се прикажани резултатите добиено од основното улилиште Лирија, кое што се наоѓа во центарот на градот Тетово. Резултатите покажуваат дека македонските ученици го нацртале другиот како македонец во 11% од случаевите, потоа како албанец во 19% од случаевите, како србин во 8% од случаевите, како ром во 12% од случаевите, додека во категоријата друг/а одговориле 42%, а 7.69% не дале никаков одговор во однос на тоа прашање.




**Слика 5.** Резултати изразени во проценти за македонската група на уленици од основното училиште Лирија, Тетово

На Слика 6 пак, се прикажани резултатите од учениците од албанска националност од основното училиште Лирија. Добиените резултати покажуваат дека албанските ученици го нацртаа другиот како Албанец во 46% од случаевите, како Македонец во 18% од случаеви, како Турчин 12%, 18% немале втор цртеж или пак немале одговор за прашањето на која група припаѓаат, и 6% дале одговор друго.



**Слика 6.** Резултати изразени во проценти за ученици од албанска националност од основното училиште Лирија, Тетово

### 1.1.3. Група на наставници – истражувачки резултати

Во овој докторски труд се презентирани само резултатите од македонската група на наставници и еден албански наставник од основното училиште Симче Настоски во селото Вратница. Имено, во селото Јажинце, со доминантна албанска популација тројца наставници дадоа согласнот да одговорат на прашалникот, но за жал нивните одговор се нерелевантни или пак најчесто немаше одговор на прашањата. Во однос на основното училиште Лирија во Тетово, единствениот албански наставник со кој беше воспоставен контакт, истовремено беше одговорна за нејзиниот клас од 39 ученици додека тие работеа на ЦЧФ, така што таа кажа дека нема време за истиот.

Прашалникот се состоеше од отварачко прашања кои постепено водеа кон посложени и сензитивини теми како на пример емоции, какви емоции имаат за членови на другите групи итн[90]. Идејата беше преку одговорите да се креираат наративи кои што ќе создадат една слика за реалноста во овие две општини. Како и да е, како и во други навртати пристапот на наставниците кон прашалникот не ги исполни моите очекувања. Подолу е презентирано само едно прашање на кое сите наставници кои го земале прашалникот го дале својот одговор, а воедно се смета и за клучно и се однесува на македонската група на наставници од селото Вратница.

Прашањето е: Дали сте почувствувале страв поради однесувањето на одредена етничка група? – 50% од наставниците одговриле со да, додека 50% одговориле со не. Во вториот дел од прашањето каде што се прашани да ја опишат таквата ситуација 67% одговориле дека тоа е воениот (насилен) конфликт од 2001, насилно однесување 17% и спортски настан 16% од вкупно 10 наставници кои што го одговарале прашалникот.

На прашањето да се набројат групите кон кои тие имаат позитивни и негативни чувства добиени се следните одговори (види табела 2).

[90] Прашалникот за наставници е прикачен во Додаток

**Табела 2.** Позитивни чуства кон членови на други етнички групи

| | |
|---|---|
| Македонци за Македонци | 3 |
| Македонци за Албанци | 3 |
| Македнци за Роми | 5 |
| Македонци за Срби | 2 |
| Македонци за Турци | 1 |

Потпирајќи се на претходно искуство со програми за ненасилна транформација на конфликти и интеретнички дијалог, како и една декада работа во Тетово, минувајќи време со членови на двете доминантни етнички групи – посебно на интрагрупно ниво и инклузивно на интергрупни ниво - опсервациите за однесувањето на секоја група води кон заклучокот дека нивното однесување во двете ситуации е различно. Имено, кога се работи на интергрупни сесии Албанци и Македонци, нивното однесување е повеќе социјално прифатливо и тие се пољубезни. Довербата се уште не беше вклучена или развиена.

Интересна забелешка е тоа дека кога политичките елити ќе ја заострат јавната реторика во повеќе националистички и групно-центричен наратив, членовите на групите веројатно несвесно се повлекуваа во нивните мали етнички груши – останувајќи лојални на групата со која се иднетификуваат и членуваат т.е припаѓаат. Но, кога тие се во своите групи – етнички ситуацијата се разликуваше. Тие демонстрираа отсуство на доверба за членовите на другата група, многупати тие ги демонизираа припишувајќи им негативни однесувања на нивните членови – опишувајќи ги како повеќе агресивни. Ова е една страна на ситуацијата, додека другата е тоа дека членовите на едната група ги гледаат членовите на другата група како некои кои што се обидуваат да бидат доминантни, како некои кои не знаат како да изградат заеднички соживот.

Во конкретната испитувачка ситуација, наставниците веројатно не беа

искрени а тоа е поради следните фактори[91]:

- Не го сфатија прашалникот со потребната сериозност;
- Не сакаа да потрошат многу време на давање одговори;
- Не беа доволно искрени (повеќето од нив одговориле дека ситуацијата во Тетово со соживотот е на високо ниво и дека доверба помеѓу групите е изградена);
- Немаа доволно доверба во истражувачкиот процес.

### 1.2.Дискусија

Во овој дел од трудот сметам дека е соодветно да го споделам сопственото искуство со имплементирање на Програма за Дијалог за мир за членови од различни етнички групи – Албанци и Македонци во градот Тетово. Беа одржани два програмски циклуси користејќи го пристапот на дијалог, каде секој траеше во просек од 1 година, додека првиот се сметаше за пилот проект. Како трениран фасцилитатор за дијалог[92] – пристап за трансформирање на конфликти, бев одговорна за програмата и воедно бев во улога на набљудувач. На почетокот се водеа интрагрупни сесии за дијалог а потоа со заедничка согласност од двете групи, сесиите беа интергрупни. Овој пристап има спефиціичен стил на комуникација и е познат како не-директивен, така што фасцилитаторите ја даваат моќта и процесите на донесување на одлуки на членовите на рупата, додека вештината да се биде неутрален како фасцилитатор е од особена значајност.[93]

Најрелевантна информација за ова поглавје е опсервацијата за тоа како групната динамика во програмата се менуваше. Имено, кога контекстот беше турбулентен[94], распоредот на седење помеѓу учесниците одеднаш се менуваше. Следејќи одредени настани на ТВ и социјалните медиуми главно со политички диксурс, процесите во групата исто така се менуваа. Непосредно пред и после

---

[91] Притоа треба да се земе во предвид фактот дека тие се сите образовани интелектуалци со добра репутација во своите општини и сограѓани, кои служат како одреден модел за нивните заедници.

[92]Недирективен пристап во процес на дијалог, пристап создаден најчесто за членови на различни етнички заедници

[93] Тренингот за дијалог го добив од страна на Institute for the Study of Conflict Transformation и глобална организација за градење на мир Generations for Peace.

[94] Појава на етнички тензии и провокации, најчесто преку политички изјави проширени преку вестите, ТВ и социјалните медиуми.

настаните, се работеше со групакоја седеше во круг, притоа за на крајот на едната страна да седат Албанци а на другата Македонци[95].

Познавајќи ја групата и нејзината групна динамика повеќе од три години, лесно можеа да се идентификуваат и препознаaат овие промени, иако овие физички или бихејвиорални промени, не беа секогаш само физички. Многупати, тема мотивирана од тековниот политички дискурс стимулира дискусија која беше секогаш конструктивна. Како полоша ситуација, имаше случаи кога тишината беше присутна повеќе отколку вообичаениот дијалог. Оваа опсервација беше потврдена и при спроведувањето на програмата за градење на мир со деца од Скопје за етнички мешана група[96]. Доколку на денот на средбата или неделата околку тој ден вестите беа базирани на етнички политички дискурс и тековни тензии, во тој случај тоа влијаеше на контактот помеѓу децата во програмата. Доколку тимот во програмата работеше шест месеци со децата и мешањето помеѓу децата стана природно – ненаметнато, тогаш се појави ситуацијата дека сиот труд беше залуден...или да се почне повторно од почеток. [97] И во двата случаи може да се заклучи дека контактот е многу моќен и веројатно детерминиран од лични и групни карактеристики но, контекстот исто така има високо детерминирачка улога. Доколку, контекстот не го потхранува и поддржува тој контакт таквата ситуација дури може да има и контраиндикации. [98]

Училиштата и учебниците се најчесто примарните алатки и места преку кои во општествата формално, интенционално, систематски и опширно се пренесуваат националните наративи, имајќи го авторитетот, легитимитетот, средствата и условите истото да се продолжи понатаму. Нивното присуство во наставната

[95] Учесниците беа главно возрасни над 30 години, од кои 95% беа интелектуалци, притоа работејќи во јавни институции (образовни) или пак познати во своите заедници како активисти за етнички соживот.
[96] Децата учесници во програмата беа од македонски, албански, србски, турски, ромски и бошњачки етникум.
[97] Сликата како децата седат на две различни клупи во спортска сала од кои на едната Македонци а на другата Албанци беше многу разочарувачка. Притоа, имаше ситуации со неколку инциденти кога во јавниот дискурс преовладуваше политичка криза базирана на етнички тензии, неколку ситуации резултираа со директно насилство помеѓу децата од македонска и албанска припадност (ова се случуваше во периодот 2015-2017 година.
[98] Се случи кога политичките тензии беа интензивни и масовно проширени од страна на медиумите, во програмата со децата беше очигледно дека општествените настани влијаат на интергрупната динамика кај децата. Конечно, со потценувањето на улогата на контекстот резултатот беше физичко насилство помеѓу децата базирано на нивната етничка припадност.

содржина и учебниците ја изразува општествената идеологија и етос, и пренесува вредности, цели и митови кое што општеството цели да ги пренесе на новите генерации (Apple & Christian-Smith, 1991; Bourdieu, 1973). Генерално, може да се заклучи дека теренското спроведување на пилот истражиувањето и опсервацискиот процес не донесе многу позитивности.

Имено, истакна слики на длабока поделеност. За македонското општество постои очекување дека соживотот помеѓу различните етникуми е на задоволително ниво, што претставува нужност за функционално општество. Актуелниот контекст во овие општини се состои од стриктно етнички хомогени училишта[99]. Во ова истражување, добиените резултати покажуваат дека македонските ученици покажуваат поголем фаворитизам кон албанските ученици, додека албанските ученици покажаа поголем фаворитизам за својата група. Албанските ученици немаат основно познавање на македонскиот јазик, иако одговорните наставници пред почетокот на истражувањето информираа дека учениците го изучуваат македонскиот јазик и нема потреба од преведувач.

Оваа ситуација претставуваше пречка за истражувањето да биде спроведен според планот. Очекувањето дека албанските деца веројатно ќе имаат базично познавање на официјалниот јазик во државата и дека инструкциите ќе бидат лесно разбирливи за учениците не беа реални[100]. Ова претставува само уште еден пример за тоа како една институција на системот како примарен фактор на социјализација генерира и зајакнува предрасуди длабоко во личноста на децата. Секако, постојат и други примери ширум светот, во различни контексти. Генерално, многу држави не успеале да обезбедат соодветен образовен и одржлив систем најчесто во пост-конфликтни подрачја. Главно овие системи претставуваат производ на ad-hoc политички одлуки без некоја сериозност за тоа колку ранливи, значајно - суптилна

[99] Албанските ученици посетуваат чисто етнички паралелки, со часови на албански јазик, додека македонските ученици исто така посетуваат македонско чисти паралелки, со еден исклучок во селото Вратница каде што имаше една албанска ученичка во еден од класовите. Но, тоа воопшто не беше случај. Ова предизвика промена во истражувањето така што имаше потреба од преведувач. Еден од албанските наставници се понуди доброволно да преведува. Како и да е, оваа поддршка директно влијаеше на истражувачките резултати и самата тестовна ситуација кај децата. Имено, додека преводот се одвиваше наставникот влијаеше на процесот на начин што додадаваше свои сугестии кој/а би можела да биде таа друга личност – многу веројатно Албанец.

[100] Учениците добија инструкции да го поделат листот на половина; во првата половина да се нацртаат себеси, а во втората половина да нацртаат личност која не припаѓа на нивната (етничка) група.

функција имаат училиштата во генерирањето и потхранувањето на стереотипите и предрасудите. Во случајот со Северна Македонија истражувања во оваа насока се потребни и неопходни како индикатор за тоа во каква состојба е државата во однос на темата.

### 1.3. Заклучоци од теренското пилот истражување во општина Тетово и Јегуновце

Стереотипите и предрасудите се сметаат за главните причини за интергрупен конфликт. Тие водат кон избегнување, намалување на комуникација, засновани на нивните ригидни ментални слики за членовите на други групи, често проследени со одредени емоции, најчесто негативни.

Она што може да се извлече како заклучок од ова истражување е следното:

- Албанските ученици имаат тенденција да демонстрираат поголем интрагрупен фаворитизам и поголемо отрфлање
- Македонските ученици имаат тенденција да демонстрираат поголем фаворитизам кон албанската група

Значајно:

- Во менталната слика на другиот мал процент од албанските ученици го перцепира македонскиот ученик или дете како потенцијален пријател (дури и само имагинарен)
- Во менталната слика на другиот во рурална средина обете групи на ученици македонска и албанска другата човечка фигура ја доживуваат како албанец.

Позитивни чувства најчесто беа регистрирани кон ромската и српската етничка група најчесто од страна на македонската група.

- Резултатите демонстрираат дека постои едностран интерес од страна на членови на групата со која што тие споделуваат многу работи како на пример истата територија каде што живеат, истите општини и истите ресурси за задоволување на групните потреби.
- Албанските членови на групата кога им се зададени инструкции да нацртаат втора човечка фигура (дете) најчесто цртаа фигури кои што се физички далеку, во други држави, отколку одредни групи кои што се припадници на

нивните заедници. Овој податок може да биде исто така индикативен и постои доволно простор за да биде понатаму истражуван.

**Препораки** – Понатамошно истражување е потребно да биде спроведено со прилагоден пристап, имајќи ги предвид сите елементи и недостатоци на ова пилот истражување.

Ова истражување исто така може да поттикне соработка помеѓу државните институции и тела во однос на состојбата со меѓуетничките односи во државата. Со оглед на тоа дека истражување од ваков тип не е спроведено, барем не во ваков формат, потребен е холистички пристап и да се спроведе на целата територија независно од тоа дали општини се етнички хомогени или хетерогени. Ваквите податоци, кои секако не може да се генерализираат бидејќи пред се примеркот е примерен укажуваат на една фаза која што води или придонесува кон создавањето на паралелно општество.

Генералната препорака да се работи на стимулирање на контакт помеѓу македонските и албанските ученици на училишна возраст. Поддржувајќи го актуелниот тренд со одвоеност, каде што се создава паралелно опшество без комуникација и интеракција, предвидувањето е дека во следните 10 години тоа ќе претставува само простор на две заедници која што секоја егзистира во рамките на сопствената група, не познавајќи се меѓусебно. Ова е плодна почва за создавање на стереотипи и предрасуди – кои се основата на интергрупниот конфликт.

### 1.4. Пилот интервјуа

Во периодот на 2020 година се обидов да спроведам пилот интервјуа. Идејата беше да се спроведат минимум две интервјуа, што повторно се покажа како невозможно. Подолу се споделени дел од транскриптите и квалитативната анализа, која што ми послужи како инспирација за главното истражување.[101] Интервјуата што ги спроведов во Јордан и Либан покажаа дека во реалниот живот во овие опшества е комплексен, разновиден, но и различен. Кога се гледа кон либанската

[101] Целокупниот истражувачки процес во однос на идентификација на потенцијални индивидуи кои би сакале да бидат интервјуирани и давање согласност за истото, траеше исклучително долго. На мое големо разочарување голем број на индивидуи директно и индиректно одбија да учествуваат. Блискиот Исток беше искучителен предизвик за мене. За да се изфилтрираат на крај 12 интервјуа во период 3 година, исконтактирав на 80 личности.

разновидност, се гледа и нејзината (дис)функционалност. Дотолку што конфликтот е толку комплексен и испреплетен така што треба добар графички приказ на истиот е неопходен за подобро разбирање. Овој критериуми за непријателство помеѓу групите на некој начин е неодржлив – без оглед на тоа колку бизарно ова звучи, но во рамките на една иста група постојат многу фракции.

Главните актери во домашниот – локален конфликт се Христијаните (Марионити), Муслиманите (Либански – Арапи), и Друзите. Останатите актери се бегалци главно Палестинци, потоа Израелци кои што оперираат одвнатре-однадвор најмногу во коалиција со христијаните и сиријците – поврзано со (анти) пан-арабизмот и шиизмот како фракција на Исламот. [102] Првичната истражувачка работа спроведена во Јордан води кон перцпецијата дека на генерално ниво постои толеранција, помеѓу различни групи но, сепак општеството не е ослободено од стереотипи и предрасуди, особено во однос на чувството на страв и перцепираната закана која доаѓа надвор од земјата.

### 1.4.1. Пилот Истражување – Втора Фаза (Јордан и Либан)

Првата фаза од истражувањето со одење на терен беше прекинато поради пандемијата на Ковид -19. Во втората фаза од пилот истражувањето идејата беше да се опфати Блискиот Исток како регион. Најпрво беа предвидени 4 интервјуа. Одбрана беше Јордан како земја, бидејќи таму имав најголем пристап до релевантни – потенцијални активисти кои би сакале да учествуваат во истражувањето. По остварената комуникација со неколкумина само еден од нив прифати да учествува во интервјуто. Подолу е проследена транскрипција на истото. Интервјуиранот е мировен активист и експерт кој што работи во меѓународни хумантирани организаци[103].

1. Како ти ја перцепираш најголемата група со која ти се идентификуваш? Како ги перцепираш Јорданците?

**Анас:** Моето искрено гледиште е тоа колку повеќе ги набљудуваш Палестинците и

[102]Кои сакаат да го прошират влијанието на Исламот низ целата територија на Либан потпирајќи се на верувањето за пан-арабизмот и оттука Либан да стане чиста арапско-муслиманска држава.
[103] Интервјуираното лице побара да биде почитувано правото на анонимност.

Јорданците толку повеќе ќе стигнеш до ништо. Доколку ги проучуваш Јорданците и Палестинците ти на почеток можеби ќе имаш нешто но, колку повеќе одиш понатаму ќе стигнеш до едно големо ништо. Зошто? Бидејќи ова порано било една држава. Имате луѓе кои што доаѓале да работат во Аман, па се враќале во Ерусалим, Наблус итн.

Така што се до 1989, зборувајќи од денес пред 30тина години, пред Израелската окупација немало физички разлики, едноставно не било можно да бидат видени. Централните делови на Јордан и централните делови на Палестина, луѓето го зборуваат истиот арапски со речиси истиот акцент. Ова е моето гледиште, мислам дека тие се многу слични, нема разлика помеѓу овие групи. Постојат 600.000 бегалци Палестинци во Јордан според ОН. Првите бранови бегалци добија државјанства бидејќи тие се веќе неколку генерации во Јордан, но со последните бранови овие бегалци се уште живеат во кампови. Тие живеат во кампови надвор од Аман, како на пример во Зарга, Џераш, и со тоа присутно е чувството дека постојат негативни чувства. Така што, овие бегалци се дискриминирани од страна на Јорданците со јорданско потекло и Јорданците со палестинско потекло. Не гледате на нив како на останатите Палестинци кои што имаат јорданско државјанство. Тие живеат како бегалци, тие немаат реален живот.

**И:** Ова трае веќе подолго време?

**Анас:** Сите оние кои што дојдоа во 1948 дефинитивно тие добија државјанство, како и оние во 1967, некои од нив добија некои од нив не, некако како да е прашање на време. Денес одредени луѓе кои живеат во Западниот Брег (Вест Банк) мои пријатели имаат привремен јордански пасош така што тие може да патуваат. Во минатото единствената придобивка за Палестинците беше образованието и приватниот сектор, но не повеќе. Веќе ништо не е исто како претходно.

**И:** Дали постои некаков конфликт во Јордан? Не мора биде во неговата манифестна фаза па дури и во латентна, имајќи ја разновидноста на јорданското општество.

**Анас:** Кога станува збор за религија ова е земја со христијанска популација од помалку од 10% кои се од ерменско потекло и слично; но, кога станува збор за националност, бидејќи ова е тоа што го дефинира Јордан, религијата никогаш не била нешто...луѓето живееле и живеат заедно, дури и еврејската заедница која што дава поддршка за Израел и Зионизмот – настрана од тоа луѓето живеат заедно тука. Религијата никогаш не била ништо – знаеш. И понекогаш луѓето мислам дека јорданските

христијани се поинакви, дека тие имаа поинаква боја на кожата или пак акцент, но не! Иако повеќе јордански христијани не живееле во Аман тие потекнуваат од Карак, Мадаба, Небо, така што следствено на ова, дали постои можност/веројатност за конфликт? – Јас не би рекол. Можеби имало неколку но, не со толкав интензитет. На пример, мојот брат само што започна со нова работа во област каде што живеат бегалци и многу сиромашни Јорданци, така што целата мешавина ја имаш токму таму.

Баш во таа област се гледаат разликите. Постои булинг во училишта како и банди. Така што тие конфликтот започнуваат уште на најмала возраст па се до зрели личности.

**И:** Дали е ова поврзано со социјалната класа?

**Анас:** Не во суштина, бидејќи сите тие живеат во истата област. Не постојат легални жители во Јордан (во смисол на Сиријците), сите тие се бегалци.

**И:** Дали постои таква категорија како на пример јорданец со сириско потекло?

**Анас:** Види како се навратиш station наназад, работите се навистина комплицирани. Првиот премиер на Јордан, пред сто години бил сириец – чист сириец. Знаеш, дечкото Мохаматам Хам, кој беше со нас во Сочи, тој е сириец кој живее во Јордан пред војната, и тој не доби државјанство и тој никогаш нема да добие државјанство. Ние имаме таков проблем во Јордан што мајката не може да го префрли – пренесе своето државјанство на своите деца, што е навистина лудо!

Ова се случува со Палестинците во Западниот Брег. Богати, успешни Палестинци, се женат со јордански жени само за да може да имаат пристап до јорданското државјанство, ова се богати луѓе, така? Исто се случува и со ирачаните. Богати ирачани доаѓаат во јордан и инвестираат, во економија итн. Но, со тоа тие ја креваат цената на нештата, така што обичен јорданец кој вчера продал куќа на ирачанец може да сонува само дека повторно може да ја купи таа куќа, бидејќи тие плаќаат многукратно повеќе и потоа продаваат за уште толку повисоко.

Дали тоа значи дека тие треба да се вратат од каде што дошле? – Не може така да се каже. Тие се некако изолирани. Тие не се среќаваш со ирачани како што се среќаваш со палестинци на дневна база. Затоа е и тешко за нив. Тие имаа негативни чувства кон Сиријците. Јас и ти многу добро знаеме што значи конфликт, така што постои конфликт таму. Се уште нема насилство, на пример повеќето од ГФП[104] програми се однесуваа на

[104] Generations for Peace

насилството во училиштата помеѓу локалното население и сириjските деца – бегалци, некои од нив се образование луѓе, и знаеш кога некој ќе ги спомне нив најчесто реакцијата е ......(навреда за Сиријците).

**И:** Постојат предрасуди за сиријците од ова што можам да го слушнам.

**Анас:** Единствената работа која што е многу чудна а ги прави нештата подобри е религијата, бидејќи тие одат во истите џамии и се молат, на крајот од денот сите ние сме Арапи, но ние исто така понекогаш знаеме да се судриме.

**И:** Значи постои ваквата перцепција. Дали изворот на овие судири е всушност, тоа што локално население практично се лути бидејќи со нивното присуство се намалуваат можностите за истото но, исто така и се празни државниот буџет?

**Анас:** Знаеш владата има бенефит од тоа. Буџетот на Јордан на годишно ниво е многу мал отприлика 9 милијарди евра, ние добивме овој месец надворешна помош од околу 3 милијарди така што тоа што ние ги примивме сиријците – тоа не е бесплатно. И тоа е нешто што владата не го споделува со јавноста. За Палестинците ние исто така земаме пари уште од 1948 година од ОН. За секој регистриран палестински бегалец – владата зема пари за тоа. Но, ова е веќе корупцијата во владата. Она што сакам сега да го дискутирам и можеш истото да го зборуваш и со други Јорданци исто така – реалниот расизам е економски. Исто како во САД – не ги интересира дали си ти Мексиканец, Јорданец или Палестинец туку твојот економски статус, каде живееш, што работиш, и со колку пари располагаш.

Баш вчера, дискутирав за корона, 2.000 случаеви внатре во само една фабрика од вкупно 9.000 вработени. Па, за што беше дискусијата? – Не беше за тоа како се случило тие да се заразат. Туку дискусијата беше за тоа од каде се донесени тие 9.000 вработени (кои што се странски работници) кога во Јордан процентот на невранотеност е над 30% со 45% невработеност кај младите со високо образование. Сето она кое што би можело да иницира било каков конфликт во Јордан е во најдобар случај поврзано со економија. И она што го прават медиумите, како студент моето семејство ме испраќаше да ја собирам киријата за апартманите кои што ги издававме. Во два живееја Јорданци, а останатите беа Сиријци. Многу често Јорданците коментираа дека нив не треба да им ја наплаќам струјата дека ОН плаќа за Сиријците, па може и за нив исто да плаќа, што воопшто не беше виситина. Тие го плаќаа апартманот преку своите роднини кои што

работат во Дубаи, некогаш парите директно на мене ги испраќаа, но медиумите создаваат таква перпцеција дека вшусност овие пари завршуваат кај овие луѓе. Тоа е понатаму причина за конфликт и предрасуди.

**И:** Да, познато ни е дека медиумите шират силна пропаганда посебно во конфликт. Ајде да се префрлиме кон емоциите малку. Која е генералната перцепција, на пример како Палестинците се чувствуваат за Јорданците и обратно? Или пак нешто што ти го сметаш за релевнтно.

| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/28/2023<br>Опсег на извадоци: 54-397<br><br>Мислам дека генерално луѓето не се чувствуваат безбедно на општо ниво во различни правци. Не во однос на етничките односи бидејќи претежно териториите се етнички чисти, но можеби повеќе на некој начин од внатрешни закани. Влезот во НАТО дојде со огромна кампања дека ништо повеќе не може да влијае на нашата стабилност во однос на безбедноста. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/28/2023<br>Опсег на извадоци: 5474-6085<br><br>Иако религијата игра улога во животот на многумина, целокупното општество е релативно секуларно во споредба со некои други земји во регионот. Но, при кризи постои тенденција религиозните лидери да се пројавуваат со некакви националистички реторики. Во последнните години може да се зголеми пофреквентно движење или појава на носење на хиџаб кај исламската заедница, и тоа кај млади девојчиња, не возразни жени. Сметам дека тоа е алармантно, балансирана религиозност не носи никому штета, но вака се трансформира<br>нашето опшество – изгледа поинаку и демографски, и суштински, фракционирано е, како со јасни линии. |

**Територијална фрагментација и наратив на неисполнетни групни психолошки потреби**

Тема: **Актуелна ситуација**

Вовед: Овој наратив синтентизиран од извадоците прозилезени од кодовите поврзани со актуелната ситуација рефлектираат перцепции и тврдења поврзани со етничка територијална фрагментација и наративи со неисполнети колективни психолошки потреби. Психолошките потреби во ова истражување се однесуваат на групно но, и индивидуално ниво како чувството на безбедност, идентитет, правда итн. Понатаму, се пројавува и прашањето за употребата на јазик како и употребата на културни, државни и религиски симболи. Се истакнува улогата на религијата во интегрупните релации во македонското општество, навестувајќи информација или перцепција дека религиската улога во интергрупните конфликти е суптилна, ненаметлива, секуднарна но и истовремено и моќна.

Креатор на извадок: Psihologinka
Извадок создаден на: 12/28/2023
Опсег на извадоци: 54-397

Мислам дека генерално луѓето не се чувствуваат безбедно на општо ниво во различни правци. Не во однос на етничките односи бидејќи претежно териториите се етнички чисти, но можеби повеќе на некој начин од внатрешни закани. Влезот во НАТО дојде со огромна кампања дека ништо повеќе не може да влијае на нашата стабилност во однос на безбедноста.

Креатор на извадок: Psihologinka
Извадок создаден на: 12/28/2023
Опсег на извадоци: 6846-7547

Религијата влијае на меѓугрупните односи, особено во контекстот на историските и културните комплексности. На пример, врската помеѓу православната христијанска и муслиманската заедница историски е осетлива. Спорови околу религиозни објекти, културни практики и историски наративи понекогаш влијаат на динамиката помеѓу групите. Сепак, есенцијално е да се истакне дека многу личности и организации работат за подобрување на меѓуверскиот дијалог и разбирање, што придонесува кон подобри односи помеѓу различните верски заедници. Напорите за промоција на заеднички вредности и соработка покажуваат дека, иако религијата може да биде извор на нетрпеливост исто така нуди можност за единство и соработка.

Минатите искуства се исто така релевантна информација за оваа анализа, бидејќи се пројавуваат во транскриптите и делумно минатите искуства го детерминираат сегашниот контекст.

| |
|---|
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/27/2023<br>Опсег на извадоци: 15926-16723<br><br>Така, татко ми учеше на српски бидејќи дошле од Србија и му било тешко да учи на македонски, затоа што не го знаеше јазикот.  Иако јазиците се слични, тоа беше во Југославија во текот на 1960-тите, па имаше училишта на македонски и српски јазик, па татко ми учеше на српски јазик. Имало од различни националности кои сакале децата да учат на српски јазик како: Турци, Албанци, Бошњаци, Роми, сите тие учеа во тоа училиште и учеа во Чаир. Видов дека има иницијатива за луѓето кои порано живееле околу училиштето Цветан Димов, најблиското училиште во тоа време беше српското, ги праќале своите деца таму да учат. Сите пријатели на татко ми се од тоа време, и често кога ќе се сретнаме со некој ако прашува за училиштето на татко ми, јас би кажала Цветан Димов - без оглед на етничката припадност. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/28/2023<br>Опсег на извадоци: 3040-3706<br><br>Да, меѓугрупните конфликти опстојуваат во Северна Македонија, честопати произлегувајќи од историски и културни разлики. Најзначајните тензии се забележани меѓу македонската и албанската заедница. Иако се прават значителни напори во последните години, прашања како јазични права, застапеност и историски наративи продолжуваат да бидат извор на противречности. Сметам дека нештата може да бидат поинаку поставени, но сега веројатно е веќе доцна. Конфликтот не е во некоја манифестна фаза, но знаете го има стравот да не ги налутиме другите, инаку ќе се пука...<br>И покрај ова сметам, дека нашето општество е се уште многу далеку од некаква идна хармонија и реален соживот. |

Креатор на извадок: Psihologinka
Извадок создаден на: 12/28/2023
Опсег на извадоци: 6846-7547

Религијата влијае на меѓугрупните односи, особено во контекстот на историските и културните комплексности. На пример, врската помеѓу православната христијанската и муслиманската заедница историски е осетлива. Спорови околу религиозни објекти, културни практики и историски наративи понекогаш влијаат на динамиката помеѓу групите. Сепак, есенцијално е да се истакне дека многу личности и организации работат за подобрување на меѓуверскиот дијалог и разбирање, што придонесува кон подобри односи помеѓу различните верски заедници. Напорите за промоција на заеднички вредности и соработка покажуваат дека, иако религијата може да биде извор на нетрпеливост исто така нуди можност за единство и соработка.

### 1.1.1. Анализа на теми

- Стереотипи

**Наратив 2**

**Тенденција на би-категоризација на македонското опшество**

Вовед – *Изјавите на интервјуираните во врска со темата стереотипи укажува на тоа дека припадниците на македонското опшество имаат тенденција да ги перцепираат членовите на групите во две групи – односно Албанци и Македонци.*

Креатор на извадок: Psihologinka
Извадок создаде на: 12/28/2023
Опсег на извадоци: 6297-6577

Групата со која се идентификувам ги идентификува Албанците како категорија и муслиманите исто така. Мојата група го перципира општеството главно преку овие две групи. Албанците се Албанци дали муслиманите можат да бидат Албанци, но можат да бидат и Турци, Бошњаци или дури и Роми.

Креатор на извадок: Psihologinka
Извадок создаден на: 12/27/2023
Опсег на извадоци: 5247-6048

Според последниот попис, доминантното муслиманско население во Македонија се Албанците, и мислам дека оваа доминација е тоа што прави луѓето да мислат дека јас сум Албанка. Од друга страна, она што го забележав е дека кога кажувам дека сум Босанка, не знаеле дека босанските жени исто така можат да носат хиџаб - шал.

| |
|---|
| Мислам дека ова е за моментот зошто шалот се носи најмногу мислат дека е албанска традиција за албанската жена и кога кажете дека тоа е дел од религиозното чувство и идентитетот, тогаш осознаваат дека тоа е нешто по длабоко од она што мислат. Албанците исто така ми зборуваат на албански бидејќи целата нивна околина е со многу албански жени кои носат хиџаб и не се обидуваат дури да размислат дека има Турчинки, Босанки, Ромки, Горанки, Торбеши кои исто така се појавуваат со хиџаб. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаде на: 12/27/2023<br>Опсег на извадоци: 6509-6969<br><br>Зошто не некоја друга националност да ја претставува покриената жена освен Албанката? Сите Албанки не се покриени. Зошто ако правиме кампања за правата на жените, жената која зборува албански е покриена, а жената која зборува турски не е покриена, и жената која зборува босански не е покриена? И самите не го сакаат ова. И сите имаме проблем кога шалот е поврзан со етничка група, кога е дел од религиозен идентитет, а не етнички. Сите го имаме овој проблем. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден  на: 12/27/2023<br>Опсег на извадоци: 7387-7753<br><br>Немам конкретно мислење. Она што научив во последните 20 години е дека луѓето чувствуваат страв и се групираат меѓусебно, со оние слични на нив, така што е лесно да се формираат групи на Албанци, групи на Македонци и тоа како чувствуваат силни. Најлесниот начин е да се мобилизираат, ако имаше борба во училиште, тие се мобилизираат и се групираат на етничка основа. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаде на: 1/2/2024<br>Опсег на извадоци: 18405-19050<br><br>Меѓу Бошњаците има многу мешани бракови, но повеќето од нив се така што жената е Македонка, тоа се одобрува и не е толку лесно одобрено обратното. Бошњачката жена да се ожени за Македонски маж не е истото како кога Бошњачкиот маж се ожени за Македонска жена. Ако чуеш дека снаата ти е Македонка, тоа е како добро, во ред, тие се љубат, но ако Бошњачка жена се ожени за македонски маж, тогаш таа е осудена. Никогаш нема да чуеш посакувачки момент како добро, ок, тоа е нејзин избор, таа може да живее како што сака, важно е мажот да биде добар. Не, секогаш се осудува, таа не можела тоа, не и било дозволено, вау како можела да го направи тоа... |

| |
|---|
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаде на: 12/27/2023<br>Опсег на извадоци: 8867-9569<br><br>Во 1948 година беше креирана Универзалната декларација за човекови права, додека замислете правото на домување беше објавено, но не и правото на самоопределување. Бидејќи оние кои работеле на тој документ од Западниот свет имаат колонии, нивните колониски империи уште постојат, така што тоа не одговара на нивната агенда - самоопределувањето, според дефиниција, значи дека една нација може да ја дефинира својата судбина. Толку едноставно. Тоа право на самоопределување влегува во Конвенцијата во 1966 година, така што сите ретроградни елементи имаат капиталистичка основа, сите ретроградни елементи се конзервативни - религиозни средновековни, тоа е економскиот модел кој овозможува истражување. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаде на: 12/27/2023<br>Опсег на извадоци: 11904-12983<br><br>Искрено сметам дека да. Воопшто мојата етничка припадност е малку специфична. Според религијата, сум муслиман, но според јазикот, сум славофон. Во македонското општество постои поларизација, не само по етничка, туку и по религиска основа, и општата импресија е дека сите муслимански етнички групи се групирани со албанскиот етникум во перцепцијата на македонската духовност на општеството, иако културно сме славонска етничка група, додека бевме дел од истата земја, бевме на исто ниво и културно се чувствувам поблиску до македонската етничка група отколку до албанската, на другата страна почувствуваме некакво антагонизирање бидејќи за нив ние звучиме како Македонци, па дефинитивно, го чувствувам ова. Не можам да кажам дека ми беа одземени можностите, бидејќи ова е индивидуален случај, можеби на некој друг му беа одземени некои можности. Многу сум среќен што уште има тенденција во нашето општество која е меритократска, но брзо исчезнува под притисокот на трендовите на етно-племенското општество, но воопшто, почувствував антагонизам од двете најголеми етнички групи. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаде на: 12/27/2023<br>Опсег на извадоци: 12984-13283<br><br>Воопшто, лично можам да кажам дека овие се стереотипи за неспособност. Се имам соочено со такви стереотипи и сам, едноставно кога кажувам моето име е како да сум |

| |
|---|
| поднел CV со тоа што сум постигнал (цели да кажам ништо) или дали моето име е IQ тест и такви работи, воопшто стереотипи за неспособност. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/27/2023<br>Опсег на извадоци: 13449-13617<br><br>На Балканот религиските институции, бидејќи тие беа главниот фактор за распад на општеството (можам да почувствувам треперење во неговиот глас) без сомнение ИВЗ и МПЦ. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/28/2023<br>Опсег на изваодоци: 14118-14733<br><br>Ние сме средна политичка партија и сѐ уште не сме добиле власт за да го водиме нештото во оваа насока. Едноставно, ние мислиме дека Охридскиот Рамковен Договор е пречка за хомогенизација на општеството, подоцна мислиме дека има потреба од позитивна дискриминација на социјално ниво и тоа ќе ги надмине стереотипите и претпоставките што ги имаме за луѓето, бидејќи кога аплицирате за работа, ако не можете да имате име и презиме, туку социјален статус како критериум, многу работи би биле предодредени на спонтан начин. Политичката култура е долг кој се пренесува од едно поколение на друго, но може да се промени. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/28/2023<br>Опсег на извадоци: 14802-15207<br><br>Етничка припадност, религиска припадност, класна припадност, бидејќи луѓето споредуваат кој што има и колку, има несогласност во врска маж-жена и луѓето кои се вклучени во процесот на вработување имаат различни предпоставки за мажите и жените, воопшто се однесува на добивање на работа, и кои се категориите според кои еден маж одлучува дека некој треба да добие работа, и подоцна има идеолошки поделби... |

| |
|---|
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/28/2023<br>Опсег на извадоци: 15255-15551<br><br>Реално сметам дека стереотипите, го знаете Шоуто – Преспав. Ромската жена е чистачка, Албанецот не елооквентен... Говориме за овие теми и дискурсот во нашето општество е поделен на две - македонски и албански - не ги гледаме нашите предавања, телевизии, а тоа се финансира од телевизијата.<br>Стереотипите поврзани со етничките или религиските потекла можат да влијаат на перцепциите и интеракциите на децата. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок  создаден на на: 12/28/2023<br>Опсег на извадоци: 9272-9428<br><br>Штета што никој не ја дискустира оваа тема во детали и директно. Тоа претставува проблем, но проблем е што сите засегнати страни не го сметаат за проблем. |

- Код Стереотипи




**Графикон 1**. Фреквенција на кодот стереотип

Погоре е прикажан графички приказ на кодот стереотип односно неговата фреквенција. Од вкупно 25 извадоци во 22 од нив се споменува темата стереотип, директно како тема или пак преку индикаторите кои што се прикажни во табелата со индикатори. Притоа оваа анализа на случај покажува висока фреквенција на стереотипизација во македонскиото општество. Стереотипизацијата или категоризацијата најчесто е бинарна на пример: Албанец –Македонец, христијанин – муслиман, богат – сиромашен или член на оваа или онаа политичка партија. Такашто, перцепциите се упростени, како да нема простор за останати категории да опстојат во општеството. Исто така, во албанскиот блог т.е муслиманските малцинства постои тенденција за супериорност во однос на албанската пред се етничка група, која своето влијание го

наметнува преку религијата. Па така се губи разновидност во муслиманската група – постои тенденција истата да биде упростена исто така. На пример, доколку си муслиман веројатноста е голема да си по правило и Албанец. Ова се надоврзува и со растечката тенденција кај муслиманското население да се зборува албанскиот јазик.

- Предрасуди




**Графикон 2.** Фреквенција на кодот предрасуди

Погоре е прикажан графички приказ на кодот односно темата предрасуди и неговата фреквенција. Од вкупно 120 извадоци Северна Македонија има 99 извадоци поврзани со темата предрасуди, што претставува висока фреквенција или присустност на предрасудите како тема во општиот наратив. Подолу следи детална анализа на суб-теми или суб-кодови бидејќи во оваа анализа беа идентификувани неколку видови на предрасуди, следејќи ја теоретската рамка на анализата и индикатори креирани од дефинициите на предрасуди.

- Предрасуди – вкоренети во рано учење (фактори на социјализација)




**Графикон 3.** Фреквенција на кодот рано учење (рани искуства)

Во однос на предрасудите вкоренети или научени во раното детство преку процесите на примарна и секуднарна социјализација Северна Македонија има вредност 7 од вкупно 8 извадоци на оваа тема.

**Наратив 3**

| Паралелен образовен систем и гетоизација на младите генерации |
|---|
| Вовед – *Една од главните причини за создавање и вкоренување на предрасудите во македонското општество се раното учење и раните искуства. Младите генерации се депривирани од можноста да се запознаат едни со други. Сите искуства поврзани со други групи се научени – пренесени од семејството.* |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаде на: 12/28/2023<br>Опсег на извадоци: 5343-5938<br><br>Длабоко вкоренет. Мислам дека сѐ почнува од таму. Денес мешаните училишта се навистина исклучок во македонскиот образовен систем. Иако македонскиот јазик е официјален, огромен процент или речиси од новите албански генерации не го зборуваат, а згора на тоа го негираат. Додека тргнете во една турска заеднца – ќе се вчудоневидите од тоа колку убаво зборуваат македонски. Појдете во Турција – веројатноста да сретнете повозрасна личност со македонско потекло која што извонредно говори македонски просто ви ја грее душата. Со ваква динамика ние не можеме и нема да биде едно интегрирано општество. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/27/2023<br>Опсег на извадоци: 14903-15779<br><br>Нашите училишта се целосно разделени. Секој си има свое училиште. Во училиштето каде што завршивме, мојот брат, сестра и јас бевме единствени од друга етничка заедница, сите останати беа Македонци. Се до средношколско образование не можев да сретнам никого од друга етничка група, околината, освен македонската, па мислам дека од самото почеток не се познаваме. Целокупното мислење за другите се базира на она што ни беше речено или што луѓето зборуваат за нив, а сите овие моменти беа заплетени со конфликти и дискриминација. Кога ќе ги запознаеш луѓето од самото почеток, почнуваш да чувствуваш одредена нелагодност кон нив. Затоа мислам дека тоа е затоа што не се познаваме и поради "гетоизацијата" која постои во едно |

предградие живее само една нација. На пример, кога татко ми се присетува на неговите училишни денови во Цветан Димов се било поинаку, сè било нормално.

Креатор на извадок: Psihologinka
Извадок создаден на: 12/27/2023
Опсег на извадоци: 13696-13991

Корените на предрасудите се во примарната и секундарната социјализација, семејството и образованието, бидејќи децата формираат свои предразсуди дури и пред да имаат контакт со членовите од други групи. Тие се тотално субјективни. Затоа мислам дека социјализацијата е критична, а не самиот контакт.

Креатор на извадок:: Psihologinka
Извадок создаден на:: 12/28/2023Опсег на извадоци:: 7692-8039

На детска возраст, предрасудите често се појавуваат на субтилен начин. Спомнувам случаеви каде деца од различно етничко потекло биле изложени на подбуцнување или исклучувања базирани на јазични и културни разлики. Овие рани искуства ја истакнуваат потребата од образовни програми кои ќе го поддржуваат разновидноста и толеранцијата од рана возраст.

➢ Предрасуди вградени во одредеи идеологии – идеолошки предрасуди




**Графикон 4.** Фреквенција на суб-кодот идеолошки предрасуди

Графикот дава информација во врска со идеолошките предрасуди во Северна

Македонија. Фреквенцијата на овој субкод (дете-код)[107] покажува голема присустност во наративот.

➢ Етнички Предрасуди




**Графикон 5**. Фреквенција на суб-кодот етнички предрасуди

Графикот исто така потврдува честа присустност на суб-кодот етнички предрасуди во македонското општество, според тврдењата на интервјуираните. Впрочем етнчиките стереотипи претставуваат една од доминантните категории на категоризација. Ова категоризација доаѓа во голем број на случаеви пропратени со емотивен полнеж. Секако негативните предрасуди се исто така честа појава во македонското општество.




**Графикон 6.** Фреквенција на суб-кодот религиски предрасуди

[107] Child code

Графикот покажува фреквенција на суб-кодот религиски предрасуди каде што вредноста на субкодот религиски предрасуди за Северна Македонија е 1, додека останатите пет држави немаат воопшто никаква вредност на овој код. Иако вредност 1 во однос на останитите субкодови на предрасудите воопшто не претставува висока фреквенција во споредба со останатите категории на предрасуди, но во рамките на сите случаеви - случајот на Северна Македонија има сериозно отстапување.

- Социјална класа

Карактеристично за случајот на Северна Македонија е што таа се одвојува во однос на предрасудите по социјална класа – односно во рамките на темата предрасуди социјалната класа како критериум за предрасуди се појавува со висока фреквенција.




**Графикон 7**. Фреквенција на суб-кодот социјална класа

- Религија

Во однос на темата религија вредноста на овој код е втор што во споредба со останатите теми е релативно низок. Имено, религијата не се споменува како директна причина која може да доведе до одреден конфликт, туку во позадинска основа како врши одредено влијание во однос на одредена тема. Религијата во оваа анализа се пројавува повеќе како тема во рамките на предрасудите.




**Графикон 8**. Фреквенција на кодот религија

➢ Колективни Психолошки Потреби

Колективните психолошки потреби во ова истражување се дефинирани според дефиницијата на Бартон за конфликт, каде што причина за конфликт ги смета незадоволените психолошки потреби како на пример потребата за безбедност, идентитет (самоопределување), чувството на правда итн.

Од графикот подолу, може да се забележи голема фреквентност на темата психолошки потреби.




**Графикон 9.** Фреквенција на кодот колективни психолошки потреби

Оваа тема во рамките на оваа анализа покажува висока честост односно фреквенција. Имено, во самите наративи колективните психолошки потреби се наметнуваат како доминантна тема.

➢ Безбедност




**Графикон 10**. Фреквенција на суб-кодот безбедност

Графичкиот приказ укажува на тоа дека кодот безбедност во рамките на темата колективни психолошки потреби има висока вредност односно вредност 9 од можна вредност 10. Оваа тема не е највисока во кластерот колективни психолошки потреби, но сепак покажува присуство на оваа потреба кај групите.

- Идентитет




**Графикон 11**. Фреквенција на суб-кодот идентитет

Графикон 11 ја претставува фреквенцијата на суб-темата идентитет во рамки на колективните психолошки потреби. Оваа тема има висока фреквенција и во оваа држава има една од повисока присутност како тема. Впрочем, ваквата фреквенција воопшто не изненадува – во контексти на отсуство на колективен идентитет, темата на идентитет е високо загрозена и секоја група има тенденција да го сочува сопствениот идентитет.

**Наратив 4** – Колективни психолошки потреби

Групно условени колективни психолошки потреби

-Безбедност, идентитет, правда, стабилност

Вовед: *Анализата индицира на високо незадоволени колективни психолошки потреби. Секој еден интервјуиран во случајот на С. Македонија изјавил дека има чувство на отсуство на правда за себеси и групата со која што тој/таа се идентификува етнички, религиски, па дури и социјалната класа.*

Креатор на извадок: Psihologinka
Извадок создаден на: 12/28/2023
Опсег на извадоци: 7216-8913

Психолошки потреби во мојата земја – безбедност, помалку стрес, стабилност (финансиска, безбедност, здравје), чувство за правда, предвидливо присуство и иднина.

Во поларизирано општество како што е македонското, не можеме секогаш да дадеме одговор на ова прашање. Психолошките потреби на двете главни или доминантни етнички групи, македонскиот и албанскиот во својата суштина се сосема различни. Албанците го продаваат наративот за интеграција во ЕУ и колку сакаат да бидат Европејци, а зад оваа позиција стои нивната потреба да ги обединат сите албански територии во Западен Балкан без војна или каква било цена. Во овој однос, психолошката потреба на Македонците за нивниот идентитет е загрозена со уцени од ЕУ и со тоа Македонците се чувствуваат загрозени од различни агенти. Значи, гледате, не можеме да ги генерализираме психолошките потреби како едно хомогено општество, додека реалноста е дека ова општество во својата суштина е доста поделено. Најголема фрустрација помеѓу македонската заедница имаше кога Бугарија бараше да се промени уставот - а во однос на тоа барање албанската заедница не покажа ни малку емпатија за тоа колку е сензитивно ова прашање за нас. Тоа кажува се – тука веќе нема простор да се комуницира понатаму. Психата е упропастена, идентитетот поткопан – тоа е терет што се носи, но ретко кој го уважува. Затоа ни требате вие експретите од областа да упатите кон ова, да укажете. Политиканството уништи една добра, скромна и некогаш функционална држава. Луѓе кои живеат во нефункционално опшество не може да бидат психолошки здрави. Тоа е поврзано со целокупниот систем – здравје, образование, правда, плати, квалитет на живот, па и ако сакате квалитет на воздух!

| |
|---|
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаде на: 12/27/2023<br>Опсег на извадоци: 4887-5207<br><br>На пример, за мене лично, јас сум етнички Бошњак, но немам проблем да се чувствувам како Македонец. Воопшто функционираме на овој национален модел, бидејќи постои мала забуна меѓу левичарите на територијата на Европа, иако сме во Европа, сме на нејзината периферија, не сме во политичкото јадро на европскиот континент. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/28/2023<br>Опсег на извадоци: 6174-6485<br><br>Работата е дека целата идеја за едно општество за сите, не е за тоа да се нападне македонското присуство во таа стратегија. Лично јас и партијата сметаме дека со тоа се напаѓа македонската култура и идентитет. Додека идентитетот на доминантната група се напаѓа, тогаш тоа не може да биде едно општество за сите. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаде на: 12/28/2023<br>Опсег на извадоци: 2176-2952<br><br>Психолошките потреби варираат меѓу различните групи. За многумина, постои заедничка желба за безбедност и чувство на припаѓање. Економската стабилност е заедничка загриженост, а потребата за правда и праведност одзвонува низ заедниците. Идентитетот, особено во признавањето и славењето на културната разновидност, е суштински за хармонично општество. Мене ми е значајно да немам фрустрација поради тоа што јас се чувстувам како што се чувствувам односно, тоа не сакам да биде тема на дискусија. Јас сум македонец и крај. Тоа  е мојата психолошка потреба, покрај тоа јас и моите најблиски и сограѓани да се чувствуваме безбедно, тука каде што сме, каде што припаѓаме.  Признавањето и носењето на овие психолошки потреби е суштинско за изградба на хармонично и интегрирано општество. |

### 1.1.2. Студија на случај 1 – Клучни Увиди

Истражувачко прашање: Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на интергрупениот конфликт во Северна Македонија?

Карактеристично за оваа студија на случај е тоа што доминираат темите на предрасуди и колективни психолошки потреби на групно ниво. Темите се фокусираат на секојдневниот живот, образовниот процес, интегрупните процеси и релации како и на етничката и територијална фрагментација на општеството. Притоа, помалите етнички групи се соочуваат со двојна маргинализација бидејќи општеството е навикнато да перцепира низ призмата на две категории – односно општеството се стереотипизира како албанско и македонско општество, додека македонскот блог изјавува мајоризација од страна на албанскиот етникум.

Коренот на незадоволство се идентификува во незадоволените групни потреби за безбедност, сигурност и стабилност на македонското општество. Притоа колективните психолошки потреби не се хомогени што доведува до диверзитет и различни цели во однос на функционирањето на државата. Критична тема или суб-код кој што се пројавува кај македонската заедница е идентитетското прашање, додека бошњачката заедница изјавува за мултилатерна дискриминација токму поради идентитетот кој тие го поседуваат. Имено,славофонски бидејќи зборуваат словенски јазик и религискиот идентитет како припадници на исламската верска заедница. Притоа, може да се увиди дека стереотипите и предрасудите се длабоко вкоренети уште во раните животни искуства преку примарната и секундарната социјализација.

Предрасуди интернализирани во идеологии се присутна појава во македонското општество. Односно, одредени политички идеологии сугерираат и спроведуваат политики на хомогени – етнички училишта, каде што секоја етничка заедница живее и функционира во својот вакуум. Тука повторно, се пројавуваат помалите етнички заедници кои се принудени да се придружат кон една од двете доминантни групи – каде што не секогаш реалноста кореспондира со нивните потреби и нивната идентитетска потреба. Постојат длабоко вкоренети стереотипи дека секој муслиман по некоја општоприфатена логика треба да биде и Албанец. Притоа се истакнува темата на социјална класа во рамките на главната тема предрасуди. Фреквенцијата на оваа тема во

транскриптите е навистина честа, што укажува на присутноста на истата во реалниот живот. Минатите најчесто негативни искуства, се детерминантна за сегашноста.

Како негативно минато искуство со реперкусија во денешнто време се споменува Охридскиот Рамковен договор, како едно од најнеповолните решенија за постигнување и градење на соживот главно помеѓу македонската и албанската етничка заедница. Притоа религијата е присутен фактор во наративите и во јавниот дискурс, но истата има суптилна улога и влијание во интергрупните релации. Имено, таа не е причина за интергрупен конфликт, но во позадина може да даде мотивација за одредени однесувања. Религиските предрасуди се исто така присутни, бидејќи како што се споменува во наративите, не е јасна границата помеѓу она што е секуларно во државата и она што е религиско. Притоа, според перцепциите забележана е зголемена религиозност во последните години – особено кај муслиманската верска заедница, односно како што се содржи во наративот се почесто членови на помладата женска популација се одлучуваат да носат хиџаб. Постои пример во транскриптите, каде што една од испитаничките се соочува со голем проблем поради тоа бидејќи постои голема разлика во перцепциите во однос на таа тема, што се најчесто негативни и недоволно прифатени во јавниот дискурс.

Мешаните бракови се исто така суб-тема која што се појавува во рамките на предрасудите. Кај муслиманската верска заедница постои старото религиозно правило каде што девојката нема право да ја смени својата религија, но за машката популација е сосема во ред да стапи во брак со член на друга религија која што подоцна би го прифатила Исламот. Оваа практика е веројатно древна, и нема промена во однос на перцепциите. Поврзаноста со социјална класа во овој случај не е воопшто спомената.

Во однос на главното истражувачко прашање за оваа тема за тоа каква е улогата на стереотипите и предрасудите и религијата во интергрупните конфликти во случајот на Северна Македонија, понудените тврдења и анализа водат кон синтезата дека истите се доминантно присутни на дневна основа. Понатаму, тие интернализирани на индивидуално и групно ниво во раните развојни фази а притоа самото општество нуди и развива идеологии и околности за истите да бидат рудиментирани како такви. Голем дел од стереотипите пред сè на етничка основа се и институционализирани преку образованиот систем. Територијалната фрагментација и/или етничка фрагментација води кон тоа да се содадат етнички хомогени територии кои фунцкионираат како еден вид на гетоа. Со ваква контекстуализација веројатноста за воспостоавување на контакт помеѓу членовите на различните групи е многу мала. Религијата има значителна улгога во

секојдненвото живеење. Таа претставува значаен фактор на колективна идентификација и комплетирање на сликата за групниот – колективен идентитет.

Религискиот идентитет подразбира и лојалност кон етничкиот идентитет. Такашто, стереотипите, предрасудите и религијата претставуваат јадро кое што е компактно. Ова јадро е присутно во секоја заедница посебно, врзувајќи ги и ограничувајќи ги членовите кон таквата динамика. Ваквата констелација на перцепции и контекст дава плодна почва за интегрупен конфликт. Иако, во овој период не постои манифестна фаза на интергрупен конфликт во Северна Македонија, ваквата анализа укажува на солидни услови и контекст за истата на одреден среден рок, се разбира доколку трендовите во оваа анализа се интензивизираат, поларизацијата ќе биде екстремна во иднина.

## 1.2.Студија 2 – Случајот на Босна и Херцеговина

Во ова поглавје ќе бидат презентирани резултатите од мултипната холистичка студија спроведена за да даде објаснување на “Улогата на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупен конфликт” - случајот на Босна и Херцеговина. Оваа анализа се состои од квалитативна и мешана методологија, со цел да се стекне увид и објаснување за тоа каква е улогата на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупната – конфликтна динамика во босанското општество. Ваквиот пристап дава основа за структурирана и организирана презентација на резултатите, каде што следи детална - холистичка анализа. Главното истражувачко прашање кое се однесува на случајот на Босна и Херцеговина е следното: Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на интергрупниот конфликт во Босна и Херцеговина?

Оваа анализа за почеток ќе се осврне на актуелната ситуација во Босна и Херцеговина имено во перидот помеѓу 2021 – 2023. Анализата се состои од наратив синтетизирани од тврдењата на интервјуираните. За потребите на ова истражување беа интервјуирани 4 испитаници кои по својата професија се новинари, мировни активисти и професионалци од обласа на правото. Притоа интервјуираните се со хрватско и босанско етничко потекло. Исто така, од сите држави кои беа вклучени во анализата, најбрзо прифатија испитаниците од Босна и Херцеговина да учествуваат во истражувањето, и тука истото се спроведе за исклучително краток период.

**Наратив 1** - Опис на актуелниот контекст

| Наратив на конфликт и нестабилност |
| --- |
| Вовед: Овој наратив опфаќа искази кои ја отсликуваат актуелната состојба односно контекст во Босна и Херцеговина. Притоа изјавите на интервјуираните се речиси идентични во однос на темата конфликт, етнички и религиски стереотипи и предрасуди, депривација од можности за учење и контакт особено кај младата популација, феноменот на две училишта под еден покрив, како и за запоставеноста во однос на задоволувањето на колективните психолошки потреби. Понатаму, како значајна тема се истакнувазанемарувањето и отсуство на третман на воените ветерани кои страдаат од ПТСД и анксиозност. Генерално менталната добросостојба на членовите на општеството, особено оние кои доаѓаат од пониска социјална класа е значајна психокошка потреба. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци:: 84-633<br>Босна и Херцеговина е постконфликтно општество веќе речиси 30 години, но со продолжена и постојано растечка меѓуетничка тензија до денес. Општата безбедност ја рефлектира оваа тензија во речиси сите аспекти на животот - секогаш на работ на вооружен конфликт, постојана политичка тензија и блокади на институциите, слабо владеење на правото, со тоа широко распространета корупција и дискриминација, економска несигурност, воени злосторства и негирање и релативизација на геноцидот и многу насилен и токсичен јавен дискурс кој влијае на сите области на општеството. |

Креатор на извадок: Psihologinka

Извадок создаден на: 12/29/2023

Опсег на извадоци: 1910-2831

Дискриминација на верските малцинства (бидејќи секоја од соодветните религиозни групи е и мнозинство и малцинство во зависност од делот на земјата, дополнително засилена со етничкото чистење во 90-тите), се случува во речиси сите делови на земјата и верските водачи и политичарите значително придонесуваат за нетолеранција во овој поглед. Говорот на омраза, негирањето на геноцидот и релативизацијата е вообичаен феномен во јавните изјави и проповеди, што резултира со зголемување на национализмот и екстремизмот. Суптилната (и не толку суптилна) злоупотреба на религиозните симболи е вообичаен начин на дејствување да се влијае и на перцепциите и на третманите на различните групи, многу често со цел да се предизвика другиот во бурни реакции; голем број нелегално изградени верски објекти продолжија да предизвикуваат етнички/верски тензии и конфликти, а верските симболи честопати беа злоупотребувани за политички цели.

Креатор на изваок: Psihologinka

Извадок создаден на: 12/29/2023

Опсег на извадоци: 1910-2831

Дискриминација на верските малцинства (бидејќи секоја од соодветните религиозни групи е и мнозинство и малцинство во зависност од делот на земјата, дополнително засилена со етничкото чистење во 90-тите) се случува во речиси сите делови на земјата и верските водачи и политичарите значително придонесуваат за нетолеранција во овој поглед. Говорот на омраза, негирањето на геноцидот и релативизацијата е вообичаен феномен во јавните изјави и проповеди, што резултира со зголемување на национализмот и екстремизмот. Суптилната (и не толку суптилна) злоупотреба на религиозните симболи е вообичаен начин на дејствување да се влијае и на перцепциите и на третманите на различните групи, многу често со цел да се предизвика другиот во бурни реакции; голем број нелегално изградени верски објекти продолжија да предизвикуваат етнички/верски тензии и конфликти, а верските симболи честопати беа злоупотребувани за политички цели.

| |
|---|
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 3199-3832<br>Но, сè уште постои заедница за градење мир не само во БиХ, туку и во целиот регион. Зборувајќи за воените злосторства и помирувањето што е тешка работа во Србија, Република Србија, има луѓе кои секогаш би сакале да помогнат и луѓе кои користат само социјални мрежи и само сакаат да фотографираат и оние кои навистина се потат како градител на мир. Го познавам Центарот за истражување на пост-конфликт; колку труд вложил и тоа е видливо.<br>Ги имаме овие заедници – иницијатива за човекови права во Белград – тие вршат одлична работа. Со другите не е исто и не ги сфаќам сериозно. Верував дека тоа доаѓа од нивната привилегирана положба. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 3872-5085<br>Според мое лично мислење, не верувам дека отсуството на конфликт е мир. Не верувам дека ние во моментов со Дејтонскиот мировен договор немаме војна. И покрај тоа што неодамна имавме некои акти на насилство, за мене насилство не е некој да те удира, за мене е како реагира општата јавност, или медиумите или политичките лидери зборуваат со луѓето, или луѓето се однесуваат со тебе, на пример, Милорад Додиќ или од В. Орбан кој рече дека најголемиот предизвик на Европа е како да се интегрираат 2 милиони муслимани од БиХ. Значи, кога имате вакви изјави кои се екстремни и ксенофобични и кога имате такви изјави како што е Додиќ – таргетирање и користење на јазикот што го користеше раните 1990-ти пред војната, дехуманизирате одредена заедница. Еден политички лидер од ХДЗ даде предлог да  ставиме на личните карти дали с(м)е Босанци, Срби и слично… така што ова е крајно затоа што кога беше извршен геноцид во Руанда според нивните лични карти знаеја кој е кој, така што за мене не можев  да верувам, верувајте дека тоа се случуваше во 2022 година, така што за мене тоа беше трауматизирачко, ја гледам мајка ми загрижена, како што гледаат моите пријатели загрижени, особено кога оваа криза се случува во Украина. |

| |
|---|
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 85-245<br>Сѐ уште се чувствуваат последици од воените трауми, се чувствува тензија во однос на политичката и тешката економска состојба која влијае на општата безбедност. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 286-409<br>Луѓето се потресени и во страв од екстремно тешка економска состојба, во страв од сиромаштија и од повторување на минатото. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 2717-2828<br>Затоа што земјата отсекогаш била мултиетничка, што треба да се цени. За тој факт, прво толеранцијата е клучна. |

Креатор на извадок Psihologinka

Извадок создаден на: 12/29/2023

Опсег на извадоци: 6164-7871

Да, дефинитивно можам да се осврнам на војната. Да, за време на војната војската и хрватските сили соработуваа против Србите, така што можам да кажам дека сме на некој начин поблиски со Босанците поради тоа и минатото, иако на крајот војските се разделија една против друга, но во одреден момент беа заедно… И чувствувам дека Србите се секогаш исклучени и луѓето велат дека се исклучуваат себеси, но ми се допаѓа кога разговарам со нив кога гледам, кога пишувам, некако се поврзувам со делот на исклучувањето затоа што - Босанците се прилично доминантни. Во ова општество, луѓето работат на толеранција, се уште постои огромен национализам, негирањето на злосторствата, а секоја група има свои луѓе кои гласно зборуваат за оние кои ги негираат нивните злосторства и кои зборуваат за сопствените жртви. И јас чувствувам дека тоа е огромен проблем, луѓето велат дека имаме три вистини, но треба да размислуваме така, така сме воспитани, да размислуваме за жртвите како тие да се единствената видлива работа, можам да кажам. Го чувствувам тоа негативно влијание врз чувствата на луѓето, однесувањето и траумата што сите ја имаме и верувам во трансгенерациска траума, затоа што растеме со знаење за војната без да ја доживееме, јас сум родена во 1995 година и мислам, сепак, ние сме љубезни од нас се очекува да знаеме,  не ги знаев основните работи кога ќе се вратам назад, не ги знаев разликите помеѓу армиите, патувањето до различни места ме натера да научам за ова, и чувствувам дека ова беше единствениот начин да се знае и да се создаде критичко размислување и да ја прифатам мојата земја Босна и Херцеговина како своја. Многу млади луѓе ја немаат оваа можност, многу од нив сè уште - ја немаа оваа можност.

| |
|---|
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци8252-9104<br>Па, на некој начин имаме како некои информации дека постојат националистички и фашистички групи - луѓето собрани околу фудбалските клубови навистина се агресивни, и не се караат за фудбал туку за националистички идеи, па тоа се луѓето кои се подготвени да се борат ако војната се повтори, но се надевам дека нема. Кога размислувам за тоа во голема сцена, мислам дека овие мали случувања и ситуации меѓу малите групи се поддржани од политичарите и тие некако го туркаат или игнорираат или прифаќаат така, па затоа нема да бидам изненаден ако нешто се случи утре бидејќи тензијата е во воздухот. Чувствувам дека политичарите си го водат својот најдобар живот, сите ги поддржуваат однадвор, Хрватите се среќни и среќни во своето богатство. Секој си ја раскажува приказната само за да се натера да се караме меѓу себе и многу профитираат од овие ситуации. |
| Креатор на извадок Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 3860-4425<br>Има и други предности и недостатоци, вклучително и училиштата кои ги одвојуваат учениците врз основа на нивната етничка припадност (исто така познати како „две училишта под еден покрив“) и генерално многу проблематични пристапи кон наставните програми за основните училишта (најчесто се рефлектираат преку различни часови по јазик и историја), вработување - и раширената дискриминација поврзана со работата, сè уште нецелосно враќање на внатрешно раселените лица, „мешаните бракови“ сè уште се табу во многу заедници, само да наведам неколку многу критични прашања. |

**Наратив 2** – Синтеза на тврдењата поврзани со минати искуства како предиктори за актуелната состојба на конфликтен наратив проследен со длабоки стереотипи и предрасуди.

| |
|---|
| Минато – изгубена можност за колективен идентитет: чувство на вина, срам и страв |
| Вовед: Овој наратив нуди синтеза на тврдењата поврзани со минатото. Очигледно, интензивни се негативните емоции какокршливост, вина потоа пост-трауматска семејна и колективна траума. Но, надеж дава будењето на свесноста кај поединци, кои прават избор да излезат од сопствената комфорна зона и да научат и слушнат за искуства на другите. Минатите искуства – создадоа контекст каде што конфликтот доминира а психолошките потреби на луѓето, потребата за колективен идентитет, безбедност и стабилност значајно изостанува. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 5153-6045<br>Мислам дека луѓето имаат егзистенцијални грижи, додека на почетокот луѓето беа навистина исплашени, во мојата заедница не сме доживеале многу насилство на блиски, бидејќи луѓето во Источна Босна, Сараево имаат искуство, но имавме среќа, но имавме толку многу раселени луѓе кои доаѓаа...Во таа смисла бевме крајно исплашени, бидејќи тој конфликт може да се пренесе овде во БиХ. Имавме многу од нас кои се залагавме за ова прашање, обидувајќи се да го привлечеме вниманието од меѓународните медиуми, како и од меѓународните политичари, од ЕУ и САД за овие прашања, за кризи и раздвојување, во однос на политиката и аспирациите на Република Србија. Точно знаевме што ќе се случи, знаевме дека ќе користат сексуално насилство... ја споделуваме таа колективна траума, сега има чувство што ме фрустрира – луѓето на некој начин заборавaат дека се уште има војна во Украина. Добро, тоа е добро, но… |

| |
|---|
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 12656-12931<br>Најчесто, луѓето реагираат од омраза да бидат испровоцирани, или одеднаш да ја почувствуваат оваа омраза или да немаат доверба во другата заедница, тоа не мора секогаш да е страв, а тоа е за жал кај младите луѓе кои всушност не живееле за време на војната - наследена омраза |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 12955-13511<br>Наративи за омраза - а младите ги прашуваат своите родители и баби и дедовци што правевте за време на војната (иста ситуација со Германија за Втората светска војна). Тоа го гледам како пропуштена шанса бидејќи доаѓаме во истиот круг на насилство – вештачки, но сепак многу видливо, но сепак е насилство, верувам дека само некако сме запрени и прекинати во овој процес на градење мир. А тоа најмногу го прават политичарите кои всушност се само тие што профитираат од ова, затоа што само така ќе останат на власт и ќе ги задржат своите привилегирани позиции. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 85-245<br>Сè уште се чувствуваат последици од воените трауми, се чувствува тензија во однос на политичката и тешката економска состојба која влијае на општата безбедност. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци : 286-409<br>Луѓето се потресени и во страв од екстремно тешка економска состојба, во страв од сиромаштија и од повторување на минатото. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци е: 7936-8170<br>Мислам дека се плашат од другиот. Тоа е главното чувство што се негува. Во медиумската пропаганда, во наративите и стравот од војна, плашете се дека некој ќе ве однесе кој не е од вашата етничка припадност и кој е присутен со години. |

| |
|---|
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 11231-11685<br>Мислам дека ние некако се уште не знаеме кој е идентитетот на другите. Имињата се навистина важни при обликувањето на личноста на другиот, а понекогаш на нас младите не ни е грижа. Ако поминат неколку денови, на пример, можеме да ги забележиме разликите, се избегнуваме со текот на времето, ако видиме дека не сме на иста страна, и работи од минатото, во текот на годините научив дека не треба да го свртам грбот на овие луѓе, затоа што и јас размислував како нив. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 12544-13208<br>Моето непознавање ме испровоцира да зборувам со други, кога бев помлада мразев политика, почнав да учам повеќе, да посетувам семинари, кога одиш таму и гледаш колку малку знаеш, гледаш зошто си отишол таму, на пр. Сребреница – не можам да кажам пресврт, но беше емотивно и бев поврзана со жртвите, а не размислував за трагедијата туку за животите кои се изгубени, низ истото ќе поминам и кога ќе одам Јасеновац. Таму се некои празни делови во мене, дури и кога интервјуирам, кога ги правам моите приказни, се трудам да научам нешто за себе, затоа што не можеме да бидеме доволно образовани, особено на училиште, особено не сум била образована доволно за историја. |

| |
|---|
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 13956-15009<br>Треба да се учи за анксиозноста, стравовите, а можеби и депресијата, а се чувствувам како младите да немаат чувство за колективен идентитет. Кога растев немав чувство дека припаѓам овде. Да,, тоа е чувството кога се претставуваш себеси – особено на странци.Зборувам од идентитетот што го имам сега кога сум од Босна Херцеговина, го правам ова за оние кои доаѓаат од мал град, за кој знам дека живеат во друг град, ги охрабрувам луѓето да зборуваат за овие вистини - затоа што тоа се вистини, па мислам дека треба да работат на колективниот идентитет.<br>Имаме база на ескалација на сè. Имаме говор на омраза, имаме групи, имаме групи кои знаат што прават кога ќе стигнат таму, имаме страв и немаме колективен мултиетнички идентитет. |
| Немам многу сознанија за периодот пред војната, но имаше тензии, пишувања во весниците, особено коментарите на социјалните мрежи ги нормализираат предрасудите, омразата, поделеноста кога ќе размислите за тоа сега некако тоа е - полошо е. Сè уште е видливо. Со законот за транспарентност така секој си создава свои медиуми. |

### 1.2.1. Анализа по теми – кодови

- Стереотипи




**Графикон 12.** Фреквенција на кодот стереотип

Графикон 12 ја покажува фреквенцијата на кодот стереотипи каде што вредноста е 13 од можната вредност 15. Оваа висока вредност покажува дека темата стереотипи е високо присутна во наративот во општеството во Босна и Херцеговина. Секако, во согласност со наративите погоре во однос на актуелниот контекст и минатите искуства

– отсуство на интергрупни контакти, недоверба помеѓу различните етнички заедници, дехуманизаиција на другиот не – третирани трауми од минатото пропратени со многу малку информации од историски карактер во врска со фактите, присутноста на стереотипите е очекувана појава, но не и добродојдена.

- Предрасуди




**Графикон 13.** Фреквенција на кодот предрасуди

Во однос на кодот предрасуди фреквенцијата е исто така висока но и наративот е заситен со предрасуди. Предрасудите во босанскиот наратив имаат поинаква димензија. Очигледно е дека обата наративи минати и сегашни се обременети со негативни емоции, со чувства на вина, срам, гадење, омраза, што секако низ времето многу малку се промениле. Според она што беше споделено од страна на испитаниците тоа претставува еден негативен конгломерат речиси на секоја една пред сѐ етничка заедница, кој што никој нема храброст доволно да го допре и практично одмрзне. Според тврдењата, за тоа нема услови. Поддршката е многу мала а институциите се политизирани и корумприрани.

- Етнички предрасуди




**Графикон 14.** Фреквенција на кодот етнички предрасуди

Евидентно е присуство на етнички предрасуди со актуелна вредност 32, која што е повторно висока. Имено, во овој случај речиси и да не постојат исклучоци. Темите се меѓусебно поврзани и зависни истовремено. Етничките предрасуди речиси да се

преклопуваат со религиските – и најчесто се знае кој етникум на која религиска заедница припаѓа со исклучок на помалите малцинства, кои немаат значајно влијание во босанскиот наратив.

➢ Предрасуди базирани на идеологија




**Графикон 15.** Фреквенција на кодот предрасуди базирани на идеологија

Во однос на суб-кодот предрасуди базирани на идеологија или идеолошки предрасуди постои присуство во наративот со вредност 9, што е малку пониско во споредба со останатите вредности на темата предрасуди.

➢ Предрасуди – рани искуства и учење




**Графикон 16.** Фреквенција на кодот предрасуди – рани искуства и учење

Во рамките на суб-кодот и или темата рано искуства учење како корен на предрасудите вредноста е исто така висока.  Раните искуства и раното учење на темата предрасуди има вредност 9 од можната вредност 10. Мешаната анализа на податоците на кодот предрасуди укажува на тоа дека наративот во општеството во Босна и Херцеговина е заситено со различни видови на предрасуди, како на пример етнички, религиски, предрасуди вкоренети во процесот на раните искуства односно раното учење, како и идеолошките предрасуди. Ваквото присуство на предрасуди го прави целокупното општество исполенто со предрасуди. Впрочем не постоеше исказ каде што истите не беа споменати во било каква форма.

Во прилог следи наративот кој што ги синтетизира тврдењата поврзани со темите на стереотпи и предрасуди.

**Наратив 3** – Стереотипи и предрасуди

| Приказни на љубов наспроти религија и социјални класи[108]<br>Омраза и незнање за другиот |
|---|
| Вовед<br><br>*Овој наратив ги синтетизира тврдењата со стереотипи и предрасуди. Притоа доминира наративот на вкоренети стереотипи и предрасуди кои најчесто се етнички и религиозни. Испитаниците тврдат дека различните идеологии меѓу кои и религиозните шират пропаганда која што создава стереотипи и предрасуди. Толеранцијата во општеството и мешаните бракови се минато кои подразбираат одредена семејна традиција и се тесно поврзани со социјалната класа и урбан начин на живот.* |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 6650-7135 |
| Па, можам да бидам објективна, но генерално не знам колку луѓето надвор знаат или можеби повеќе луѓе од СБ се свесни дека тука има и муслимани кои од пред стотици години имало муслиманска култура и христијанска култура, православна Христијаните, Евреите и Ромите, општо луѓето ја доживуваат како небезбедна земја која дојде до војна, за што повторно ги сметам за виновни политичките лидери. Има луѓе кои пристигнуваат во БиХ и велат дека сите им рекле дека не требало да дојдат овде. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци:: 7186-7768 |
| Да, да, Post Conflict Research Center го направи овој проект наречен Stories of Love – и резултатите покажуваат дека има огромна разлика помеѓу поранешна Југославија и сега, но повторно јас од искуства и од она што знам не е целосна слика бидејќи тоа беше вообичаено во отворените области, но во помалите градови, а исто така и во руралните области не беше толку вообичаено, дури и во комунистичката ера и тоа беше случај низ цела Југославија, не само во БиХ. Но, веќе беше измешано повеќе од другите земји. –републики, така беше. Имаше толку многу мешани семејства и се уште има. |

[108] Приказни на љубов или љубовнни приказни се серија на новинарски приказни кои ги истражување една од интервјуираните, која што по професија е новинарка
Линк од овие приказни https://balkandiskurs.com/en/search/love+stories/

| |
|---|
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоците: 7828-8451 |
| Да, тоа е почесто помеѓу семејства од урбана средина и почесто образовани и во семејството што е веќе ја има таа историја на мешани бракови, така што таа историја веќе треба да биде во тоа семејство. Тоа не значи  дека мора да е правило секако, затоа што приказните ги направивме од луѓе кои ја немаат таа историја, некои социјални привилегии или социјално-економски статус. Има мешан брак во моето семејство, вујко ми се ожени со Словенка, таа не беше муслиманка ниту беше од БиХ, но сепак тоа беше муабет на заедницата. Сепак верувам дека евентуално на крајот сите го прифаќат тоа, а особено децата од тие бракови. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 9960-10318 |
| Во смисла дека ја немаме таа клучна маса и има многу луѓе кои имаат здраво мислење, но не се доволно видливи. Тоа е сложено прашање, ми помага затоа што бев полна со стереотипи и предрасуди и тоа не беше од омраза, омраза, туку затоа што претходно немав шанса да стекнам знаење, откако го добив знаењето, знаеев каде да најдам и да барам дополнително знаење. |
| Креатор на извадок:Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 798-934 |
| Во групите кои и даваат значење на религијата, различните верувања ги обликуваат интеракциите на начин што создава дистанца во односите. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 10292-10667 |
| О, да така е, се мислам како да напишав статија за тоа, и ги препознавам спомениците на војските до црквите, џамиите и препознав дека пред тоа така ја добив идејата, религијата секогаш ги слави жртвите, а нивните следбеници ги спомнуваат жртвите, знам дека религијата понекогаш нема пари и мора да им ги земат на тие луѓе, но, наоѓаш човек кој е од различна вера и зборува... |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 11231-11685 |
| Мислам дека ние некако се уште не знаеме кој е идентитетот на другите. Имињата се навистина важни при обликувањето на личноста на другиот, а понекогаш на нас младите не ни е грижа. Ако поминат неколку денови, на пример, можеме да ги |

| |
|---|
| забележиме разликите, се избегнуваме со текот на времето, ако видиме дека не сме на иста страна, и работи од минатото, во текот на годините научив дека не треба да го свртам грбот на овие луѓе, затоа што и јас размислував како нив. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 11721-12037 |
| Чувствувам дека Србите се националисти, дека Босанците се жртви, а Хрватите - мислам дека се премногу исклучени и поврзани со Хрватска, така гледаат на хрватските луѓе (другите луѓе) и одбиваат да зборуваат за Босна и Србите. Србите велат Босна и Република Српска, а создавањето секогаш зборува од нивна перспектива. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 12108-12475 |
| Сè уште сме поврзани со надворешен етнички идентитет, ако воспитувате дете ќе му го покажете вашиот хрватски ТВ канал. Родителите го прават тоа во мултиетничките односи, знам многу млади парови кои не разговараат со своите родители поради нивните мешани бракови. Чувствувам дека кога сте многу блиску до вашата група, учите само една страна од приказната, како и јас. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 15100-15749 |
| Различните идеологии создаваат пропаганда, говор на омраза и тие се извор на етничка поделба. Значи, тие влијаат на речиси секој дел од третманот меѓу групите. Обично, луѓето имаат стереотипи и прашања на кои сакаат да одговорат пред да запознаат некој од друга етничка припадност. Луѓето кои ги немаат овие бариери во главата обично не се религиозни или се израснати во мултиетничко опкружување. Така, луѓето обично мислат дека сите Срби се националисти и дека не ја сакаат Босна како што мислат за Хрватите, за Бошњаците обично мислат дека се однесуваат премногу како да се единствените жртви и дека мислат дека треба да живеат само во оваа земја. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаде на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 694-736<br><br>Приближно 50% од населението се муслимани. |

| |
|---|
| Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 10292-10667<br>О, да така е, се мислам како да напишав статија за тоа, и ги препознавам спомениците на војските до црквите, џамиите и препознав дека пред тоа така ја добив идејата, религијата секогаш ги слави жртвите, а нивните следбеници ги спомнуваат жртвите, знам дека религијата понекогаш нема пари и мора да им ги земат на тие луѓе, но, наоѓаш човек кој е од различна вера и зборува.. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 10725-11180<br>Понекогаш може да се слушне приказната за прифаќање на другиот, тие не велат прифатете ги луѓето во вашата земја, во повеќето случаи тие зборуваат од своја перспектива, за нивните етнички групи, па не се обидуваат да зборуваат за перспективата на другиот. Се гледам себеси како католик, тие секогаш ги штитат луѓето од абортус од ова и она, тие не ги фокусираат своите говори на прифаќање, туку зборуваат за можеби ние треба да правиме - или што не треба. |

- Колективни Психолошки Потреби

Колективните психолошки потреби во ова истражување се дефинирани според дефиницијата на Бартон за конфликт, каде што причина за конфликт ги смета незадоволените психолошки потреби како на пример потребата за безбедност, идентитет (самоопределување), чувството на правда итн. Од графикот подолу, може да се забележи голема фреквентност на темата психолошки потреби.

- Колективни психолошки потреби




**Графикон 17.** Фреквенција на кодот психолошки потреби

Наративот има исто така висока вредност на кодот психолошки потреби каде што вредноста е 66 од вкупниот број 100. Анализата покажува една од повисоките вредности на оваа тема во овој случај.




**Графикон 18.** Фреквенција на суб-кодот безбедност

Високата фреквенција на кодовите и суб-кодовите во босанскиот наратив е честа појава. Тоа претставува случај и со темата безбедност каде што има повторно висока вредност 11 каде што највисоката можна вредност изнесува 15. Како што веќе е во неколку наврати споменати во оваа студија, безбедноста во овој контекст се однесува на теоретската дефиниција на конфликти која што ги адресира незадоволените пред сè психолошки потреби. Чувството на безбедност е потреба помеѓу луѓето во опшеството и како таква често се пројавува во наративите.

➢ Идентитет




**Графикон 19.** Фреквенција на суб-код идентитет

Потребата за идентитетот е исто така психолошка потреба која се манифестира во наративот во случајот за Босна и Херцеговина. Графикон 19 покажува вредност од 22 на оваа тема од максимална вредност 30. Оваа е особено честа појава во оваа анализа во опшества кои имаат висок и различен етнички и религиски диверзитет.

**Наратив** 4 – Колективни психолошки потреби

| |
|---|
| Загрозени колективни психолошки потреби |

| |
|---|
| Вовед: *Наративот поврзан со темата колективни психолошки потреби покажува висок степен на незадоволени психолошки потреби или во конкретната анализа безбедност, идентитет и чувство на правда. Иако, безбедноста во Босна и Херцеговина зависи од географската положба и етничката припадност, сепак различни третмани се присутни во рамките на колективните психолошки потреби.* |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 84-633 |
| БИХ е постконфликтно општество веќе речиси 30 години, но со продолжена и постојано растечка меѓуетничка тензија до денес. Општата безбедност ја рефлектира оваа тензија во речиси сите аспекти на животот - секогаш на работ на вооружен конфликт, постојана политичка тензија и блокади на институциите, слабо владеење на правото, со тоа широко распространета корупција и дискриминација, економска несигурност, воени злосторства и негирање и релативизација на геноцидот и многу насилен и токсичен јавен дискурс кој влијае на сите области на општеството. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 701-1008 |
| Земјата е една и БиХ, нејзините политички и територијални региони се округот Брчко, Република Србија и Херцеговина. Различно е кога станува збор за овие безбедносни прашања, дефинитивно не е исто. Ако не можете да се чувствувате како просечен граѓанин, не е исто чувството ако сте во Прејдор или во Сараево. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 1062-2341 |
| Зависи како те гледа заедницата, дали си видлив мировен активист или си обичен граѓанин и која е твојата етничка припадност, екстремно ниво на политичка и безбедносна криза во БиХ минатата година и тоа ќе се врати наскоро за време на изборите во Октомври 2022 година ќе стане уште полошо, плус е годишнина од геноцидот во Сребреница и после тоа ќе почнат кампањите. Но, генерално по поднесувањето на овој закон, негирање на воено злосторство што е само против таа група луѓе што не е вистина... ова е моја перспектива затоа што комуницирам со многу луѓе од земјата не само активисти. Некои луѓе во Сараево не чувствуваа дека има постојана безбедносна криза, што не беше исто во Источна Босна или југоисточна, особено оние кои преживеале воени злосторства. Во мојата локална заедница во |

Какање не беше тоа ниво на страв, мајка ми беше загрижена или крајно загрижена затоа што живеела низ конфликт. За многу луѓе беше трауматизирачко. Како ова беше сериозна закана за безбедноста. И јас бев загрижена, живеам во Централна Босна, така што не живеам блиску до границите со Србија и Хрватска каде луѓето ги величат луѓето што направиле злосторства. Знам дека сум во централна Босна, но исто така бев исклучително загрижена, но не беше` блиску до нивото како тие луѓе се чувствуваа.

Креатор на извадок: Psihologinka
Извадок создаден на: 12/29/2023
Опсег на извадоци 6025-6168

Промена на наративот, економската стабилност и секако чувството за силно владеење на правото и правдата, подобра заштита на менталното здравје.

Креатор на извадок: Psihologinka
Извадок создаден на: 12/29/2023
Опсег на извадоци 6046-6578

Сите би се согласиле однадвор и одвнатре дека БиХ е мултиетничка, мултирелигиозна и мултикултурна, на што сум навистина горд и покрај сите шанси, сè уште ја задржувам таа мулти-придавка, иако за жал не е секаде така бидејќи за она што претходно го разговаравме за етничкото чистење, но сепак се што е присутно. Од друга страна, тоа е земја која е длабоко развиена со корупција и непотизам и сите би се согласиле дека тоа е всушност перцепцијата на меѓународната заедница. Одливот на мозоци е голем – тоа е исто така општа перцепција.

Креатор на извадок: Psihologinka
Извадок создаден на: 12/29/2023
Опсег на извадоци: 8524-9115

Да, но зошто некој би се идентификувал како Југословен ако е роден во БиХ? Таа земја повеќе не постои. Но, повеќето од нив во БиХ, децата кои доаѓаат од мешани бракови се идентификуваат како Босанци, не како Бошњаци или Срби, туку како Босанци. Има некои Евреи или Роми кои се идентификуваат како Босанци, како да се државјани на Босна. Ако одите и живеете во Франција, тогаш сте Французин. Значи, ова би било добро државјанство. Етничката припадност е нешто друго. Кога би создале колективен идентитет околу тоа тогаш и знам дека треба да чекаме подобри времиња иако сега не е добро време.

Креатор на извадок: Psihologinka
Извадок создаден на: 12/29/2023
Опсег на извадоци: 11349-11641

Примарно, чувство на сигурност и просперитет што ни недостасува овде за жал. И правната држава, тоа се докажа дека е главната причина за одливот на мозоци - и

| |
|---|
| чувството на припадност. И затоа луѓето се приклучуваат кон овие стада (така би ги нарекла) - затоа што таму се чувствувате безбедно. |
| Креатор на извадок Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 85-245 |
| Сè уште се чувствуваат последици од воените трауми, се чувствува тензија во однос на политичката и тешката економска состојба која влијае на општата безбедност. |
| Креатор на извадок Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 286-409 |
| Луѓето се потресени и во страв од екстремно тешка економска состојба, во страв од сиромаштија и од повторување на минатото. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 532-630 |
| Општеството е етно-религиозно, понекогаш на начинот на кој религијата го обликува нечиј идентитет. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 2349-2399 |
| Не чувствувам дека има правда во вистинска смисла. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок креиран на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 2592-2651 |
| Општо земено, чувство на сигурност, толеранција и прифаќање. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 1106-1791 |
| Мислам дека тие се сметаат за многу и за нив, затоа што не можам да го видам крајот на тоа и за некои луѓе, тоа е позитивно размислување за одредени луѓе,затоа што на тој начин тие ја создаваат својата публика – нивната цел е да создаде страв. Значи зависи од тоа во кој град се - на пример во некои делови од земјата како што е Република Србска, овие тензии се големи затоа што сакаат да ги разделат  Хрватите во Западна Херцеговина. Тие исто така мислат дека можеби е дозволено да се испровоцира Херцеговина и системот да се одвои затоа што сакаат трет ентитет, така што е поврзано со политиката и мешаните партии, и се чувствувам како да не соработуваат кога се работи за оваа криза. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 4137-4628 |

| |
|---|
| Ова ме потсетува на еден пример, бидејќи јас сум новинар и како таков не чувствувам дека сум заштитена, а ако бараш заштита од полицајци обично истите се поврзани со политичари, се е поврзано. Но, кога гледам нема заштита меѓу новинарите. И јас секогаш им велам на овие семинари дека треба да ја едуцираме полицијата како да ги заштити новинарите, на пример како треба да бидете заштитени кога некој ќе ве удри - полицијата треба да се едуцира за човековите права и за пристапот кон жртвата. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 5576-5881 |
| Чувствувам дека се поагресивни и позаштитнички настроени кон сопствената група – што значи во Република Српска, кога станува збор за организирање работи, многу е тешко да се создаде ист јазик со нив. Вчера беше ден на (...) - во Прејдор и полицијата не им дозволи на организаторите да влезат туку да пешачат. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 5885-6091 |
| Не сакам да бидам - генерализирам за луѓето, но само ја гледам големата слика. И јас како што растев, мислам секој пат кога ја минуваш границата се чувствуваш како турист, кога одиш во нивниот - друг ентитет. |
| Креатор на извадок Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 7936-8170 |
| Мислам дека се плашат од другиот. Тоа е главното чувство што се негува. Во медиумската пропаганда, во наративите и стравот од војна, плашете се дека некој ќе ве однесе кој не е од вашата етничка припадност и кој е присутен со години. |

### 1.2.2. Студија на случај 2 – Клучни Увиди

Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на интергрупен конфликт во Босна и Херцеговина?

Дадената анализа содржи во себе длабоко присуство на стереотипи и предрасуди во општеството. Притоа, религијата се споменува во улога во идеолошки цели и во обликувањето на идентитетот на одредени групи, како и во градењето на интрагрупната кохезија. Нивната улога е одлучувачка и водечка, бидејќи речиси три децении истите се потхранувани и вкоренети во секојдневното функционирање, како на пример образовниот процес, географски хомогени територии – територијална поделеност и нефунцкионалност и различниот третман кон различните етнички заедници. Притоа

постои отсуство на колективен идентитет – етничките и религиозните заедници кои што живеат во Босна и Херцеговина, се идентификуваат и се лојални кон системите и државите по нивното потекло. Нивната акултурација и социјализација се одвива во рамките на таа држава. Единствено бошњаците се сметаат како домашни таму, односно Босна ја сметаат за своја матична држава.

Ваква расцепканост кај популацијата во Босна и Херцеговина доведува до нефункционалност на општеството односно фунцкионалност пред се помеѓу трите единици на федерацијата. Луѓето или поточно младите од трите единици многу ретко патуваат во останатите единици и како што изјавуваат испитаниците кога се движат во тие територии, се чувствуваат како туристи или во најголем број на случаеви во себе ја носат предрасудата дека доколку одат таму нема да се чувствуваат безбедно. Притоа, присутна е траумата од минатото, каде што  стравот и омразата се трансгенерациски, односно наследени и научени од нивните предци, баби, дедовци и родители. Контактот со член на друга етно-религиска заедницла е пропратен со осуда од групата по потекло, со што се тестира и лојалноста на таа личност кон својата група. Односно меѓугрупниот контакт не наидува на одоборување кај сите заедници без исклучок.

Постојат исклучоци на меѓугрупен контакт, но истите се сметаат за привелгирани, во смисла на тоа дека се малцинство и дека се среќни бидејќи околностите им овозможиле такви услови. Другата можност пак  е истите, преку својата љубопитност учење и контакт  да стекнале увиди кои им овозможиле да ја видат големата слика за поделеното општество. Стереотипите, предрасудите и религијата функционираат низ принцип на еден триаголник кои што се меѓусебно зависини и креираат постојано конфликтен контекст. Контекст на религиозно-етнички затегнати односи кои што директно влијаат на колективните психолошки потреби, што е евидентно во оваа анализа. Притоа испитаниците сведочат за големо политичко влијание во креирањето на ваквото стереотипно општество, исполнето со предрасуди каде што религијата е секогаш добра опција да се користи како инструмент за остварување на одредени пред се националистички идеологии.

### 1.3.Студија 3 – Случајот на Косово

Во ова поглавје ќе бидат презентирани резултатите од мултипната холистичка студија спроведена за да даде објаснување на "Улогата на стереотипите, предрасудите и

религијата во интергрупен конфликт  - случајот на Косово". Оваа анализа се состои од квалитативна и мешана методологија, со цел да се стекне увид и објаснување за тоа каква е улогата на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупната – конфликтна динамика во косовското општество. Ваквиот пристап дава основа за структурирана и организирана презентација на резултатите,  каде што следи детална - холистичка анализа.

Главното истражувачко прашање кое се однесува на случајот на Косово е следното:

- Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на интергрупниот конфликт во Косово?

Оваа анализа за почеток ќе се осврне на актуелната ситуација во Косово имено во перидот помеѓу 2021 – 2023. Анализата се состои од наратив синтетизирани од тврдењата на интервјуираните. За потребите на ова истражување беа интервјуирани 4 испитаници кои по својата професија се мировни активисти и вработени во граѓанскиот сектор. Притоа интервјуираните се со албанско и еден со српско етничко потекло.

Исказите добиени од страна на испитаниците на Косово се оскудни, некогаш конкретни но и ограничени со информации. Одговорите во однос на темите психолошки потреби и предрасуди се разликуваат врз основа на етничката припадност.

- Контектстуализација – Опис на актуелната ситуација и состојба во Косово според тврдењата на испитаниците.

**Наратив 1**

| |
|---|
| Наративи од минатото присутни во сегашноста<br><br>Вовед – *Косово прави обид да функционира заедно со сите свои заедници, но оваа анализа покажува дека тоа го прави еднострано само преку призмата на доминантното население.* |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоците: 2403-2512 |
| Многу. Минатото и историјата сѐ уште играат главна улога во односите меѓу различните заедници на оваа област. |

| |
|---|
| Дефинитивно има перцепции од религиозните идеологии, мислам дека секоја група мисли дека нивната религија е подобра од другата, но на големо влијание што се случува поради ова е немањето меѓурелигиски бракови, во основа муслиманите претпочитаат да се омажат за муслимани, а христијаните со христијани. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 159-2275 |
| Косово, делумно призната држава на Балканот, постигна напредок во однос на безбедноста и стабилноста во последните години. Сепак, некои предизвици опстојуваат. Еве неколку клучни точки во врска со безбедносната ситуација во Косово:<br>Политички контекст: Косово прогласи независност од Србија во 2008 година. Иако е признато од мнозинството земји, вклучително и Соединетите Американски Држави и многу земји-членки на Европската унија, Србија и неколку други не ја признаваат нејзината независност. Ова нерешено прашање останува извор на тензии и повремено влијае на безбедносната ситуација.<br>Владеење на правото и организиран криминал: Косово се соочи со предизвици поврзани со владеењето на правото, корупцијата и организираниот криминал. Направени се напори за зајакнување на судството и институциите за спроведување на законот, вклучително и формирање на специјализирани структури како што се Специјализираните совети и Специјалното обвинителство за решавање на наводите за воени злосторства и други сериозни злосторства. |

| |
|---|
| Етнички поделени области: Косово има етнички различно население, со мнозинско албанско население и значителни српски и други малцински заедници. Сè уште има некои етнички поделени области, особено на северот, каде што повремено се појавуваат тензии. Меѓународните мисии, како што се Мисијата на Европската Унија за владеење на правото (ЕУЛЕКС) и Косовските сили предводени од НАТО (КФОР), беа присутни за одржување на стабилноста и поддршка на владеењето на правото.<br>Меѓуетнички односи: Направени се напори за подобрување на меѓуетничките односи, вклучително и интеграција на малцинските заедници во институциите и општеството на Косово. Сепак, повремените инциденти и тензии меѓу различните етнички групи ги истакнуваат тековните предизвици за постигнување на целосно помирување.<br>Гранични спорови и регионална стабилност: Косово има нерешени гранични спорови со Србија и се обиде да ги нормализира своите односи преку дијалог и преговори. Стабилноста во регионот е од суштинско значење за безбедноста на Косово, а развојот на настаните во соседните земји може да влијае на целокупната ситуација. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 90-305<br><br>Генерално, мислам дека нашата земја има високо ниво на безбедност, но политички поради околностите со Србија почна да се чувствува несигурност да се живее овде. Сепак, присуството на НАТО го прави животот посигурен. |
| Креатор на извадок: 12/29/2023<br>Извадок создаден на: 417-445<br>Да, меѓу Косовците и Србите.<br>Религијата не влијае на меѓугрупните односи. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 1027-1493 |
| Не мислам дека религијата игра навистина голем дел од меѓугрупните односи, конфликтите се случуваат поради различни етникуми и историја од минатото, а не поради религиозни причини. Единствениот верски конфликт што се јавува е обично кога има православни празници и кога има српски верски водачи кои доаѓаат да слават во црквите, но наместо тоа завршуваат зборуваат за конфликтот и се обидуваат да влијаат на луѓето за ситуацијата и шират говор на омраза и пропаганда. |

Минати Искуства

Извадок во врска со минати искуства, останите испитаници не дадоа одговори кои беа релевантни за темата минати искуства.

| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/202<br>Опсег на извадоци 2403-2512 |
|---|
| Многу. Минатото и историјата сѐ уште играат главна улога во односите меѓу различните заедници на оваа област. |

➢ Тема стереотипи




**Графикон 20.**Фреквентност на кодот стереотипи

Според графикон 20 темата стереотип има висока вредност со вредност 6 од оптималната вредност 7.

➢ Предрасуди




**Графикон 21.**Фреквенција на темата предрасуди

Во однос на темата општи предрасуди случајот на Косово исто така има висока вредност од вкупната 40 вредноста на предрасудите е 33.




**Графикон 22.** Фреквенција на суб-код етнички предрасуди

Суб-кодот етнички предрасуди има вредност од 12.




**Графикон 23.** Фреквенција на суб – код предрасуди базирани на иделогии

Во овој случај предрасудите базирани на идеологии не се толку фреквентни за разлика од останатиот тип на предрасуди. Па така од можна вредност 2.5 вредноста на овие предрасуда е 2.

- Предрасуди – рано учење




**Графикон 24.** Фреквенција на кодот предрасуди – Рано учење

Во овој случај исто така кодот или темата предрасуди – односно суб темата рано учење и рани искуства имаат ниска вредност за косовското општество. Вредноста на овој суб-код е 4, каде што оптималната вредност изнесува 5.

- Колективни психолошки потреби




**Графикон 25.** Фреквенција на кодот колективни психолошки потреби

Темата колективни психолошки потреби има висока фреквенција оппто во сите држави. Во случајот на Косово максималната вредност изнесува 50 додека актуелната

вредност на оваа тема е 45.

- Безбедност




**Графикон 26.** Фреквенција на суб-кодот безбедност

Темата безбедност во рамките на кодот психолошки колективни потреби за случајот на Косово има повторно висока фреквенција во однос на останатите држава, па така вредноста за темата безбедност изнесува 11 од највисоката вредност 12.

- Идентитет




**Графикон 27.** Фреквенција на суб-кодот идентитет

Темата идентитет во рамките на суб-кодот колективни психолошки потреби повторно се наоѓа помеѓу највисоките вредности од сите шест држави. Имено, Косово има вредност од 18 за темата идентитет во однос на задоволување на таа потреба за идентитет од максилната вредност 20.

**Наратив 2**

| **Несподелена колективна безбедност** |
|---|
| Вовед: *Овој наратив ја рефлектира перцепцијата за поделеноста по етничка но, и религиска основа во косовското опшество. Имено, синтезата на тврдења креира впечаток дека Косово претставува безбедна зона примарно за албанската популација, што не е случај и со српскиот етникум. Албанската група на испитаница* |

| |
|---|
| *ја гледа причинита за дестабилицизација во српскиот етникум, додека српскиот етникум во обезбедување на безбедност гледа опстојување на својата група и идентитет.* |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 88-291 |
| Генерално, се чувствувам многу безбедно во мојата земја. Има моменти кога во Северна Митровица има судири меѓу Срби и Албанци, но тоа не ме засега лично, затоа се чувствувам безбедно и во такви ситуации. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 332-500<br>Зависи, поврзано со мојот одговор погоре, луѓето кои живеат во северниот дел на Митровица во обласа на конфликтот не се безбедни од време на време каде што има тензии. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 86-287 |
| Безбедноста на Косово е генерално добра на југот на земјата, но поради неодамнешните настани, безбедноста на север е загрозена. Особено во 4 општини: Лепосавиќ, Звечан, Северна Митровица и Зубин Поток. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 359-504 |
| Луѓето јужно од реката Ибар се чувствуваат побезбедно во моментов отколку луѓето на север. Причината е моментално политичката ситуација на север. |
| Креатор на извадок Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 2949-3111 |
| Најчесто да, но во некои случаи правдата не постои. На пример, често има апсења на невини Срби, а тоа е механизмот на Приштина за заплашување на Србите на Косово. |
| Креатор на извадок Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 3303-3411 |
| Јас сум член на српската заедница во Косово и безбедноста и стабилноста во земјата играат важна улога за нас |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 3478-3564 |

| |
|---|
| Од причина што безбедноста е основен предуслов за опстанок на Србите на овие простори. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/29/2023<br>Опсег на извадоци: 90-305 |
| Генерално, мислам дека нашата земја има високо ниво на безбедност, но политички поради околностите со Србија почна да се чувствува несигурност да се живее овде. Сепак, присуството на НАТО го прави животот посигурен. |

### 1.3.1.Студија на случај 3 – Клучни увиди

Истражувачко прашање: *Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на интергрупен конфликт во Косово?*

Резултатите добиени во истражувањето спроведено на случајот на Косово покажуваат паралелна реалност односно перцепција. Тврдењата добиени од албанските испитаници се разликуваат во одност на тврдењата на интервјуираното лице со српска етничка припадност.

Оттука, во односна случајот на Косово не може да се дискутира за еден генерално хомоген наратив. Иако, во секое општество постојат интергрупни разлики во овој случај разликите се екстремни. Односно, може да се направи паралела на косовски и српски наратив. Оттука, косовскиот наратив се состои во тоа дека во општеството нема висок степен на присустност на стереотипи и предрасуди а во групата на малцинства се споменати Египќаните, Ромите итн...Во српскиот наратив, перцепцијата во однос на стереотипите и предрасудите е поинаква, односно укажува на висок степен на предрасуди – дискриминаиција. Ова е карактеристично во однос на употреба на јазикот, бидејќи за сите вработувања албанскиот јазик се смета како главен критериум при вработување, воедно и како предност. Во однос на безбедноста српскиот наратив се состои од страв за својот опстанок како заедница на северот на Косово.

Вокосовскиот наратив, безбедноста се поврзува со НАТО и присуство на одредени меѓународни организации. Доминантна религија е Исламот, но исто така се регистрира присуство и на останати религии и секти, кои немаат никаква одлучувачка улога во општеството, но нивното присуство сепак е толерирано во косовоското општество. Притоа отсуствува свесноста за присустноста на другиот во овој наратив. Албанските испитаници речиси во ниту еден случај не ја споменаа српската заедница, освен во случај поврзан со темата безбедност, каде што испитаникот соопшти дека сепак тој лично не е засегнат од конфликтот.

### 1.4.Студија 4 - Случајот на Либан

Во ова поглавје ќе бидат презентирани резултатите од мултипната холистичка студија спроведена за да даде објаснување на "Улогата на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупен конфликт - случајот на Либан". Оваа анализа се состои од квалитативна и мешана методологија, со цел да се стекне увид и објаснување за тоа каква е улогата на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупната – конфликтна динамика во либанското општество.

Ваквиот пристап дава основа за структурирана и организирана презентација на резултатите, каде што следи детална анализа. Главното истражувачко прашање кое се однесува на случајот на Либан е следното:

- Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на интергрупниот конфликт во Либан?

Оваа анализа за почеток ќе се осврне на актуелната ситуација во Либан.Имено во перидот помеѓу 2021 – 2023. Анализата се состои од наратив синтетизирани од тврдењата на интервјуираните. Притоа она што е значајно да се забележи за Либан е тоа дека воспоставувањето на контакт и самиот процес на прифаќање да се учествува во ова истражување беше исклучително тежок и напорен период. Ваквата ситуација беше случај со целиот регион на Блискиот Исток што секако претставува тема за дискусија. Интервјуираните во случајот на Либан се интелектуалци, мировни активисти, препознатливи во своите заедници но и меѓународно. Притоа, нивното главно барање беше да се гарантира анонимноста на нивниот идентитет, што впрочем беше главно барање од страна на сите учесници, но со поголем акцент од страна на испатинците од Блискиот Исток.

- Контектстуализација – Опис на актуелната ситуација и состојба во Либан според

тврдењата на испитаниците.

**Наратив 1**

| **Сложена безбедносна состојба и доминација на религискиот наратив**<br><br>Вовед – *Наративот подолу впрочем не дава детална анализа на контекстот во Либан, туку една дескрпиција за тоа како се доживува безбедноста и коренот на конфликтите кој во овој случај е религискиот наратив. Либанското опшество се соочува со многу комплексности однадвор и одвнатре, очигледна беше воздржаноста и присуство на страв кај испитаниците отворено да говорат на темата.* |
|---|
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 2484-2931 |
| Безбедносната ситуација во Либан е несомнено сложена. Додека, ние се стремиме кон стабилност, регионот се соочи со бројни предизвици кои влијаат на целокупната безбедност. Прашањата како што се историските конфликти, политичките тензии и надворешните влијанија придонесуваат за деликатна средина. Како мировен активист, мојот фокус е на поттикнување разбирање и дијалог за ублажување на овие предизвици и работа кон посигурна и похармонична иднина. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоцие: 2344-2709 |
| Религијата несомнено влијае на меѓугрупните односи во Либан, а академските истражувања помагаат да се откријат овие сложености. На пример, историските религиозни наративи можат да ги обликуваат перцепциите и да придонесат за тензии. Преку длабинска анализа, можеме да ги откриеме историските контексти и општествените структури кои влијаат на односите меѓу групите. |

**Наратив 2** - Минати Искуства

| **Историски наративи – коренот на денешните конфликти**<br>**Етничка и религиска стереотипизација** |
|---|
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 192-626 |

| |
|---|
| Безбедносната ситуација во Либан е сложено поврзана со историски, политички и социо-економски фактори. Мојата академска перспектива ја нагласува важноста од разбирање на основните причини за конфликти за да се работи кон одржлив мир. Од суштинско значење е да се вклучите во анализа и истражување засновано на докази за да се информираат политиките што се однесуваат на основните прашања кои придонесуваат за безбедносните предизвици. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 7579-8021 |
| Да, за жал, одредени групи во Либан се соочуваат со предности или недостатоци врз основа на нивната верска или етничка припадност. Еден пример е историската распределба на политичката моќ по секташки линии, што може да доведе до нееднаков пристап до ресурси и можности. Ова може да резултира со маргинализираните заедници да се соочат со системски предизвици во областите како што се образованието, вработувањето и политичкото претставување. |

- Стереотипи




**Графикон 28.** Фреквенција на кодот стереотпи

Графикон 28 ја прикажува фреквенцијата на кодот односно темата стереотипи. Притоа оптималната вредност на оваа тема изнесува 10, додека актуелната вредност е 9.

- Предрасуди




**Графикон 29.** Фреквенција на кодот (општи) предрасуди

Темата општи или генерално предрасуди има значително повисока вредност во однос на стереотипите па така оптималната вредност изнесува 70, додека актуелната вредност на темата предрасуди за либанското општество е 62, што е значително повисока

вредност и во однос на стереотипите. Секако потпирајќи се и на кратките наративи како и на либанскиот контекст високото ниво на предрасуди се очекувана појава.

- Етнички предрасуди




**Графикон 30.** Фреквенција на кодот етнички предрасуди

Темата етнички предрасуди или суб-кодот етничките предрасуди во рамките на темата предрасуди е релативно висока, но не и највисоката тема. На пример оптималната вредност на оваа суб-тема е 10, додека актуелната вредност е 8.

- Идеолошки предрасуди




**Графикон 31.** Идеолошки предрасуди

Темата идеолошки предрасуди или предрасуди вкоренети во одредена идеологија политичка, религиозна или пак идеологија на одредена секта претставува висока вредност за либанското општество. Имено, актуелната вредност на оваа тема е 28 од вкупната вредност 30.




**Графикон 32.** Предрасуди вкоренети во раните искуства и раното учење

Темата предрасуди вкоренети или научени во раното детство покажува пониска вредност во однос на останатите теми. Можеби причината за ова е во отсуството на

доволно детални информации поврзани со темата но и воздржаноста од страна на испитаниците.

➢ Колективни психолошки потреби

Колективните психолошки потреби во ова истражување се дефинирани според дефиницијата на Бартон за конфликт, каде што причина за конфликт ги смета незадоволените психолошки потреби како на пример потребата за безбедност, идентитет (самоопределување), чувството на правда итн. Од графикот подолу, може да се забележи средна фреквентност на темата колективни психолошки потреби во случајот на Либан.




**Графикон 33.** Фреквенција на кодот безбедност

Актуелната вредноста на темата безбедност во однос на Либан е 35, додека вкупната фреквенција на оваа темата е значително повисока во однос на останатите теми.

➢ Безбедност




**Графикон 34.** Фреквенција на суб-код безбедност

Темата безбедност во однос на либанскиот наратив покажува средна вредност. Актуелната вредноста на фреквенцијата на оваа тема изнесува 6 од вкупната фреквенција 7. Ова значи дека безбедноста претставува колективна (психолошка) потреба но не е веројатно една од главните теми.




**Графикон 35.** Фреквенција на суб-кодот идентитет

Суб-темата идентитет во рамките на темата колективни психолошки потреби во однос на либанското општество покажува средна или пак просечна вредност, па така актуелната вредност на оваа суб-тема е 13 од највисоката фреквенција 14.

### 1.4.1.Клучни увиди – Студија на случај 4

Ова анализа се обидува да даде објаснување на следното прашање истражувачко прашање: Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на интергрупен конфликт во Либан?

Либан претставува мултиетничко, мултирелигиозно општество кое по својот диверзитет потсетува најмногу на државите од Западен Балкан. Во денешниот контекст на либанското општество свое влијание имаат географската положба, историскиот наратив и самата поставенот на интегрупните релации и распределба на моќ при формирањето на независната држава Либан. Притоа, податоците добиени од оваа анализа на прв поглед се дефицитирани, од причина што испитаниците покажаат одредена воздржаност во однос на темите и прашањата. Од анализата на мешана методологија погоре во оваа анализа може да се увиди блага присутност на сите релевантни теми во оваа студија.

Доминантен е религискиот наратив кој креира вештачка поделеност на општеството и креира услови за стереотипизација и предрасуди помеѓу членовите на различни етнички и религиозни групи. Религиозните предрасуди доминираат и потекнуваат од врвот на политичката моќ – што во одреден степен истите се институционализирани односно итнернализирани во одредена политичко-религиозна идеологија. Ова креира контекстот во кој што членовите на различните етнички и религиски групи се во конфликт за одредени ресури и можности.

Ваква динамика на животот во Либан се одвива со декади создавајќи атмосфера на постојан конфликт и со одредени серии на војна. Либанскиот наратив е наратив на незадоволени колективни психолошки потреби каде што доминира потребата за безбедност. Недостатокот на чувството на безбедност креира исто така чувство на закана – кое што е вшусност конфликт во неговата латентна фаза. Чувството за правда исто така изостанува правејќи одредени групи или членови на групи да бидат депривирани од одредени можности. Либанскиот наратив е константно на раскрсницата помеѓу Европа на Блискиот Исток и Арапскиот Пан-Арабизам. Евидентно е присуството на бројни странски организации и тајни служби, кои сериозно ја нарушуваат динамиката, односно

ја зголемуваат интегрупната конфликтна динамика во либанското општество. Ова е тема за која ниту еден од испитаниците не беше подготвен да дискутира и да сподели лични и колективни перцепции како членови на групите со кои што се идентификуваат.

### 1.5. Студија 5 – Случајот на Палестина

Во ова поглавје ќе бидат презентирани резултатите од мултипната холистичка студија спроведена за да даде објаснување на "Улогата на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупен конфликт  - случајот на Палестина". Оваа анализа се состои од квалитативна и мешана методологија, со цел да се стекне увид и објаснување за тоа каква е улогата на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупната – конфликтна динамика во палестинското општество.

Ваквиот пристап дава основа за структурирана и организирана презентација на резултатите, каде што следи детална анализа.

Главното истражувачко прашање кое се однесува на случајот на Палестина е следното:

- Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на интергрупен конфликт во Палестина?

Оваа анализа за почеток ќе се осврне на актуелната ситуација во Палестина, имено во перидот помеѓу 2021 – 2023. Анализата се состои од наративи синтетизирани од тврдењата на интервјуираните.

**Наратив 1** – Контекстуализација

| |
|---|
| **Предизвикувачка реалност пропратена со страв и надеж**<br>Вовед<br>*Овој наратив дава една жива слика или опис за тоа како изгледа секојдневието на просечниот Палестинец. Преовладува стравот, резилиентност, недовербата но и надежта. Ја екстрахира и негира религијата како директна причина за палестинскиот конфликт.* |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 6039-6620 |

| |
|---|
| Јас не ја прифаќам реалноста, за мене единственото што може да прифатам е да водам нормален живот без страв. Не е лесно. Јас нема да седам некаде, само затоа што ако излезам ќе бидам некаде убиена, јас си продолжувам со мојот живот. Она што е надвор од наша контрола, не дозволувам да ме контролира или плаши, јас си продолжувам понатаму. Носи страв внатре во тебе, ти не се чувствуваш безбедно. Во Палестина, постои таа верба како муслимани и таа надеж дека еден ден Господ ќе ни се смислува, некогаш тоа и мене ми се случува, но јас не верувам сто процентно немам таква надеж јас. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаде н: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 3922-4733 |
| За жал, одредени групи во Палестина се соочуваат со неповолности, особено оние кои живеат во области директно погодени од конфликт или под окупација. На пример, ограничувањата на движењето и ограничениот пристап до ресурси непропорционално влијаат на маргинализираните заедници. Решавањето на овие разлики е од клучно значење за градење на порамноправно општество. Самите Палестинци се во неповолна положба токму поради фактот дека се Палестинци. Замислете некој да ве контролира каде и како се движите во 21 век, да сте цело време под опсервација, вашите разговори да се прислушкуваат, да немате право да користите аеродром – да се поврзете со светот, да имате ограничен пристап до Интернет, слободното движење е ограничено, едноствено вие сте во отворен затвор. Нешто што е незамисливо, болно и понижувачки. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/30/2023<br>Опсег на извадоци: 237-2074 |
| Ситуацијата во Палестина е навистина многу критична, и не сметам дека таму има доволно обезбедување или пак дека е безбедно. Јас како мировен активист, но и останатите меѓународни организации кои што застапуваат решение на две држави – во реалноста јас не гледам практично резултати од оние организации кои што себеси се нарекуваат дека работат за мир. Она што е за нас голем предизвик навистина да работат и сторат нешто во врска со она што ние го нарекуваме мир. Мир за мене е критичен збор и важен. На пример, ние во Палестина не го сакаме овој збор. Многу е некритичен, многу циничен, за себе да се збори како мировен активист. Најпрво, како што веќе |

| |
|---|
| реков но, и поради политичката ситуација не постои практично и позитивно влијание од работата на одредена мировна организација. Ние од 2015 работевме на ова, но, луѓето едноставно ќе те прашаат: за каков мир поточно вие работите? Од каде добивате пари, за каква невладина организација вие работите? Бидејќи ние сите знаеме – сите невладини организации работат за меѓународни организации и исто така знам дека ние ова не го гледаме на терен, дали поради нападите на дневна основа од страна на Израелците, постојат многу несигурности на дневна основа – така што овие организации скрос ја изгубија довербата кај луѓето – довербата се стекнува кога ќе се видат практични резултати. Кога овие организации ќе прават или гарантираат дека луѓето ќе бидат безбедни кога се движат по улица. Каква цел е тоа? Тие мораат тоа да го видат но и да го почувствуваат. Но, кога станува збор за мировен активист, јас мислам дека секој еден во суштина е тоа – нели? Секој сака мир. Но, јас престанав да работам со невладини организации и дејствувам сама како Палестинка. Кога ние сме силни личности –и образование, кога ние зајакнуваме преку образование, ние на тој начин креираме одреден мир. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/30/2023<br>Опсег на извадоци: 5814-6181 |
| Ова е многу тешко да се одговори. Не сакам лично да одговорам, јас како жена имам поинакво искуство. После 20 години образование и меѓународно искуство, но генерално и после коронава тие велат најдобро е да умреме, ние ништо веќе не сакаме. Луѓето чувствуваат дека се беспомошни. Бидејќи нашата влада или што и да е – како и секоја друга исто така сака да контролира. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/30/2023<br>Опсег на извадоци: 6219-7013 |
| Најважното е дека мнозинството од Палестинци и Израелци не се освестени. Тие се во емотивна војна, водени се од емоциите. Но, ако ја проучите историјата пред илјада години Израел не постоеше, пред сто години се реши да се формира држава или влада за Израел – тоа е преставништо на Европа и Америка – не се работи тука за Израел или религија. Кога зборувам за конфликт јас не зборувам за религија воопшто. Бидејќи интелектуалците во Израел па дури и политичарите во Палестина не знаат што да мислат во врска со ова. Но, Израелците го знаат ова многу добро, дека создавањето на |

| |
|---|
| Израел е силно позиционирање на САД и Европа на Блискиот Исток. Истото е сега со Украина и Русија – зошто се во војна? Зошто ние ја имаме Русија за алијанса? Сè е во врска со економијата, нема никаква врска со религија. |

| |
|---|
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/30/2023<br>Опсег на извадоци: 8264-8817 |
| Сè е до зборот кои ние гио користиме. Ваквиот вид на страв во мене да не зборувам за моите искуства – имам страв дека секој момент ќе има напад и дека ќе бидеме нападнати. Иако додека сум во Германија го имам истиот страв – што ако има напад врз моето семејство? |
| Дека ќе ги соберат сите Палестинци и дека ќе ги однесат далеку нешто да им направат – не во Палестина, туку далеку. Постои овој страв и чувство на незивесност и несигурност за иднината. Во Палестина конкретно стравот од физички напад кој што може да се случи во било кој момент. |

**Наратив 3**

| |
|---|
| Минати Искуства |
| **Емотивна арелигиска војна** |
| Вовед<br>*Овој наратив говори за секојдневниот живот и искуства во услови на постојани воени услови. Притоа ја истакнува емотивната страна на искуствата кои воопшто не се пријатни. Го истакнува моментот на отсуство на религија и злоупотреба на религиски наратив, како и недостаток на знаење за коренот на конфликтот.* |
| Креатор на наратив: Psihologinka<br>Извадок создаде на: 12/30/2023<br>Опсег на извадоци: 4157-4576 |
| Но, не ова е Палестина, во село кое е доста конзервативно, се сеќавам јас и сестра ми, нас никогаш никој не учел на такво нешто – ниту еден наставник ниту во училиште, ниту пак дома. Така што јас сум Палестинка, и како јас да слушам друг Палестинец на |

| |
|---|
| пример кој убил Израелец? Така што светот ги има овие стравови, кога не гледаат нас Палестинците, мислат дека конфликтот делумно е прикажан како религиски што не е. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/30/2023<br>Опсег на извадоци: 5353-5738 |
| На пример, дојдоа пред нашата куќа војници и го прашаа брат ми: Од каде си? Брат ми одговори од Палестина – и му удрија шамар. Татко ми изреагира, им рече; “Што правите вие”? – Тие му вратија Палестина не постои, војниците. Пред нашиот дом. Па дури и оние невладини, решението за две држави веќе е невозможно, бидејќи тие контролираат сѐ, целата палестинска територија, секое движење, сѐ. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/30/2023<br>Опсег на извадоци 6219-7013 |
| Најважното е дека мнозинството од Палестинци и Израелци не се освестени. Тие се во емотивна војна, водени се од емоциите. Но, ако ја проучите историјата пред илјада години Израел не постоеше, пред сто години се реши да се формира држава или влада за Израел – тоа е преставништо на Европа и Америка – не се работи тука за Израел или религија. Кога зборувам за конфликт јас не зборувам за религија воопшто. Бидејќи интелектуалците во Израели па дури и политичарите во Палестина не знаат што да мислат во врска со ова, но Израелците го знаат ова многу добро дека создавањето на Израел е силно позиционирање на САД и Европа на Блискиот Исток. Истото е сега со Украина и Русија – зошто се во војна? Зошто ние ја имаме Русија за алијанса? Сѐ е во врска со економијата, нема никаква врска со религија. |

### 1.5.1.Анализа по кодови

- Стереотипи




**Графикон 36.** Фреквенција на кодот стереотипи

Вредноста на темата стереотипи во случајот на Палестина е просечна во однос на останатите држава, па така актуелната вредност на овој код е 11.

➢ Предрасуди




**Графикон 37.** Фреквенција на кодот предрасуди

Веројатно од сите теми темата предрасуди има највисока фреквенција во случајот на Палестина. Имено, актуелната вредност на кодот изнесува 50, додека највисоката вредност е 60.

➢ Етнички предрасуди




**Графикон 38.** Фреквенција на кодот етнички предрасуди

Во однос на темата етнички предрасуди во случајот на Палестина не може да се забележи висока фреквенција. Вредноста или честота на оваа тема изнесува 4 додека највисоката вредност е 5. Така што, веројатно причината за ова лежи во тоа што палестинското општество одвнатре е речиси целосно етнички хомогено.

➢ Предрасуди засновани на идеологии или идеолошки предрасуди




**Графикон 39.** Фреквенција на кодот идеолошки предрасуди

Ова тема во споредба со останатите теми во случајот на Палестина демонстрира

средна вредност, односно актуелна вредност од 22.

**Наративи 4** - предрасуди

| **Апартхејд** |
|---|
| Вовед<br><br>*Овој наратив го истакнува Палестинскиот апархејд, системската дискриминација и очајната потреба на Палестинците од меѓународна помош и интервенција.* |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаде на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 1403-1875 |
| Борбата за правда е во срцето на палестинскиот наратив, а настаните како Ал Џабал се симбол на пошироката борба против апартхејдот. Систематската дискриминација, ограничувањата на движењето и сепаративната бариера се остар пример за неправдите со кои се соочуваат Палестинците секојдневно. Како мировен активист, мојатата работа вклучува застапување за меѓународно признавање на овие неправди и притисок за праведна резолуција што ќе ги разбие структурите на апартхејдот. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаде на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоците: 2497-2891 |
| Политиките на апартхејдот ги влошуваат верските тензии со манипулирање со идентитетот за да ги продлабочат поделбите. Сепак, верските водачи и активисти играат клучна улога во поттикнувањето на меѓуверската солидарност. Тие го предизвикуваат расколниот наратив, нагласувајќи ги заедничките вредности и заедничката потрага по правда, на крајот работејќи на уривање на структурите на апартхејдот. |
| Креатор на изваок: Psihologinka<br>Извадок создаде на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоците: 3038-3435 |
| Настаните како Ал Џабал ги влошуваат постојните бариери за можностите за Палестинците, особено во областите директно погодени од конфликтот. Ограничувањата на движењето и бариерата за одвојување го попречуваат пристапот до образование и вработување, несразмерно влијаејќи на маргинализираните групи. Решавањето на овие системски пречки е од суштинско значење за градење на порамноправно општество. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 3546-3901 |

| |
|---|
| Политиките на апартхејдот систематски ги дискриминираат Палестинците, ограничувајќи го пристапот до образование, здравствена заштита и економски можности. Ѕидот на сепарација, контролните пунктови и ограничените области ги влошуваат овие тешкотии, овековечувајќи ги нееднаквостите и ја зајакнуваат потребата за итно застапување и меѓународна интервенција. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 4093-4478 |
| Политиките на апартхејдот ги продолжуваат предрасудите преку институционализирање на дискриминацијата. Палестинците се соочуваат со предрасуди во различни форми, од нееднаков третман во правните системи до пристрасни медиумски наративи. Овие предрасуди ја нагласуваат итноста од предизвикување стереотипи и промовирање можности за социјално учење кои поттикнуваат разбирање и емпатија. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 3104-3728 |
| Верските идеологии можат да бидат и извор на единство и поделеност. Иако некои погрешни толкувања може да придонесат за тензии, има и примери на верски водачи кои промовираат мир и соживот. Со истакнување на овие позитивни наративи, можеме да ги предизвикаме перцепциите на поделби и да поттикнеме разбирање. Но, ако подобро направите анализа на случувањата во Палестина во последните 2 години, може да забележите дека палестинската православно-христијанската заедница е некако дискриминиранаод страна на светот. Фактот дека таа постои и вшусност е интегрален дел од колективното општество не оди во прилог на одредени држави. |
| Креатор на извадок : Psihologinka<br>Извадок создаде на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 4840-5184 |
| Лично, наидов на предизвици поради поширокиот политички контекст. Сепак, овие искуства ја поттикнуваат мојата посветеност за градење мир. И внатре во нашето општество има поделености – така што ако имаш ставови кои се малку поразлични веднаш ќе бидеш на тапет, сомнителност е голема како резултат на се што доживеавме во веќе еден век окупација. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаде на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 5291-5525 |

| |
|---|
| Да, приказните за пријателите и врсниците кои се соочуваат со пречки поради членствата во групата, за жал, не се невообичаени. Зависи од семејството, степенот на религиозност итн. Некои Палестинци имале повеќе можности, други пак не. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 5702-6104 |
| Искуствата од раното детство често ги одразуваат општествените предрасуди. На пример, децата може да ги интернализираат пристрасните наративи овековечени од пошироката политичка средина. Ние вшусност функционираме преку принципот на предрасуди – тоа е непишаното правило. Јас уште како дете научив за Израелците, но и не верувам дека тоа се предрасуди, тоа е вистината за нив. Зошто би биле предрасуди. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/30/2023<br>Опсег на извадоците: 2481-4157 |
| Знаеш до кои луѓе ќе пристигне, второ живеев во повеќе земји во светот како локалец – и луѓето знаат за Палестина, значи за Палестина не за Ислам. Ислам е култура и други фактори.Палестина не е во врска со Исламот. Многу се игнорирантни од лични причини. На пример, ти си од Европа. Ти на пример можеш да добиеш стипендија да студираш на некое добро место од страна на Израел, и откако ќе завршиш нормално ти никаде нема лошо да зборуваш. Израел  е голема земја, тие се напредни во индустрија, технологија и земјоделство. Кога Израел ги поддржува тие луѓето, тоа сепак не се Палестинците туку Израелците така? На пример, мојата пријателка од Германија ми кажува дека во медиумите нема што многу да се види за Палестинците. Второ Израелците се силни бидејќи тие секаде имаат кампања, тие се гласни. Палестинците – не. Бидејќи ние не сме активни или не интелигентни, туку бидејќи јас се плашам. Јас бев поканета да зборувам во Индија – одбив, во Германија – одбив, во Непал – одбив. бБидејќи јас не знам какви зборови овие влади ќе ми изнудат. – Не знам што се веќе може да ме повреди.  Јас сум мирољубива личност не сум против влади, туку јас си имам некои мои замисли и не сакам кога луѓето се убиваат, дури сега со Украина и Русија. И она што се случува во Палестина се моите луѓе кои што умираат. Израел кажува дека има самоубиствени напади што е против нашата култура, против нашата религија, против нашите верувања и тие ги напаѓаат сите Палестинци и ги убиваат сите Палестинци и ги нарекуваат терористи. Но, знаеш понекогаш не ги обвинувам нив, бидејќи многу Палестинци, Арапи, муслимани дејствуваат во името на Ислам.  Тие велат ова е Ислам, ова е нашата религија. |

| |
|---|
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/30/2023<br>Опсег на извадоци: 4157-4576 |
| Но, не ова е Палестина, во село кое е доста конзервативно, се сеќавам јас и сестра ми нас никогаш никој не учел на такво нешто .Ниту еден наставник ниту во училиште, ниту пак дома. Така што јас сум Палестинка, и како јас да слушам друг Палестинец на пример кој убил Израелец? Така што светот ги има овие стравови, кога не гледаат нас палестинците, мислат дека конфликтот делумно е прикажан како религиски што не е. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/30/2023<br>Опсег на извадоци: 7792-8263 |
| Како човек и како личност јас отсекогаш сум сакала да зборувам за Палестина. Секогаш се трудам да споделам конвенционални пораки, но не можеме да ги исклучиме емоциите – тоа е човечки. Сите луѓе во светот имаат свои страдања, а ние Палестинците имаме впечаток дека ние сме единствнеите кои страдаме и дека другите не страдаат. Јас сфатив дека имало помалку и повеќе развиени земји. Исто и со Германицте, кога ми кажуваат за нивните страдања сфаќам дека не сме единствени. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаде на: 12/30/2023<br>Опсег на извадоци: 10085-11058 |
| Во Палестина има страв како мулсимани – им дава таква надеж дека Господ еден ден ќе не спаси сите, понекогаш ова знае и мене да ме утеши, но јас ја немам оваа верба до тој степен, јас сум реална. На пример, Палестинците 100% веруваат во тоа и исто така тие не знаат – недостатокот на знаење ги става луѓето во страв и не знаат кој е одговорен за тоа. Ова е дневен муабет  - ние сме муслимани и ние сме во војна со Евреите? – Не! Ова не е тоа што нас ни се случува. Ова го зборуваат луѓето секој момент. Кој ја сака нашата земја? – Можеби САД, можеби Европа, може Русија...ова е темата. Палестинците постираат на социјалните медиуми, ние ќе умреме ние сме резилиентни, од друга страна палестинската култура е многу мирољубива. Знаеш тука сестра ми вика затвори ја вратата. Во Палестина тоа го нема, внатре во нашите заедници. Вратата од домот може да е отворена и соседот може да дојде во било кое време и да побара храна. Ова ми дава некое чувство на смиренот сѐ уште... |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/30/2023<br>Опсег на извадоци: 14597-15177 |
| Ти кажав дека живеам во семејство, заедница каде што никогаш не сум слушнала зборови кои содржат предрасуди за други религии, заедници итн. Она што не учеа во |

| |
|---|
| училиште како групи е дека сите сме исти – ако сакаш да си добар верник мораш да си добар спрема другите, но кон Израел се сеќавам кога имав 5 години, татко ми не учеше да бегаме од небезбедни места дека може да бидеме убиени, така што сме виделе како нашите соседи се убивани, 9 годишно дете и дека ние треба да внимаваме со војниците. Ние не смеевме да спомeнеме Палестина во 1996 се сеќавам, тоа беше строго забрането. |

- Колективни психолошки потреби (тема конфликт)




**Графикон 40.** Фреквенција на кодот колективни психолошки потреби

Фреквенцијата на оваа тема во палестинскиот наратив е прилично висока и се двои во група со уште две држави од Западен Балкан. Актуелната вредност на оваа тема е 70, каде што највисоката вредност изнесува 80.

- Безбедност




**Графикон 41.** Фреквенција на суб-кодот безбедност

Графикон 41 ја прикажува фреквенцијата на суб-темата безбедност. Повторно оваа тема е често присутна во палестинскиот наратив со актуелна вредност од 26.




**Графикон 42.** Фреквенција на суб-кодот идентитет

Идентитетот е суб-тема во рамките на темата колективни психолошки потреби и се однесува на потреба за присуство и уважување на одреден идентитет кај одредена група. Тоа е повеќе чувство која што ја прави групата целосна. Во однос на идентитет палестионскиот наратив исто така демонстрира висока вредност во споредба со останатите држави од Блискиот Исток. Во овој случај актуелната вредност е повторно 26.

### 1.5.2. Студија на случај 5 – Клучни Увиди

Истражувачко прашање: Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на интергрупен конфликт во Палестина?

Палестинскиот наратив е заситен со страв и надеж. Анализата и самиот процес на интервјуирање како ивоспоставување на контакт со личности кои што ќе се согласаат да разговараат претставуваше долготраен и исцрпувачки процес. Наративот е исполнет со сведоштва на директно и индиректно насилство, актуелна и трансгенерациска траума. Квалитативната и квантитативната анализа покажува присуство на стереотипи, предрасуди и религија како доминантна тема во палестинскиот наратив. Темата предрасуди доминира – и тоа најчесто предрасуди поврзани со одредена идеологија. Во палестинскиот случај тоа се идеолошките предрасуди – во кои е интернализирана религиозната идеологија. Религијата е значајна за палестинското општество, особено во безмалку последниот век на окупација, каде што населението својата надеж и верба ја пронаѓа токму во религијата. Значајно е да се истакне дека палестинското општество религиски не е хомогено, таму постои и христијанско православна заедница чии членови што етнички се идентификуваат како Палестинци.

Малкумина знаат за тоа, иако истата можеби е повеќе дискриминарана однадвор отколку што е внатре во самиот палестински наратив. Постојат искази во однос на оваа тема во анализата, каде што се тврди дека постојат одредени обиди преку социјалните мрежи да се предизвикуваат провокации во однос на православната христијанска заедница со цел да се поткопа внатрешната кохезија на општеството, која што е веќе и онака расцепкана по неколку основи. Темата колективни психолошки потреби зазема високо место во палестинскиот наратив. Палестинците најмногу имаат потреба од чувството на безбедност, чувството на правда како и чувството за идентитет. Нивното постоење на таа територија и опстојување е значајна колекетивна потреба.

Тема која што се истакнува посебно за палестинското општество е присуството на невладини организации чија мисија е да изградат или спроведат мир. Недовербата во ваквите ентитети е на високо ниво – животот во изолација за Палестинците создава алузија за тоа како може да се реши конфликтот. До толку што тие повеќе не веруваат во трајно решение. Исто така, моралот на населението е на ниско ниво.

### 1.6. Студија 6 – Случајот на Јордан

Во ова поглавје ќе бидат презентирани резултатите од мултипната холистичка студија спроведена за да даде објаснување на "Улогата на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупен конфликт - случајот на Јордан". Оваа анализа се состои од квалитативна и мешана методологија, со цел да се стекне увид и објаснување за тоа каква е улогата на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупната – конфликтна динамика во јорданското општество.

Ваквиот пристап дава основа за структурирана и организирана презентација на резултатите, каде што следи детална анализа.

Главното истражувачко прашање кое се однесува на случајот на Јордан е следното:

- Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на интергрупниот конфликт во Јордан?

Оваа анализа за почеток ќе се осврне на актуелната ситуација во Јордан, имено во перидот помеѓу 2021-2023. Анализата се состои од наративи синтетизирани од тврдењата на интервјуираните како и со презентирање на дескриптивни мерки во однос на честотата-фреквенцијата на темите кои што се пројавуваат во тој дискурс.

- Контекстуализација – Опис на актуелната ситуација и состојба во Северна Македонија според тврдењата на испитаниците.

**Наратив 1**

| **Оаза на мирот или оска на стабилност во регионот** |
|---|
| Вовед: *Јорданскиот контекст е комплекесен, но и флуиден во религиска смисла. Имено, религиските стереотипи и предрасуди ја одржуваат контролата помеѓу различните конфесии во општеството притоа секоја познавајќи ги сопствени граници. Јорданското општество е преоптоварено со бранови од бегалци повеќе од* |

| |
|---|
| *една декада, додека интерните настани и конфликти речиси никогаш не се главна тема.*<br><br>Креатор на извадок: Psihologinka |
| Извадок создаден на 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 706-1104 |
| Регионалниот конфликт има директно влијание врз секојдневниот живот на Јордан, со оглед на нејзината географска локација и присуството на бегалци од соседните земји. Се чувствува оптоварувањето на ресурсите, инфраструктурата и услугите. Сепак, Јорданците покажаа издржливост, честопати ангажирајќи се во "грасрут" иницијативи за справување со предизвиците со кои се соочуваат и граѓаните и бегалците. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 213-626 |
| Тековниот социјален и политички контекст во Јордан се карактеризира со деликатна рамнотежа. Јордан долго време е рај за стабилност во турбулентен регион, но предизвиците и понатаму постојат. Социо-економските прашања, вклучително и невработеноста и економските разлики, се итна загриженост. Политички, Јордан се движи низ регионалните комплексности додека ја одржува посветеноста на стабилноста и мирниот соживот. |
| Креатор на извадок Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци 5254-5687 |
| Во Јордан, некои поединци или групи може да искусат предности или недостатоци врз основа на нивното членство во групата, при што племенскиот фактор е значаен. Племенските припадности можат да влијаат на социјалната, економската и политичката динамика, создавајќи разлики во општеството. Додека религијата игра улога во одредени случаи, важно е да се признае дека племенското влијание може да има позначајно влијание врз овие прашања. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 433-725 |
| Јорданската влада беше проактивна во справувањето со безбедносните проблеми и соработуваше со меѓународните партнери за борба против различни закани. Стратешката локација на земјата на Блискиот Исток и нејзината историја на примање бегалци од соседните земји наложија силна безбедносна рамка. |

| |
|---|
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 7609-7973 |
| Социјалното учење и интеракцијата во Јордан влијаат на стереотипите во општеството. Преку овие интеракции, поединците стекнуваат верувања и перцепции за различни групи врз основа на културните норми, медиумското влијание и личните искуства. Степенот на меѓугрупна интеракција и изложеност на различни перспективи може или да ги зајакне или предизвика стереотипите. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоцитее: 969-1806 |
| Доминантна религија во исламот, сунитска секта. |
| Споделувањето на религијата дефинитивно прави луѓето да се чувствуваат како да се дел од истата група во споредба со оние од другите религии, особено оние кои не се ниту христијански ниту еврејски. Постои посебна неповрзаност со еврејскиот народ поради политичките прашања со Палестина, но јорданските муслимани и христијани веруваат дека тие се од исти религиозни корени како Евреите и дека еврејските свети текстови се навистина свети текстови од истиот Бог. Во принцип, слушам дека повеќето муслимани зборуваат многу отворено за христијаните и „луѓето на книгата“, велејќи дека сите ние сме браќа и сестри, веруваме многу во истото, се почитуваме и живееме заедно итн. Оние кои не се од овие три „абрахамски“ религии се сметаат дека имаат помалку заедничко и можеби помалку способни. |

- Минати Искуства

**Наратив 2**

| **Јорданскиот посебен трибализам** |
|---|
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци : 5726-6224 |
| Процесот или механизмот со кој се појавуваат предности или недостатоци засновани на членство во група во Јордан вклучува комбинација на општествена динамика, историски фактори и индивидуални интеракции. Племенските припадности и социјалните хиерархии играат значајна улога во влијанието на можностите, пристапот до ресурсите и третманот во општеството. Дополнително, религиозниот идентитет |

може да се вкрсти со племенскиот, дополнително обликувајќи ја социјалната динамика и потенцијалните разлики.

### 1.6.1.Анализа по кодови

- Стереотипи




**Графикон 43.** Фреквенција на кодот стереотип

Актуелната вредност на темата стереотипи во јорданскиот наратив е не значително висока во споредба со останатите држава. Па така, актуелната вредноста на оваа тема е 7.

- Предрасуди




**Графикон 44.** Фреквенција на кодот предрасуди

Темата предрасуди има значително повисока вредност од првата темата, па така актуелната вредност на темата генерални предрасуди е 48.

- Етнички предрасуди




**Графикон 45.** Фреквенција на суб-кодот етнички предрасуди

Суб-темата етнички предрасуди покажува одредено присуство на истите во јорданскиот наратив со актуелна вредност 8 од највисоката 10.

- Идеолошки предрасуди




**Графикон 46.** Фреквенција на суб-кодот идеолошки предрасуди

Како што веќе е споменато идеолошките предрасуди се оној тип на предрасуди кои што се вградени или легитимизирани преку одредена идеологија која што може да биде етничка, религиозна или политичка. Актуелната вредност на идеолошките предрасуди е 16 од можната највисока вредност 20.

- Предрасуди – рано учење




**Графикон 47.** Фреквенција на суб - кодот рано учење – рани искуства

Предрасудите се присутни во јорданскиот наратив со уште една суб-тема како што се раното учење односно раните искуства, иако актуелната вредност не е значителна, изнесува 1.

- Трибализам




**Графикон 48.** Фреквенција на кодот трибализам

Како што може да се забележи од график 6 Јордан има код својствен само за таа земја. Притоа во споредба со останатите кодови или теми трибализмот се појавува со прилично солидна актуелна вредност од 6.

- Колективни психолошки потреби




**Графикон 49.** Фреквенција на кодот колективни психолошки потреби

На оваа тема Јордан не заостанува ниту на регионални ниту на меѓу-регионално ниво. Актуелната вредност на оваа тема е 42.

- Идентитет




**Графикон 50.** Фреквенција на суб-кодот идентитет

Во однос на колективните психолошки потреби суб-темата идентитет има свое место во јорданскиот наратив со 18 како актуелна вредност додека максилната вредност изнесува 20.

- Безбедност




**Графикон 51.** Фреквенција на суб-кодот безбедност

Евидентно е дека овие теми се истакнуваат повеќе во однос на останатите теми во јорданскиот наратив. Иако актуелната вредност не е драстична висока, сепак индцира одредена потреба поврзана со чувството на безбедност кај јорданската популација.

**Наратив 3**

<table>
<tr><td align="center">Племенско - религиозно општествено морален компас: гнезно на стереотипи и предрасуди</td></tr>
<tr><td>Вовед<br>Овој наратив се состои од тврдења кои што известуваат за високиот степен на трибализам и детерминарчка улога на религијата во меѓуопштествени односи. Притоа, тие индицираат присутност на стереотипи и предрасуди уште на рана возраст. Се истакнува и јорданско – палестинската природа на јорданското опшество.</td></tr>
<tr><td>Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 2423-2819</td></tr>
<tr><td>Вреди да се спомене дека индивидуалните верувања и нивоата на верско почитување може да варираат меѓу луѓето во општеството или заедницата. Некои поединци може строго да се придржуваат до религиозните практики, додека други може да имаат посекуларен или умерен пристап. Религиозниот пејзаж на едно општество е сложен и повеќеслоен, со различен степен на религиозно влијание меѓу неговите членови.</td></tr>
<tr><td>Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 3805-4074</td></tr>
<tr><td>Религиозните идеологии во Јордан можат да влијаат на перцепциите што членовите на групата ги имаат едни за други. Додека некои религиозни идеологии промовираат инклузивност и почитување на различни вери, други може да придонесат за пристрасност или негативни перцепции.</td></tr>
<tr><td>Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 4553-4935</td></tr>
<tr><td>Сепак, идеологиите кои промовираат ексклузивност или дискриминација може да резултираат со нееднаков третман и маргинализација на одредени групи. Случаите на предрасуди или пристрасност може да се појават врз основа на фактори како што се религијата, етничката припадност или културата. Напорите за справување со овие предизвици и промовирање на еднаков третман се во тек во Јордан.</td></tr>
<tr><td>Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 7216-7354</td></tr>
</table>

| |
|---|
| Јорданското опшество го сочинуваат религиозни групи, етнички заедници, племенски припадности и социо-економски класи. Сепак, важно е да се пристапи кон овие категории. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци 7609-7973 |
| Социјалното учење и интеракцијата во Јордан влијаат на стереотипите во општеството. Преку овие интеракции, поединците стекнуваат верувања и перцепции за различни групи врз основа на културните норми, медиумското влијание и личните искуства. Степенот на меѓугрупна интеракција и изложеност на различни перспективи може или да ги зајакне или предизвика стереотипите. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден нап: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 2381-2755 |
| Социјалната кохезија е деликатен танц. Додека идејата за заеднички идентитет преовладува, социјалните и економските разлики создаваат тензии. Заедниците понекогаш се повлекуваат во своите кругови, а националниот наратив често ги маскира основните општествени фрактури. Предизвикот лежи во премостувањето на овие празнини, притоа признавајќи ја комплексноста на идентитетот. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци : 5726-6224 |
| Процесот или механизмот со кој се појавуваат предности или недостатоци засновани на членство во група во Јордан вклучува комбинација на општествена динамика, историски фактори и индивидуални интеракции. Племенските припадности и социјалните хиерархии играат значајна улога во влијанието на можностите, пристапот до ресурсите и третманот во општеството. Дополнително, религиозниот идентитет може да се вкрсти со племенскиот, дополнително обликувајќи ја социјалната динамика и потенцијалните разлики. |
| Креатор на извадок Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 6519-6959 |
| Како што се навраќам на моето детство, како менаџер на портфолио фокусиран на меѓународната помош, препознавам дека предрасудите во Јордан може да се вкоренети во раните искуства, особено поврзани со племенскиот карактер и јорданско-палестинската динамика. Набљудував како овие рани искуства ги обликуваа моите |

| |
|---|
| перцепции и ставови кон другите, под влијание на предрасудите поврзани со племенските припадности или јорданско-палестинскиот однос. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 1941-2222 |
| Маргинализираните заедници и понатаму се соочуваат со бариери. Ограничениот пристап до квалитетно образование и здравствена заштита, заедно со дискриминацијата, ги продолжува нееднаквостите. Иако имаше некои иницијативи, обемот на предизвиците бара посеопфатни и поодржливи напори. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 2576-3391 |
| Покрај она што го споменав погоре, како бегалец во Јордан, особено од малцинска бегалска група или од криза која повеќе не е во првите редови на хуманитарното финансирање, се борите да најдете пристап до работа и некои јавни услуги. Сепак, во целина, поради финансирањето на помошта во Јордан, бегалците се во многу подобра ситуација во однос на другите земји и хуманитарната заедница работи на тоа да биде сѐ повеќе инклузивна за помалите маргинализирани групи. Работниците мигранти од Египет (мажи) и Јужна Азија и некои африкански земји (најчесто жени) исто така често се третираат како граѓани од втора класа и не им се овозможуваат пристојни плати или права. Има и „ромски“ народи кои минливо живеат во Јордан за кои се крајно маргинализирани и едвај се дискутираат во Јордан, дури и во заедницата за помош. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 3395-4316 |
| Да, секогаш велам дека знам колку ми е полесно да уживам во животот во Јордан како перципиран-бел, американски странец во Јордан, со многу повисока плата од просечната, кој дошол да слушне да научи и да помогне и не затоа што бегам од конфликт или треба да заработам за живот надвор од мојата земја за да го издржувам семејството. Исто така, не сум локален и не пораснав во образовниот систем или економијата на Јордан. Моите академски и професионални акредитиви се ценети и посакувани во мојата област. Јас сум прилично лесно воведен низ владините процеси кои ми дозволуваат да бидам овде легално со поддршка од моите работодавци и со флексибилност и поддршка на самата влада. Луѓето овде не ме гледаат како товар, туку генерално се заинтересирани за мојата култура и потекло и ме гледаат како |

| |
|---|
| претставник на растот, па дури и на економската поддршка на земјата, бидејќи имам привилегија да бидам добар клиент кој плаќа. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 4321-4581 |
| Другите странци, небели, не„западни“ не се пречекани со истата позитивност и слободоумност. Нивните културни разлики и економскиот статус/капацитет не се толку лесно толерирани и може да се видат како или всушност во реалноста да претставуваат товар за Јордан. |
| Креатор на извадок: Psihologinka<br>Извадок создаден на: 12/31/2023<br>Опсег на извадоци: 6790-7259 |
| Основната безбедност е дефинитивно високо на листата на потреби. Овде има безбедност, но мислам дека луѓето се плашат да ја изгубат поради околниот конфликт, така што таа останува многу свесна потреба и приоритет. Групното прифаќање и припадност е исто така многу важно. Тоа е потврда на поединецот и извор на важна поддршка. На луѓето им требаат луѓе за да ги завршат работите овде и само да се снајдат. Не можете само да се потпрете на себе и на постоечките системи. |

### 1.6.2. Студија на случај 6 – Клучни Увиди

Истражувачко прашање: Како стереотипите, предрасудите и религијата влијаат на интергрупен конфликт во Јордан?

Истражувањето спроведено со испитаниците во Јордан, 4 интелектуалци со различна позадина од кои еден јордански-палестинец – професионален во област на хуманитарна помош, потоа ирачанка која живее и работи во Јордан – во областа на човековите права, и двајца мировни активисти јорданци кои се препознатливи во својата заедница, покажа пред сè една воздржаност во процесот на споделување на информации поврзани со Јордан и со интергрупните релации. Имено, целиот процес на воспоставување на контакт и иницијална согласност да се учествува во истражувањето одзема значителен период од 6 месеци до 1 година.

Притоа јас бев прилично изненадена во врска со тоа, голема група на испитаници со кои воспоставив првичен контакт за интервју, откако прашалникот беше испратен за увид дадоа одговор дека таква тема не може да биде предмет на истражување во Јордан, или пак воопшто не одговорија назад.

Притоа, иако јорданското општество изгледа навидум срдечно и гостопримливо однадвор, тоа сепак во однос на одредени теми е затворено кон надвор за проток на информации. Притоа постои и една културолошка димензија и наратив, каде што за одредени теми едноставно не се дискутира. Настрана  од политичкиот авторитаризам и идеопоклонството кон кралот, што не е случај со одредени автохтони јордански племиња.

Информациите добиени во врска со случајот Јордан и анализата на истите – квалитативна и мешаната методологија укажува на висока присутност само на одредени теми. На пример, во јорданскиот наратив присутни се најмногу предрасудите и колективните психолошки потреби како тема. Идеолошките предрасуди се високо присутни и тоа веројатно се должи на присутноста на религиозната идеологија, како рефертна вредност или одредена морална оска во општеството. Притоа Јорданците покажуваат стереотипи и предрасуди кон различна раса, различен етникум, но и различна религија. Особено е интересен интрагрупниот "тивок" конфликт со Палестинците, кој исто така претставува табу-тема за дискусија. Имено, при доселувањето на Палестинците во Јордан, тие главно ги населиле градовите и оттука претставуваат главен промотор на јорданската економија и урбанизација. Кај автохтоната племенска популација постои страв од превеземања на државата од страна на палестинскиот етникум.

Трибализмот е тема која што е единствена за ова истражување и во јорданскиот контекст има огромно одлучувачко влијание. Веројатно, според природата на овој феномен истата тема би припаѓала во одредена идеологија – или идеолошки предрасуди, бидејќи внатре во племенскиот систем постои пишана и непишана идеологија и норми за тоа како би требало да функционира целокупното општество. Иако, Јордан денес е модерна држава на Блискиот Исток, таа речиси невозможно е да донесе големи одлуки без да има позадинска согласност од страна на доминантните племиња.

Притоа, темата колективни психолошки потреби е високо присутна во јорданскиот наратив. Потребата за безбедност, идентитет и правда претставува тема во секојдневниот живот Иако, државата е најбезбедна во региониот, сепак постои страв од закана поради регионалното опкружување.

Иако секогаш може да се забележи зголемена безбедност од страна на Јорданската војска низ целата држава.

Конечно, одговорот на истражувачкото прашање се состои во тоа дека јорданскиот наратив е обвиен со стереотипи и предрасуди особено со идеолошки – религиозен и тоа директно влијае на интергрупните односи односно релации на тој начин што дискриминира одредени групи, додека унапредува други. Притоа постои одредена хиерархија во опшеството која што мора да се почитува и на таа тема понатаму не постои простор за  дискусија. Ваквата поставеност ги прави одредени групи и индивудуи во привилигираниза сметка на одредени групи кои трансгенерациски сево дискриминирана позиција.

Притоа, мешани бракови воопшто не се тема на дискусија, бидејќи се подразбира дека тоа е кршење на религиозниот и моралниот код во опшеството. Соживотот помеѓу муслиманската и христијанската заедница (која што е доминантно православна) е на високо ниво, но е реалните животни настани и обичаи се случуваат интрагрупно. Толеранцијата е голема бидејќи ретко кога таа граница се надминува. Религијата е силен контролирачки механизам за одржување на јорданското опшество на колективно ниво – политички и религиозно. Имено, она што е препознатливо за Јордан е тоа што женската популација нема право да го пренесе правото на држајанство на сопственото потомство. Доколку децата доаѓаатод мешан брак, каде таткото е странец а живее во Јордан, во тој случај образованието за тие деца чини повеќе. Сите овие се дискриминаторски политики, инфилтрирани во религиозната доктрина или идеологија кои служат како регулаторни механизми за одржување на одредена хиерархија и надреденост на одредени групи во јорданското опшество.

## 2.Улогата на Стереотипите, Предрасудите и Религијата во Интергрупен Конфликт – Случајот на Западен Балкан и Блискиот Исток: Компаративна Анализа

Во сложената природа на хуманите општества, динамиката на меѓугрупните односи често е обликувана од огромен број фактори кои се протегаат надвор од единствено геополитички размислувања. Стереотипите, предрасудите и религиозните определби, кои дејствуваат како моќни под-струи, се вплетуваат во ткивото на меѓугрупните интеракции, влијаејќи на траекторијата на конфликтите на длабоки начини. Ова поглавје тргнува кон едно сеопфатно патување, навлегувајќи во повеќеслојната анализа на Западен Балкан и Блискиот Исток, два региони нарушени со историски тензии и меѓугрупни судири.

Додека се движиме низ сложените динамики на овие случаи, нашата цел е да ја разоткриеме сложената интеракција помеѓу стереотипите, предрасудите и религиозните димензии, објаснувајќи ги нивните улоги во поттикнувањето или намалувањето на меѓугрупните конфликти. Западниот Балкан, кој се карактеризира со неговиот разновиден етнички и религиозен состав, и Блискиот Исток, огниште на цивилизации каде се вкрстуваат верските и културните идентитети, служат како убедливи случаи за едно вакво сеопфатно истражување.

Оваа анализа оди подалеку од конвенционалната геополитичка перспектива, притоа потврдувајќи дека корените на конфликтите често лежат во сложеното испреплетување на културните наративи, историските наследства и длабоко вкоренетите стереотипи. Со детално испитување на влијанието на овие психолошки и социокултурни елементи, оваа анализа има за цел да даде објаснување како тие придонесуваат за продолжување или решавање на меѓугрупните конфликти во овие региони.

Преку оваа компаративна анализа, идејата не е само да ги расветлиме уникатните наративи на Западен Балкан и Блискиот Исток, туку и да извлечеме пошироки увиди во универзалната динамика на меѓугрупниот конфликт. Со анализрање на интеракцијата помеѓу стереотипите, предрасудите и религијата, ние се стремиме да го продлабочиме нашето разбирање за сложената мрежа што ги обликува човечките интеракции, поттикнувајќи повеќе нијансирана перспектива за предизвиците и можностите за градење мир во различни општества.

Ова студија прави обид да стекне увид низ комплексноста на човековата меѓугрупна динамика во потрага по посеопфатно разбирање на конфликтот и неговото разрешување. Западен Балкан кој во поновата историја и од денешна инстанца е препознатлив како трите држави на Република Северна Македонија, Косово, Босна и Херцеговина (со исклучок на Албанија која не е предмет на ова истражување) денес во очите на западната политичка јавност претставува еден конголмерат на интергрупни конфликт, етнички и религиозен диверзитет која по својата природа историски бил уникатен и знаел да пркоси со својата географска природа и прирородни капацитети. За жал, наративот во Западен Балкан е песимистички испреплетен со приказни и трауми од поновата историја, ставен пред предизвикот на времето како да претставува дом подеднаков за сите и да биде истовремено ничиј ексклузивно но, и да припаѓа секому.

Бидејќи, ваквиот наратив како што е синтетизиран во оваа студија од тврдењата на интервјуираните секој од нив интелектуалец, начитан, со високо ниво на самосвест за себеси и другиот, не може и не смее да биде симплифицран како единствено наратив на конфликт. Преку ваквиот наратив треба да се извлечат лекции и поуки кои би требало да го унапредат живеењето и квалитетот на животот помеѓу членовите на различните групи.

Понатаму, библискиот Блзок Исток со својот оскуден и детерминиран наратив на конкретни и воздржани информации за тоа како функционираат опшествата одвнатре, не претставува исто така конгломерат на војна, конфликт и насилство. Тоа е регионот на колепката на цивилизациите, местата каде се развивала науката, светите местата за народите ширум светот, како за христијаните, така за муслиманите и Евреите еднакво. Оттука, оваа анализа има идеја да проникне токму во таа како овие конструкти преовладуваат во ваквите опшества. Кои и какви се контекстите кои што ги овозможуваат, поткрепуваат и потхрануваат низ времето? – Ова е само една внимантелност за овие два региона да се земаат во предвид единствено во негативна и насилна конотација. Овие навидум различни приказни, се само фрагменти од една поголема приказна. Тие нè повикуваат да ги истражиме сложеноста, да ги разоткриеме приказните што се протегаат надвор од физичките структури и во доменот на човековата свест, стереотипите, предрасудите и религиозната динамика. Како што се впуштаме во ова истражување, да не ги набљудуваме само урнатините и воскреснувањата, туку да бараме да ја разбереме длабоката интеракција на силите кои ги обликувале и продолжуваат да ги обликуваат судбините на овие региони.

Во навигацијата по сложениот терен на меѓугрупни конфликти во Западен Балкан и Блискиот Исток, мојот аналитички компас се свртува кон холистички пристап - пристап кој не само што се обидува да ги откине слоевите, туку и да исткае сеопфатно разбирање што ги надминува границите на единствените наративи. Замислете за момент богатството на мозаикот, каде што секое парче, различно по својата боја и форма, се спојува за да создаде ремек-дело. Слично на тоа, ова истражување е потрага да ги собере различните фрагменти од историски, културни, религиозни и социо-политички димензии во кохерентна табела. Посветеноста  на холистичките перспективи не е произволен избор; тоа е признание дека меѓугрупните конфликти не се изолирани инциденти, туку манифестации на сложената интеракција помеѓу историјата, културата, религијата и општествено-политичките сили.

Оттука, главното истражувачко прашање од каде што започна оваа анализа е следното:

- Каква е улогата на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупните конфликти во Западен Балкан и Блискиот Исток?

Истражувачкото прашање е проникливо и сеопфатно, фокусирајќи се на влијанието на стереотипите, предрасудите и религијата во контекст на меѓугрупни конфликти, со специфичен осврт на Блискиот Исток и Западен Балкан. За ефективното спроведување на ова истражување, истражувачкото сеопфатно прашање ќе биде расчленето на секоја тема односно димензија посебно, за да се стекне поголемо разбирање за темата. Првата димензија која што е компаративно анализирана во ова поглавје е темата стереотипи.

***Стереотипи***

Стереотипите на Западен Балкан во најголемиот број на случаеви се научени – стекнати уште во раното детство. Притоа, општеството е категоризирано во неколку – едноставни категории кои што по својата природа се етнички или религиозни, но во поново време се пројавува се почесто и категоријата социјална класа. Така што, децата уште од рана возраст имаат стекнато знаење за членовите на овие категории, без притоа да имаат дотогаш воспоставен контакт со членови на другата група. Најсилната идентификација на Западен Балкан или категорија во која што поединците се себе-категоризираат е етничка или религиозна.

Овие две категории се исклучително значајни на Западниот Балкан, особено во трите држави кои што се предмет на ова истражување, на чија развновидност се гледа како на огромен предизвик и препрека за развој, наместо како можност. Понатаму, стереотипизацијата на целокупните општества се одвива преку различни алатки, инструменти и фактори. Семејството, училиштата, медиумите, религиозните објекти и религиските лидери[109] се местата каде што може да се вкоренат и научат стереотипите. Отсуството на контакт и забрана на иститот од рана возраст е дополнителна околност која што создава контекст на овозможување на стереотипи.

---

[109] Политичарите во оваа студија се исклучени како релеванти – бидејќи нивното влијание е познато и препознатливо. Речиси сите политички елити работат на остварување на сопсвените тесно-националистички и профитерски цели. Наративот на национализам поттекнува од таму одржувајќи ги општествата во една лимбо зона.

Блискиот Исток е регион каде што компартивно многу помалку се зборува и се дискутираат темите кои што се однесуваат на домашните (интерни-државно-општествнени теми) работи. Кон истражувачот се пристапува како кон некој кој што сепак е однадвор и чии намери не се познати до крај.[110] Такашто, јасноста на механизмот за создавањето на стереотипи на Блискиот Исток – не може да биде толку пластично објаснета како што е случајот со Западен Балкан. Понатаму, стереотипизацијата продолжува во образовниот систем на Западен Балкан, бидејќи мал процент од населението се посветени верници, односно не посетуваат често религиски храмови или мнозинството се традиционални верници. Културните групи каде што може да се креираат и шират стереотипи не се тема на Западниот Балкан.

На Блискиот Исток стереотипите и стереотипизацијата воопшто не претставува тема за дискусија. Имено, општеството е така поставено преку одредени религизони и културни норми кои создаваат хиерархија во општествата и фрагментација на истото. Притоа, во однос на категоризациите на општествата на Блискиот Исток, односно нивната стереотипизација постои разлика од држава во држава.

Иако овие држави географски спаѓаат во истиот регион принципот или механизмот на создавање на стереотипи не е во целиот регион еднаков ниту пак сличен. Во Јордан постои феномент на племенство или трибализам, кој уште пред да биде создадена Јорданската држава и кралство подразбира одредена стратификација. Бегалските константни бранови исто така се извор и механизам преку кои се создаваат нови, а се зацврстуваат старите стереотипи. На пример, со сириската криза и огромниот број на сириjски бегалци[111] се создава нов стереотип за сириjците како етничка група (на пример дека се мрзливи, дека ги одземат можностите на локалното население итн).

[110] Искуството со речиси сите испитаници во Блискиот Исток беше идентично. Процесот на воспоставување контакт беше долготраен и исцрпувачки, бидејќи многумина од контактираните дадоа првичен коментар дека ваквите теми не се однесуваат на нивните држави и едноставно во нивните општества нема такви проблеми, односно конфликти. Оттука, самото добивање на релевантни и детални информации од страна на оние кои прифатија да учествуваат во истражувањето претставуваше исцрпувачки процес. Тоа инидицираше одредена стереотипизација за мене, каде што го имав доживувањето и доделеното место на странец – “аутсајдер” во конкретната ситуација, без оглед на фактот дека со одредени личности кои што беа интервјуирани имав лични познанства. Тоа упати кон увид на генерална стереотипизација за секој еден кој што е надвор од нивното општество. Иако и во рамките на истото постои стереотипизација, која по потреба може да се минимизира, како што беше случајот со интервјуата во оваа анализа.

[111] Бегалска популација присутна во Јордан која што брои над 1 милион жители.

Притоа религијата како институција игра значителна улога во стереотипизирањето на јорданското општество. Степенот на религиозност е висок и следењето на исламските вредности и морални начела е значаен морален код за секој еден достоинствен граѓанин. Интересно, во однос на стереотипите во однос на други етнички и религиски групи на пример во Јордан, многу малку дискусија се отвара на таа тема. Но, она што е јасно е тоа дека мешани  религиозни бракови воопшто не се практика. Етничката припадност не претставува препрека се додека религијата е иста, во најголем број на случаеви тоа е Исламот. Од друга страна пак Палестинскиот наратив сведочи за тоа дека религијата е многу значајна исто така, но не е во исламските вредности другите да бидат перцепирани поразлично. Додека, се оградуваат од политичкиот Ислам и тврдат дека тоа не е она што тие се научени и што треба да практикуваат како добри муслимани. Но, она што е значајно особено случајот за Палестина се раните искуства и раното учење.

*Како се појавуваат стереотипите во различни етнички, верски или културни групи на Блискиот Исток и Западен Балкан?*

Оттука, јасно е на кој начин се појавуваат механизмите во различните етнички и верски групи, дотолку што на Западниот Балкан имаат сопствени територијални граници во рамките на една држава. Овие групи се строго дефинирани и ограничени во своето делување. Религиозните групи не се толку наметливи во јавниот дискурс во Западниот Балкан, напротив тие имаат поинтимна димензија, додека јавниот дискурс на Блискиот Исток е доминантно исполнет со религиозна содржина, со исклучок на Либан. Таму иако јавниот дискурс е богат со религиозен девирзитет, толеранцијата е на интер-етничката и интер-религиозната толеранција е на повисоко ниво во однос на Јордан.

Исто така, индикативно е тоа што во овие две држави не постои можност за склучување на граѓански брак, па најчесто доколку се случува ваков тип на мешање бракот се склучува во околните држави, додека ова не е тема во Палестина воопшто. Палестинскиот наратив е засистен со стереотипи во функција на нивното преживување – и нејзниот народ прави сѐ што е во функција на одржување на Палестинскиот наратив и идентитет присутен во сегашноста.

*Колку историските настани придонесуваат за формирање и овековечување на стереотипите во меѓугрупните конфликти?*

Историските настани имаат детерминирачка улога во формирањето на стереотипите како во Западен Балкан така и на Блискиот Исток. Притоа најчесто во случајот на Западен Балкан тоа се мировни договори како што е истакнато во случајот на Северна Македонија и Босна и Херцеговина. Во Косово тоа е југославенскиот режим и третман кој го имаше кон тогашните т.н. Косовски Албанци. На Блискиот Исток ова е поврзано со историски настани и факти кој што се објаснети теоретски во теоретската рамка во односно на значајноста на мапите. Истата теорија се потвди и во оваа анализа во случајот на Блискиот Исток – особено со Либан и Јордан но, делумно и со Палестина. Доколку се проверат мапите на овие држави може да се забележат прецизни линии - како цртани со рака. Историјата најмногу се преплетува во палестинскиот и либанскиот наратив, а она што е заедничко за обата региона е тоа и дека и двата речиси со истите територии вклучени во анализата биле под Османлиска власт подолг временски период. Јорданскиот наратив останува условно кажано безбеден од оваа перспекива, бидејќи секогаш во позадина ги има своите традиционални меѓународни партнери и сојузници Велика Британија и Блискиот Исток. Јордан сè уште го одржува истиот курсор речиси еден веќе од своето постоење.

***Предрасуди***

Предрасудите се сржната тема околу која се ткае главниот наратив во обата региони. Иако предрасудите по својата фреквенција како тема значително отскокнуваат во Западен Балкан, истите се присутни и на Блискиот Исток, но со пониска фреквенција на регионално ниво, иако на ниво на држави постојат разлики. Притоа во рамките на темата предрасуди при процесот на кодирање на темите и синтетизирање на наративи, се projавија неколку посебни видови на предрасуди кои што се истакнуваат со различна фреквенција за секоја држава посебно, но и за регион исто така.

На пример, во одредени земји почеста е темата на идеолошки предрасуди и тоа се најчесто они кои што се вкоренети во одредена идеологија, која најчесто во најголемиот број на случаеви е религиозна. Ова претставува случај со Блискиот Исток, каде што предрасудите се институционализирани и членовите на различните групи не ги препознаваат како такви туку напротив истите ги препознаваат како групна норма, референтна вредност итн. Сето отстапување од таквото однесување на некој начин би претставувало групна девијациија во социолошка терминологија, или откажување на

лојалност кон групата со која што се идентификуваат изразено со социјално-психолошка терминологија.

Понатаму, присутни се и етничките предрасуди кои што се длабоко присутни во регионот на Западен Балкан. Последно, предрасудите поврзани со социјалната класа кои се исто така присутни со поголема фреквенција на Западниот Балкан, но нивното присуство не е исклучено и на Блискиот Исток. Покрај присутноста на овие предрасуди во наративите, истите се исполнети со негативни емоции, особено во случајот на Босна и Херцеговина, и се наследени т.е. се резултат на трансгенерациска траума.

*Каква улога играат предрасудите во влошувањето или ублажувањето на меѓугрупните конфликти на Блискиот Исток и на Западен Балкан?*

Предрасудите претставуваат сврзно-врзувачко ткиво помеѓу колективните психолошки потреби и конфликтот. Практично тие се меѓусебно поврзани. Присутноста на истите во обата региони веќе е евидентирана. Според наративите колку поголеми и поинтензивни се предрасудите притоа пропратени со отсуство на конфликт, толку е поголема фрегментација по различни линии етнички, религиозни во најголем број на случаеви.

*Како социо-економскиот диспаритет се вкрстува со предрасудите и како овој пресек придонесува за динамиката на меѓугрупните конфликти?*

Како што е споменато во претходниот параграф предрасудите засновани на социјална класа се присутни и во обата региона, и создаваат дополнителна фрагментација и стереотипизација на општествата. Ваквите контексти создаваат услови за одредени групи или членови на групи да бидат постојано во привилегирана позиција додека со тоа истовремено се кршат правата на останатите групи – што создава незадоволување на колективни психолошки потреби, кои се вшусност суштината на интергрупните конфликти.

***Религија***

Религијата на Блискиот Исток служи како еден вид на спрега до каде може да се одвива толеранцијата во секое општество. Притоа религијата има тенденција да ги контролира дневното функционирање, меѓугрупните контакти и да одржува статус кво во овие општества. Притоа во одредени држави се инвестира и се модернизира религизиониот живот правејќи ја религијата достапна секому, но и модернизирана преку

употреба на модерната технологија и социјалните медиуми. На Западниот Балкан религијата има посуптилна улога во секојдневното функционирање и во креирањето на колективните наративи.

Односно, истата има моќ да врши влијание врз своите членови но, најчесто истото го прави во функција на одредени националистички идеологии и интереси, со оглед на тоа дека на Западниот Балкан во најголем број на случаеви етничкиот идентитет го подразбира и религиозниот и обратно, со многу малку исклучоци, кои поради ваквата стереотипизација се во константна дискриминирана позиција. Погоре во анализата во однос на темата стереотипи, но исто така и во делот за предрасуди е споменато како на Блискиот Исток се уште не постои граѓански брак. Тоа преставува инструмент на религиозните инсититуции да го регулираат интрагрупното функционирање, и истовремено им доделува моќ, да детерминираат во кој правец ќе се одвиваат интергрупните релации и соживотот помеѓу различните групи.

**Меѓусебно поврзана динамика**

- Како стереотипите, предрасудите и религијата комуницираат и се зајакнуваат меѓусебно во продолжувањето на меѓугрупните конфликти?

Стереотипите, предрасудите и религијата претставуваат едно јадро кон кое се создава конфликтот. Покрај тоа што постојат стереотипни умови и умови со предрасуди постојат и цели контексти каде што истите доминираат. Впрочем, тие се тесно испреплетени и зависни една од друга: социјално – општествената димензија и социјално-психолошката (когнитивната), но и религиозната димензија. Процесите се тесно поврзани, зависни едни од други и сукцесивни. Речиси невозможно е да се пројават стереотипи и предрасуди подоцна во животот, доколку периодот на раните искуства и социјализација биле ослободени од мислење со предрасуди, иако ваквите случаеви денес во мешаните општества се исклучок. Во регионите на Западен Балкан и Блискиот Исток стереотипите и предрасуди се наследени односно вкоренети во семејниот систем и традиција.

Вакви ментални слики и ставови може да се должат на минати искуства и/или историски (конфликтни) настани, кои со текот на времето само се потхранувани. Религијата на Западниот Балкан има суптилна но доминантна улога, но религискиот наратив успешно се протнува во секоја клетка на општественото функционирање – семејната, образовната, политичката итн. Притоа наративите сведочат за тоа дека реално

не постои значајна разлика помеѓу државите со секуларно уредување и оние без во однос на религизоните предрасуди и стереотипи. Лојалноста кон религиозната група и во обата региона е голема, без оглед на степенот на религиозност.

Разликата се состои во тоа што во услови на конфликти членовите на групите од Западен Балкан го активираат својот религиски идентитет, тогаш се чувствуваат загрозено и се истакнува линијата на различност во овие држави преку религијата. Потоа, како што и одредени тврдења сведочат за религијата на Западен Балкан со посебен акцент на Босна и Херцеговина религиските лидери својата моќ не ја користат во функција на зближување на различните етнички и религиски групи, туку истата ја користат за да одржуваат литургии и проповедаат религиозност која што само ја потврдува и зацврстува нетрпеливоста. Притоа, она што се случува внатре во самите религиозни објекти како на пример цркви и џамии, е многу интимно и заедницата се препознава меѓусебно, такашто детален увид за влијанието не може да биде познат освен доколку локални граѓани не го споделат истото. Но, триаголникот на стереотипи, предрасуди и религија креира таква мрежа каде што јазикот на кој што се разговара е познат, местата каде што одредени групи се движат се исто познати, црвените линии се исто така очигледни. Тоа е чадорот под кои групите се задскриваат, навидум заштитуваат, но и огранчуваат. Во рамките на овој наратив сѐ што се гради и споделува како информација и тема е во фунцкија на потхранување и одржување на тој триаголник. Секоја отстапка од истите – стереотипно и предрасудно размислување претставува опасност или закана за групата. Оваа констелација е дополнително зајакната со минатите искуства, кои  без исклучок се трауматски искуства. Многу малку напори се напрвени овие наративи на минати искуства да се одмрзнат особено во Западен Балкан, што примарно би довеле до разобличувањето на стереотипите и предрасудите.

**Научени лекции:**

**Кои поуки може да се извлечат од историските и современите меѓугрупни конфликти на Блискиот Исток и Западен Балкан во врска со влијанието на стереотипите, предрасудите и религијата?**

Истражувачката тема “Улогата на религијата, стереотипите и предрасудите врз разрешување конфликти: лекции од Западен Балкан и Блискиот Исток”,  е значајна бидејќи претставува сложена и длабока анализа на социјално психолошки феномени и нивната улога во разрешувањето на конфликтите. Овие два региона се истакнати по

својата историја на конфликти, но и по богатитот културен диверзитет кој што во последните децении претставува голем предизвик за овие општества, наспроти тоа истите да бидат перцепирани како можности за развој и културно воздигнување.

Притоа, спроведувањето на шест студии на случаи следејќи ист протокол за секоја од нив претставува дополнителнител предизивик. Наспроти сите вложувања во оваа анализа резултатите се богати со увид, врски и поврзаности. Но, постојат и случаеви на исклучок кои што ги прават овие случаеви единствени во својата интергрупна динамика.

Првата лекција од оваа анализа е колку што е поголем етничкиот и културниот диверзитет толку е поголема веројатноста за поголема фреквенција на стереотипи и предрасуди. Најчесто тоа се етнички и религиски предрасуди научени или вкоренети во раните искуства зацрвстени преку системите на државата како што се училиштата. Во раните искуства исто така во процесот на примарна социјализација најчесто се случува пренесување на готови – негативни минати искуства (каде што во одредени држави истите се трауматски искуства), такашто траумата се пренесува трансгенерациски. Во ваквите контексти меѓугрупниот контакт е минимален или отсуствува, или пак доколку се случи истиот е осуден од страна на околината. Притоа, постои сериозен недостаток на информации или знаење за другиот. Во одредени случаеви се случува и дехуманизација и антагонизација на другиот што претставува сериозна закана за соживотот, кој и онака изостанува во овие контексти.

Втората лекција од оваа мултипна холистичка анализа се состои во тоа дека земјите од Блискиот Исток покажуваат зголемена фреквенција на идеолошки предрасуди – каде што идеологијата која што се користи да за да се контролира општествениот живот е религиска. Притоа, мнозинството ова не го подразбира или перцепира како предрасуда туку како општествена норма.

На овој начин, на еден педантен начин се прави дискриминација кон одредени групи, без притоа да постои некаков механизам истите да се заштитат.

Третата лекција од оваа анализа се однесува на тоа дека во сите случаеви има значително присуство на странско влијание, коешто во одредени случаеви е поголемо од влијанието на локалните авторитети. Во конфликтни ситуации ваквите влијанија наместо да направат услуга на конкретните држави, тие најчесто носеле арбитрарни одлуки кои не соодветствувале со потребите на групите. Според тврдењата на испитаниците и генералните перцепции кои истите ги споделија, ваквите арбитрарни одлуки во име на

државата или т.н мировни договори се со далекусежни последици врз опшественото живеење во овие случаеви. Речиси без исклучок во сите шест случаеви, не постои случај без отсуство на странско влијание. Разликата се состои во интензитетот на присуството, влијанието и/или мешање на државните одлуки и функционирање.

Четвртата лекција во оваа анализа се однесува на улога на религијата. Притоа, од сите шест случаеви религијата претставува значаен момент за нејзините граѓани независно дали се работи за христијанство или исламот. Религијата има моќ врз своите следбеници, не е директно наметлива, но суптилно е постојано присутна во интергрупните релации. Моќта која што ја поседува речиси во ниту еден случај не ја користи за намалување на стереотипите и предрасудите, напротив во повеќе случаеви религијата е во функција или служба на одредени етно-националистички наративи. Веројатно од сите варијабли, религијата е најбезбедна во овие контексти. Не превзема многу, но најчесто ја има благонаклонетоста од своите следбеници, дури и со исклучок на оние држави кои според уставот се секуларни држави.

Петтата лекција како резултат на оваа мултипна холистичка студија е тоа што стереотипите, предрасудите и религијата имаат сериозно влијание врз разрешувањето на конфликтите на Западен Балкан и Блискиот Исток. Но, се остава впечатокот, дека досега никој сериозно не се занимавал со нив, иако тие се јадрото околку кои се создава било кој конфликт. Многу проекти и средства се инвестирани за мир во овие региони, но ретко кој работел директно на овие теми. Притоа, културолошките димензии не се толку истакнати во овие околности колку што е географската положба и демографската структура на државата.

Шестата лекција се однесува на заедничкото минато. Имено, сите 6 случаеви биле под Осмалнлиско ропство и нивниот период на независност е во речиси секој случај краток, испрекинат со меѓугрупни конфликти. За потоа државите повторно да станат кревки, и речиси никогаш повторно да не го имаат тој капацитет да бидат целосно независни.

Седмата лекција од оваа мултипна холистичка анализа е отсуството на колективниот идентитет со исклучок на една Арапска земја. Во сите случаеви, отсуствува наратив, дискурс, симбол или нешто поинакво што ќе ги обедини сите групи по една линија најмалку. Тоа претставува сериозен предизвик и идентитетско прашање кое што се однесува на колективните психолошки потреби. Без присуството на

колективен идентитет во ваквите контексти оптималниот соживот е невозможен. Сето тоа води кои поинаква конфликтна динамика. Веројатно, отсуството на колективен идентитет претставува еден од загрозувачкуте фактори кои само ја потврдуваат онака веќе стереотипна  и со предрасуди перцепција и однесување. Во тој случајот јазот е иреверзибилен.

## Визуелизација на Сложеното : Компаративна Холистичка Студија на Западен Балкан и Блискиот Исток

Резултати и графички приказ на теми по региони

1. Стереотипи




**Графикон 52.** Фреквенција на кодот стереотип за Западен Балкан




**Графикон 53.** Фреквенција на кодот стереотипи за Блискиот Исток

Графикон 52 и 53 ја претставуваат фреквенцијата на темата стереотипи на регионално ниво. Како што може да се забележи Западен Балкан има повисока фреквенција на оваа тема од актуелна вредност 41, додека актуелната вредност на темата стереотипи за Блискиот Исток е 28. Во суштина Западен Балкан се покажа како регион со повисока фреквенција на генерално ниво речиси сите теми кои беа анализирани во оваа студија, со исклучок на неколку. Разликата во вредноста може да се должи во отвореноста на општествата и нејзините членови да споделуваат информации за своите заедници, иако треба да се уважи дека природата на прашањата беше од сензитивна природа.

Оттука, самото општествено уредување но и наученоста – искуствата на поединците

кои беа интервјуирани но и оние кои не беа интервјуирани да размислуваат низ призмата дека во нивното општество, група или заедница проблем не постои. Од друга страна, пак на Западниот Балкан се почувствува таа слобода да се разговора отворено на овие теми иако анонимноста секогаш беше предуслов. Стравот и грчот од давање на слободни и не ограничени одговори се почувствува речиси во сите интервју и контакти спроведени на Блискиот Исток.

2. Предрасуди – генерални




**Графикон 54.** Фреквенција на кодот предрасуди за Блискиот Исток




**Графикон 55.** Фреквенција на кодот предрасуди за Западен Балкан

График 54 и 55 ја претставуваат фреквенцијата на темата предрасуди по региони. И во овој случај регионот на Западен Балкан има поголема фреквенција и на оваа тема со актуелна вредност од 220, додека Блискиот Исток е со пониска вредност од 160.

Повторно разликата во однос на вредностите за двата региони може да се бара во културолошките разлики и општественото уредување. Понатаму, две држави од Блискиот Исток се прилично етнички хомогени во однос на речиси сите три држави од Западен Балкан.

3.Предрасуди по региони




**Графикон 56.** Визуелен приказ на темата предрасуди по држави на Блискиот Исток

График 56 визуелно ја прикажува распределбата на фреквенција на темата предрасуди по држави на на Блискиот Исток. Оттука, може да се забележи дека во однос на темата предрасуди Либан има највисока фреквенција, податок кој што оди во прилог на претходниот аргумент од графиците 54 и 55.

Имено, според својата демографска етничка и религиска структура, но и во однос на опшественото уредување Либан многу повеќе наликува на државите од Западен Балкан. Палестина е обвиткана во сопствениот меур и сите перпцеции се во однос на Израел, додека внатрешната кохезија е зајакната бидејќи групата е постојано изложена на напади или е во состојба на подготвеност за напад. Јордан е државата каде што најмалку се дискутираат овие теми. Стравот од слободен говор е голем и сите испитаници кои што беа интервјуирани од оваа држава живеат и работат во друга држава, или пак не се постојано во Јордан. Затоа ја имаат слободата – да зборуваат поотворено за овие теми, но сепак со инсистирање на нивна анонимност.




**Графикон 57.** Визуелен приказ на темата предрасуди по држави на Западен Балкан

График 57 визуелно ја прикажува распределбата на фреквенцијата на тема предрасуди по држави на Западен Балкан. Во овој случај Македонија има највисока фреквенција на оваа тема, но и Босна и Херцеговина е веднаш зад неа. Косово има најниска актуелна вредност и ова може да се должи на пред се доминантноста на

албанскиот етникум во истражувањето, кој своето општество го перцепира како хомогено пред сè– без притоа да укажат на некакви реални проблеми од етничка, религиска или идентитетска природа.

3. Етнички Предрасуди по Региони




**Графикон 58.** Визуелен приказ на темата етнички предрасуди по држави на Блискиот Исток

Графикон 58 преставува приказ на фреквенцијата на темата етнички предрасуди во рамките на Блискиот Исток. Притоа, добиените актуелни вредности за Јордан и Либан се интересни односно изедначени. Интересно е што етничките предрасуди се пројавуваат како тема во јорданскиот наратив со истата вредност како и во либанскиот. Овој податок е индикативен и отвора простор за понатамошна идна по-детална анализа на оваа тема во однос на Јордан. Иако, етничкиот диверзитет е неспоредливо помал во Јордан во однос на Либан, сепак оваа инцидира предрасуди кои што се интернализирани, се подразбираат и веројатно не се ни дискутираат.




**Графикон 59.** Визуелен приказ на темата етнички предрасуди по држави на Западен Балкан

Графикон 59 ја претставува фреквенцијата на суб-темата етнички предрасуди. Во овој случај резултатите се интересни, но, не и изненадувачки за Западен Балкан. Највисока фреквенција етничките предрасуди имаат во Босна и Херцеговина, додека

најниска во Косово, што е веќе очекувано и разбирливо и е поврзано со претходното објаснување во врска со Косово. Но, на меѓу-регионално ниво, Западен Балкан повторно бележи речиси 4 пати повисока фреквенција на оваа тема. Тоа е индиција дека етничките предрасуди се длабоко вкоренети и интернализирани на повисоко општествено ниво во овој регион. Тоа значи дека нестабилноста во овие општества може да биде драстично повисока од интерен аспект во однос на Блискиот Исток, т.е ризикот за меѓугрупни конфликт е поголем на Западен Балкан во споредба со Блискиот Исток.

4. Предрасуди засновани на идеологии




**Графикон 60.** Визуелен приказ на темата идеолошки предрасуди по држави на Блискиот Исток

Графикон 60 претставува фреквенција на суб-темата идеолошки предрасуди по држави во рамките на Блискиот Исток. Повторно интересен е податокот дека Либан истапува со највисока фреквенција на оваа тема, но не и изненадува бидејќи коренот на актуелниот контекст во Либан се должи на идеолошката поставеност на државата уште при нејзиниото формирање. Таа идеолошка поставеност е религиозно-етничка и се провлекува со декади, а со тоа со себе одржува и конфликтен контекст, бидејќи таквата идеолошка поставеност не соодвествува на реалноста на контектсот и на колективните психолошки потреби. За Јордан исто така резултатот е очекуван бидејќи таму религизоната идеологија е реферетна норма и морален компас. Во оваа насока покрај и останатите секако има голема разлика помеѓу либанското и јорданското општество. Во однос на случајот на Палестина, најдоминантна идеологија е религиозната – каде што во услови на нерешлив конфликт со децении ваквата идеологија придонесува кон зголемување на надежта и вербата помеѓу Палестинците за подобра иднина.




**Графикон 61.** Визуелен приказ на темата идеолошки предрасуди по држави на Западен Балкан

Графикон 61 ја претставува фреквенцијата на суб-кодот идеолошки предрасуди, и овој пат изненадувачки вредностите од Западен Балкан не се повисоки во однос на Блискиот Исток. Веројатно, ова е првата суб-темата каде што резултатите за Блискиот Исток се повисоки. Но, тоа не е и неочекувано. Бидејќи како што веќе е анализирано и евидентирано во индивидуалните анализи на случаеви идеологиите завземаат значајна позиција во општествата во Арапскиот свет.

Религиозната идеологија пред сè претставува црвена линија, рамка, почеток и крај на функционирањето на општеството. Додека, присустноста на одредени идеологии на Западен Балкан е послаба, најчесто тоа се националистички идеологии кои се претпоуваат во етнички предрасуди.

5. Рано учење – региони




**Графикон 62.** Графички приказ на темата рано учење (искуства) за Блискиот Исток

Графикон 62 ја претставува фреквенцијата на суб-темата рано учење односно рани искуства за регионот Близок Исток. Вредноста на ова тема е за 5 пати пониска од вредноста подолу на Западен Балкан. Една од причините за ваквата голема дискрепанца во однос на оваа тема е хомогеноста но, и во одредени држави авторитарниот режим.




**Графикон 63.** Графички приказ на темата рано учење (искуства) за Западен Балкан

Графикон 63 ја претставува фреквенцијата на суб-темата рано учење – искуства и дадената вредност од 20 не е изненадувачка. Впрочем, овие наративи за две училишта под ист покрив се феномен на Западниот Балкан но, најмногу во Босна и Херцеговина и Северна Македонија. Територијалната фрагемнатација е високо присутна во овој регион заедно со културна изолација, односно секоја група фунцкионира во рамките на својата идентитетска и културна група. Можеби една од причините за висока дискрепанца во однос на оваа тема е тоа што ваквите сегрегации и фрагментации во опшествата на Блискиот Исток не постојат. Јазикот е еден – арапски, независно од етничката и религиската припадност идентитет. Многу религиозни училишта во рамките на Блискиот Исток се отворени за припадници на другите религии.

Потврда за ваквиот аргумент се тврдењата на интервјурана од Либан за време на пилот истражувањето која што изјави дека своето образование го завршила во средна грчка православна гимназија, иако себеси се идентификува како муслиманка, понатаму дека тоа не претставува изненадувачки момент во либанското опшество.




**Графикон 64.** Графички приказ на религиски предрасуди по региони

Графикон 64 сликовито ја прикажува евидентната разлика во однос на третманот кон религијата во двата региони. Имено, Блискиот Исток е регион каде што доминантната религија е Исламот, со одредени фракции секако, но во анализата најчесто се дискутираше за муслиманите сунити – кои во тој регион се мнозинство. Таму религијата е посакувана општествена вредност, доблест, посакуван квалитет. Иако има прусуство и на други религии сепак религијата никогаш не се споменува како директна причина за меѓугрупни конфликти. Додека на Западен Балкан, поларноста во однос на религијата е висока, како што може да се забележи. Таа категоризација на муслимани наспроти христијани е доминантна и посебно истакната во последните 30-ина години. Особено на Западен Балкан откако религијата не била интергративен елемент на колкетивниот идентитет подолг временски период.




**Графикон 65.** Фреквенција на темата трибализам

Графикон 65 ја покажува фреквенцијата на темата која што е една од ретките која отстапува за Блискиот Исток а тоа е трибализмот. Трибализмот претставува значајна идентитетско – културолошка појава која што ги детерминира интергрупните релации – конфликти на Блискиот Исток, со значајно влијание и одлучувачка моќ во општествените процеси.




**Графикон 66.** Фреквенција на темата улога на невладини организации

Графикон 66 ја покажува фреквенцијата на темата улога на невладните организации во конфликтни ситуации. Притоа, Блискиот Исток повторно отстапува и на оваа тема. Значително да се спомене дека овој график притоа не отсликува дали влијанието е позитивно или негативно, иако доколку се провери случајот на Палестина, во наративниот дел може да се забележи дека наративот се состои од недоверба кон невладините организации кои работат на темата мир.

### 2.1.Колективни Психолошки Потреби

Колективните психолошки потреби претставуваат новост за оваа анализа. Во оваа анализа позади колективните психолошки потреби теоретски стои дефиницијата за интергрупен конфликт на Бартон каде што колективните психолошки потреби како на пример, чувството на безбедност, правда, сигурност и идентитет ги издвојува како клучни причини за појава на конфликт. Иако фреквенцијата на темата даде високи актуелни вредности – сепак не постои одредена правилност во однос на регион, туку правилност или патеката во овој случај е поинаква. Графикот подолу на колективните психолошки потреби истакнува две групирања во однос на оваа тема кои што се независни од регионот.

Така едната група со висока фреквенција на оваа тема ја сочинуваат Палестина, Босна и Херцеговина и Северна Македонија, додека другата групата каде што

фреквенцијата е పониска ја сочинуваат Косово, Јордан и Либан. Ваквото групирање по држави во однос на колекетивните психолошки потреби е интересно и значајно. Во принцип, овие три наративи имаат повеќе заеднички нешта отколку што може да се предвиди. Во сите три наративи идентитетските потреби се високи и се актуелна тема во секојдневниот наратив. Неуваженоста на етничките пред се групи кои егзистираат на тие територии и правото на самоопределување е сериозно загрозено кај сите три, коментирајќи во една генерална перспектива, перцепирајќи го секој од нив како индивидуален идентитет. Сите три случаеви имаат историска позадина на конфликт, нестабилност и неконтинуитет низ времето. Притоа во сите 3 големо е влијанието од трети страни – држави и меѓународни организации при разгрешувањето на интерните – интергрупни конфликти. Речиси во сите три случаеви се постигнати мировни договори кои што не одговараат на потребите на засегнатата страна, кои предизвукуваат далекусежни последици.

Тоа води кон поларизација и фрагментација на опшеството или во случајот со Палестина тотална изолација.

Во случајот на Либан, Косово и Јордан во однос на колективните психолошки потреби – не се работи дека тие не постојат како тема но, се значително помалку присутни во однос на останатите три држави. Карактеристично за овие три случаеви е тоа што и во однос на останатите теми нивната фреквенција беше значително пониска од оние на Западен Балкан со исклучок на Косово. Косовските вредности на темите секогаш заостануваат зад оние од Северна Македонија и Босна и Херцеговина. Една од причините за ова може да биде иститот јазик и постабилен колективен идентитет. Колективните психолошки потреби не се хетерогени во однос на популацијата, туку повеќе генерално воопштени.




**Графикон 67.** Фреквенција на темата колективни психолошки потреби на регионално ниво

Графикон 67 прави јасна дистнкиција во однос на тоа колкава е разликата во однос на темата колективни психолошки потреби на регионално ниво. Притоа, овие потреби се присустни на Блискиот Исток, но степен на незадоволеност на овие потреби е исклучително висока на Западен Балкан. Во рамките на оваа анализа за колективни психолошки потреби се сметаат чувството на правда, идентитет, чувството на безбедност како есенцијални за присуство или отсуство на конфликт или конфликтно однесување.

Притоа, резултатите во однос на Блискиот Исток може да остават изненадувачка импресија можеби поради, недостаток на доволно информации за истиот и самата тенденција истиот да се стигматизира како еден вид на нов ориентализам, или пак тоа што испитаниците се воздржани во своите изјави.




**Графикон 68.** Графички приказ на кодот колективни психолошки потреби по држави




**Графикон 69.** Фреквенција на суб-кодот безбедност по држави

Графикон 69 прави распределба на фреквенција на суб-темата безбедност во рамките на колективни психолошки потреби по држави. Генерално, може да се добие детален увид за позиционираноста на секој индивидуален случај – каде што констелацијата е речиси идентична со онаа на колективните психолошки потреби. Според овој график чувството на безбедност е сепак поголемо на Блискиот Исток.




**Графикон 70.** Фреквенција на темата колективни психолошки потреби – религија на регионално ниво

Графикон 70 ја покажува фреквенцијата на овие две теми компаративно за двата региона. Оттука, може да се забележи дека религијата како тема има сериозно повисока фреквенција на Блискиот Исток во споредба со Западен Балкан. Веќе во неколку наврати досега во оваа анализа е објаснета врската помеѓу државите на Блискиот Исток и религијата.




Графикон 71. Фреквенциија на темата идентитет на регионално ниво

Графикон 71 ја покажува фреквенцијата на тема идентитет во рамките на колективните психолошки потреби. Притоа, Западен Балкан повторно отстапува и на оваа тема. Секако оваима свој корен и врска со минатите и сегашните искуства, бидејќи интергрупните конфликти на Западен Балкан во голем број случаеви се идентитетски. Такашто, овој резултат претставува аргумент во прилог на тоа дека ништо конкретно не е превземено во однос на задоволувањето на оваа колективна психолошка потреба. Потреба да се биде признаен онака како што некој се чувствува како член на одредена група, потреба на самопределување, прифаќање и припаѓање. Особено последното е значајно посебно во интергрупните конфликти.

## 3.Улогата на религијата, стереотипите и предрасудите врз разрешување конфликти: Лекции од Западен Балкан и Блискиот Исток

### 3.1.Аналитичка Генерализација

Во испитувањето на улогата на религијата, стереотипите и предрасудите во разрешувањето конфликти во рамките на динамичните региони на Блискиот Исток и Западен Балкан, оваа аналитичка генерализација се обидува да ги издвои сложените наоди и теоретски придонеси кои произлегуваат од ова сеопфатно истражување. Претходните поглавја прецизно ги разоткриваат слоевите на сложеност својствени за овие региони, расветлувајќи ја повеќеслојната интеракција на социо-културната динамика и нивните длабоки импликации за решавање на конфликтите. Главното истражувачко прашање во мултипната холистичка студија е следното:

*Како религијата, стереотипите и предрасудите влијаат врз разрешување конфликти на Западен Балкан и Блискиот Исток?*

Религијата, стереотипите и предрасудите претставуваат еден вид на замрзнат конгломерат од ставови, емоции и чувства врз кој се создава и одржува интрагрупниот идентитет. Во принцип овие ставови, емоции и чувства се негативни или во поредок случај индиферентни. Нивната димензија е историска и се длабоко испреплетени во групните идентитети, во одредени случаеви нераскинлив дел од истите. Во овие два региона групната припадност подразбира споделување на ист етнички и религиски идентитет. Коренот на ваквата динамика помеѓу СПР и конфликтот се состои во

историска перспектива, која што во поголем дел има географска димензија но, и улога и влијание на трети страни.

Вториот елемент во динамиката помеѓу СПР и конфликтите е постојано директно влијание на надворешни фактори во донесувањето на значајни одлуки кои што ги засегнуваат сите различни етнички и религиски групи. Притоа, ваквата динамика создава еден расцеп во општествата кој што се пополнува своевремено со категоризација односно стереотипизација, понатаму предрасуди како резултати на минати трауматски искуства и конечно отсуство на непосреден интергрупен контакт. Во ваков контекст помеѓу географското, социјално-психолошкото и културните норми дифузира или се создава фузија на религискиот идентитет.

Притоа на Западен Балкан религискиот идентитет е повеќе латерален - недоминантен, додека на Блискиот Исток религискиот идентитет претставува доминантна општествена – референтна вредност. Степенот на религиозност значи колку добра е таа личност и како верник, но и како добар и послушен граѓанин. Притоа ваквата поставеност во контекстите обезбедува релативна интрагрупна стабилност односно ја заштитува групата од надворешни фактори и напади. Во отсуство на колективен идентитет – специфичните идентитети се зајакнуваат.

На пример, тоа малцинство е етничко. Во таквиот случајетничкиот идентитет се зајакнува и се истакнува, доколку се работи за религиско малцинство тогашрелигискиот идентитет се зајакнува и се истакнува, во функција на заштита и одржување на истите. Во случајот на Блискиот Исток, сѐ уште постои обид за супра-идентитет како што е Арабизмот или пан –Арабизмот. Пан – арабизмот досега во значајни настани се покажал како неуспешен обид. Но, во помали конктести создава одредено чувство на заедничка припадност кон еден ист регион, кој што споделува генерално ист јазик со дијалекти посебни за секоја држава. Тоа не е случај на Западниот Балкан како регион. Исто не претставува случај со државите кои беа единица на оваа анализа. Тоа се должи на интерната фрагментација, биполаризација, гетоизација, најчесто на етничка основа во овие контексти. Чувството на припадност кон една поширока група или нација на таа држава – длабоко отсуствува.

Тука повторно се надоврзуваат колективните психолошки потреби кои особено се истакнуваат во оваа анализа и во обата региона, со посебен акцент на Западниот Балкан. Значаен феномен или појава која што води кон длабока стереотипизација и предрасуди

на онака веќе фрагментираното општество на Западен Балкан претставува појавата на две училишта под еден покрив. Ова појава е индикативна и претставува линија на сепарација, сегрегација и стереотипизација на мултиетнички и религиски општества.

Со ваквите училишта се испраќа порака кон младите генерации дека меѓусебниот контакт не е неопходен, ниту пак потребен, градењето на релации не е во функција на нивниот личен и образовен развој, туку само според некакви околности тие ја имаат обврската да го споделуваат истиот училишен простор. Единствената голема дискрепанца помеѓу овие два региона е улогата на религијата. Но, сепак истата се уважува како значајна, независно од општественото уредување. Една од причините за високиот степен на незадоволени колективни потреби како што известуваат испитаниците е носење на трајни одлуки или мировни (најчесто) договори кои не се во функција на потребите на групите, кои егзистираат на таа географска површина а потоа и држава. Тие соопштуваат за неможноста да одлучуваат за себеси и своите условно кажано судбини.

Отсуството на правда е тема која што длабоко перзистира во наративите во обата региона. Пропратена со чувство на намалена безбедност создава контекст на нестабилност, под закана непредвидливо општество. Контекст каде што групите треба да бидат во состојба на готовност, бидејќи нивната иднина не е предвидлива, ниту пак како што истите соопштуваат зависи од нив. Отсуството на еднакви можности за сите граѓани независно од нивната етничка и религиска припадност исто така значително изостанува. Во одредени случаеви ваквата стереотипизација и предрасуди се идеолошки и се интернализирани во одредена политичка идеологија или догма – инкорпорирани во државниот систем во форма на закон, мерка или поинаков механизам. Тоа претставува спрега помеѓу предрасудите и државата наспроти потребите на поединецот. Ваквите идеолошки предрасуди егзистираат и во религискиот дискурс и знаат да бидат многу моќни и влијателни во одредени општества.

Најголемата дилема во ваквите мулти етнички и религиски контексти е степенот на религиозност, односно колкав степен на религиозност е прифатлив а притоа да не ги загрозува останатите религиски групи, па во одредени случаеви и демографијата на контекстот. Тоа претставува уште една спрега низ која се простираат интергрупните конфликти а се одржувани токму преку овие идеолошко-религиски предрасуди. Конечно, конфликтите во двата региона не се разрешени. Постои присуство на мултипни конфликти кои што се во различна фаза од циклусот на еден интергрупен конфликт.

Контекстите односно опшествата се некоординарани без заеднички цели во однос на тоа кон што се движат во иднина. На Западниот Балкан тоа е дискурсот за Европската Унија додека на Блискиот Исток тоа е модернизација и обезбедување на мир.




**Слика 7.** Истражувачки модел за мултипна холистичка студија СПР

Погоре е прикажан истражувачкиот модел за оваа анализа, овојпат да послужи како алатка при интерпретирање на анализата. Имено, ја претставува фузијата и испреплетеноста на религијата, стереотипите и предрасудите во рамките на еден контекст. Тие најчесто креираат наративи кои што се нераскинлив дел од индивидуалниот живот на членовите на различните групи. Ваквата констелција генерира еден затворен круг низ кој генерираат контаминирани наративи и можноста за промена на наративот речиси и да не постои, бидејќи групата е затворена кон себе и кон контекстот која што ја опкружува. Притоа, овој модел не е симплификација на сите шест контексти во истражувањето, туку го опишува механизамот како таа симплификација на интергрупните релации се одвива. Оттука, овој контекст е секогаш подготвен за интергрупен конфликт бидејќи простор за проток на нови информации, сознанија и промени не постои. Тоа би ја загрозило стабилноста на овој контекст кој што под тие дадени околности го гарантира групниот идентитет на нејзините членови.

Ова аналитичка анализа не претставува само обид за толкување на податоците, туку интенционално ангажирање со постоечките теории. Наодите презентирани овде придонесуваат за збогатување на воспоставените рамки, нудејќи нови перспективи за улогата на религијата, стереотипите и предрасудите во решавањето на конфликтите. Овој

академски дискурс се протега надвор од непосредниот фокус, обезбедувајќи основа за идните истражувачки напори во студиите за конфликти и градењето на мир.

Увидите добиени од оваа анализа имаат директни импликации во примената во реалниот свет во решавањето  на конфликти и дипломатијата. Со идентификување на механизмите преку кои религијата, стереотипите и предрасудите влијаат на интегрупната конфликтна динамика, креаторите на политиките и практичарите ќе бидат подобро подготвени да дизајнираат интервенции кои се однесуваат на основните причини за конфликт, и притоа ваквиот пристап насочен кон колективните психолошки потреби би довел до одржлив мир. Притоа оваа холистичка анализа може да послужи и има консултативна улога во дизајнирањето на политиките, кои ги засегаат контекстите со голем етнички и религиозен диверзитет. Информацијата дека колективните психолошки потреби се доминантна тема и за обата региона е сама по себе доволен податок од каде треба да започне една слична анализа.

Метод – Тематска Синтеза

Подолу е прикажана табела на темите од доминантните наративи кои што се издвојуваат во мултипната холистичка анализа. Постојат теми кои што се повторуваат и од табелата може да се идентификува тенденција на стереотипизирани општества со високи колективни психолошки потреби за безбедност.

**Табела 3**. Клучни теми издвоени од наративите

| |
|---|
| Територијална фрагментација и наратив на неисполнетни групни психолошки потреби |
| Тенденција на би-категоризација на македонското општество |
| Паралелен образовен систем и гетоизација на младите генерации |
| Групно условени колективни психолошки потреби<br>-Безбедност, идентитет, правда, стабилност |
| Наратив на конфликт и нестабилност |
| Северна Македонија |
| Минато – изгубена можност за колективен идентитет: чувство на вина, срам и страв |
| Загрозени колективни психолошки потреби |
| Босна и Херцеговина |
| Наративи од минатото присутни во сегашноста |
| Несподелена  колективна безбедност |
| Косово |
| Сложена безбедносна состојба и доминација на религискиот наратив |
| Историски наративи – коренот на денешните конфликти |
| Либан |
| Сложена безбедносна состојба и доминација на религискиот наратив |

| |
|---|
| Историски наративи – коренот на денешните конфликти |
| Етничка и религиска стереотипизација |
| Предизвикувачка реалност пропратена со страв и надеж |
| Емотивна арелигиска војна |
| Апартхејд |
| Палестина |
| Оаза на мирот или оска на стабилност во регионот |
| Јорданскиот посебен трибализам |
| Племенско - религиозно општествено морален компас: гнезно на стереотипи и предрасуди |
| Јордан |

Оваа анализа идентификува присутност на стереотипи и предрасуди во сите шест контексти. Иако овие два феномена се разликуваат по својот интензитет, сепак се зема во предвид и личната перцепција на соговорниците, како и присутноста на стравот отворено и слободно да се говори за општествената диманика во своите држави[112] и оттука, оставен е простор за одредено зголемување на присуството на истите во одредени контексти. Присутно е однесувањето на негација во смисла на тоа дека нештото не може да претставува стереотипи и предрасуди - перцепција за поставеноста на нештата наспроти однесување каде што соговорнците звучат како да поминале обука за стереотипи и предрасуди, каде сите овие појави ги опишуваат теоретски и практично. Но, она што е значајно истите ги препознаваат кај другите и кај себеси. Притоа постои една јасна паралела кон третманот на стереотипите и предрасудите – групи кои директно им се спротивставуваат и групи кои имаат отпор да ги препознаат напротив ги одржуваат и го продолжуваат времетраењето. Последното е особено присутно во општества каде што групната лојалност е императив и општествена норма, каде што идентификацијата со државата и со лидерите исто така е висока а колективниот идентитет е изграден токму врз основата на таа стереотипизација и предрасуди каде што стигматизацијата е институционализирана.

Повторувачки момент во оваа анализа е тоа дека религијата во ниту еден случај не е директно наведена како причина на било каков интергрупен конфликт. Иако, постои поларитет во однос на религијата и модели на однесување кои што се издвојуваат,исто така се присутни и крос регионални сличности во однос на оваа тема. Наспроти овој факт, религијата е присутна речиси во секој наратив. Религиската идеологија е присутна

[112] Забелешка на авторката

или во форма на религиски и етнички предрасуди или во форма на инструмент за детерминирање на меѓучовечките и интергрупните релации.

Притоа во последниот случај религијата е императив, морален компас, социјален компас – таа претставува нужно зло, и во ниту еден случај истата не би била поврзана со цели поврзани со насилство и страдање. Доколку се забележи во табела 3 преволадуваат и темите на фрагментација, категоризаицијa, биполаризација, апартхејд, трибализам, негативни емоции и минати негативни – трауматски искуства, настрана од колективно психолошките потреби и нивните суб-теми кои како тема дефинтивно се издвојуваат во оваа анализа. Првите теми произлегуваат и се генерирани токму од наративите каде што се присутни стереотипи и предрасуди. Најдоминантни форми на предрасуди се етничките и религиските – со одредени исклучоци предрасуди засновани на идеологија .т.е идеолошки предрасуди. Во одредени случаеви овие етнички и религиски предрасуди се вкоренети преку раните искуства и раното учење, најчесто во образовниот процес, познатиот феномен на две училишта под еден покрив, додека во други случаеви оваа етничка и религиска стереотипизација, предрасуди и во краен случај дискриминација е системски обвиткана и со закони регулирана. Такашто, мнозинството не ја перцепира како дискриминација туку како државен систем. Во сите случаеви државните институции или надлежните не превземаат мерки за истите да ги минизимизираат. Напротив, во најдобар случај истите ги користат како инструмент за општествени поделби, во суптилна форма.

Она што е повторувачко во оваа анализа се минатите искуства, речиси без исклучок. Коренот на сите стереотипизации, фрагемнтации и предрасуди проследени со наративи исполенти со негативен емотивен полнеж. Коренот на сите интергрупни конфликти, присутноста на стереотипино размислување и перцепции со предрасуди се историските настани со перспектива од минимум сто години station наназад. Притоа, одлуките или трајните решенија во врска со етничката и религиозната разновидност на овие контексти биле донесувани од страна на трета страна, најчесто во свој најдобар интерес. Втората причина е идентитот и идентификацијата. Имено, отсуството на колективниот идентитет кои што ќе ги обедини сите групи и заедници сериозно недостасува во сите наративи. Наспроти тоа што истиот недостасува тој е исто така и колективна потреба. Во отсуство на ваквиот колективен идентитет групите оваа потреба ја задоволуваат така што се индетификуваат со земјата на своето потекло, а не онаму каде што живееат со

генерации. Во услови на автохтоно население – овие групи најчесто се под закана од малцинските групи за нивниот колективен идентитет.

Во услови на стрес и отсуство на комуникација групниот идентитет се зајакнува и членовите се вртат кон своите групи по потекло, каде што е безбедно да се стереотипизира со цел да се одржи интрагрупниот идентитет. Понатаму, во однос на минатите искуства речиси ниту еден случај не превземал долготрајни одржливи мерки за надминување на истите. Бидејќи колективните потреби отскокнуваат во оваа анализа односно значително го привлекуваат вниманието,особено е важно како на индивидуално така и на групно ниво присуството на групата да биде уважено т.е индиректно тоа е правото на самоопределување. Ваквата негација на нечие постоење,историски, културолошки и географски создава сериозни фрустрации кај тие групи.

Религијата, стереотипите и предрасудите имаат значајна – детерминирачка улога во интергрупните конфликти на Западен Балкан и Блискиот Исток. Притоа, да се даде одговор на прашањето како тие влијаат, наједноставно да се одговори дека тоа е процес кој што во себе вклучува минати искуства – трауми, отуство на контакт, чувство на загрозеност. Овие три феномени егзистираат во таквата триангуалција со генерации и декади и стануваат научен – безбеден модел на однесување. Стереотипизацијата и предрасудите претставуваат безбеден простор за пополнување на отуството на информации кои недостасуваат за другите членови или групи. Понатаму, оваа констелација или контекст се надоврзува со теоријата на Бартон за колективните психолошки потреби настрана од материјалните потреби во однос на ресурси. Притоа во етничките и религиските конфликти психолошките колективни потреби добиваат повеќе на значење – тие се тешко решливи но се есенцијални.

Отстапките во однос на нив ретко се прават или претставуваат исклучок. Оттука, стереотипите, предрасудите и религијата се во прилог на незадоволените колективни психолошки потреби. Во оваа анализа темата интегрупен конфликт доминантно се претвори во својот индикатор – колективни психолошки потреби. Наративот на колективните психолошки потреби во релација со стереотипите, предрасудите и религијата сериозно се наметна како доминантен. Што претставува уште еден аргумент за присутноста на интегрупни конфликти во овие два региони, независно од нивната фаза. Идеалното решение е стратегија која што ќе сугерира еднаков третман на сите заедници без оглед на религиска и етничка припадност. Во оваа анализа исто така се

наметна и секуларноста, односно иако одредени случаеви се *де јуре* секуларни држави тоа не е случај и во пракса.

Метод на наративна синтеза

Мислам дека генерално луѓето не се чувствуваат безбедно на општо ниво во различни правци. Не во однос на етничките односи бидејќи претежно териториите се етнички чисти, но можеби повеќе на некој начин од внатрешни закани. Влезот во НАТО дојде со огромна кампања дека ништо повеќе не може да влијае на нашата стабилност во однос на безбедноста. Не баш, а тоа е на психолошки план. Целата таа атмосфера придонесува за таква ситуација и чувство. Не знам за основните причини бидејќи никој не ја истражува ситуацијата, но чувствувам дека ова е колективно чувство како апатија да е присутна меѓу луѓето. Не ми се допаѓа делот на пример дека во одредени области во центарот на главниот град не можам да одам без да забележам дека сите погледи се вперени во мене. Имено, тоа е делот од Старата чаршија со кој главно владеат и водат Албанците и Турците. Порано турските занаетчии владееле со старата чаршија, но во денешно време сѐ изгледа поинаку. Може да забележите албански, ЕУ и косовски знамиња, но македонските знамиња тешко се гледаат некаде.

Коментар: *Постои општа перцепција за отсуство на безбедност. Притоа во ова истражување безбедност е сегмент од дефиницијата за конфликт која што се однесува на незадоволени основни човечки потреби каде што спаѓа безбедност, чувството на припадност (и да се биде прифатен), како и идентитетот. Оваа тема се појави со висока фреквенција во анализата, независно од контекстите, како основа или индикатор за отсуство или присуство на конфликт. Притоа НАТО се споменува особено во наративите на Западен Балкан, но како некој кој што веројатно треба да ја загарантира безбедноста-што не се поистоветува со присуството на истата.*

И на пример, во моментов тоа училиште е чисто албанско, има албанско име, веќе не е Цветан Димов туку се вика Хасан Приштина и таму нема други националности. Дури и луѓето околу училиштето веќе не се разновидни, или разновидноста сега исчезнала. Луѓето ги продаваат своите куќи и доаѓаат други луѓе и се групираат според националноста. Македонците се преселуваат кон Аеродром, Ѓорче, Бошњаците се преселуваат кон Бутел и Топанско, така што таа гетоизација сега е премногу, во едно училиште имаш само една нација. Моите ќерки учат во училиштето "Св. Кирил и Методиј" и таму се сите нации, и не само што се сите нации таму, туку има и мешање,

родители кои доаѓаат од различни нации, религии, и сосема е нормално мајка да се вика Ирена, татко Алмир, нивниот син со некое трето име.

*Интерпретација: Постои тенденција на трансформација на општествата во последните 30 години, особено на Западен Балкан вклучувајќи го и Блискиот Исток. Така што, тенденцијата е следна: од мултиетнички општества, со либерална ориентација преку долготрајни воени состојби и контексти до етнички и религиски географски хомогени територии. Последицата на оваа трансформација на општествата е отсуство на контакт помеѓу заедниците и групите со различен етникум и/или религика припадност. Отуството на контакт води кон стереотипизација и мислење исполнето со предрасуди, засновани најчесто на минатите воени и трауматски искуства. Општествата се менуваат и симболично и демографски. Поставувањето на етнички симболи и културни симболи претставува означување на територии и објекти во припадност на одреден етникум, што вшусност е сегрегација или фрагментација на едно т.н. мултиетничко општество.*

Ова не е легитимна одлука, треба да постои културна автономија[113]. Но, треба да се почитува концептот на "лингва франка", што значи дека целиот систем и општество треба да функционира во еден јазик, не е тоа интергрупна одлука на албанскиот блок, тоа е политичка одлука на политичката партија ДУИ, и може да се каже дека младите Албанци не сакаат да учат јазик поради некои причини, но тоа е бидејќи родени се во систем кој функционира вака и овозможува да учат основно училиште на својот јазик, што е сосема во ред, средно училиште исто така што повторно е во ред, но третиот степен на образование треба да биде на единствен јазик и тоа не се случува. Сега кога политичкиот систем ви овозможува да поминете низ целиот образовен систем без потреба од македонскиот јазик, и потоа да најдете работа исто така без потреба да го знаете иститот, така што тоа е албанскиот меур во кој живеат, и не зависи од младите луѓе туку од политичкиот систем што го споделуваат - ДУИ, СДСМ, ВМРО. Толку просто.

Интепретација: *Ова се надоврзува на претходната интерпретација за тоа како општествата се фрагментираат, етнички филтираат притоа користејќи различни*

[113] Дискусија во однос на јазикот и употребата на македонскиот јазик во државни институции, во рамките на кластерот предрасуди

*механизми кои може да се легитимни но не и легални. Ова е во функција на отуство на контакт и стереотипизирање на цели општества. Имено, јазикот е средство за меѓусебна комуникација и разбирање. Политичкиот дискурс наметнува стратегии кои не се во фунција на мултиетничко и интегрирано општества. Притоа, ваквиот пристап се повеќе се одалечува од концептот на градење на колективен идентитет.*

*Од друга страна пак, јазикот на Блискиот Исток воопшто не претставува тема или линија на сепарација и стереотипизација. Напротив јазикот е аргуемнт во функција на обидот за создавањето на пан-арабизмот во пракса, кој што после последните случувања при крајот на 2023 на Блискиот Исток, речиси е веќе невозможен.*

Длабоко вкоренет. Мислам дека се почнува од таму. Денес мешаните училишта се навистина исклучок во македонскиот образовен систем. Иако македонскиот јазик е официјален, огромен процент или речиси од новите албански генерации не го зборуваат, а згора на тоа го негираат. Додека тргнете во една турска заеднца – ќе се вчудоневидите од тоа колку убаво зборуваат македонски. Појдете во Турција – веројатноста да сретнете повозрасна личност со македонско потекло која што извонредно говори македонски просто ви ја грее душата. Со ваква динамика ние не можеме и нема да биде едно интегрирано општество.

Коментар: *Потребно е да се истражи трендот помеѓу албанската млада популација воопшто да не се изучува и познава македонскиот јазик. Воопшто, потребно е јавна дискусија на тема употреба на официјални службени јазици.*

Корените на предрасудите се во примарната и секундарната социјализација, семејството и образованието, бидејќи децата формираат свои предразсуди дури и пред да имаат контакт со членовите од други групи. Тие се тотално субјективни. Затоа мислам дека социјализацијата е критична, а не самиот контакт.

Коментар: *Во мултиетнчките општества образовните институции претставуваат продолжена рака во однос на социјализација и вкоренување на стереотипи и мислење со предрасуди, при што отсуствува критичкото мислење и непосредниот контакт со членови на друга група.*

Психолошки потреби во мојата земја – безбедност, помалку стрес, стабилност (финансиска, безбедност, здравје), чувство за правда, предвидливо присуство и иднина.

Во поларизирано општество како што е македонското, не можеме секогаш да дадеме одговор на ова прашање. Психолошките потреби на двете главни или доминантни етнички групи, македонскиот и албанскиот во својата суштина се сосема различни.

Албанците го продаваат наративот за интеграција во ЕУ и колку сакаат да бидат Европејци, а зад оваа позиција стои нивната потреба да ги обединат сите албански територии во Западен Балкан, без војна или каква било цена. Во овој однос, психолошката потреба на Македонците за нивниот идентитет е загрозена со уцени од ЕУ и со тоа Македонците се чувствуваат загрозени од различни агенти. Значи, гледате, не можеме да ги генерализираме психолошките потреби како едно хомогено општество, додека реалноста е дека ова општество во својата суштина е доста поделено. Најголема фрустрација помеѓу македонската заедница имаше кога Бугарија бараше да се промени уставот - а во однос на тоа барање албанската заедница не покажа ни малку емпатија за тоа колку е сензитивно ова прашање за нас. Тоа кажува сè – тука веќе нема простор да се комуницира понатаму. Психата е упропастена, идентитетот поткопан – тоа е терет што се носи, но ретко кој го уважува. Затоа ни требате вие експертите од областа да упатите кон ова, да укажете. Политиканството уништи една добра, скромна и некогаш функционална држава. Луѓе кои живеат во нефункционално опшество не може да бидат психолошки здрави. Тоа е поврзано со целокупниот систем – здравје, образование, правда, плати, квалитет на живот, па и ако сакате квалитет на воздух!

Коментар*: Колективните психолошки потреби се истакнаа како значајна тема во ова истражување – извлечени како индикатор од дефиницијата на конфликт – каде што во оваа група спаѓа и безбедност. Очигледна е потребата од колективни психолошки потреби да бидат задоволени. Речиси без исклучок луѓето оваа тема ја истакнуваат како основна на индивидуално но и групно ниво. Кога колективните психолошки потреби се поткопани, тогаш чувството на закана и страв од губење на ресурсите се секојдневно присутни и се упатени најчесто кон членовите на другата група. Ова е повторно во функција на одвојување, сепарација, недоверба, штитење од другиот, градење ѕидови симболично и физички реално. Сето ова креира фрагментирано опшество свртено внатре кон своите интрагрупни цели, потреби и стратегии, најчесто затворено за нови идеи и контакти од другите групи.*

Психолошките потреби варираат меѓу различните групи. За многумина, постои заедничка желба за безбедност и чувство на припаѓање. Економската стабилност е заедничка загриженост, а потребата за правда и праведност одзвонува низ заедниците. Идентитетот, особено во признавањето и славењето на културната разновидност, е суштински за хармонично општество. Мене ми е значајно да немам фрустрација поради тоа што јас се чувстувам како што се чувствувам односно, тоа не сакам да биде тема на

дискусија. Јас сум македонец и крај. Тоа е мојата психолошка потреба, покрај тоа јас и моите најблиски и сограѓани да се чувствуваме безбедно, тука каде што сме, каде што припаѓаме. Признавањето и носењето на овие психолошки потреби е суштинско за изградба на хармонично и интегрирано општество.

Коментар: *Повторно психолошките потреби гравитираат во рамките на релевантна дефиниција за конфликт во оваа анализа и се истакнуваат субтемите како чувство на правда, безбедност, чувството на припадност, чувство на идентитет. Како и потребата истите да биде прифатени онака како што се доживуваат.*

Босна и Херцеговина е постконфликтно општество веќе речиси 30 години, но со продолжена и постојано растечка меѓуетничка тензија до денес. Општата безбедност ја рефлектира оваа тензија во речиси сите аспекти на животот - секогаш на работ на вооружен конфликт, постојана политичка тензија и блокади на институциите, слабо владеење на правото, со тоа широко распространета корупција и дискриминација, економска несигурност, воени злосторства и негирање и релативизација на геноцидот и многу насилен и токсичен јавен дискурс кој влијае на сите области на општеството.

Коментар: *Босна и Херцеговина во оваа анализа претставува пластичен пример за тоа како религијата, стереотипите и предрасудите имаат детерминирачка улога во разрешувањето на конфликтите. Примерот на Босна и Херцеговина, претставува еден вид на четиво за тоа колку опасни може да бидат овие феномени ако перзистираат подолго време во еден ист контекст.*

Дискриминација на верските малцинства (бидејќи секоја од соодветните религиозни групи е и мнозинство и малцинство во зависност од делот на земјата, дополнително засилена со етничкото чистење во 90-тите) се случува во речиси сите делови на земјата и верските водачи и политичарите значително придонесуваат за нетолеранција во овој поглед. Говорот на омраза, негирањето на геноцидот и релативизацијата е вообичаен феномен во јавните изјави и проповеди, што резултира со зголемување на национализмот и екстремизмот. Суптилната (и не толку суптилна) злоупотреба на религиозните симболи е вообичаен начин на дејствување, да се влијае и на перцепциите и на третманите на различните групи. Многу често со цел да се предизвика кај другиот бурни реакции; голем број нелегално изградени верски објекти продолжија да предизвикуваат

етнички/верски тензии и конфликти, а верските симболи честопати беа злоупотребувани за политички цели.
Интерпретација*: Религијата и религиските институции како алатки во одржување на минатото и минатите трауматски искуства во сегашноста. Религиските водачи не го користат своето влијание за помирување и зближување, напротив тие се алката во ширењето на национализмот и предрасудите.*

Дискриминација на верските малцинства (бидејќи секоја од соодветните религиозни групи е и мнозинство и малцинство во зависност од делот на земјата, дополнително засилена со етничкото чистење во 90-тите) се случува во речиси сите делови на земјата и верските водачи и политичарите значително придонесуваат за нетолеранција во овој поглед. Говорот на омраза, негирањето на геноцидот и релативизацијата е вообичаен феномен во јавните изјави и проповеди, што резултира со зголемување на национализмот и екстремизмот. Суптилната (и не толку суптилна) злоупотреба на религиозните симболи е вообичаен начин на дејствување да се влијае и на перцепциите и на третманите на различните групи, многу често со цел да се предизвика другиот во бурни реакции; голем број нелегално изградени верски објекти продолжија да предизвикуваат етнички/верски тензии и конфликти, а верските симболи честопати беа злоупотребувани за политички цели.
Коментар*: Претходната интерепретација се однесува и на овој извадок. Религијата не ја игра улогата според своите учења туку се адаптира на тесно-националистички интереси кои шират предрасуди и говор на омраза.*
Но, сè уште постои заедница за градење мир не само во БиХ, туку и во целиот регион. Зборувајќи за воените злосторства и помирувањето што е тешка работа во Србија, Република Србија, има луѓе кои секогаш би сакале да помогнат и луѓе кои користат само социјални мрежи и само сакаат да фотографираат и оние кои навистина се потат како градител на мир. Го познавам Центарот за истражување на пост-конфликт; колку труд вложил и тоа е видливо.
Ги имаме овие заедници – иницијатива за човекови права во Белград – тие вршат одлична работа. Со другите не е исто и не ги сфаќам сериозно. Верував дека тоа доаѓа од нивната привилегирана положба.
Коментар: *Невладини организации кои со својата работа се издвојуваат во однос на*

*разрешување на конфликти. Притоа, во оваа анализа одредени ограизации се споменуваат во негативен контекст. Конкретно, населението нема доверба во ваков тип на организации, и истите наидуваат на голем отпор од страна на истото.*

Според мое лично мислење, не верувам дека отсуството на конфликт е мир. Не верувам дека ние во моментов со Дејтонскиот мировен договор немаме војна. И покрај тоа што неодамна имавме некои акти на насилство, за мене насилство не е некој да те удира, за мене е како реагира општата јавност, или медиумите или политичките лидери зборуваат со луѓето, или луѓето се однесуваат со тебе, на пример, Милорад Додиќ или од В. Орбан кој рече дека најголемиот предизвик на Европа е како да се интегрираат 2 милиони муслимани од БиХ. Значи, кога имате вакви изјави кои се екстремни и ксенофобични и кога имате такви изјави како што е Додиќ – таргетирање и користење на јазикот што го користеше раните 1990-ти пред војната, дехуманизирате одредена заедница. Еден политички лидер од ХДЗ даде предлог да ставиме на личните карти дали с(м)е Босанци, Срби и слично… така што ова е крајно затоа што кога беше извршен геноцид во Руанда според нивните лични карти знаеја кој е кој. Така што за мене не можев да верувам, верувајте дека тоа се случуваше во 2022 година, тоаза мене тоа беше трауматизирачко. Ја гледам мајка ми загрижена, како што гледам моите пријатели загрижени, особено кога оваа криза се случува во Украина.

Интерпретација: *Чувство на дискриманација и загрозеност кај муслиманската заедница. Исламофобија присутна од страна на државите кои се религиски хомогени – христијански заедници. Повторување на наративи од минатото, кои по својата природа се регресивни, племенски и со екстремно лоши – геноцидни импликации во минатото.*

Коментар: *Ваквата тенденција се ре-обновува на Западен Балкан, постојат политички ентитети кои својот дискурс го движат во оваа насока. Впрочем, ваквите дискурси претставуваат закани за градење на опшества без стереотипи и предрасуди на Западен Балкан.*

Сè уште се чувствуваат последици од воените трауми, се чувствува тензија во однос на политичката и тешката економска состојба која влијае на општата безбедност.

Луѓето се потресени и во страв од екстремно тешка економска состојба, во страв од сиромаштија и од повторување на минатото.

Да, дефинитивно можам да се осврнам на војната. Да, за време на војната војската и хрватските сили соработуваа против Србите, така што можам да кажам дека сме на некој

начин поблиски со Босанците поради тоа и минатото, иако на крајот војските се разделија една против друга, но во одреден момент беа заедно… И чувствувам дека Србите се секогаш исклучени и луѓето велат дека се исклучуваат себеси, но ми се допаѓа кога разговарам со нив кога гледам, кога пишувам некако се поврзувам со делот на исклучувањето затоа што - Босанците се прилично доминантни. Во ова општество, луѓето работат на толеранција, се уште постои огромен национализам, негирањето на злосторствата, а секоја група има свои луѓе кои гласно зборуваат за оние кои ги негираат нивните злосторства и кои зборуваат за сопствените жртви. И јас чувствувам дека тоа е огромен проблем, луѓето велат дека имаме три вистини, но треба да размислуваме така, така сме воспитани... Да размислуваме за жртвите како тие да се единствената видлива работа, можам да кажам. Го чувствувам тоа негативно влијание врз чувствата на луѓето, однесувањето и траумата што сите ја имаме и верувам во трансгенерациска траума, затоа што растеме со знаење за војната без да ја доживееме. Јас сум родена во 1995 година и мислам, сепак, ние сме љубезни. Од нас се очекува да знаеме.. Не ги знаев основните работи кога ќе се вратам назад, не ги знаев разликите помеѓу армиите, патувањето до различни места ме натера да научам за ова. Чувствувам дека ова беше единствениот начин да се знае и да се создаде критичко размислување и да ја прифатам мојата земја Босна и Херцеговина како своја. Многу млади луѓе ја немаат оваа можност, многу од нив сѐ уште - ја немаа оваа можност.

Интерпретација: *Контактот помеѓу различните заедници се уште длабоко изостанува и тоа претставува јадро на стереотипи и предрасуди кои редовно се хранат преку наративот на неразрешена трансгенерациска траума. Трансгенерациските трауми во рамките на психолошките потреби во оваа анализа се сврзното ткиво на стереотипите и предрасудите во тие опшества.*

Па, на некој начин имаме како некои информации дека постојат националистички и фашистички групи - луѓето собрани околу фудбалските клубови навистина се агресивни, и не се караат за фудбал туку за националистички идеи, па тоа се луѓето кои се подготвени да се борат ако војната се повтори, но се надевам дека нема. Кога размислувам за тоа во голема сцена, мислам дека овие мали случувања и ситуации меѓу малите групи се поддржани од политичарите и тие некако го туркаат или игнорираат или прифаќаат така.Затоа нема да бидам изненадена ако нешто се случи утре бидејќи тензијата е во воздухот. Чувствувам дека политичарите си го водат својот најдобар живот, сите ги поддржуваат однадвор, Хрватите се срećни и срećни во своето богатство.

Секој си ја раскажува приказната само за да се натера да се караме меѓу себе и многу профитираат од овие ситуации.

Коментар: *Оддржување на истите наративи повеќе од 30 години кои на некој начин го замрзнуваат контактот. Во најдобар интерес на политичкиот дискурс е да нема контакт помеѓу различни заедници.*

Има и други предности и недостатоци, вклучително и училиштата кои ги одвојуваат учениците врз основа на нивната етничка припадност (исто така познати како „две училишта под еден покрив“) и генерално многу проблематични пристапи кон наставните програми за основните училишта (најчесто се рефлектираат преку различни часови по јазик и историја), вработување - и раширената дискриминација поврзана со работата, сè уште нецелосно враќање на внатрешно раселените лица, „мешаните бракови“ сè уште се табу во многу заедници, само да наведам неколку многу критични прашања.

Коментар: *Постојат многу линии на сепарација во функција на оддржувањето или неподдржувањето на интергрупен контакт. Овој контекст, е раздорен и поделен преку повеќе линии – но клучни се стереотипите и предрасудите кои членовите на заедниците ги имаат еден за друг.*

Најчесто, луѓето реагираат од омраза да бидат испровоцирани, или одеднаш да ја почувствуваат оваа омраза или да немаат доверба во другата заедница, тоа не мора секогаш да е страв, а тоа е за жал кај младите луѓе кои всушност не живееле за време на војната - наследена омраза.

Коментар: *Наследена омраза е вшусност моја забелешкаво оваа анализа. Младите генерации го наследуваат и ја превземаат целокупната шема на однесување како таква – готова, без притоа да имаат критички однос кон истата, или пак дури да ја проверат преку воспоставување на контакт, со исклучок на помал број на поединци, кои се истакнуваат од секоја заедница.*

Наративи за омраза - а младите ги прашуваат своите родители и баби и дедовци што правевте за време на војната (иста ситуација со Германија за Втората светска војна). Тоа го гледам како пропуштена шанса бидејќи доаѓаме во истиот круг на насилство – вештачки, но сепак многу видливо, но сепак е насилство, верувам дека само некако сме запрени и прекинати во овој процес на градење мир. А тоа најмногу го прават политичарите кои всушност се само тие што профитираат од ова, затоа што само така ќе останат на власт и ќе ги задржат своите привилегирани позиции.

Сè уште се чувствуваат последици од воените трауми, се чувствува тензија во однос на

политичката и тешката економска состојба која влијае на општата безбедност.

Луѓето се потресени и во страв од екстремно тешка економска состојба, во страв од сиромаштија и од повторување на минатото.

Коментар: *Живеење во пост-воено општество, со видливо присутно минато во сегашноста, отсуството на економската стабилност и стравот за сегашноста и иднина, прават членовите на различните групи да се однесуваат како да се постојано под закана и да бидат поставени во одрамбено расположение.*

Мислам дека се плашат од другиот. Тоа е главното чувство што се негува. Во медиумската пропаганда, во наративите и стравот од војна, плашете се дека некој ќе ве однесе кој не е од вашата етничка припадност и кој е присутен со години.

Интерпретација: *Повторно стравот е тој кој што ќе одржува стереотипите и предрасудите низ годините. Чувството на страв е постојано присутно, потхранeто преку политичкиот дискурс.*

Мислам дека ние некако се уште не знаеме кој е идентитетот на другите. Имињата се навистина важни при обликувањето на личноста на другиот, а понекогаш на нас младите не ни е грижа. Ако поминат неколку денови, на пример, можеме да ги забележиме разликите, се избегнуваме со текот на времето, ако видиме дека не сме на иста страна, и работи од минатото, во текот на годините научив дека не треба да го свртам грбот на овие луѓе, затоа што и јас размислував како нив.

Коментар: *Иденитетот е клучен во меѓуетнички односи. Како психолошка потреба е високо во хиерархијата на потребите. Имињата го детерминираат нивното етничко потекло, на пример во поранешна Југославија постојат имиња кои се карактеристични само за тој период независно од религијата, после распадот на федерацијата присуството на истото име кај новите генерации е минимално.*

Моето непознавање ме испровоцира да зборувам со други, кога бев помлада мразев политика. Почнав да учам повеќе, да посетувам семинари, кога одиш таму и гледаш колку малку знаеш, гледаш зошто си отишол таму. На пр. Сребреница – не можам да кажам пресврт, но беше емотивно и бев поврзана со жртвите. Но, не размислував за трагедијата туку за животите кои се изгубени. Низ истото ќе поминам и кога ќе одам Јасеновац, таму се некои празни делови во мене, дури и кога интервјуирам, кога ги правам моите приказни, се трудам да научам нешто за себе, затоа што не можеме да бидеме доволно образовани, особено на училиште. Особено не сум била образована доволно за историја.

Коментар: *Образовен систем кој не нуди знаење и информации за останатите. Поделен образовен систем каде што секој ја изучува само сопствената историја.*

Треба да се учи за анксиозноста, стравовите, а можеби и депресијата. Се чувствувам како младите да немаат чувство за колективен идентитет. Кога растев немав чувство дека припаѓам овде. Да, тоа е чувството кога се претставуваш себеси – особено на странци.. Зборувам од идентитетот што го имам сега кога сум од Босна Херцеговина. Го правам ова за оние кои доаѓаат од мал град, за кои знам дека живеат во друг град, ги охрабрувам луѓето да зборуваат за овие вистини. Затоа што тоа се вистини, па мислам дека треба да работат на колективниот идентитет.

Имаме база на ескалација на се, имаме говор на омраза, имаме групи, имаме групи кои знаат што прават кога ќе стигнат таму, имаме страв и немаме колективен мултиетнички идентитет.

Интерпретација: *Колективниот идентитет за мултиетнички општества е клучен. Притоа овие општества се соочуваат и со криза на личниот идентитет и со конфузност за тоа каде живеат и каде треба и е посакувано да припаѓаат. Пораките кои ги добиваат од возрасните и од образовниот систем заедно со нивното лично чувство и потреба за идентитет се разликуваат. Ова создава фрустрација кај младите освестени генерации.*

Па, можам да бидам објективна, но генерално не знам колку луѓето надвор знаат или можеби повеќе луѓе од СБ се свесни дека тука има и муслимани кои од пред стотици години имало муслиманска култура и христијанска култура, православна Христијаните, Евреите и Ромите, општо луѓето ја доживуваат како небезбедна земја која дојде до војна, за што повторно ги сметам за виновни политичките лидери. Има луѓе кои пристигнуваат во БиХ и велат дека сите им рекле дека не требало да дојдат овде.

Да, да, Post Conflict Research Center го направи овој проект наречен Stories of Love. Резултатите покажуваат дека има огромна разлика помеѓу поранешна Југославија и сега, но повторно јас од искуства и од она што знам не е целосна слика бидејќи тоа беше вообичаено во отворените области, но во помалите градови, а исто така и во руралните области не беше толку вообичаено. Дури и во комунистичката ера и тоа беше случај низ цела Југославија. Не само во БиХ, но веќе беше измешано повеќе од другите земји - републики, така беше. Имаше толку многу мешани семејства и се уште има.

Коментар*: Етнички мешаните бракови и оттука семејства се сериозен индикатор за функционалноста на овие општества. Проектот споменат погоре сведочи за позитивни*

*примери, но не постои информација дали во овој случај во рамките на проектот се земени во предвид само успешните примери за меѓуетнички бракови.*

Да, тоа е почесто помеѓу семејства од урбана средина и почесто образовани и во семејството веќе ја има таа историја на мешани бракови. Така што таа историја веќе треба да биде во тоа семејство. Тоа не значи и дека мора да е правило секако, затоа што приказните ги направивме од луѓе кои ја немаат таа историја, некои социјални привилегии или социјално-економски статус. Има мешан брак во моето семејство, вујко ми се ожени со Словенка, таа не беше муслиманка ниту беше од БиХ. Но, сепак тоа беше муабет на заедницата. Сепак верувам дека евентуално на крајот сите го прифаќат тоа, а особено децата од тие бракови.

Коментар*: Притоа, мешаните бракови се тема на урбаните семејства, додека во руралните области тоа отсекогаш претставувало табу според сведочењето на интервјуираните.*

Во смисла дека ја немаме таа клучна маса и има многу луѓе кои имаат здраво мислење, но не се доволно видливи. Тоа е сложено прашање. Ми помага затоа што бев полна со стереотипи и предрасуди и тоа не беше од омраза, туку затоа што претходно немав шанса да стекнам знаење. Откако го добив знаењето, знаеев каде да најдам и да барам дополнително знаење.

Коментар*: Знаењето за другиот и интергрупен контакт се есенцијални за помирувањето на овие општества.*

Во групите кои и даваат значење на религијата, различните верувања ги обликуваат интеракциите на начин што создава дистанца во односите.

Коментар: *Религијата ја користи празнината на отсуство на знаење за другиот и истата ја пополнува преку свој креиран наратив.*

О, да така е! Се мислам како да напишав статија за тоа, и ги препознавам споменициите на војските до црквите, џамиите и препознав дека пред тоа така ја добив идејата. Религијата секогаш ги слави жртвите, а нивните следбеници ги спомнуваат жртвите. Знам дека религијата понекогаш нема пари и мора да им ги земат на тие луѓе, но, наоѓаш човек кој е од различна вера и зборува...

Мислам дека ние некако сè уште не знаеме кој е идентитетот на другите. Имињата се навистина важни при обликувањето на личноста на другиот, а понекогаш на нас младите не ни е грижа. Ако поминат неколку денови, на пример, можеме да ги забележиме разликите, се избегнуваме со текот на времето. Ако видиме дека не сме на иста страна,

со работи од минатот.. Во текот на годините научив дека не треба да го свртам грбот на овие луѓе, затоа што и јас размислував како нив.

Коментар: *Повторно се истакнува важноста на знањето за другиот, идентитето и имињата како нераскинлив симбол за етничкиот и религискиот идентитет.*

Чувствувам дека Србите се националисти, дека Босанците се жртви, а Хрватите - мислам дека се премногу исклучени и поврзани со Хрватска. Така гледаат на хрватите (другите луѓе) и одбиваат да зборуваат за Босна и Србите. Србите велат Босна и Република Српска, а создавањето секогаш зборува од нивна перспектива.

Коментар*: Идентификувањето со државата по потекло го оневозможува и негира создавањето на колективен идентитет.*

Сѐ уште сме поврзани со надворешен етнички идентитет, ако воспитувате дете ќе му го покажете вашиот хрватски ТВ канал. Родителите го прават тоа во мултиетничките односи. Знам многу млади парови кои не разговараат со своите родители поради нивните мешани бракови. Чувствувам дека кога сте многу блиску до вашата група, учите само една страна од приказната, како и јас.

Различните идеологии создаваат пропаганда, говор на омраза и тие се извор на етничка поделба. Значи, тие влијаат на речиси секој дел од третманот меѓу групите. Обично, луѓето имаат стереотипи и прашања на кои сакаат да одговорат пред да запознаат некој од друга етничка припадност. Луѓето кои ги немаат овие бариери во главата обично не се религиозни или се израснати во мултиетничко опкружување. Така, луѓето обично мислат дека сите Срби се националисти и дека не ја сакаат Босна како што мислат за Хрватите, за Бошњаците обично мислат дека се однесуваат премногу како да се единствените жртви и дека мислат дека треба да живеат само во оваа земја.

Интерпретација*: Религиозноста се поврзува со поголемо присуство на стереотипи и предрасуди, помалку религиозните се отворени за контакт и да учат за другиот.*

Понекогаш може да се слушне приказната за прифаќање на другиот, тие не велат прифатете ги луѓето во вашата земја, во повеќето случаи тие зборуваат од своја перспектива, за нивните етнички групи, па не се обидуваат да зборуваат за перспективата на другиот. Се гледам себеси како католик, тие секогаш ги штитат луѓето од абортус од ова и она, тие не ги фокусираат своите говори на прифаќање, туку зборуваат за можеби ние треба да правиме - или што не треба.

БИХ е постконфликтно општество веќе речиси 30 години, но со продолжена и постојано растечка меѓуетничка тензија до денес. Општата безбедност ја рефлектира оваа тензија

во речиси сите аспекти на животот - секогаш на работ на вооружен конфликт, постојана политичка тензија и блокади на институциите, слабо владеење на правото, со тоа широко распространета корупција и дискриминација, економска несигурност, воени злосторства и негирање и релативизација на геноцидот и многу насилен и токсичен јавен дискурс кој влијае на сите области на општеството.

Коментар: *Дискурсот на војна и непомирување е сеуште присутен. Во последните 30 години не се направени сериозни напори истото да се надмине. Напротив се гради кула од карти на функционалност преку трите ентитета, кои вшусност функционираат на принципот на национализам, дискриминација, сеење на страв, стереотипи и предрасуди.*

Промена на наративот, економската стабилност и секако чувството за силно владеење на правото и правдата, подобра заштита на менталното здравје.

Интерпретација: *Повторно промена на наративот се пројавува како потреба. Вшусност, тука се сведува на групните потреби. Колективната психолошка потреба за безбедност и добросостојба е видно запоставена.*

Да, но зошто некој би се идентификувал како Југословен ако е роден во БиХ? Таа земја повеќе не постои. Но, повеќето од нив во БиХ, децата кои доаѓаат од мешани бракови се идентификуваат како Босанци, не како Бошњаци или Срби, туку како Босанци. Има некои Евреи или Роми кои се идентификуваат како Босанци. Како да се државјани на Босна. Ако одите и живеете во Франција, тогаш сте Французин. Значи, ова би било добро државјанство. Етничката припадност е нешто друго. Кога би создале колективен идентитет околу тоа, тогаш знам дека треба да чекаме подобри времиња, иако сега не е добро време.

Коментар: *Географската одредница се покажала како добра референца при формирањето на идентитетот па потоа и на колективниот идентитет.*

Примарно, чувство на сигурност и просперитет што ни недостасува овде за жал. И правната држава. Тоа се докажа дека е главната причина за одливот на мозоци. Понатаму, чувството на припадност. И затоа луѓето се приклучуваат кон овие стада (така би ги нарекла) - затоа што таму се чувствувате безбедно.

Интерпретација: *Чувстовото на припадност како тесно поврзано со чувството на идентитет, и оттука колективниот идентитет.*

Сè уште се чувствуваат последици од воените трауми. Се чувствува тензија во однос на политичката и тешката економска состојба која влијае на општата безбедност.

Коментар: *Неразрешена трансгенерациска траума.*

Општеството е етно-религиозно, понекогаш на начинот на кој религијата го обликува нечиј идентитет.

Не чувствувам дека има правда во вистинска смисла.

Општо земено, чувство на сигурност, толеранција и прифаќање.

Мислам дека се плашат од другиот. Тоа е главното чувство што се негува. Во медиумската пропаганда, во наративите и стравот од војна. Плашете се дека некој ќе ве однесе кој не е од вашата етничка припадност и кој е присутен со години.

Коментар: *Незадоволените колективни психолошки потреби, потхранети со присуство на страв прават поголема дистанца и линија на сепарација. Во вакви околности контатот не е возможен.*

Многу. Минатото и историјата сè уште играат главна улога во односите меѓу различните заедници на оваа област.

Дефинитивно има перцепции од религиозните идеологии, мислам дека секоја група мисли дека нивната религија е подобра од другата. Но, најголемо влијание што се случува поради ова е немањето меѓурелигиски бракови. Во основа муслиманите претпочитаат да се омажат за муслимани, а христијаните со христијани.

Интерпретација: *Религијата служи како дополнителен инструмент за потхранување на стереотипи и предрасуди и одржување на групни норми во смисол на она што е и она што не е прифалтиво за овие заедници.*

Генерално, мислам дека нашата земја има високо ниво на безбедност, но политички поради околностите со Србија почна да се чувствува несигурност да се живее овде. Сепак, присуството на НАТО го прави животот посигурен.

Не мислам дека религијата игра навистина голем дел од меѓугрупните односи. Конфликтите се случуваат поради различни етникуми и историја од минатото, а не поради религиозни причини. Единствениот верски конфликт што се јавува е обично кога има православни празници и кога има српски верски водачи кои доаѓаат да слават во црквите. Но, наместо тоа, зборуваат за конфликтот и се обидуваат да влијаат на луѓето за ситуацијата и да шират говор на омраза и пропаганда.

Коментар: *Еднострана перцепција за контекстот и религијата.*

Многу. Минатото и историјата сè уште играат главна улога во односите меѓу различните заедници на оваа област.

Од причина што безбедноста е основен предуслов за опстанок на Србите на овие

простори.

Да, за жал, одредени групи во Либан се соочуваат со предности или недостатоци врз основа на нивната верска или етничка припадност. Еден пример е историската распределба на политичката моќ по секташки линии, што може да доведе до нееднаков пристап до ресурси и можности. Ова може да резултира со маргинализираните заедници да се соочат со системски предизвици во областите како што се образованието, вработувањето и политичкото претставување.

Јас не ја прифаќам реалноста. За мене единственото што може да прифатам е да водам нормален живот без страв. Не е лесно. Јас нема да седам некаде, само затоа што ако излезам ќе бидам убиена. Јас си продолжувам со мојот живот. Она што е надвор од наша контрола, не дозволувам да ме контролира или плаши, јас си продолжувам понатаму. Носи страв внатре во тебе, ти не се чувствуваш безбедно. Во Палестина, постои таа верба како муслимани и таа надеж дека еден ден Господ ќе ни се смислува. Понекогаш тоа и мене ми се случува, но јас не верувам сто процентно. Немам таква надеж јас.

Ситуацијата во Палестина е навистина многу критична, и не сметам дека таму има доволно обезбедување или пак дека е безбедно. Јас како мировен активист, но и останатите меѓународни организации кои што застапуваат решение на две држави – во реалноста јас не гледам практично резултати од оние организации кои што себеси се нарекуваат дека работат за мир. Она што е за нас голем предизвик е навистина да работат и сторат нешто во врска со она што ние го нарекуваме мир. Мир за мене е критичен збор и важен. На пример, ние во Палестина не го сакаме овој збор. Многу е некритичен, многу циничен, за себе да се збори како мировен активист. Најпрво, како што веќе реков но, и поради политичката ситуација не постои практично и позитивно влијание од работата на одредена мировна организација. Ние од 2015 работевме на ова. Но, луѓето едноставно ќе те прашаат: "За каков мир поточно вие работите?" - "Од каде добивате пари, за каква невладина организација вие работите?" Бидејќи ние сите знаеме, сите невладини организации работат за меѓународни организации. Исто така знам дека ние ова не го гледаме на терен, дали поради нападите на дневна основа од страна на Израелците. Постојат многу несигурности на дневна основа. Така што овие организации скрос ја изгубија довербата кај луѓето. Довербата се стекнува кога ќе се видат практични резултати. Кога овие организации ќе прават или гарантираат дека луѓето ќе бидат безбедни, кога се движат по улица. Каква цел е тоа?– Тие мораат тоа да го видат но, и да го почувствуваат. Но, кога станува збор за мировен активист, јас мислам дека секој еден

во суштина е тоа – нели? - Секој сака мир. Но, јас престанав да работам со невладини организации и дејствувам сама како Палестинка. Кога ние сме силни личности во образование, кога ние зајакнуваме преку образование, ние на тој начин креираме одреден мир.

Ова е многу тешко да се одговори. Не сакам лично да одговорам, јас како жена имам поинакво искуство. После 20 години образование и меѓународно искуство, но генерално и после короната, тие велат најдобро е да умреме. Ние ништо веќе не сакаме. Луѓето чувствуваат дека се беспомошни. Бидејќи нашата влада или што и да е, како и секоја друга исто така сака да контролира.

Најважното е дека мнозинството од Палестинци и Израелци не се освестени. Тие се во емотивна војна. Водени се од емоциите. Но, ако ја проучите историјата пред илјада години Израел не постоеше. Пред сто години се реши да се формира држава или влада за Израел. Тоа е преставништо на Европа и Америка. Не се работи тука за Израел или религија. Кога зборувам за конфликт, јас не зборувам за религија воопшто. Бидејќи интелектуалците во Израел па дури и политичарите во Палестина не знаат што да мислат во врска со ова. Но, Израелците го знаат ова многу добро. Создавањето на Израел е силно позиционирање на САД и Европа на Блискиот Исток. Истото е сега со Украина и Русија. - Зошто се во војна? Зошто ние ја имаме Русија за алијанса? - Сè е во врска со економијата. Нема никаква врска со религија.

Дека ќе ги соберат сите Палестинци и дека ќе ги однесат далеку нешто да им направат – не во Палестина, туку далеку. Постои овој страв и чувство на незивесност и несигурност за иднината. Во Палестина, конкретно стравот од физички напад кој што може да се случи во било кој момент.

Но, не ова е Палестина. Во село кое е доста конзервативно, се сеќавам јас и сестра ми - нас никогаш никој не не учел на такво нешто. Ниту еден наставник, ниту во училиште, ниту пак дома. Така што јас сум Палестинка. Како јас да слушам друг Палестинец на пример кој убил Израелец? Така што светот ги има овие стравови, кога не гледаат нас палестинците, мислат дека конфликтот делумно е прикажан како религиски што не е.

Борбата за правда е во срцето на палестинскиот наратив, а настаните како Ал Џабал се симбол на пошироката борба против апартхејдот. Систематската дискриминација, ограничувањата на движењето и сепаративната бариера се остар пример за неправдите со кои се соочуваат Палестинците секојдневно. Како мировен активист, мојатата работа вклучува застапување за меѓународно признавање на овие неправди и притисок за

праведна резолуција што ќе ги разбие структурите на апартхејдот.

Верските идеологии можат да бидат и извор на единство и поделеност. Иако некои погрешни толкувања може да придонесат за тензии, има и примери на верски водачи кои промовираат мир и соживот. Со истакнување на овие позитивни наративи, можеме да ги предизвикаме перцепциите на поделби и да поттикнеме разбирање. Но, ако подобро направите анализа на случувањата во Палестина во последните 2 години, може да забележите дека православно - христијанската палестинска заедница е некако дискриминиран од страна на светот, фактот дека таа постои и всушсност е интегрален дел од колективното општество, не оди во прилог на одредени држави.

Интепретација: *Колективни психолошки потреби како на пример, отсуство на безбедност, чувството за идентитет и признавање на истиот се очигледно отсутни. Минатите искуства ги детерминираат сегашните наративи и очигледно е присуството на трансгенерациска траума, која што не е еднократна туку се мултиплицирала низ времето и ги направила Палестинците резилиентни. Отсуство на контакт со опресорот но, и со надворешениот свет им дава на Палестинците чувство на безнадежност.*

Знаеш до кои луѓе ќе пристигне, второ живеев во повеќе земји во светот како локалец – и луѓето знаат за Палестина. Значи за Палестина не за Ислам. Ислам е култура и други фактори. Палестина не е во врска со Исламот. Многу се игнорантни од лични причини . На пример, ти си од Европа . - На пример, ти можеш да добиеш стипендија да студираш на некое добро место од страна на Израел. Откако ќе завршиш, нормално ти никаде нема лошо да зборуваш. Израел е голема земја, тие се напредни во индустрија, технологија и земјоделство. Кога Израел ги поддржува тие луѓето, тоа сепак не се Палестинците туку Израелците така. На пример, мојата пријателка од Германија ми кажува дека во медиумите нема што многу да се види за Палестинците. Второ Израелците се силни бидејќи тие секаде имаат кампања, тие се гласни. Палестинците – не. Бидејќи ние не сме не активни или не интелигентни, туку бидејќи јас се плашам. Јас бев поканета да зборувам во Индија – одбив, во Германија – одбив, во Непал – одбив. Бидејќи јас не знам какви зборови овие влади ќе ми изнудат, или не знам што се веќе може да ме повреди. Јас сум мирољубива личност, не сум против влади. Туку јас си имам некои мои замисли и не сакам кога луѓето се убиваат, дури сега со Украина и Русија. И она што се случува во Палестина, се моите луѓе кои што умираат. Израел кажува дека има самоубиствени напади што е против нашата култура, против нашата религија, против нашите верувања.

Тие ги напаѓаат сите Палестинци и ги убиваат сите Палестинци и ги нарекуваат терористи. Но, знаеш понекогаш не ги обвинувам нив. Бидејќи многу палестинци, арапи, муслимани дејствуваат во името на Ислам. Тие велат ова е Ислам, ова е нашата религија.
Интерпретација*: Во конфликт а потоа и војна, потребно е религијата да се одвои од наративот за да се дојде до суштината на самиот конфликт.*
Како човек и како личност јас отсекогаш сум сакала да зборувам за Палестина. Секогаш се трудам да споделам конвенционални пораки, но не можеме да ги исклучиме емоциите – тоа е човечки. Сите луѓе во светот имаат свои страдања, а ние Палестинците имаме впечаток дека ние сме единствнеите кои страдаме и дека другите не страдаат. Јас сфатив дека имало помалку и повеќе развиени земји. Исто и со Германицте. Кога ми кажуваат за нивните страдања, сфаќам дека не сме единствени.
Коментар: *Емпатијата пресудна во прифаќање на реалноста. Овој наратив во палестинското опшество сепак индицира колективните психолошки потреби повторно.*
Во Палестина има страв како мулсимани – им дава таква надеж дека Господ еден ден ќе не спаси сите. Понекогаш, ова знае и мене да ме утеши. Но, јас ја немам оваа верба до тој степен, јас сум реална. На пример, Палестинците 100% веруваат во тоа и исто така тие не знаат... Недостатокот на знаење ги става луѓето во страв и не знаат кој е одговорен за тоа. Ова е дневен муабет. Ние сме муслимани и ние сме во војна со Евреите!? – Не! Ова не е тоа што нас ни се случува. Ова го зборуваат луѓето секој момент. Кој ја сака нашата земја? – Можеби САД, можеби Европа, може Русија...Ова е темата. Палестинците постираат на социјалните медиуми, ние ќе умреме ние сме резилиентни, од друга страна палестинската култура е многу мирољубива. Знаеш тука сестра ми вика затвори ја вратата. Во Палестина тоа го нема, внатре во нашите заедници. Вратата од домот може да е отворена и соседот може да дојде во било кое време и да побара храна. Ова ми дава некое чувство на смиренот сè уште...
Коментар*: Отсуство на знаења за сопствената ситуација, недостаток на информации ги прави луѓето да бидат повеќе религиозни и својата надеж и утеха да ја бараат во религијата.*
Во Јордан, некои поединци или групи може да искусат предности или недостатоци врз основа на нивното членство во групата, при што племенскиот фактор е значаен. Племенските припадности можат да влијаат на социјалната, економската и политичката динамика, создавајќи разлики во општеството. Додека религијата игра улога во одредени

случаи, важно е да се признае дека племенското влијание може да има позначајно влијание врз овие прашања.

Интерпретација: *Кога религијата е униформна, таа не е во ф-ја на одржување на стереотипи и предрасуди туку е повеќе во насока на одржување на колективниот идентитет во чија основа е повторно религијата.*

Доминантна религија во исламот, сунитска секта. Споделувањето на религијата дефинитивно прави луѓето да се чувствуваат како да се дел од истата група во споредба со оние од другите религии, особено оние кои не се ниту христијански ниту еврејски. Постои посебна неповрзаност со еврејскиот народ поради политичките прашања со Палестина, но јорданските муслимани и христијани веруваат дека тие се од исти религиозни корени како Евреите и дека еврејските свети текстови се навистина свети текстови од истиот Бог. Во принцип, слушам дека повеќето муслимани зборуваат многу отворено за христијаните и „луѓето на книгата", велејќи дека сите ние сме браќа и сестри, веруваме многу во истото, се почитуваме и живееме заедно итн. Оние кои не се од овие три „абрахамски" религии се сметаат дека имаат помалку заедничко и можеби помалку способни.

Процесот или механизмот со кој се појавуваат предности или недостатоци засновани на членство во група во Јордан вклучува комбинација на општествена динамика, историски фактори и индивидуални интеракции. Племенските припадности и социјалните хиерархии играат значајна улога во влијанието на можностите, пристапот до ресурсите и третманот во општеството. Дополнително, религиозниот идентитет може да се вкрсти со племенскиот, дополнително обликувајќи ја социјалната динамика и потенцијалните разлики.

Коментар: *Племенскиот идентитет како значаен конструкт на Блискиот Исток.*

Религиозните идеологии во Јордан можат да влијаат на перцепциите што членовите на групата ги имаат едни за други. Додека некои религиозни идеологии промовираат инклузивност и почитување на различни вери, други може да придонесат за пристрасност или негативни перцепции.

Коментар: *Во најдобар случај да се открие кои се тие одредени религиозни идеологии потребно беше да бидат вклучени преставници барем од две други религии во Јордан, што во оваа анализа стана невозможно.*

Јорданското опшество го сочинуваат религиозни групи, етнички заедници, племенски припадности и социо-економски класи. Сепак, важно е да се пристапи кон овие

категории.

Како што се навраќам на моето детство како менаџер на портфолио фокусиран на меѓународната помош, препознавам дека предрасудите во Јордан може да се вкоренети во раните искуства, особено поврзани со племенскиот карактер и јорданско-палестинската динамика. Набљудував како овие рани искуства ги обликуваа моите перцепции и ставови кон другите, под влијание на предрасудите поврзани со племенските припадности или јорданско-палестинскиот однос.

Коментар: *Образовниот процес е местото каде што се учи за вредностите кои што се прифатливи и исто така за религијата. Религијата не е одвоен елемент во образованието со исклучок на одредени приватни училишта, што сепак и повтроно е поврзано со социјално-економскиот статус.*

Покрај она што го споменав погоре, како бегалец во Јордан, особено од малцинска бегалска група или од криза која повеќе не е во првите редови на хуманитарното финансирање, се борите да најдете пристап до работа и некои јавни услуги. Сепак, во целина, поради финансирањето на помошта во Јордан, бегалците се во многу подобра ситуација во однос на другите земји и хуманитарната заедница работи на тоа да биде сè повеќе инклузивна за помалите маргинализирани групи. Работниците мигранти од Египет (мажи) и Јужна Азија и некои африкански земји (најчесто жени) исто така често се третираат како граѓани од втора класа и не им се овозможуваат пристојни плати или права. Има и „ромски"народи кои минливо живеат во Јордан за кои се крајно маргинализирани и едвај се дискутираат во Јордан, дури и во заедницата за помош.

Коментар: *Сепак во ова опшество постои зацементиран колективен идентитет кој се смета за прифатлив и добар пример, отстапките од истиот се прашање на предрасуди, неприфаќање па дури и отфрлање.*

Да, секогаш велам дека знам колку ми е полесно да уживам во животот во Јордан како перципиран-бел, американски странец во Јордан, со многу повисока плата од просечната, кој дошол да слушне да научи и да помогне и не затоа што бегам од конфликт или треба да заработам за живот надвор од мојата земја за да го издржувам семејството. Исто така, не сум локален и не пораснав во образовниот систем или економијата на Јордан. Моите академски и професионални акредитиви се ценети и посакувани во мојата област. Јас сум прилично лесно воведен низ владините процеси кои ми дозволуваат да бидам овде легално со поддршка од моите работодавци и со флексибилност и поддршка на самата влада. Луѓето овде не ме гледаат како товар, туку генерално се заинтересирани за мојата

култура и потекло и ме гледаат како претставник на растот, па дури и на економската поддршка на земјата, бидејќи имам привилегија да бидам добар клиент кој плаќа.

Другите странци, небели, не„западни"не се пречекани со истата позитивност и слободоумност. Нивните културни разлики и економскиот статус/капацитет не се толку лесно толерирани и може да се видат како или всушност во реалноста да претставуваат товар за Јордан.

Коментар: *Како надоврзување на претходниот коментар опшеството воспоставило филтер за тоа што е прифатливо во однос на раса, религија, социјално-економски статус. Притоа истото е позитивно настроено кон оние од кои може да имат бенефит наспроти оние кои се присутни во тоа опшество за свој личен бенефит.*

Основната безбедност е дефинитивно високо на листата на потреби. Овде има безбедност, но мислам дека луѓето се плашат да ја изгубат поради околниот конфликт, така што таа останува многу свесна потреба и приоритет. Групното прифаќање и припадност е исто така многу важно. Тоа е потврда на поединецот и извор на важна поддршка. На луѓето им требаат луѓе за да ги завршат работите овде и само да се снајдат. Не можете само да се потпрете на себе и на постоечките системи.

Коментар*: Колективните психолошки потреби значајно се пројавуваат во оваа анализа. Чувството на безбедност е примарно, како потврда за отсуство на конфликт или војна. Притоа да се припаѓа кон одредена група е исто толку значајно, особено припадноста во групата да се постоветува со поседување на сите групни карактеристики и однесувања.*

**Заклучок**

Оваа мултипна холистичка студија има задача да даде објаснување на главното истражувачко прашање: "Како религијата, стереотипите и предрасудите влијаат на разрешувањето конфликти во Западен Балкан и на Блискиот Исток"?

Притоа за потребите на истата анализа беа спроведени онлајн полуструктурирани интервјуа, каде што постоеше слобода кај интервјуираните своите одговори да ги дадат

и надоврзат со теми за нив релевентани. Критериумот за избор на испитаниците беше повеќестран, како на пример, да се интелектуалци, да се активисти и како такви препознатливи во својата заедница, притоа по својата професија може да бидат дел од академијата и невладиниот сектор. Во примерокот на оваа анализа најмногу доминираат генерално мировни активисти, професионалци од невладините организации, новинари и политичари. Согласност беше дадена за интервјуата, притоа со особена нагласеност одговори да останат анонимни. Притоа, сите методи за обработка на податоците во својата природа се синтетизивни, каде што следните беа употребени: ***истражување на случај, вкрстен случај на анализа, тематска синтеза и наративна синтеза.*** Добиените резултати се прилично конзистентни и повторувачки за секој метод засебно. Истражувачките варијабли беа идентификувани преку индикатори извлечени од референтните дефиниции каде што истите може да се најдат погоре во оваа анализа. Оттука, најзначна тема која што се истакна во оваа анализа се колективните психолошки потреби. Колективните психолошки потреби како генерална рамка за безбедност, чувство на правда, колективен идентитет и потреба да се припаѓа некаде и да се биде прифатен/а како таков. Оваа тема доминантно се пројавува низ оваа анализа независно од регионот и контекстот. Во случаевите кога колективните психолошки потреби се запоставени или неисполнети, во тој случај се јавува стравот како примарна групна емоција. Страв за сегашноста, страв за иднината, страв за безбедноста. Многупати, незадоволените колективни психолошки потреби пропратени со присуството на страв потекнува од минати воено-конфликтини искуства или трансгенерациска траума. Неразрешените трансгенерациски трауми ги држат припадниците на групите во грч, обвиткани во стереотипи и предрасуди за другиот, притоа одржувајќи ја дистанцата и избегнувајќи непосреден контакт како одбрамбен механизам за прифаќање на реалноста и евентуална промена на истата.

Стереотипите и предрасудите се длабоко вкоренети во семејствата и образовниот систем. Семејствата се окупирани со трансгенерацискиот наратив и искуства најчесто исполенти со омраза, недоверба и страв да ги пренесат на новите генерации. Образовниот систем во мултиетничките училишта е сепариран или фрагментиран, односно секоја заедница етничка или религиска функционира и дејствува во рамките на истите и го изучува она што се однесува на истата. На Западен Балкан и делумно на Блискиот Исток, оваа тендеција е пропратена со феноменот на територијална фрагментација – создавање на етнички чисти територии, со промена на културните имиња, практично демографска

трансформација. За тоа како предрасудите со текот на времето се институционализраат или вметнуваат во одредени закони и норми, но и во рамките на одредени идеологии, говорат фактите како тие општества стануваат повеќе религиозни. Повеќе религиозните општества со даден код на облекување, однесување и вредносен систем, не ги препознаваат стереотипите и предрасудите како такви. Тоа е така, бидејќи истите се вградени во државно-политичкиот систем. Иако, постојат исклучоци и во декларативно секуларни држави религијата да биде присутна, особено во оние случаеви каде што етничката припадност се поистоветува со религиската, што најмногу претставува случај на Западен Балкан со исклучок на Либан. Но, во суштината на интергрупните конфликти речиси никогаш не е религијата. Религијата е средството со кое што се пополнува празнината од незнаење или немањето на информации за другиот, што најчесто потекнува од образовниот систем.

Колективниот идентитет и создавањето на истиот претставува сериозен предизвик за овие општества. Во контекстите каде што предрасудите и стереотипите се потхрануваат директно или индиректно со децении, мнозинството не размислува за создавање на колективен идентитет. Постои одреден процент на т.н. освестени индивидуи кои имале можност да увидат повеќе вистини, но за жал нивното дејство е ограничено и понекогаш отежнато. Многу малку од истражуваните случаеви имаат целосна контрола врз сопствените општества, во смисла да бидат одговорни за функционирањето на истото. Оттука, се јавува тенденција да се идентификуваат со идентитети кои се надвор од државите каде што живеат, да се идентификуваат со земјите по потекло или со истата етничка припадност. Притоа, ваквата тенденција сериозно ја поткопува потреба за припадност и создавањето на колективен идентитет. Отсуството на колективен идентитет на подолг временски рок создава фрагментација на општеството територијална, етничка, религиска но и економска. Оттука, овие заедници функционираат како засебни економско-социјално – психолошки единици во рамките на едно општество - држава.

Во оние држави каде што сегашниот т.н мир е воспоставен како резултат на мировен договор, со фасцилитација или арбритража на меѓународно тело или пак организација резултатот е деструкција на општествата. Ова се должи повторно на колективните психолошки потреби на засегнатите страни, бидејќи според сведочењата на интервјуираните тие договори не соодветствуваат со потребите на засегнатите страни, а најмалку кореспондираат на реалноста. Такашто, децении после декларативен мир, каде што за одредени соговорници мирот не секогаш значи отстуство на насилство,

резултатот е сето она досега  опишано. Стереотипизирани општества со предрасуди и со минимален контакт помеѓу различните заедници. Интересно е тоа што после овие т.н. мировни договори, овие заедници станувaат повеќе религиозни од претходно и се насочуваат кон религијата како еден вид на засолниште и референтна вредност за сопствената група. Притоа со таквата поставеност пост-воено и пост-конфликтно, овие заедници и општества немаат капацитет за развој и помирување, туку напротив тонат во политички клиентилизам, дискриминација и корупција.

Ваквите контексти со ваква констелација нудат висок степен на стереотипи и предрасуди, како што впрочем покажува и оваа анализа.  Додека се одржува ваквата динамика и односи помеѓу различните заедници разрешување на минатите но и тековните конфликти речиси е невозможно. Спротивно, ваквите контексти заситени со стереотипи, предрасуди, висок степен на религиозност, територијална фрагментација и сегрегација се плодно поле за појава на нови конфликти, како во блиската но и подалечната иднина, или пак доведување до тотална трансформација и промена на овие општества.

Иако, колективните психолошки потребни не претставуваат ништо ново во теоријата на конфликти, тие значајно се пројавија во оваа анализа. Тоа е огромен индикатор за потиштеноста на овие општества, каде што ја немаат основата која што ќе преставува одредена стабилност за нив и нивните семејства во тука и сега. Споредувајќи со теоретската основа на оваа анализа од минатото, кај сите шест случаеви, може да се увиди влошување на интергрупните односи. Парадоксално и неочекувано, бидејќи тенденцијата е со внесување на демократски односи тензиите помеѓу различните групи да се минимизираат.

Непомирувањето на историските настани носи последици во денешното живеење. Истите негативни наративи се провлекуваат и прифаќаат како такви  - готови, без никаков критички пристап со децении. Практично, со тоа се прави цементирање на стереотипите и предрасудите и отсуство на контакт. Невозможно е заедници кои живеат во иста територијално-политичка единица или држава да не комуницираат на дневно ниво. Притоа ова се однесува на обичните граѓани, не на политичките елити кои остваруваат контакти поради тесно партиски интереси. Соживотот претставува огромен предизвик а почетокот на истиот е секогаш во примарните фактори на социјализација, семејството и училиштето.

**Препораки**

Врз основа на резултатите од мултипната холистичка студија може да се дадат следните препораки:

1. Неопходно е да воспоставува општествен договор или консензус на општествено ниво за тоа во која насока ќе се гради и развива општеството. Прашањето е во какво општество сака мнозинството да живее?
2. Деполитизација на образовниот систем. Образовниот систем да биде надпартиски и пред сè да биде во функција на изградба и создавање на личности информирани за себе и за заедниците околу нив;
3. Во сите релевантни институции образовни, владини, министерва за надворешни работи итн; комисии и слично да бидат поставени експерти од оваа област. Експерти кои најдобро ќе одговорат и ќе ги штитат колективните психолошки потреби на членовите на тие заедници, наместо носење на ад-хок одлуки од страна на трети страни, кои имаат многу малку или воопшто немаат познавање од контекстот;
4. Функционирањето на религијата да се оддели од државата. Секуларните држави покажуваат поинаков – повеќе прогресивен тренд на развој на овие општества на повеќе нивоа: научно, културно, итн.
5. Едукаторите или оние одговорни за работа со деца да поминуваат подолга едукација и подготовка;
6. Да се адресираат колективните трауми од минатото – стручен тим во подолг временски рок да работи и соработува со засегнатите семејства;
7. Строго да се контролираат етно-шовинистички регресивни тенденции и политики, бидејќи истите се висок ризик за кулминација на интегрупен конфликт.
8. Да се стимулира интегрупен контакт од најмала возраст – преку образовните институции;
9. Да се регулира употребата на државни јазици и обврската истите да се познаваат;
10. Да се инвестира во образовниот систем и образованието да биде задолжително.

**Ограничувања**

Оваа студија по својата природа претставува амбициозен и уникатен чекор кон разјаснувањето на улогата на стереотипите, предрасудите и религијата во интергрупниот конфликт. Притоа предизвикот да се спроведат шест холистички студии во шест држави

беше исто така огромен, пред сè поради фактот што ваков тип на студија до сега не е спроведена.

Оттука, оваа студија се соочи со следните ограничувања и/или потешкотии:

- Добивање на испитаници од Блискиот Исток. Овој процес беше исцрпувачки и траеше речиси цела година, а беа исконтактирани над 80 личности за оваа цел. Притоа, ваквиот момент наведува кон размислувањето зошто е тоа така, имено која е причината. Конкретен одговор не постои, освен тоа дека во арапскиот свет потешко се разговара со странци за интерни случувања во нивните општества и држави.
- Потоа ваквиот тип на мултипни холистички случаеви својата релеабилност ја докажуваат така што постои намера и тенденција да се прибираат информации од три различни извори во однос на една тема, т.е се практикува триангулација на податоци во делот на анализата за да се потврди веродостојноста на истите. Во оваа анализа ретко може да се најдат три различни извори за една тема. Но, може да се провери во прашалникот прикачен во анексот на овој труд, дека истото беше побарано од моја страна.
- Целиот процес на прибирање на податоците беше макотрпен и долг. Веројатно поголема институционална поддршка би го олеснила истиот.
- Отсуството на било какви финансии за оваа мултипна холистичка студија исто така го отежна процесот.
- Ваквите амбициозни проекти веројатно имаат потреба од уште еден истражувач или поддршка на главниот истражувач. Бидејќи информациите кои се прибираат може да бидат обемни, но и самото истражување е обемно – холистичко и потребно е да се внимава на сите негови елементи и фази. Многу е веројатно да настанат пропусти, кога истражувачкиот материјал е обемен. Но, кога работи еден истражувач се намалува критичноста.
- Фактот дека анализата е спроведена онлајн ја намалува можноста за опсервација. Доколку постоеше таква можност истражувањето да го реализирам на терен, ќе имав можност преку свои опсервации да го проценам контекстот, да увидам врски и релации кои што не се споменати од страна на испитаниците.

# *ДОДАТОЦИ*

**ДОДАТОК 1**
Прашалник за наставници

Прашалник за наставници

1. Според вас дали припадниците на различни заедници се различни по многу основи?

Да Не

Доколку одговоривте да, Ве замолувам објаснете на кој начини истите се различни.

2. Дали сметате дека припадниците на различни етнички заедници треба да имаат свои сопствени опкружувања без да имаат контакт со останатите припадници?

Да Не

Доколку вашиот одговор е да Ве замолувам да ја објасните причината за вашиот став.

3. Дали сметате дека некои етнички групи се повеќе мирољубиви за разлика од други?

Да Не

Доколку вашиот одговор е да Ве замолувам да наведете кои етнички групи се повеќе мирољубиви и на кој начин.

4. Дали (по)некогаш сте почувствувале страв поради некое однесување на етничка група различна од вашата?

Да Не

Доколку вашиот одговор е да Ве замолувам опишете ја таа ситуација.

5. Дали во моментот кај Вас има такво чувство на страв? Доколку да, опишете го чувството и причината за истото.

6. Наведете група или групи кон кои имате позитивни и негативни чувства.

| Етничка група | Позитивни чувства | Негативни чувства |
|---|---|---|

7. За оние групи кон кои имате негативни чувства од кога се истите и со што ги поврзувате негативен настан или слично?

8. Дали би додале нешто што не е опфатено во овој прашалник?

Ви благодарам за Вашите одговори!

## ДОДАТОК 2
## Приказ на цртежи од ученици од основни училишта

**Слика 2.1.** Приказ на цртежи на човечка фигура од ученици Македонци кои нацртале Албанец/Албанка како пример за припадник на друга група.




Учениците се од основното општинско училилиште (ООУ) “Симче Настовски”, с.Вратница, општина Јажинце

**Слика 2.2**. Приказ на цртежи на човечка фигура од ученици Македонци кои нацртале државјанин на друга држава како пример за припадник на друга група. Учениците се од основното општинско училиште (ООУ) “Симче Настовски”, с.Вратница, општина Јажинце.




**Слика 2.3.** Приказ на цртеж на човечка фигура од ученици Албанци кои нацртале Албанец како пример за припадник на друга група. Учениците се од основното училиште во с.Јежинце.




**Слика 2.4.** Приказ на цртежи на човечка фигура од ученик (1) Македонец кој нацртал Албанец и (2) Албанец кој нацртал Македонец како примери за



припадник на друга група. Учениците се од основното училиште во с.Јежинце.

**Слика 2.5**. Приказ на цртежи на човечка фигура од ученици Албанци и Македонци, кои како пример за припадник на друга група немаат посочено Македонец или Албанец, туку државјанин на друга држава. Ученици се од




основното училиште во с.Јежинце.

**Слика 2.6**. Приказ на цртежи на човечка фигура од ученици Алабанци, кои како примери за припадник на друга група нацртале друг Албанец/Албанка. Учениците се од ООУ “Лирија”, Тетово.




**Слика 2.7.** Приказ на цртежи на човечка фигура од ученици Албанци, кои како пример за припадник на друга група прикажале државјани од други држави. Учениците се од ООУ “Лирија”, Тетово.



**Слика 2.8** Приказ на цртежи на човечка фигура од ученици Албанци/Македонци кои како примери за припадник на друга група претставиле Макледонец/Албанец како припадник на друга група. Учениците се од ООУ “Лирија”, Тетово.


1)
2)
Сара 10 г.
Македонка.
Зара 12 г.
Албанка.
3)
Михаела
9 години
Азра
13 години
4)
5)
Ива
Македонка
Лиса
Албанка
6)
7)
Ана
7г.
Лиса
9г.

**ДОДАТОК 3**

**ПРАШАЛНИК**

УЛОГАТА НА СТЕРЕОТИПИТЕ, ПРЕДРАСУДИТЕ И РЕЛИГИЈАТА ВО ИНТЕРГРУПНИТЕ КОНФЛИКТИ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН И БЛИСКИОТ

*This is a semi-structured questionnaire which consists of open-ended questions related to the phenomenon of stereotypes, prejudice and religion in intergroup conflict in the regions of Western Balkans and the Middle East. Interviewees` answers should reflect on their attitudes, feelings and behavior related to their group membership and activism in the(ir) social, psychological and geographical - particular context.*

**Answers are anonymous and will be used only for the research. The researcher strongly encourages interviewees to reflect on their own experiences and even share their personal stories.*

**Подолу споделете информации за себе кои сметате дека се релевантни. Може да ја наведете Ваша возраст, пол, професија и/или друго поле во кое сте активни./ *In the box below share information about yourself you consider relevant. You can put your age, sex, profession, and/or field that you are active in.***

Дел 1: Општества, безбедност и конфликт/ *Section 1: Communities, Security, and Conflict*

1. Како ја перцепирате генералната безбедностна ситуација во Вашата држава? / *How do you perceive the general security situation in your country?*

2. Дали луѓето се чувствуваат безбедни? / *Do people feel safe?*

1. Дали мислите или чувствувате дека има правда во Вашето општество/држава? / Do you think or feel that there is justice in your society/country?

2. Кои се главните категории на групни идентитети во Вашата држава? / *What are the major categories of group identities within your country?*

5. Кои психолошки потреби ги сметате како значајни за Вашата група и другите групи во Вашата држава? – (пример, безбедност или чувство на безбедност и правда, идентитет, потребата за припадност итн.) / *What psychological needs do you see as important to your group and other groups in your country? - (For example; security or sense of security and justice, identity, the need to belong, and etc).*

6. Дали има интергрупни конфликти во Вашата држава? Доколку има, кои групи се вклучени во конфликтите? / *Are there intergroup conflicts in your country? If so, what groups are in conflict?*

7. Како различните идеологии влијаат на третманот на различните групи во Вашата држава? / *How do different ideologies influence the treatment of different groups in your country?*

Дел 2: Верски општества / *Section 2: Faith communities*

8. Колку е религиозно Вашето општество?/*How religious is your society/community?*

9. Дали има доминантна религија во Вашето општество? / *Is there any dominant religion in your society?*

10 Дали сметате дека религија влијае на интергрупните однос? Доколку сметате, дали може да дадете пример? / *Do you think that religion influences intergroup relations? If so, could you provide an example?*

11. Како религиозните идеологии влијаат на перцепциите кои членовите на групите ги имаат едни спрема други? / *How do religious ideologies influence*

*perceptions that group members have for each other?*

Дел 3: Можности и ограничувања / *Section 3: Opportunities and Barriers*

12. Дали некои луѓе или групи имаат предности или недостатоци поради нивното членство во одредена група (или религија)? Доколку сметате дека имаат, дали може да дадете пример? / *Are some people or groups advantaged or disadvantaged because of their group membership (or even religion)? If so, could you provide an example?*

13. Дали сметате дека сте исклусиле потешкотии при добивање можности поради членство во одредена група? / *Do you think that you have experienced difficulties accessing opportunities because of a group membership?*

14. Дали знаете други луѓе или членови на специфични групи кои искусиле ограничувања поради истите причини? / *Do you know other people or members of specific groups who have experienced obstacles for the same reason?*

15. Дали може да дадете пример на предрасуди во раното детство во Вашата држава? Доколко да, Ве молам наведете го овде?:/ *Can you think of an example of prejudice in an early childhood experiencein your country? If so, would you please provide that here?*

16. Дали има национални или локални социјални можности за учење кои се однесуваат на стереотипи? / Are there national or local social learning opportunities that address seterotypes?

**Коментари/Сугестии**

***Comments/Suggestions***

***Во случај на докази, документи или друго кое го сметате релевантно за ова истражување, Ве молиме да го доставите во прилог на овој документ или да го пратите на адресата: angelovskas26@gmail.com / *In a case there is any evidence, document or other you consider relevant for the research please feel free to attach it to this document, or send it to: angelovskas26@gmail.com***

**Ви благодарам на Вашето време и труд! /**

***Thank you for your time and effort!***

# *РЕФЕРЕНЦИ*

Abbott , A. (1992). What do cases do? Some notes on activity in sociological analysis. От C. C. Ragin , & H. S. Becker, *What Is a Case?: Exploring the Foundations of Social Inquiry* (стр. 113). New York: Cambrdige University Press.

Adorno, T. W., Brunswik , F., Levisnon, D. J., & Sanford, R. N. (1950). *The Authoritorian Personality.* New York: Harper and Row.

Al Kire, R. L., & Rowatt, W. C. (2021). Dimensions of religiousness and their connection to racial, ethnic, and atheis prejudices. *Current Opinion in Psychology*, 86-91.

Al-Kire,, R. L., Ratchford, J. L., Tsang, J.-A., Rowatt, W. C., & Schnitker, S. A. (2022). Prejudice Among the Religious Majority: A Person-Centered Approach to Prejudice Among Christians in the United States. *Psychology of Religion and Spiritiality.*

Allen, M. (2017). *The SAGE Encyclopedia* . USA: SAGE.

Allport, G. (1954). *The Nature of Prejudice* . Addison-Wesley.

Altemeyer, B., & Hunsberger, B. E. (2012). *International Journal for the Psychology of Religion*.

Ashmore, R. D., & Del Boca, F. K. (1976). Psychological approaches to understanding intergroup conflicts (pp. 73-123). *Towards the elimination of racism*, 73-123.

Boblin, L. S., Ireland, S., Kirkpatrick, H., & Robertson, K. (2013). Using Stake's Qualitative Case Study Approach to Explore Implementation of Evidence-Based Practice. *Qualitative Health Research* , 1267-1275.

Bar-Tal, D., & Halperin , E. (2013). The Psychology of Intractable Conflicts - eruption, escalation and peacemaking. От L. Huddy, D. O. Sears, & J. S. Levy, *The Oxford Hadnbook of Political Psychology* (стр. 925). USA: Oxford University Press.

Bar-Tal, D., & Teichman, Y. (2005). *Stereotypes and prejudice in conflict.* Cambridge: Cambridge University Press.

Bar-Tal, D., & Teichman, Y. (2005). *Stereotypes and Prejudice in Conflict.* New York: Cambridge University Press.

Bar-Tal, D., Adwan, S., & Wexler, B. E. (2016). *Political Psycholgoy*, 202-214.

